БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ

НАЦИОНАЛНИТЕ ДОКТРИНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОСЕДИ



Димитар Мирчев

БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ
НАЦИОНАЛНИТЕ ДОКТРИНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОСЕДИ

Published by:

Risto Stefov Publications
rstefov@hotmail.com

Toronto, Canada

All rights reserved. No part of this book may be reproduced or transmitted in any form or by any means, electronic or mechanical, including photocopying, recording or by any information storage and retrieval system without written consent from the author, except for the inclusion of brief and documented quotations in a review.

Copyright © 2015 by Dimitar Mirchev & Risto Stefov

e-Book Edition

******

January 7, 2017

******

СОДРЖИНА

БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ - НАЦИОНАЛНИТЕ ДОКТРИНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОСЕДИ 6
БЕЛЕШКА 6
ПРЕДГОВОР: БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ - ОД ЕТНО-РОМАНТИЗАМ ДО ЕТНО-НАСИЛСТВО 8
1. Претставување и историјат 8
2. Проблемски кон Балканот 15
3. Претставите и стереотипите 18
4. Контрапунктот и развојот 22
5. Транзицискиот јазол 30
6. Теорискиот пристап кон нацијата 34
7. Употребата на теоријата и на историјата 49
8. Албанската национална доктрина 56
9. Бугарската доктрина 64
10. Грчката доктрина 68
11. Српската доктрина 73
12. Анализа и дијагноза 83
13. Мегаетникумот 93
Извори и референци 98
АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ НА АЛБАНИЈА - П Л А Т Ф О Р М А ЗА РЕШАВАЊЕ НА АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ 104
В О В Е Д 105
П Л А Т Ф О Р М А ЗА РЕШАВАЊЕ НА АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ 107
Историја на националното прашање 107
Распарчување на етничките простори 112
Негирање на правото на самоопределување 116
Натамошното распарчување на етничките простори 123
Прогласување на Република Косово 128
Патот за решавање 131
Прашањето на Косово 135
Прашањето на Албанците во Македонија 139
Заклучок 141
ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МУЛТИ-ЕТНИЧКИТЕ ДРЖАВИ 144
Вовед 144
Југославија 146

Косово 147
Бившата Југословенска Република Македонија (БЈРМ) 148
БУГАРИЈА ВО ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ ВЕК 155
1. СУШТИНАТА НА БУГАРСКАТА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА "БУГАРИЈА ВО 21. ВЕК" 156
2. ТЕОРИСКИ ОСНОВИ (ПОИМИ И НАЧЕЛА) НА БУГАРСКАТА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА 156
1. ЕТНОС, НАРОДНОСТ, НАЦИЈА 157
2. БУГАРСКАТА НАЦИЈА 159
3. БУГАРСКИОТ НАЦИОНАЛИЗАМ 165
Бугарија во пост-тоталитарниот период 200
4. БУГАРСКИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРЕСИ 202
БУГАРСКА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА. Втор дел 205
5.1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ЕТНИЧКА ТЕРИТОРИЈА И НА ЕТНОКУЛТУРНИОТ ПРОСТОР 205
5.2. БУГАРИТЕ ВО СВЕТОТ – ГЕОГРАФСКА РАСПРЕДЕЛНОСТ И СОЦИЈАЛНА КАРАКТЕРИСТИКА 207
СТРАТЕГИЈАТА НА БУГАРИЈА 211
БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА СПРЕМА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 214
1. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ 214
1.1 Република Македонија 217
2. ПЛАН ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ 225
МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ. ПРЕГЛЕД НА ОБИДИТЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ ВЕШТАЧКА НАЦИЈА 232
ВОВЕД 233
"МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ" ДЕНЕС 233
1. ГРЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИСКА ОЧИГЛЕДНОСТ 235
2. КОНФЛИКТИТЕ МЕЃУ НАЦИОНАЛНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО XIX ВЕК 239
Грчко-бугарскиот конфликт 239
Романци и Власи 241
3. "МАКЕДОНСКАТА БОРБА" 242
4. ФАБРИКУВАЊЕ НА ЕДНА НАЦИОНАЛНОСТ 244
ТЕОРИСКАТА АЛХЕМИЈА НА СКОПЈЕ 247
2. КОГА КАРТИТЕ ЈА ОТКРИВААТ ВИСТИНАТА 248
3. ГРЧКИОТ КАРАКТЕР НА СЛАВОФОНИТЕ 249

4. ПРВИТЕ ОБИДИ ЗА “НАУЧНО” ОСНОВАЊЕ НА НЕПОСТОЕЧКА НАЦИЈА 252
5. ДАЛИ ПОСТОИ “МАКЕДОНСКИ” ЈАЗИК? 253
6. ЕКПАНЗИОНИСТИЧКИ “ИЗБРАНИ ПАРЧИЊА” 256
7. ПСЕВДОМАКЕДОНСКАТА СКОПСКА ЦРКВА 258
8. ДАЛИ ПОСТОИ “МАКЕДОНСКО” МАЛЦИНСТВО ВО ГРЦИЈА? 259
ИЗВОРИ 260
СКОПЈЕ ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ И МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ 262
С. СФЕТАС – К. КЕНТРОТИС СКОПЈЕ ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ И МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ 273
МЕМОРАНДУМОТ НА С А Н У 291
ВОВЕД 292
МЕМОРАНДУМ НА САНУ (2) 293
ПОЛОЖБАТА НА СРБИЈА И НА СРПСКИОТ НАРОД 296
ИДЕОЛОГИЈАТА НА СРПСКИОТ НАЦИОНАЛИЗАМ 322
10. Српска Македонија 322
а) Словенското населување на Македонија 324
б) Македонија во времето на цар Самуил 326
в) Децении на востанички вриеж 327
г) Српско ослободување на Македонија 332
14. Вештачка конструкција на македонската нација 337
д) Македонското прашање 340
СРПСКАТА ДРЖАВА ВО ПРОГРАМИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО СРБИЈА ДО ДЕЈТОНСКАТА СПОГОДБА 349
THE BALKAN MEGA-ETHNOS -National doctrines of Macedonian neighbors 359
A Summary 359

БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ - НАЦИОНАЛНИТЕ ДОКТРИНИ НА МАКЕДОНСКИТЕ СОСЕДИ

БЕЛЕШКА

На почетокот, кога се зафатив со овој труд, посакав неговиот предмет да го нема, едноставно националните доктрини на нашите соседи да не биле напишани. Колку овие, што се поместени во збиркава толку и оние од постарата генерација доктрини. Помислив, Балканот и, особено, Македонија, би биле многу посреќни без вакви доктрини. Па сепак, реалистично, тие беа изнедрени од објективните позиции на македонските соседи и тие беа, сакале или не - оформени. И не можеме да ги негираме. Колку и да се субјективистички, национално и етнички пристрасни - тие постојат, влијаат на политиката и на односите на Балканот, се уште не се надминати, се уште се актуелни во односите во соседството и во регионот; најверојатно и натаму ќе бидат актуелни.

И така, се зафатив со овој труд за да ги претставам, да ги обработам и критички да се осврнам на нив. Напросто, не можев да му одолеам на искушението тоа да не го направам. Во прилог е тој резултат. Неговата смисла е - да се разбере дека односите на Балканот и во соседството на Македонија, не настануваат случајно и спонтано, дека имаат своја генеза, социоисторија, социјална и развојна подлога, дека имаат свои мотиви, актери, поттикнувачи и подржувачи и свои формулации. И дека разбирањето на сиот тој комплекс, може да помогне во кристализирањето на односите, во постапките и во политиките меѓу земјите во регионот, меѓу Македонија и нејзините соседи, па и внатре, во поредокот на државите. И потем, да не се мисли во соседството, дека овде кај нас не се смета на тие доктрини, дека не се бележат, внимателно проучуваат, дека не се анализираат, дека нивната реалност и влијание - се премолчуваат или се игнорираат. Многу верувам во тоа дека овој народ и нација, и оваа држава, без оглед на доктрините и моменталните политики и предизвици - ќе опстојат и ќе се одржат, дека нема да потклекнат на искушенијата на кои се изложени и со кои реално – се

соочуваат. Како што велеше нашиот голем поет, Гане Тодоровски- Колку сме, толку сме, токму сме!

Мнозина соработници, пријатели и колеги, ме охрабрија и ми помогнаа во овој потфат. Да го споменам пред се, уредникот издавач на оваа книга, мојот пријател Глигор Стојковски, кој толку долго време истраја во производството и во мотивирањето, но и во уредувањето на трудот. Исто така да споменам дека многу драгоцени ми беа сугестиите и насоките од моите колеги и рецензенти - д-р Бранислав Саркањац и д-р Далибор Јовановски, како и од мојот пријател д-р Златко Крамарић, на кои искрено им благодарам, исто како и на м-р инж. Мелита Јанчевска, за техничкото уредување.

Најмногу благодарност, сепак, ѝ должам на својата сопруга, д-р Анета Мирчева, која не само што ме храбреше, туку и ме трпеше во сите мои беневоленции додека ја подготвував книгата.

Авторот

ПРЕДГОВОР: БАЛКАНСКИОТ МЕГАЕТНИКУМ - ОД ЕТНО-РОМАНТИЗАМ ДО ЕТНО-НАСИЛСТВО

1. Претставување и историјат

Оваа книга содржи десет текстови, поправо фрагменти од текстови кои ги претставуваат етнополитичките платформи на соседите на Македонија. Тоа се: "Меморандумот на Српската академија на науките" од 1986 година, објавен на повеќе места, овде преземен од загрепски "Наши теми"; потоа – фрагменти од делото на В. Шешељ – "Идеологијата на српскиот национализам" од 2002, како и извод од научниот труд на Момчило Суботиќ – "Српската држава во програмите на српските политички партии до Дејтонската спогодба", од 2006 година. Поместени се два грчки текста и тоа - "Македонското прашање. Преглед на обидите за создавање вештачка нација", на Институтот за меѓународни политички и стратешки студии во Атина, објавен во февруари 1993, и "Скопје во потрага по идентитет и меѓународно признавање" издаден во Солун, 1994. Вклучени се фрагменти од три бугарски текстови - "Бугарија во 21 век. Бугарска национална доктрина. Прв дел", изработена од Научниот центар за бугарска национална стратегија, издадена во Софија, 1997, и Вториот дел на истата доктрина, издаден следната година во Софија, а потем – подолг фрагмент од брошурата – "Бугарската политика спрема Република Македонија", објавена десет години подоцна од друг издавач, исто така во Софија. Албанската доктрина е содржана во "Платформата за решавање на албанското национално прашање", усвоена и издадена од Академијата на науките на Албанија, во Тирана, 1998; едновремено со овој документ, во Њујорк, на веб-страницата на Албанско-американската граѓанска лига е објавена програмската спецификација на документот, под наслов "Предизвиците на демократијата во мултиетничките држави", од Арбен Џафери, што, исто така, се поместува во оваа книга.

Документите се подредени според азбучниот ред на земјите и потоа според времето на објавувањето; преведени се од расположливите оригинали и на ова место се анализирани и

квалификувани во предговорот. Снабдени се со потребните библио-податоци и кратки објаснувања.

Нема сомневање дека овие документи беа основа, а некаде и најава и предвесник на многу политички движења во регионот; некои од нив играа и непосредна улога во настаните (немири, судири и насилство) на Балканот, во последното десетлетие и половина. Впрочем, тоа е случај со сите надворешно-политички доктрини, посебно со оние на големите сили, или, пак, на историски познатите доктрини; да ги споменеме овде американските – Монроовата доктрина од 19-от век, или Вилсоновата доктрина и Маршаловиот план од 20-от век, јапонската Мејџи доктрина, германската Дранг-нахт Остен, советската Брежњева доктрина на ограничен суверенитет и многу други. Овие што потекнуваат од Балканот не се толку далекусежни, но несомнено имаат влијание врз регионалните, па и врз пошироките политички односи. Се јавуваат како втор бран на национални или етнополитички доктрини, во последните дваесетина години, односно по големите системски промени и државнополитички промени на Балканот, по 1990. Првиот бран доктрини, бил оформен во деветнаесеттиот век, во ерата на националната преродба и романтизмот, во ерата на установувањето и консолидирањето на балканските држави, кога сите создавале ослободителни, но и експанзионистички и освојувачки програми и политички концепции.

Да ги споменеме тука, "Начертанијата" на српскиот надворешен министер Илија Гарашанин од 1844 година, кој предвид го имал обновувањето на Душановото царство; истата, 1844 година, е објавена "Мегали идејата" на грчкиот премиер Јоанис Колетис која Грчкото кнежевство, како стремеж, го проектирала на територијата на Византиското царство; Мегали-идејата е содржана во говорот на грчкиот премиер Ј. Колетис на уставотворното собрание во Атина, во јануари 1844; потоа следува - Наредбата (Уставот) и програмата на Бугарскиот револуционерен централен комитет до работниците, а за ослободување на бугарскиот народ, што во 1869, во Букурешт ја изготвиле - Г. Раковски, Љ. Каравелов, В. Левски, Х. Ботев, Ј. Цанков и Т. Пеев; потоа доктрината на Кемал паша Ататурк од 1925 – "Мир во земјата, мир во светот", но и претходно

усвоената Програма на албанската Призренска лига од 1878 година. Доктрините што овде ги поместуваме и ги анализираме, се главно модернизација на текстовите од минатите два века, приспособени на новите околности.

Смислата на оваа анализа не е тие текстови да се критикуваат или да се омаловажат, уште помалку пак да се спори со историографската и со другата аргументација што тие ја претставуваат, макар што на некои места тоа не може докрај да се избегне. Не може да се одрекне ниту легитимноста и правото на секој етникум, националност, нација, па и на која и да е друга социјална група или човекова заедница, да се сосредоточи на своите проблеми, да ја визира својата иднина и да ги сонува своите соништа… Етникумот и нацијата, без оглед на динамиката на глобализација и на подемот на цивилното општество во светот, се реалност и, бездруго, не толку куса иднина на човековата општествена организација и духовност. Отука, тие не се анахронизам, ниту пак напливот на модернизмот е алтернативен или конкурентен на етницизмот, па и на нацио-центризмот.

Затоа и збирот од социјални врски, репродукциски обрасци, емоции, чувства како и нивните транспозиции на човекот во иднината, што со себе ги носат етникумот и нацијата, впрочем слично како и кај религиските обрасци и транспозиции, ги заслужуваат придавките реално постојни и легитимни, па дури и кога се социјално и особено политички - противречни и ретроградни. Но оттука и тогаш, исто толку легитимно, повикано и задолжено на аналитички и критички пристап, е и научното истражување на овие социјални појави.

Проблемот настанува, како што ќе нагласи познатиот истражувач на модерниот национализам, Антони Смит, во тоа што во научните текстови за нациите и национализмот се јавуваат антиномии што не ѝ се иманентни на науката: онаа меѓу "суштината" на нацијата и нејзиниот "конструиран" квалитет; меѓу древноста на нацијата и нејзината чисто сегашна појавност, како и меѓу културната база на национализмот и нејзиното соочување со исклучиви политички аспирации и цели. Во тие антиномии се раѓа еден едностран и

искривоколчен етно-симболизам во кој спаѓаат и обидите нацио-центризмот научно и рационално да се легитимира и легитимизира. Тоа често длабоко влијае врз историската наука и политичките активности на ткн. нови нации, но и врз нивните националистички кругови (Smith, 1998, стр.170). Во социологијата, на еден повоопштен начин, проблемот пред повеќе од 30 години го поставија Бергер и Лукман, расчленувајќи ја "социјалната конструкција" на стварноста, во која науката не малку учествува (Berger and Luckman, 1967).

Нема сомневање дека етно-симболизмот со се она што го рефлектира од социјалната стварност, споен со етно-политиката, суштински влијае врз современиот човеков живот, колку внатре во етничката група како социјална група и заедница, толку и во групите и заедниците што се по состав повеќеетнички или повеќенационални; но, исто толку влијае и врз настаните и движењата во регионите и во меѓународната заедница севкупно. Произлегува дека сите социјални појави или процеси, што фокално ги испитува социологијата - на пр. општествените групи и групирањето, продукциските и репродукциски обрасци, општествената мобилност и динамика, културната и духовна продукција и одразност, се под силно влијание на етно-феноменологијата и на етно-симболизмот, но под исто толкаво влијание е и нивното проучување и обмислување. Тоа еднакво се однесува на процесите што ги испитуваат политологијата, економијата, културологијата и други базични науки: напр. управувањето и владеењето, пазарот и сопственоста, производството, а особено распределбата итн.

Отука, смислата на објавувањето на оваа збирка е да се даде прилог на запознавањето со етно-симболизмот, етно-центризмот и етно-политиката во регионот во кој живееме, и тоа не со поинаква цел одошто поарно да ги разбереме и посоодветно да реагираме на нивните манифестации и изрази. Зошто токму овие документи, а не и некои други? Зошто не многу повеќе документи, подруги и постари? Имено, се знае дека регионот, односно Балканот, а посебно земјите на бивша Југославија, беа толку плодна почва и ткн. фертилизатор, колку

на движења и сили, толку и на етно-политички платформи, документи, акти.

Во поширокиот регион, напр. во другите републики на бивша Југославија, има варијации на такви доктринарни документи; и словенечката, а посебно хрватската и бошњачката, многу влијаеја врз конфликтите, па и врз насилствата, посебно во декадата 1990-2000 година. Да ги споменеме на ова место - "Прилози кон Словенечката национална програма", објавени во декември 1987, во бр. 57 на љубљанската "Нова ревија," од авторите Хрибар, Урбанчич, Рупел, Пучник, Јанчар, Графенауер и др., потоа кон крајот на 1989, политичките програми на ХДЗ во Загреб, изработени од групата научни работници околу Лексикографскиот завод, предводена од Фрањо Туѓман и на бошњачката СДА на Алија Изетбеговиќ во Сараево.

Сите тие текстови и документи, историски и понови, вредно е да се проучат на едно место, со еднаква методологија и аналитичка постапка. Сепак, во изборот на документи се одлучивме за еден поскромен зафат, за оној на новите документи на соседите со кои граничиме, со кои живееме и непосредно комуницираме, со кои меѓусебно се засегаме и со кои, кај нив или кај нас, најчесто имаме етнички заедници "зад границата". Освен тоа, има значително повеќе доктринарни документи, освен овие поместени во збиркава: имено, медиумски, учебнички, публицистички и дури – литерарни. Па сепак, требаше да се стави граница на опфатот, а таа граница беше - нивната важност и влијание врз политиката.

Документите што ги објавуваме се едно поново сведоштво. Макар што ја градат својата концепција врз историската улога, права, заслуги и придонеси на својот етницитет, тие се обликувани во еден напор и грч да се соочат со модернизмот и да устројат и престројат некаков поредок што има основа во сегашните промени и динамика на Балканот, во Европа и во светот пошироко. Во тоа, тие имаат тешки проблеми не само со редефинирањето на национализмот и етно-центризмот какви што биле поимани во 19 век, туку и со надминувањето на очебијниот контраст со современите трендови на цивилно-

општествен развој, на глобализација и регионализација, на неомеѓен пазар, на демократијата и човековите права (посебно на вторите) итн.

Не може да се каже дека во многу од нив, или, пак во дел од секоја од нив, нема реализам и објективност во оценките за тогашната состојба на работите и условите, како и преобразена и либертарна реторика. Како што има и многу етно-центризам, деструктивност, закани со насилство и минување од другата страна на правата на другите етникуми, нации, држави и заедници. Заради тоа, и покрај воздржувањето од критичност и негација или дисквалификација, тие документи не можеме а да не ги разгледуваме и како националистички, а некои од нив и како агресивно-националистички.

Прашање е каде е во оваа збирка македонската етно-политичка програма или национална доктрина? Ја нема, бидејќи едноставно не постои или пак не можевме да ја најдеме, како документ или текст. Инаку, бездруго, би ја вклучиле и проучиле. Се разбира, национално-доктринарни елементи има во многу извори од периодот на преродбата, на востанијата и по нив. Да ги споменеме тука - Уставот (Правилата) на Штабот на Кресненското востание, односно на Македонскиот востанички комитет од 1878, па Уставот на Македонската лига, во Софија, 1890, потоа Државотворната програма и Манифестот на Привремената влада на Македонија 1880/81, потоа повеќе државотворни документи на МРО (ТМОРО) и подоцна ВМРО, итн. (Миноски, 2008, прв дел, гл.3; Поповски, 2002). Па сепак, тие и таквите документи имаа само проективно-ослободителен и државотворен карактер, не доктринарно-завојувачки, експанзио-нистички и негаторски карактер кон соседите. Најмногу од нив сметаа и се стремеа на соработка и заедничко дејствување со националните сили на соседите.

Во поново време, имаше повеќе обиди за изработка или барем за скицирање на таква платформа или програма. Од 1990 година наваму, вистина имаше иницијативи и апели на различни форуми и совети, интелектуални и академски кругови, предлози и пропозиции за се-партиски или меѓу-партиски тимови, за наводно консенсуално да се постават барем некои основи и

“репери” на ткн.национални интереси. Не се успеа. Имаше, а и денес има, лаички, интелектуални, но и медиумски критики за недостатокот на таква платформа. Се јавуваа и се појавуваат сериозни мислења дека проблемите со кои се соочува Македонија и македонскиот народ, се главно отука што се нема таква платформа, што не се знае која е линијата на политиката, развојот, движењата; отука, наводно, доаѓаат сите проблеми со кои се соочуваме, отука, наводно, немоќта пред едностраните предизвици на другите нации и националности, но и на модернизмот, на неизвесностите на иднината. Можеби во тие барања и критики има зрно рационалност и вистина. Но, она што е суштински е секоја стратегија да го одразува плуралниот, граѓански и мултикултурен карактер на државата и јасната и долгорочна државна политика, демократски обликувана и легитимно усвојувана. А тоа секако функционира.

Не велиме со ова дека во Македонија не постои македонски национализам, етно-центризам, етно-романтизам, ниту пак дека нема документи, партиски, програмски, публицистички и други текстови, што нив не ги изразуваат. Секако дека ги има. Но, сепак не во некоја вообличена, осмислена, идеолошки и систематски заокружена форма, што би била пандан на овие документи во збиркава.

Македонија има перспективи и иднина како развиено граѓанско општество, со силно впрегнати продукциски и хумани ресурси, економски просперитетно, стабилно во своите демократски институции и пазарна економија, како општество-мултикултурно во својот состав и репродукција, либерално и толерантно во своите духовни и вредносни агрегати. Европската и глобална интеграција е насоката, реперот и можноста за такво општество. Само во такви развојни услови може да опстане и да се гради македонското национално битие, идентитетот, јазикот, културата, вклучувајќи го во него и опстојот на македонските малцинства и дијаспората надвор од Републиката. Нема други национални интереси на македонскиот народ надвор или зад тие квалификативи. Тоа пак, значи дека идентитетниот знак, историската и реалитетна втемеленост, потенцијалот, перспективата, предизвиците и амбициите на македонскиот народ можат да се

материјализираат и позитивно да се насочат само во услови на модерност, демократија и човекови права, развој, добрососедство, толеранција и дијалог. Овие вредности, пак, се заеднички, а не наспроти, или - на сметка на своите соседи, ниту на етничките заедници со кои во Македонија се живее заедно. Доколку е тоа така, а развојот на внатрешните односи и структури во републиката се движи во таа насока, македонскиот народ има дотолку повеќе легитимно право и морален авторитет да се бори и да не се откажува од својот идентитет, од националната самобитност и државност, заради кого и чии и да се – плановите, доктрините, платформите, амбициите и илузиите - ќе се покажат како немоќни и неперспективни. Потребна е, значи, развојна, државна и граѓанска стратегија, што само може да отвори простор за процут на нашата национално-културна самобитност.

2. Проблемски кон Балканот

Па, сепак, во однос на Македонија и на Балканот се поставува едно основно прашање - од каде сиот тој национализам, етноцентризам, етно-политички набој, има ли тој некакво значење и иднина по сите трагични настани, судири, доктринарни дебакли и неуспеси или разочарувања што се случија во последните две десетлетија кај нас и во сиот регион?

Распадот на социјализмот во Источна и во Средна Европа, посебно во драматичното последно десетлетие на минатиот век, не беше нужно причина или предизвик на национализмот и етноцентризмот. Ниту пак до тој распад дојде како последица на надворешни притисоци, удари или изолација на кои социјализмот, евентуално, беше изложен. Како што оцени еден словенечки аналитичар, спротивно на многубројните очекувања, социјалистичките политички и стопански системи не ги победи нивниот генерички противник, западниот капитализам. Не дојде ниту до нивна експлозија, до револуции и контрареволуции. Се случи нивна имплозија, растворање во сопствените противречности, урнување во натрупаните проблеми што самите не можеа да ги разрешат (Kocijančič,1996, стр.7-8).

Тие системи, всушност, се распукаа на основните шевови на својата репродукција: економската и производна ефикасност, слободата и демократијата, човековите и граѓанските права, животниот стандард. Токму на тие шевови, имплозијата ослободи една огромна еманципаторска енергија, еден, дотогаш длабоко скриен потенцијал, да се надополни застојот во развојот и да се влезе во модерните цивилизациски текови.

Ништо помалку, таа енергија не беше и национално-еманципаторска: имено, да се реафирмираат националната слобода, културата, вредносниот систем, традициите и творештвото, токму како дел на човековата и граѓанска слобода и култура, дотогаш потиснати во претсобјето на "ослободувањето на трудот". Па сепак, во некои општества и заедници, тие можеа да се развиваат и вистина се развиваа правонасочно, со подемот на граѓанските, пазарни и демократски институции и придобивки, вклучувајќи го и механизмот на разрешување на исклучително чувствителните, експлозивни и обременети прашања. Такви прашања беа, напр. судбината на големите федерации - СССР, ЧСР, или пак положбата на малцинствата, кои во некои од новоустановените држави достигнуваа и до 40% од населението. Во други, пак, општества и заедници, Балканот и бившата Југословенска федерација се типичен пример за тоа, националната енергија често се разгоруваше во една конфликтна, деструктивна, а некаде и виолентна насока. Зошто токму Балканот и можеби Чеченија и понекоја подкавкаска република?

Која е таа дијагонала која во тие земји ја затвори или ја затвора можноста енергијата на националната и етничка еманципација или афирмација да се вклучи во транзицијата на системот кон граѓанската демократија, кон човековите права, претприемништвото, кон либералната култура и кон слободата? Дали е тоа наследството на социјализмот што некаде ги заостри јазлите на националната и етничката нееднаквост до степен на неможност на коегзистенција и до трајна конфликтност?

На прагот на распадот на социјализмот, кон крајот на 1980-те години, сите очекувања и предвидувања, како во балканските и југоисточно-европските земји така и на Запад, беа дека развојот

на тие земји ќе тргне по колосекот на либералната демократија, граѓанското општество и држава, а дека т.н. "изградба на нацијата" (nation-building) ќе ги следи моделите на западната демократија. Тоа напр., низ новите обрасци на комуникација, урбанизација, масовно образование и политичка партиципација, низ институционализацијата на т.н. нација-држава и нација со граѓанско учество и еднаквост. Тоа беше моделот кој требаше да произведе национална афирмација и културен развој, побрз и врамнотежен економски раст и просперитет, отворени канали на изразување, одговорна и организирана јавност, зрела и "реактивна", реагирачка елита. Впрочем, таквиот nation-building се очекуваше и пред тоа, напр. од процесот на деколонијализација во Африка и Азија. Во дел од речничките и концептуални извори од тоа време, тој модел дури се изедначуваше со национализмот, што во некои документи од оваа збирка комично се презема во смисла "да станеме националисти". Но тоа кон "другите и наспроти другите".

Во доцните 1980-ти и во 1990-те години, ваквиот оптимизам се покажа трогателно наивен, вели веќе споменатиот британски теоретичар на нацијата и национализмот, Антони Смит. Имено, не само што раните демократски сништа на африканските и на азиските држави не беа реализирани, туку и развиените западни земји, исто така започнаа да искусуваат потреси на етничко незадоволство и фрагментација, додека на Исток, исчезнувањето на последната голема мултиетничка империја го распарчи космополитскиот сон за братство на неговите етно-национални компоненти. Смит ќе напише: "Големите бранови на имиграција и масовниот раст на информацискатa технологија ги доведоа во прашање поранешните верувања во единствена граѓанска нација, со хомоген национален идентитет, кој може да се употребува за "здрав" национален развој… Деконструкцијата на нацијата (унитарната - Д.М.) ќе услови и повлекување на теоријата на национализмот" (Smith, ибид. стр.3).

Дел од документите во збиркава, не само што остануваат врз концептот "nation building" сфатен на стариот начин, туку, всушност, во тој концепт транспонираат марксизам или го помируваат марксизмот со уште постари и потрадиционални

теории, како што се оние на примордијализмот и етно-романтизмот.

3. Претставите и стереотипите

Во секој случај, збиднувањата и трагичните настани на Балканот во деведесеттите години, придонесоа да се обнови, па дури и да се зацементира традиционалната претстава за него како арена на меѓуетничка омраза, судири и насилство, фрагментација и непрекинати борби и претензии за завојување, за територии, за отцепувања итн. Синдромот на "буре барут" и на виолентен и примитивно-племенски регион е длабоко вкоренет во свеста и стереотипиите за Балканот во меѓународната јавност, наука и политика, без оглед дали е заслужено или не. Незаслужено, бидејќи никојпат немало судир или позначаен настан на Балканот, а странскиот фактор да не одиграл извесна, често и примарна улога во иницирањето или во одвивањето на тие настани, а заслужено бидејќи вистина секојпат поводите и изведбата биле автохтоно балкански. Персистентноста на тој синдром е одразен и во документите во оваа збирка. Но, без разлика на тоа кој народи или етникуми биле, порано или сега, жртви, учесници, или можеби "корисници" на судирите, речиси нема такви што биле имуни или невини во "синдромот на балканизмот".

Па сепак, таа претстава за Балканот треба да подлегне на критичка анализа, на ревизија и на промена, зашто има индикации дека колку што е неправедна толку е и несоодветна, дека дури и ментално им пречи на сегашните преобразби во регионот. На пример, крајно му пречи на побрзиот и интегрален социо-економски развој на регионот и на сите земји оделно, на инвестирањето, на комуникациското, на туристичкото, на културното итн. отворање, доколку тој насекаде важи за ризичен регион. Па сепак, тоа не зависи претежно од јавноста и од медиумите или од факторите надвор од него, тоа зависи, пред се, од движењата внатре, во него.

Вистина е дека историски и традиционално, Балканот се смета за трусно подрачје во Европа. Во последните два века, речиси немало посериозна криза во Европа или во светот, а Балканот да

не бил во нејзиниот фокус или епицентар. Да се вратиме, на пример, на Големата источна криза во 1870-те години, на Руско-турската војна во 1877, на Илинден 1903, на двете Балкански војни 1912-1913, на двете светски војни од кои Првата започна на Балканот, конечно и на петте "војни" што ја рефлектираа дезинтеграцијата на Југославија, 1991-2001. Ова ја вклучува и последната, македонската "амплитуда" на тие војни. Но, листата ќе биде многу подолга ако се додадат национално-ослободителните војни и многубројните билатерални вооружени конфликти, како што беа српско-бугарските, грчко-турските итн.

Вистина, сите овие судири, војни и непријателства, одразуваа, но и самите создаваа една огромна количина негативна и деструктивна енергија, етно-национализам, шовинизам и омраза, што посочуваше, речиси, на склоност кон фрагментација, сепаратизам, поделби и само-изолација. Отука, во речничката и во енциклопедиската литература, Балканот, балканизмот и балканизацијата, станаа синоним за конфликтуалност, фрагментација, етноегоизам, етнопри-митивизам, синоним за бесконечни поделби и демаркации.

Така, Рендом Хаус речникот, определува дека балканизмот значи поделба на една земја, територија итн., на мали, спротивставени, неефикасни државички (The Random House..1966. с. 113). Историчарот Фердинанд Шевил одамна, во 1922, го дефинира поимот на Балканот како земја Балканија, која спротивно на останатите делови на Европа кои, принудени од силите на географијата, се стремат кон национална, економска и политичка унификација, е "расцепена на многу географски единки сепарирани една од друга со природни граници, со различни народи населени во тие предели што многу помогнале да ги одржат во една инстинктивна желба своите оделни индивидуалности и што до денешен ден успешно им се опирале на сите напори што се чинеле за да дојде до нивното политичко обединување". Пред некоја година, тезата на Шевил е повторена.(Schevill, репринт, 1995, стр.13).

Позната е оценатa и на амбасадорот Џорџ Кенан во неговиот предговор на преобјавениот извештај на Карнегиевата

фондација за Балканските војни 1912-1913 година, напишан во 1993, во која зборува за истиот балкански свет каде што "древните омрази" истрајуваат во производството на меѓуетничко насилство и војни, со разлики само во воените технологии (Kennan, 1993, стр. 9). Во својата добро документирана студија за социјалните извори и причини на кризата во бивша Југославија и на Балканот, и во барањето социолошко објаснување на настаните, британскиот социолог Џон Олкок, сепак наведува мноштво извори и нагласоци на насилствената историја на регионот, што неодамна довела до подем на фанатичкиот национализам и омраза на другите народи. Тој тогаш го поставува прашањето - а што може воопшто да се очекува од регион чие име станало синоним за насилство, фрагментација и нереди? Произлегува дека балканските народи се речиси генетски дизајнирани за насилство, меѓусебни спротивставувања и конфликти. "Омразата," пишува Олкок, "била наводно ендемична на Балканот, растегнувајќи се назад речиси до антедилувијалното минато… Би било дури и мачно целосно да се документираат претпоставките за непоправливата ирационалност и насилство на балканските општества" (Allcock, 2000, стр. 2-5).

Во својата често цитирана патеписна книга "Балканските духови", публицистот Роберт Каплан го поврзува Балканот дури и со појавата на нацизмот: "Историјата на дваесеттиот век доаѓа од Балканот. Овде луѓето биле изолирани во бедата и во етничкото ривалство, осудени на омраза… Нацизмот, на пример, може да претендира на балкански извори. Меѓу крчмите во Виена, плодната почва на етничкото незадоволство блиско до светот на јужните Словени, Хитлер научил како да се мрази толку заразно". (Kaplan, 1993, с. xxiii). Некои современи автори, дури и кога сериозно ја предизвикуваат претпоставката за насилната природа на динарскиот и балканскиот "антропо-вид" или племе, сепак му додаваат малку зачин на јадењето. Англиската професорка по социјална психологија, Кетрин Кармајкл, во својата илуминативна студија на национализмот и деструкцијата на традицијата, се концентрира главно на меѓуетничкото насилство, свирепостите и бруталностите на Балканот, посебно потпирајќи се на сведоштва од неодамнешните војни. Таа се обидува да оцрта и да конструира

некои историски аналогии, типизирајќи ги култовите и ритуалите на насилство и деструкција, макар и со многу чувство за значењето на контекстот : “Нам ни е потребна наука за човековото однесување in extremis, која е чувствителна на локалитетот, на историјата и на политиката. Исто така, треба да правиме јасна разлика помеѓу она што се случуваше на Балканот и она што е од Балканот.”(Carmichael, 2002, с.107).

Дали вистина Балканот и нашето соседство се такви какви што се мисли дека се? Дали и документите поместени во оваа збирка не се само каменче во создадениот мозаик на етно-митот за Балканот? Не е затоа случајно, што справувајќи се со етно-центризмот и нацио-центризмот, тоа можеме успешно да го сториме само ако се справиме со неговата поширока и историски создадена рефлексија. Бугарската историчарка Марија Тодорова, во својата исклучителна студија “Замислувајќи го Балканот”, прави строга дистинкција меѓу производството на научни сознанија и вкоренетата популарна митологија во дебатите за Балканот. Таа со многу право тврди дека добар дел од причините и поводите за интра-балканските конфликти се всушност увезени однадвор, дека од Балканот е создаден еден мит, инструментален за идентификацијата и само-идентификацијата на западно-европската и западната култура и вредности воопшто. “Како во случајот со Ориентот, Балканот служи како депонија на негативни карактеристики наспроти кои е конструирана една позитивна и самодопадлива претстава на “европското” и на “Западот”…” (Todorova, 1997, с.188).

Па сепак, и Тодорова и мнозина други автори, спротивставувајќи му се на негативниот мит на Балканот, по една успешна и, дури, маестрална историографска дебата и “одбрана” на Балканот, во која покажуваат дека ништо помалку неповолни етно-модели и искуства или пак својства покажувале и западно-европските и воопшто т.н. земји на западната цивилизација, доаѓаат до едно проектирање на минатото во сегашноста, а многу често и во иднината. Приближно, Балканот е таков каков што бил и каков што е, но и другите региони или делови на човештвото не биле или не се ништо поарни. Ќе остане ли затоа Балканот уште долго време таков каков што

бил, стереотипно, порано и каков што е сега? Освен тоа, еден, не-мал фонд современи извештаи и стратешки студии му додаваат на Балканот и на неговиот етно-профил инклинации кон корупција, организиран криминал, трговија со луѓе, дрога и оружје, но и други "цивилни" инкриминации. Џон Ц. Дик, од Британската академија на одбраната, неодамна оцени: "Тешко е да се замислат Русија, Украина, Молдавија, најмногу од бившите земји на СФРЈ или Албанија, да не говориме за Белорусија, во оваа светлина (европеизација-Д.М.). Ниту една од нив не поседува или не покажува никаква волја да развие во некое скорешно време стабилно цивилно општество, со заеднички, западни вредности, со владеење на правото и со ефикасна, колку-толку, чесна бирократија. Транзицијата поверојатно ќе се движи кон ултра-национализам и авторитаризам (сосем можно кон неофашизам) одошто кон либерална демократија… Овие земји, од таа страна на ЕУ-границата во новата поделба на Европа, веројатно ќе останат економски релативно неразвиени подрачја, значително лишени од плодовите на глобализацијата. Политички, тие ќе инклинираат кон нестабилност и ранливост или кон авторитарност и неволји". (Dick, 2003, с.41-42) Дијагнозата на овој автор е дека просторот на бивша Југославија, на пример, не само што не го изгубил својот потенцијал за конфликти, туку и дека војните за сукцесија веројатно не се завршени. Само првата рунда…

4. Контрапунктот и развојот

Меѓутоа, има и една друга линија на анализа, која потврдува дека кризата на Балканот може и поинаку да се толкува, доколку се примени продлабочен научен дискурс. Таа го проблематизира и самото поимање на балканизмот и на "земјата Балканија". Виктор Фридман, од Чикашкиот универзитет, стручњак за балканска лингвистика и културна историја, во повеќе свои трудови покажува дека јавните и политички стереотипи за Балканот не се ништо друго освен обид модерноста на регионот да се проектира врз основа на неговото минато, особено врз основа на специфичното поимање на минатото. "Балканизмот" пишува тој, не е претежно поим или синоним на "политичка и етничка фрагментација". "Постои

широко прифатено значење на терминот “балканизам”, што е сосем различно од терминот фрагментација. Во лингвистиката, балканизам е својство што го споделуваат неповрзаните јазици на Балканот. Граматичката структура на јазиците на Балканот ја потврдува со векови долгата мултилингвална и мултиетничка коегзистенција, дури и на најинтимно ниво” (Friedman, 2001/2, с. 152).

Вистина е дека од пред векови наваму, на Балканот се одвивал еден интензивен процес на интеракција, меѓувлијание, заемна зависност и коегзистенција на најголем број од народите: исто така е вистина дека најмногу од споровите и војните на Балканот не биле меѓуетнички или религиозни, дека најмногу од нив биле или дел од многу пошироки судири или пак биле увезени однадвор. Нагласокот на Фридман, но и на мнозина други автори, е дека балканизмот, а според тоа, пред се, појавата и изразувањето на национализмот во регионот, треба да се проучуваат и да се третираат не како претежно ментални и етно-ментални појави, не како историски и геоге-нетски зададени, туку како социјални и развојни појави, односно како појави што можат темелно да се објаснат со каузалноста на социологијата и културологијата. Токму на оваа точка, психогенетските објаснувања на национализмот, на етносудирите и на матрицата на појавување на искривоколчениот етносимболизам како и на сите сфаќања дека кај балканските народи во начело превладува образецот на конфликтност, во најмала рака значително се релативизираат во нивната аргументациска моќ.

Социолошки гледано, сиот регион на Балканот, па и пошироко, е значително помалку развиен од другите европски региони, посебно од Западна Европа. Во европската социјална и економска историја, тој најдолго останал во фазата на прединдустријализмот и аграрната продукција и во фазата на предграѓанската социјална стратификација и структура; всушност типични граѓански револуции и преврати во овој дел на континентот и немало ниту пак до типични граѓански политички институции се дошло под притисок на некоја развиена граѓанска класа. Национално-ослободителните и преродбенски движења во 19 век, по правило во сите балкански

земји никнуваат главно на рурална и аграрна почва, со исклучок на малуброjните елити, образовани, најчесто, во други земји. Тоа впрочем и го спречило создавањето на држави-нации како интерес на граѓанската класа и цивилното општество кое ја втопува во себе нацијата, но и како интерес на капитал-односите и пазарното стопанство.

Најголем број од севкупно малите балкански држави заради сето ова стануваат донекаде династички, олигархиски и авторитарни, држави со силни и заострени внатрешни контрасти, противречности и нерамномерен развој. До големи развојни разлики доаѓа, значи, внатре во секоја од нив поединечно, и тоа особено на линијата центар-периферија, потоа меѓу нив како држави, и на крајот меѓу Балканот како вкупна периферија и европските регионални центри. На овој аспект на инаку познатата социолошка теорија на развојот и соодносите центар-периферија, во еден продлабочен студиски прилог кај нас укажа д-р Денко Малески (Maleski,2001/2002). Имено, наспроти сите тврдења дека Балканот и оделни држави поединечно се лоцирани на централно гео-стратешко место во Европа, дека практично го контролираат преминот меѓу Западот и Истокот, дека претставуваат мост на континенти, стопанства, култури, религии итн., точно е дека балканските земји отсекогаш, посебно по 14/15 век, биле на перифериите на големите империи - Отоманската, Австро-Унгарската, Руската па и Рајхот. Неизвесни и несигурни во нивните меѓусебни односи. Отука, ниту имало интерес да се вложува во нивниот развој, ниту пак да се хомогенизираат културно или цивилизациски. Некои региони или држави, сепак, биле поблиску до центрите и биле помалку периферии, за што типичен пример се Словенија, Војводина, а донекаде и Хрватска.

Во такви услови на неразвиеност, изолираност и сиромаштија, балканските земји, поточно владејачките кругови, својата иднина по правило ја гледале во завојувања, во освојување нови територии, во стануване голем народ, во играњето фактор во шемите на големите сили, или пак, во добивањето некоја династичка лоза од тие сили. Впрочем, на овие моменти како важни за социјалната историја на Балканот укажуваат

множество познати автори (М. Глени, С. Троебст, Ст. Прибиќевиќ). Во својата исклучителна студија на економиите на Балканот до Првата светска војна, М. Палере, ги оценува како економии на еволуција без развој (Palairet, 1997). Тоа се повеќе ендогени причини за контрастите на Балканот, на кои се надградуваат или ги искористуваат екстерните чинители.

Вториот значаен социолошко-развоен момент и објаснување на етно-генезата и етно-односите на Балканот, а посебно на тие односи во секоја поединечна земја, се изразува во фактот и во вкупната фактографија на локацијата и егзистенцијата на деловите на народите надвор од матичните земји, на неразвиената периферија на другите земји. На пример, македонското, албанското, турското и влашкото малцинство во Северна Грција, живеат во подрачје, кое според грчките и ЕУ-критериуми, е неразвиено подрачје. Албанската популација во Македонија е главно населена во Западна Македонија која исто така според македонските стандарди е неразвиено подрачје. Но исти такви неразвиени подрачја се и источно-албанското, во кое живеат Македонци и Власи, северозападното подрачје со црногорско, српско и македонско малцинство. Пиринскиот дел на Македонија во Бугарија исто така важи за неразвиен, а го населуваат во добра мера Македонци и други малцинства. Да не говориме за примерот на Косово, кое во огромна мерка беше населено со Албанци, а во бивша Југославија, подоцна и во СРЈ и во Србија-Црна Гора, беше пример за неразвиено подрачје. Слични разлики во економско-социјалниот развој можат да се проследат во Босна и Хецеговина, меѓу просторите што главно ги населуваат Србите, Хрватите и Бошњаците. Меѓутоа, ако се проучува систематски, истиот случај е дури и во Словенија со малите подрачја населени со Унгарци во Меѓумурје и со малку Срби во Бела Краина, или пак во Книнска Краина во Хрватска.

Бидејќи целта на оваа предговорна анализа не е истражувачки да се осветли целокупната проблематика на односот на етнос-развој-стандард на Балканот, овде оваа тема нема повеќе да ја продлабочуваме. Инаку, таа, вистина заслужува посебно разгледување, за што неодамна, дадовме барем два прилога во странски извори (Mircev, 2003, Mircev, 2008). Истражувањата на кои реферираме, се однесуваат особено на примерите на

бившата Југословенска федерација, во која ниту по половина век насочен развој и политика на забрзан напредок и инвестиции во неразвиените подрачја, републики и покраини, не се успеа разликите во развојот и животниот стандард на населението, колку-толку да се урамнотежат. Напротив, во некои значајни агрегати, тие дури и се продлабочуваа.

Според многу анализи (Mencinger, 1989, Bilandzic, 1985), разликите во производството, во продуктивноста, доходовноста, во извозот и во увозот, но и во вработеноста/невработеноста, во просечните примања на населението итн. меѓу развиените и неразвиените во федерацијата, имале сразмер 4, 3 или 2:1. Тоа беше објективна подлога за тензии и докажувања дека едните се експлоатирани од другите и затоа или живеат полошо одошто можат, или не живеат доволно добро и не се развиваат доволно брзо колку што можат. На таа основа, посебно во декадата пред формалниот распад на федерацијата, настанаа тензии во политиката, во медиумите и во јавноста, но и во економијата, па и во науката и во културата за тоа која република и покраина профитира, а која губи во заедничкиот опстој во земјата. Природно, бидејќи републиките и покраините беа национално и етнички засновани ентитети, тензиите околу развојните трендови, заостанувања или напредок, добиваа примарно етнички и етно-политички набој, односно беа објективна подлога на која се генерираа национализмот и етноцентризмот.

Во нормални услови, во земји со развиен пазар, со сопственичка и отворена економија, и со политички систем кој не допушта мешање на политиката во економијата, а го почитува правото и граѓанските слободи, развојните дискрепанци би се решавале преку сосем други механизми, на пример, пазарни, банкарски, со потикнување на инвестиции, кредитирање и сл. Но, во услови на партиски дисторзиран и контролиран федерален и социјалистички систем, разликите можеа да доведат до ништо друго освен до борба за редистрибуција на доходот и до тренд на зголемување на етно-политичката контрола врз акумулацијата. Па сепак, не беа сами по себе развојните разлики во популацијата и просторот

непосреден повод за бранот конфликти, тензии и подоцна вистински судири што ја зафатија земјата.

Социолошкото објаснување на меѓуетничките односи и контрасти во една заедница е многу посложено и слоевито. Во мултиетничките заедници, национализмот и етноцентризмот, впрочем, се појавуваат обично и кај претежните и кај помалите групи, односно и кај етномнозинствата и кај етно-малцинствата. До тоа не мора да доаѓа заради корелираната акција-реакција, не мора нужно да се случува ниту во исто време и на исти начин. Национализмот на претежните нации во балканските земји може да биде резултат на незадоволството со напредокот за што ќе се обвинат етно-малцинствата, или резултат на стравот од промени, во кои наводно би се изгубила водечката позиција во заедницата, или, пак, позицијата во меѓународната заедница. Кај другите етникуми, освен од незадоволството со стандардот и социјалните услови, тоа може да е резултат и на чувството на потиснатост и безнадежност, на губењето на социјалниот и културниот идентитет, особено во периоди на кризи и промени.

Во случајот на Македонија, може да се утврди, на пример, дека вкупниот општествен и економски развој по 1945 година, стимулирал различни, одделни и оделени обрасци и матрици на развој на македонската, албанската па и на другите етно-групи. Македонската повеќе се врзувала за урбаните населби, за индустријата, за државниот и за јавниот сектор, нејзината мобилност и миграции биле главно кон другите југословенски републики или пак во форма на трајни прекуокеански миграции. Албанската етно-група, е повеќе врзана за аграрот и за земјоделието, за селото, кои заради политиката и идеологијата на системот биле депресирани и запоставени. Па сепак, системот значително му погодувал на демографскиот бум на албанското население, овде но и воопшто во Југославија. Цената на репродукцијата, имено, ја прифаќала државата, без разлика на кое подрачје, аграрно, индустриско и сл. Но, аграрот во секој случај бил потиснат.

Тоа од своја страна довело до потреба од повеќе работна сила и барем во почетокот имало извесно влијание врз демографскиот

бум. Освен тоа, во Македонија, оваа етно-група се врзувала повеќе за приватниот сектор и сопственост, за трговијата, за привремените миграции во поблиски, европски земји. Сигурно е дека и т.н. тип на "семејна економија и солидарност" имал влијание врз обрасците на репродукцијата. Заедно со разликите во религијата, образованието итн., овие две, па и другите заедници, се развивале паралелно, сепаратно, а во извесна мера и контрастно. Ова влијаело и врз појавата на значителни социо-демографски и развојни разлики, на зголемување на т.н. суштинска етнодистанца, на стереотипите, на изолираноста, и на комуникативност меѓу заедниците повеќе само на симболично ниво (Савев, 1996. Ташева и др., 1998, Петроска-Бешка и др. 2000). Дури, во крајна, политичка линија, овие разлики и дискрепанции доведуваат до етно-конфликти, како подлога и на оној во Македонија 2001 година.

Отука, изводот на социолошката анализа на општествено-развојните дискрепанции како објективна подлога за појавата и опстојувањето на национализмот и етно-центризмот, без разлика дали на етно-малцинствата или на етно-мнозинствата, без оглед на големината на државите што се во прашање, е во залагањето за поурамнотежен и избалансиран социо-економски развиток, за позабрзан развиток, во кој како активен чинител ќе бидат вклучени сите држави во регионот и потем, во нив сите социјални и, пред се етнички групи и заедници и од кој сите тие ќе имаат корист и подобрување на своите социјални услови. Доколку ваквиот забрзан и урамнотежен развиток се совпадне со едновремениот развиток на структурите на цивилното општество, со подемот на отворената, пазарна и претприемачка економија, со процесите на глобалната и регионалната комуникација и интеграција, ќе бидат пресечени или пак значително ослабени некои силни корени на етно-центризам, етно-агресивност и етно-експанзија на штета на другите заедници. Па сепак, да признаеме дека ова е една хипотеза, за која немаме докрај- вистински или признаени аргументи.

Во современата литература за национализмот и етноцентризмот, односно за нацијата и етникумот, на прашањето на развојот на заедниците, пред се, на социоекономскиот развој, му се посветува значително внимание, макар

што гледиштата не се ниту приближно исти. Британскиот социолог Том Неирн, чии ставови заслужуваат силна почит и внимание, смета дека империјализмот и нерамномерниот развој се причина за национализмот како глобален феномен. Неирн таа причина повеќе ја разгледува од аспект на поголемите, на поразвиените ентитети, кои создаваат контекст на реакција кај малцинствата, по која и да е основа.

Тоа е вистина така. Национализмот, етноцентризмот и непочитувањето на правата на етно-малцинствата може и кај етномнозинствата да бидат генерирани како од чувството така и од фактот на стагнација, на недоволно брз развој или пак – од нискиот стандард, во споредба со други и сл. Понатаму, кога се зборува за империјализам, секако не се мисли на оној од Лениновата или од марксистичката терминологија, туку на секој "империјализам", па и на современиот, на регионалниот и дури - на локалниот. Но, во основа, проблемот е во производството на чувства, кое наидува на плодна почва поради нерамномерниот развој, што е согласно и на истражувањата на познатиот етно-социолог Ернест Гелнер. (Види- Nairn, 1977; Gellner, 1964).

Сепак, со своите предупредувања од опасноста на социологизмот и механичкото разликување на линиите на социјалното и етничкото групирање што наводно може да ја искриви сликата на корените на национализмот, оправдано се јавува подолу цитираниот руски етнолог Владимир Тишков, а уште повеќе и веќе наведениот проф. Антони Смит од Лондонската економска школа. Овој со право укажува дека национализмот го има во сите социоекономски контексти и средини, како и во сите системи; не нужно, само во оние што заостануваат или се развојно различни и депресирани (Smith, ibid. с.35). Па сепак, нема друга објективна основа, за да влијае, во крајна линија, на производството и оперирањето на национализмот и етно-центризмот, особено во нивните крајни и брутални изводи.

Во случајот со бивша Југославија, а начелно и со Македонија, природната желба и амбиција да се надмине, во тоа време, длабоката социјална и економска криза во земјата, и исто така

веќе споменатата отворена енергија на национална и етничка еманципација, на барање нови социјални и групни идентитети, генерираше бранови откажување послушност, отфрлање и дискредитација на претходниот, социјалистички систем. Клучен посредник во промените што беа на прагот, беа, сепак, етно-политичките елити. Нашите истражувања говорат дека во услови на федерални и повеќеетнички државни формации, за да се одржи старата елита на власт и да ја сочува моќта и позицијата на легитимен начин, единствено решение што сметала дека и е на располагање било да се сврти кон својот етникум како кон реално-постојна заедница која овозможува заштита и легитимет на власта.

Во бившата федерација, од 1974 до 1990 година, легитимитетните извори се селат од федералниот врв во републичките и покраинските, односно во етно-политичките ентитети. Меѓутоа, распадот на комунистичките партии како единствен скелет на федерализмот во тие заедници, значи не само крај на социјализмот, туку и почеток на етно-политичките центризми и национализми. Затоа, многу често, зад природниот и посакуван праг на промени во насока на граѓанско општество, сопственичка и претприемачка економија и политичка демократија, настапува националната економија, етно-центристичката држава и старата комунистичка елита сега во својство на рециклирана етно-елита. (Mircev, 1993).

5. Транзицискиот јазол

Проблемите на транзицијата во многу источноевропски и, посебно, во балканските земји, можат да се разберат и да се објаснат со динамиката и со процесот на мобилноста на елитата. Во таа смисла, Владимир Гоати во случајот на СРЈ како пост-СФРЈ заедница, ја проучува и потврдува конверзијата на старата комунистичка во нова, односно, рециклирана етно-политичка елита, а Слободан Антониќ во една извонредна социолошка студија го покажува сиот социјален механизам на премин на комунистичката елита во Србија - во елитата на Милошевиќ: популистичка, автократска и националистичка. Антониќ заклучува дека основните причини за долготрајноста на режимот на Милошевиќ биле во посебно вглобениот поредок

на моќ и на личните особини на носителот на режимот, кој успеал да го оневозможи осамостојувањето на владејачката елита и да ја врзе за себе. (Goati, 1999, Antonic, 2002). До слични заклучоци за Црна Гора доаѓа Срѓан Дармановиќ. (Дармановиќ, 1995). Социолошки гледано, речиси нема политичка елита во земјите на транзиција, која на прагот на промените барем малку не била националистички насочена, за да може да се идентификува, да се оформи и да се легитимизира во етно-социјалната база.

Проучувајќи малку подалеку од Балканот, Селени, Трејман и Внук-Липински, слични тенденции забележуваат во формацијата на транзициските елити во Полска, во Русија и во Унгарија (Szelenyi et all. 1995). В. Тишков, еден од најдобрите познавачи на меѓунационалните односи во бившиот СССР и во пост-советските држави, пишувајќи нашироко за национализмот во транзицискиот период во тие земји, сепак, предупредува на едностраностите во социолошкиот приод кон национализмот. Пред се на тоа дека од анализата на сериозните диспропорции и корелации меѓу етничките и во социјалните структури, не произлегува автоматски дека постои основа за национализам. Второ, дека не е сосема коректно политичките и националистички борби за суверености што се случуваат во Русија, да се третираат како меѓуетнички конфликти. Тие често ја повторуваат истата логика на децентрализација на големите мултиетнички државни формации, а оваа пак нужно вклучува и силни етнички и културални параметри; така е бидејќи нејзините иницијатори и лидери претежно им припаѓаат на етно-титуларните групи. Но, ќе напише Тишков, “во Русија има ударни примери на ‘етничка камуфлажа’, со тоа што политичката борба за моќните интереси на локалните елити во републиките и во автономните области, се претставува како борба за ‘национално самоопределување’” (Tishkov, 2003).

Дилемите околу нацијата и национализмот, околу етносот и етно-центризмот, денес, во наши услови, во голема мера се сведуваат на две прашања, кои само на почетокот се поставени како теориски, а потоа се транспонираат како еклатантно политички и практични прашања. Првото е прашањето на социјалната и на политичката конструкција на нацијата и

етникумот, поправо на производството на претставата на нацијата и на етникумот. Второто прашање е она за посредувањето на таа претстава и конструкција - во политиката и акцијата. Двете прашања можат да се спојат во едно: кој, со што, и како учествува во генерирањето на етноцентризмот, кој што ќе се изрази не еманципациски, туку социјално-нападно и агресивно кон другите?

Но, и да се остави настрана оваа конфронтација, на повидок е едно многу едноставно прашање: дали вистина обичниот човек, масата граѓани во едно општество или заедница како негов дел, или пак некој сегмент од нив, со оглед на социјалната положба, на сиромаштијата, на ниското образование, на зависта, на кусогледоста и на себичноста - ќе се втурне во некаков национализам и етно-центризам, а да нема барем некој мал сигнал, дека сето тоа ќе им ја подобри животната положба? Многу тешко и многу малку веројатно. Социолошки, на ова ниво на разгледување, тоа не го покренува проблемот колку граѓаните во една заедница се свесни за тоа како и колку богато или сиромашно живеат. Го покренува проблемот зошто живеат така: помалку богато, полошо, помалку слободно, со помалку права и надлежности, особено во споредба со "некои други"? Некаде, во некои заедници, нека се тоа социолошки речено - примарни или секундарни, дури и терцијарни, луѓето исто така се прашуваат: зошто така живеат? Непосредните животни искуства на примарно ниво се рефлектираат како неповолно одразени и потем се рефлектираат на повисоките нивоа: политичкото, психо-политичкото, етно-политичкото, културно-политичкото. На тоа ниво, се креира т.н. идентитет на групата, но тој идентитет секојпат се креира во сооднос со некоја друга група: слоевска, класна, статусна, или пак расна, религиозна, во условите за кои зборуваме со - етничка.

На оваа точка, Неирн, Брубејкер, Андерсон и многу други современи автори ја гледаат подлогата на национализмот и етноцентризмот. Но, се разбира, тоа е само подлога, само некоја подлабока инстанца. Таа инстанца се преточува во политика, во акција, а некаде и во судири и во насилство, преку еден сложен социјален и социо-психолошки механизам, во кој клучна улога имаат т.н. "медијарни" или "интервентни" социјални групи:

бирократијата, веќе споменатите политички елити, интелигенцијата вклучувајќи ги и научните, па и медиумските кругови. Не е случајно што сите документи во оваа збирка, а и многу други и многу повеќе, се произведени токму во академии на науки и научни институти.

Национализмот е погоден извор на политичка легитимизација на елитите, бидејќи нацијата е реална и моќна заедница, особено во идентитетна и легитимизациска смисла. Бирократијата, пак, нема таква легитимизациска основа, таа мора да ја бара во професијата. Но, бидејќи професијата, посебно во земјите во транзиција, значи многу малку, и таа е принудена да се сврти кон етникумот и нацијата. Во транзициски услови, пак, кога интелигенцијата, науката и медиумите се главно материјално и професионално зависни од државно-партиските извори, а овие пак се етно-политички структурирани, станува појасно зошто барем дел од тие слоеви се свртуваат кон производство на етно-центрични продукти.

С. Бронер, еден од најпровокативните американски поли-толози денес, посебно го проучува соодносот на идеите и акцијата. Во однос на национализмот, тој заклучува: “Национализмот е се уште идеологија на нашето време. Закоравените бирократии на нацијата-држава се уште имаат интерес тој национализам да го репродуцираат. Застарените разбирања на националниот суверенитет и самоопределување, атавистичките традиции и обичаи сеуште имаат сила на внатрешен порив”. (Bronner, S. E., 1999, с. 334). Интересно е дека, на сличен начин, германскиот социолог Х. Кон, за улогата на интелигенцијата во источно-европските земји пишува уште пред 60 години: “Интелигенцијата игра стожерна улога во периферијата, каде што на ситната буржоазија ѝ недостасува потребна верба за да го избори својот пат на самоодржлив раст. Наместо неа, интелигенцијата треба да обезбеди митско чувство на различна судбина за целата заедница, со ковење национална култура што се базира на фолклорни елементи и мобилизација на масите. Отука моќта на идеалистичките и субјективистички компоненти на периферните национализми” (Kohn, H., 1967, гл.7).

Конечно, да укажеме на едно исклучително истражување на чешкиот социолог М. Хрох за национализмот во Источна Европа, во кое тој ја открива заедничката матрица на развојот на националистичките движења во регионот, кои започнуваат со мали котерии интелектуалци, писатели, актери, што ја елаборираат идејата на загрозеноста на нацијата, па потоа следи ширењето на таа идеја во поширок кругови на патриоти-агитатори, учители и новинари, за да се дојде, на крајот, до многу широкото тело на средните и ниските слоеви, и до масовното движење. (Hroch, M., 1985).

6. Теориският пристап кон нацијата

Во општествените науки денес не постои единствена, или општо усвоена теорија за нацијата и етникумот, што е впрочем вистина и за отсуството на теорија и за многу други социјални групи, категории или процеси. Не постојат единствени гледишта ниту за многубројни поими, деривативни од нацијата: нација-држава, национализам, нацио-генеза, нацио-центризам и сл. Па сепак, колку повеќе се збогатува истражувачкиот фонд на сознанија за феноменологијата на нацијата и на етникумот денес, толку повеќе се изолираат некои латентни особености на таа појава. Во истата таа мера, се приближуваат и стојалиштата за тоа со што поволно, а со што неповолно, учествуваат нацијата и етникумот денес во цивилизациските текови и динамика. Кога е во прашање национализмот и етно-центризмот, нека се во форма на доктрина, идеологија или политика, треба да се каже дека не постои модерна теориска струја што ќе ги оправда или на која можат да се засноваат. Можат да се засноваат или, пак, самите да се повикуваат на надминати теориски и идејни извори, или, пак, на мета-теориски концепти. Тоа е, всушност, проблемот на општествените и научни проекции на минатото во реалноста, па и во иднината.

Дваесеттиот век, сепак, ни остави во наследство неколку поизразени и пооформени теориски гледања на нацијата и етникумот. На почетокот на тој век, особено во доизградбата на големите етатистички и империјални творби во Европа, се уште не малку влијание имал етно-романтицизмот, оние на

германскиот правник Хајнрих фон Тричке, на францускиот филозоф Ернест Ренан но и на мнозина други, инаку модерно насочени мислители: Кант, Фихте, Арндт, потоа, Диркем, Вебер, Хердер. Тие, со извесни разлики, го афирмираат т.н. етнички и етно-лингвистички детерминизам, ја нагласуваат наводната исконска и духовно зададена природа на нацијата како и значењето на нејзината историска меморија и "органска" политичка волја, како примарни во засновањето на човековата култура, дух и настојувања. А. Смит, кој дава продлабочен и критички преглед на ова струење, го смета за најсуштинско во затемелувањето на "волунтаристичките" и "органицистички" видови на мислата на национализмот и нивното проектирање во модерноста. Тие, ќе рече Смит, имале и најдолга историја и најдраматични последици. Култот кон предците, историското минато и наводната колективна политичка волја, се граѓата на етно-детерминизмот кога се "кове" нацијата, порачува тој. (Smith, 2001, гл.2).

Марксизмот и марксистичкото поимање на нацијата, на ова подрачје, беше втората значајна мисловна оставнина на минатиот век. Самиот Маркс и неговите сомисленици во 19 век, имено, можеа да го игнорираат, да го критикуваат па дури и да си подигруваат со прашањето на изразувањето на нацијата и национализмот во нивното време. По дефиниција, марксизмот беше космополитска и универзална идеологија, а во времето кога настануваше, нацијата и национализмот веќе беа политички впрегнати против ослободувањето на трудот и против, тогаш актуелната "светска револуција".

Меѓутоа, веќе на почетокот на XX век, марксизмот мораше да ги решава проблемите на "светската револуција" која се одвиваше во "национални држави", па и на комунистичката политика која се одвиваше во национални рамки. Токму на неподготвеноста да се даде одговор на тоа прашање, пропадна Втората интернационала. Односно, тогашното работничко движење, се подели во однос на прашањето дали во парламентите да се гласа за воените кредити, што водеа кон Првата светска војна. Во тоа време, марксизмот прво го афирмира погледот на т.н. австро-марксисти, кој беше заснован на една, колку-толку, конзистентна дефиниција на нацијата на

Ото Бауер. Имено, во познатиот трактат “Националното прашање и социјал-демократијата”, Бауер ќе напише дека нацијата “претставува севкупност на луѓето кои што со заедничка судбина и заедничка комуникација, чиј што посредник е јазикот, се поврзани во културна заедница”. (Според - Д. Миљовска, во- Б. Петровска, Ред. 2000, стр. 346). Оваа дефиниција е релативно широка и начелно не е далеку од сфаќањата на денешните етно-симболисти. Бауер верувал дека барем европските нации еволуирале од заедници со едно етничко потекло, преку класна диференцијација, до оформување “заедници по карактер”; односно, дека нацијата е етно-културна заедница која има своја историска и класна основа, но на чија еволуција може да се влијае политички. Нацијата, смета Бауер, не му пречи на современиот развој, ниту е врзана со политички дефинирана територија. Таа може да го сочува својот посебен историско-културен карактер, но и да учествува во процесот на поширока интеграција и еманципација.

Меѓутоа, сталинизмот во напонот на својата етатистичко-империјална моќ, станува, прво, свесен за значењето на нацијата за современата политика и држава, второ не смее да ја доведе во колизија со класната борба, и трето, во неа гледа инструмент што може корисно да го употреби. Некаде пред Втората светска војна, Сталин во “Марксизмот и колонијалното прашање”, ја поставува фамозната дефиниција според која нацијата е “историски формирана стабилна заедница на луѓе, настаната врз база на заедница на јазикот, на територијата, на економскиот живот и на политичката конституција, која што се манифестира во заедница на култура” (ибид. Петровска, стр.347). Сфаќањето на марксизмот, веќе сталинизирано, значи - дека таа е вистина развиена до капитализмот или вон него, но како компактна социјална заедница: таа има своја економска, територијална, политичка рамка, и, на крајот, се разбира, и културна. Не се културата или јазикот или судбината - примарната карактеристика. Националните својства кои ги создал “капитализмот”, имено, нееднаквостите меѓу нациите во, или меѓу државите, исклучивостите, хегемониите итн., социјализмот и комунизмот ќе ги разрешат со ослободителната мисија на трудот, но затоа и националната еманципација треба

да стане категорија на ослободување на трудот. Ова, денес многу лесно може да се конвертира - од ослободување на трудот во – ослободување на граѓанинот, во една хегеловска формулација за подигнување на човекот на ниво на граѓанин на државата како еманципаторски чин; во овој случај - како еманципирање на човекот во припадник на етносот и на нацијата како конститутивно ткиво на државата.

Оттука, политичката интервенција и конституција во динамиката на нациите е круцијална составка на сталинизмот. Тој така и се однесувал во времето на советската хегемонија и тоталитаризмот: преселувани се, иселувани, десеткувани и уништувани цели популации и етнички заедници, класифицирани се според лојалноста на системот, а хегемонијата на најголемата нација и формално е обезбедена. Оваа идеологија чини, освен тоа и градација на етникумите, според степенот на "историска созреаност": етничка заедница, народ, нација! Макар што оваа варијанта на марксистичката дефиниција на нацијата не е автентичноста на марксизмот, таа е функционална и во најголема мера се користи во оформувањето на националните или етно-политичките доктрини на балканските држави, па и во текстовите што овде ги објавуваме. Политичката интервенција во тие текстови едноставно значи: етно-инжинеринг и асимилација, доброволна или принудна - сеедно.

Во времето на најголемите расправи за Уставот на СФРЈ, во 1973 година, Кардељ пишува нов предговор на своето познато дело "Развојот на словенечкото национално прашање", од 1958, во кој нацијата ја определува како "специфична народна заедница, настаната врз основа на поделбата на трудот во епохата на капитализмот, на компактна територија и во рамките на заеднички јазик како и блиска етничка и културна сродност воопшто" (Kardelj, 1973, с.47). Кардељ, значи исто така ја врзува нацијата за капитализмот и за економската репродукција на класни основи, што значи сите нееднаквости, девијации и екстремизми што ги носат нациите и национализмот, што можат да му се припишат на капитализмот и на буржоазијата, а во крајна линија и на контрареволуцијата. Но, и Кардељ пишува за "компактна територија", што е предвесник на правото на

самоопределување и аспирации на "меморираната" етнотериторија на нацијата. Подоцна, макар што Кардељ е злоупотребен, овој нагласок ќе стане лајт-мотив на борбите на просторот на бивша Југославија; имено за "етно-територијата" и егзистенцијата на секоја нација на своја, компактна територија. Според Кардељ, социјализмот во југословенската автентичност, реагира на национализмот - со концептот на потполната рамноправност на нациите (на југословенските народи и народности) а потоа, низ процесот на ослободување на трудот со нивно изедначување и хомогенизирање во една нација - во некое далечно време. Во Титовата доктрина, тоа беше политиката на "братството и единството", и следствено на тоа - на создавање една, југословенска нација. Статистички, отука на пописите се јави рубриката – Југословени. Па сепак, тоа не беше политика на принудно претопување или креирање нации.

Во марксизмот се одржа и натаму се одржува градацијата на етно-заедница, народна заедница и национална заедница. И натаму се обезбедува интервентната улога на политичкиот фактор во "дизајнирањето" на меѓунационалните односи, еднаквоста, правата, територијалната компактност, што во услови на либерален социјализам, авторитарна партија и личност на чело, можеше долго да ја одржува југословенската федерација во една целина. Меѓутоа, во основа и југословенскиот марксизам, па и доктрината на нацијата, беше создаден, како што напишал Ханс Кон, од "интелигенцијата на периферијата на континентот", за да се мобилизираат масите на митското чувство на одделност и реалност на заедницата, базирана на идеалистички и субјективистички компоненти на "периферниот национализам". Ова се употребува и се злоупотребува и од текстописците на современите национални доктрини на македонските соседи.

Веќе е констатирано дека денес во теоријата превладуваат двете струи во интерпретацијата на нацијата, етносот и етно-политиката: модернистичката и етно-симболичката. Па сепак, не се превладани, напротив опстојуваат и се мошне влијателни и концептите на примордијализмот и етно-романтицизмот, донекаде користејќи изводи и од марксистичката мисла.

Нивните разлики во модерната мисла за нацијата и национализмот се оформуваат околу дилемата дали нациите се исконски, вечни и историски творби или, пак, се творби на модерното доба, општество и политички развој. Примордијалистите сметаат дека нациите се, речиси, био-социјални групи, дека имаат некои примордијални врски од етно-генетски, расен, органски, дури и крвносроден карактер. Дека на таа основа се формираат "културни, јазички, религиозни и природни дадености" на општествената егзистенција, а дека државата и политичката организација се главно секуларна и цивилна покривка на нацијата. Шилс и Гирц, меѓу попознатите носители на оваа идеја, инсистираат на тоа дека нациите се заедници од органска и органско-развојна природа, дека се вечни и незаобиколиви (Shils, 1957, Geertz, 1973). Ова гледање му дава широк замав на подемот на националистичките идеологии кои докажуваат дека токму некои нации, токму "нивните" нации, за разлика од други - се историски, чисти, генетски или психо-генетски дистинктивни, избрани. Тие, меѓутоа, имаат два големи проблема: едниот е емпириски: имено, да се објаснат современите нации кои се недискутабилни, на пример, американската, швајцарската, индиската и многу други, кои настанале во последните векови со мешање на повеќе нации, религии, етникуми, јазици; и второ: био-генетските истражувања кои го негираат колективниот генетски код на некоја нација.

За модернизмот, во тие рамки не може да се зборува за "единствен поглед", но може воопштено да се определи дека модернистите сметаат дека нациите не се вкоренети во древнината и во дамнешното историско минато, туку се плод на модерната историја, па и на блиското минато. Најмногу од нациите во светот се дури рецентно заокружени и исполнети и нема социолошка или културна евиденција дека биле "предмодерни" колективитети. Не се ниту продукт на природни или генетски, длабоко вкоренети фактори, туку на рационални и плански, или барем на целенасочени дејности, условени или објективни во современата епоха. Тие се дури и "замислени и измислени" заедници, "инвенција што ја урива традицијата". Мнозина светски познати автори, најмногу социолози и политолози, истражуваат и аргументираат во оваа смисла: Р.

Бендикс, Г. Олменд, Л. Паj, К. Дојч, В. Ајзенштат, Д. Лернер, Е. Хобсбаум, Е. Гелнер, Е. Кадури, Б. Андерсон и мн. други. За Хобсбаум и Андерсон, се смета дека ѝ припаѓаат на струјата т.н. западен марксизам. Некои од нив се преведени кај нас.

Јазолната спојка на тие автори е, сепак, идејата на "изградбата на модерната нација", на ткн. nation building, врз база на модерноста на условите и на факторите на таа изградба, како и на соодносот на нацијата и државата или на политичкиот фактор во тој процес на изградба. Нациите, се значи, продукт на модерноста, од Француската и од другите граѓански револуции - наваму. Во таа епоха, не само што пазарот бара широки простори за стоковото производство, за извозот и за инвестициите, за сеопштата размена и мобилност, туку и ги разбива традиционалните феудални заедници и врски со земјата, локалитетот, примарните социјални групи. Граѓанското општество се уште не е изградено, а на државата и на индустријализмот им требаат инструменти на стабилност, на хомогенизација, на образование, комуникации и сл. не врз база на групации што разделуваат, како што се, на пример класите, расите, стратумите, јазичките заедници. Смит ги смета овие потреби како рефлектирани во мислата и дејствата на татковците-основачи и мислители на модерните нации: Ж. Ж. Русо, Е. Берк, Т. Џеферсон, Г.Мацини, Ј. Хердер и др. (Smith, 2001, с.22).

Накратко, нерамномерните и контрастни социјални процеси на модернизација и нужноста од глобализација, доведуваат и до нужност од создавање или, барем, од созревање на нациите. Потребата од растеж и социјалниот развој, бараат стандардизирана, хомогена, централно одржлива, висока култура, култура што го исполнува и опфаќа сето население, а не само една, етничка елита. Гелнер е многу убедлив во оваа аргументација, тој е исто толку убедлив и во тоа дека нацијата е функционална само со индустриските општества. (Gellner, 1964, 1983)

Дејвид Хелд и Антони Мекгру, во својата позната студија за глобализацијата и антиглобализацијата (Held and McGrew, 2002), докрај ја развиваат теориската база на Ернест Гелнер,

Бенедикт Андерсон и посебно на Антони Смит за нацијата како историскокултурна идентитетна заедница, како ново-конструирана замислена и објективизирана заедница, силно потикната од политичките елити на модерните европски држави. Тие на создавањето и реалноста на нацијата гледаат, значи, од аспект на генерирањето на политичката држава во Европа во последните два века. "Условите за создавањето на модерната држава беа често истите услови што го генерираа чувството на националност... Бидејќи на создавачите на државата им требаше централизирање и преуредување на политичката моќ на стекнатите територии како и обезбедување и зацврстување на базата на моќ, тие беа зависни од кооперативните форми на општествени односи со нивните државјани" (Held and McGrew, 2002, s. 26) Централизацијата на власта ја уреди зависноста на владетелите од владеаните – заради човечките и финансиските ресурси. Со "нацијата" беше создаден поголем реципроцитет помеѓу управувачите и управуваните, а условите на нивната "размена" станале прашање на изборност. Би додале и на постепен развој на човековите права и институции на демократијата. Тоа, пак, не се случувало во најмногу од балканските земји.

Особено воените и административни изискувања на модерната држава, образованието, даноците, функциите и вработеноста во државната управа, пензиите, воениот рок итн. ги "политизирале" општествените односи и секојдневните активности. Постепено, народот станувал свесен за својата припадност на "споделена"политичка заедница, онаа во која има заедничка судбина со "другите". Макар што, ќе напишат Хелд и Мекгру, природата на оваа врзувачка идентификација била иницијално дубиозна и дискутабилна, таа со времето станувала подефинитивна и попрецизна... Нивниот заклучок е дека - "Консолидацијата на идеите и приказната за нацијата и националноста е врзана за многу фактори, вклучувајќи го и обидот на владејачките елити и влади - да создадат нов идентитет што ќе го легитимизира засилувањето на државната власт и координирањето на јавната политика... во врска со тоа е и создавањето, преку општото образование, на идеите на заедничка рамка на разбирањето на - значењата и практиките, во насока на јакнење на процесот на државно-координирата

модернизација... што значително ги олеснува меѓукласните комуникации и дифузијата на националните истории, митови и ритуали, кои се, всушност, новозамислената заедница односно – нација.

Тврдејќи го ова, Хелд и Мекгру, особено се повикуваат на истражувањата на Б. Андерсон и Е. Смит. Овие пак, на тој начин ја објаснуваат изградбата на историското чувство на "татковината" и на длабоко вкоренетите меморији и консолидација на етничките заедници – преку заедничката јавна култура и споделени јавни и човекови права и должности. Прашање е, сепак, колку т.н. нација како политички "проект", како експлицитен проект поттикнат од елитите, бил "комплетна имагинација". Веројатно е дека елитите и државата обликувана од нив, не се потпирале само на генерирањето на чувството на националност и приврзаност кон нацијата, на "националната заедница на судбината", и не сметале само на нацијата како чисто социјален и културен ентитет кој се простирал на една територија.

Нациите, според овие автори, биле "заедници на историјата и на културата", на една посебна територија, често засновувајќи се на дистинктивна традиција на заеднички права и должности на нивните припадници. Но, во тој поглед многу нации биле изградени врз база на "предмодерни етнички јадра" чии митови и спомени, вредности и симболи, ги обликувале нациите така што модерните елити успеале да ги фалсификуваат и злоупотребат. Повторно, значи, се враќаме на етно-политичкиот инженеринг, во смислата што му ја дава А. Смит (Smith, 1990, s.181). Идентитетот што националистите настојуваат да го одржат е, во голема мера, оној што ја сокрива и експлоатира "етно-историјата" на заедницата за да се истакне нејзината различност во светот на конкурентни политички и културни вредности...

Модернистите воопшто, веруваат дека нема историски нации, дека тие се плод на национализмот што го генерира индустријализмот и неразвиеното граѓанско општество, а државата го претвора во нација. Се разбира, никој не оспорува дека за ефективното созревање на нацијата се потребни некои

предуслови и предиспозиции: јазичка, религиска или културна хомогеност, етничко потекло и сл., но и дека државите, во основа, го насочуваат, го афирмираат и го заокружуваат тој процес. Се смета дека модерните националистички лидери, можат со ефективни институции и со норми на граѓанската држава и "националната држава", вистина да изградат нација која го хомогенизира граѓанството и го насочува кон истоветни цели.

Според тоа, за мнозина од модернистите, секако пак за Антони Гиденс и Ерик Хобсбаум, национализмот и нацијата се врзани и зависни од државата и од политичките елити. Без неа, тие немаат ниту смисла ниту шанса. Национализмот, на пример, мора да има политичка програма. Без таква програма и без власт како цел, тој нема резон. Државата им дава структурна рамка на национализмот и на нацијата, овие, пак, на државата ѝ даваат социо-психолошка смисла (Giddens, 1985, Hobsbawm, 1990). Хобсбаум посебно го истражува сиот апарат на ритуали, симболи, средства, што го следат или кои го помагаат подемот на националните држави, пред се во Европа во XIX и XX век, но и т.н. процес на производство на националната историја во минатото, дури и со полуфикции и фалсификати. Национализмот, во таа смисла, е речиси panem et circences на модерното доба, речиси "супститут на изгубените сништа".

Концептите на нацијата и на етносот што денес ги развиваат етно-симболистите и модернистите се влијателни колку во социологијата, политологијата и етнологијата, толку и во социјалната психологија. Разликите меѓу нив не се главно во тоа што нацијата и етносот ги сметаат за неисториски или историски појави, за појави што се подложени на дијалектиката на развој: раѓање, развој, залез. Разликите во основа се во поимањето на тоа дали и колку може врз нив да се влијае со социјална и со политичка акција, доколку нацијата и етносот се историски или неисториски категории, односно доколку се плод на објективен развиток или пак на инвенција и имагинација? Можеби со социјален и политички инженеринг? Со етно-инженеринг, во која и да е насока? Модернистите главно одговараат позитивно, етно-симболистите главно одречно. Но, кај етно-симболистите, тоа пак е значајна

специфика, самоопределувањето на нациите, етникумите, самоидентификацијата, не зависи од "другите", тоа е основно човеково право, колку индивидуално, толку и колективно. Без разлика колку на нив може да се влијае и со инженеринг.

Обете струи се согласни што се и што не се нациите. Имено, дека не се религиозна, компактна социјална група, јазична, расна итн. Според Жан Мари Гуно, политолог од Универзитетот во Париз, во познатата студија – "Крајот на демократијата" (Гуно, 1997), нацијата е уникатна комбинација на историски дадености, кои никојпат не се ограничуваат на една мерка – јазична, религиозна, расна, социјална. Тој ќе напише дека европската определба на "нацијата ги обединува луѓето не врз основа на тоа што се, туку врз основа на то "што биле". Една нација нема друга дефиниција освен историската, а тоа е прашање на општата историја, на општата несреќа или среќа. Тоа е место на општата, заедничката судбина. Во Европа, тој "спомен", според Гуно, се однесува на некоја "запаметена" територија... на која некој полагал право на сопственост уште од периодот на Рим и римското право (ибид. стр. 15-17). Ова, всушност, се однесува на сите балкански нации и национализми, макар што некои од нив немаат такви "историски претензии", некои, пак, имаат. Проблемот на нацијата и на државата-нација, размислува Гуно, е во тоа што во современиот свет, тие економски, политички и културно губат во значењето, колку и да се персистентни. Државата-нација е во очигледна криза. Можеме да проследиме дека ова мошне многу се однесува на Балканот.

Меѓутоа, исто така е сигурно, дека модернистите притоа, во афирмацијата на "државата-нација" и на пристапот кон национализмот како потреба на индустријализмот, на анти-колонијализмот или како резултат на распадот на тоталитарните државни творби, не мислат на "етно-инженерингот", на присилното асимилирање нации или создавањето нации без социјална и културна подлога. Отука, повеќемина од нив ги употребуваат придавките граѓански и културен национализам (Д. Милер), либерален и економски национализам, политичко-демократски (Ман и Хобсбаум) и дури "уставен патриотизам", особено во врска со модерните

евро-интеграциски процеси (Хабермас), правејќи притоа јасна дистинкција од нео-национализмот, етно-национализмот, етно-популизмот или етно-центризмот, од етно-сецесионизмот, етнолингвистичкиот национализам, итн. Дали се работи искривоколчени видови национализам од, во една Аристотеловска логика, супстанцата на граѓанскиот национализам? Дали се нужно агресивни, деструктивни, изолационистички? Дали и колку го попречуваат цивилизацискиот развој, и на крајот - кои социјални причини и последици ги имаат? Тоа се прашања за продлабочена дискусија. Познатиот германски мислител, Јан Вернер Милер, проблематизирајќи го Јирген Хабермас од 2002 година, вели дека националните држави остануваат неопходни и покрај процесите на глобализација и европеизација, дури и кога не можат да понудат модел според кој, на пример, Европската Унија би требало да се обликува себеси. Во истата насока, либералните форми на лојалноста кон националната држава, не се потиснати туку се "дополнети" со европскиот уставен патриотизам. Меѓутоа, "дополнување" е веројатно погрешен збор, затоа што сугерира дека "идентитетот" е нешто, повеќе или помалку како - куп цигли. Хабермас, вели Милер, барал Европејците да надсидаат уште еден кат (европски кат) над своите национални идентитети, или пак да го зголемат за една "европска димензија" (Muller, 2010, стр. 166).

Изводот на тие анализи е дека граѓанската верзија на национализмот е повеќе приврзана на вредностите на модерната цивилизација, дека има рационална и активна компонента во партиципацијата на сите заеднички цели и дека подразбира дистинктивна јавна култура. Тоа е максимумот што не им пречи, напротив, им погодува на тековните процеси на глобализација во светот (Habermas, 2002, Held and McGrew, 2002). Над тој максимум, национализмот станува не само анахрон туку и активна пречка во развојот на демократијата и човековите права, тој се судрува со граѓанската култура, станува инконгруентен на таа култура.

Смит, а во голема мера и Фил Барт, Џон Фајн, Лоринг Данфорт и Џон Бројли, (Barth, 1969; Fine, 1991; Danforth, 1995; Breully, 1944) нудат една посредничка, но многу релевантна парадигма

во објаснувањето на современиот национализам и нација, онаа на етно-симболизмот и на заедничката култура како стожер на националната свест. Таа вистина може да се покаже како продуктивна во истражувањата на проблематиката на модерните нации и национализмот, но и на нивните соодноси. Овие автори со право укажуваат на некои нерамнини и контрасти на модернистите, пред се на тоа дека национализмот денес се јавува во сите општествено-економски контексти, и дека не е автоматски врзан со развојот, дека дури не е нужно врзан и со територија или аспирации за "своја" држава. Нацијата во однос на историјата, ќе рече Смит, сепак не се јавува без никаква основа, чисто случајно.

Не е нужно национализмот да му претходи и судбински да влијае врз креирањето на нацијата, ниту, пак, такво влијание да има државата. Етно-симболистите се прашуваат да не е преценета улогата на елитите во процесот на создавањето на нацијата? Конечно, согласувајќи се дека меѓународниот поредок, создаден по Втората светска војна е инклузивен за принципите на апсолутен суверенитет на државите и за правото на самоопределување на нациите, го поставуваат прашањето: Што ако голем број аспиранти за национална независност, објективно се нашле однапред, надвор од тој поредок? Што ако тој поредок со своите норми не се покажал доволно пермисивен за сите субјекти во еманципација? (Smith, 1998, с.79). Со ова прашање, всушност Смит и етно-симболистите го проблематизираат сиот денешен меѓународно-политички и правен поредок, посебно Повелбата и Статутот на ОН.

При определбата на нацијата и етникумот (инаку, тој го употребува францускиот термин етнија, ethnie), според А. Смит суштински е идентитетот или само-идентитетот на една популација, оној што самата таа си го придава и истиот што другите ѝ го придаваат нејзе. Таа е тоа кога ги има своите идентитетни ознаки, своето препознатливо име, симболи, свој мит на заедничко и единствено минато. За Смит и за етно-симболистите, воопшто не е помалку значајно споделувањето и чувањето на историскиот спомен и традицијата (што инаку не мора да се совпаѓа нужно со историската вистина), сфаќањето на "историската територија" на етнијата како "татковина", и

конечно, елементите на заедничката култура, мерката на солидарност, барем на ниво на елитите.

Смит го релативизира значењето на политичкиот фактор, на пример, на државата, на армиите, на црквите и сл. бидејќи таквите фактори колку што се значајни за креирањето на нацијата, толку се значајни и за креирање на контра-етнии, контра-групи. Ако некоја социјална група гради идентитет, тоа се чини наспроти или во однос и сооднос со други групи, што, инаку, е закон и на дијалектиката. (Smith, 1998, с.170; Smith, 2001,с. 57-61). Со ова колку Смит толку и етно-симболистите го решаваат прашањето на историзмот и митологијата (или - историската вистина) во создавањето, опстојувањето и во развојот на современите етникуми, нации и национални држави. Всушност, според него, но и според сета истражувачка литература, речиси сите современи нации, па и најголемите, и сите современи национални држави, својот идентитет го засноваат на митови и митологија. Зошто тогаш тоа право да им се одрече на новите или неодамна "воспоставени"нации и национални држави? Особено затоа што многу често нациите и националните држави споделуваат исти или слични симболи, митови и митологии? Основното прашање што етно-симболистите, посредно или непосредно го поставуваат е: Зошто треба една нација или етникум, или, пак, една национална држава да докажува дека е автентична, историски и културно-јазички, етногенетски или религиски заснована, ако нејзината популација се чувствува различна од другите или од соседните? И тоа дефинитивно е случај со македонската нација и држава.

Хелд и Мекгру, во својот теориски пристап значајно го потврдуваат А. Смит. За нив, "нациите се наткласни колективитети што споделуваат чувство на идентитет и колективна политичка судбина. Нивната база во стварните и во замислените културни, лингвистички и историски општости е многу променлива и флуидна, често резултирајќи во различно изразување и противречни односи кон државата. Национализмот е сила што ги врзува државите со нациите; тој ја рефлектира колку комплексната и психолошка поврзаност на поединците со посебните национални идентитети и заедници,

толку и проектот на државата во која даденатa нација е доминантна (Held and McGrew, 2002, s.27).

Веќе покренатото прашање на национализмот, може да се согледува, во модерни и балкански услови, токму од тој аспект. Дали, на пример, врската на државата и нацијата што го определува, пред се, статусот на нацијата и на етникумите, или националните малцинства во државата, се по природа и по дефиниција единствена, еднонасочна, позитивна? Или пак е – двосмислена, повеќесмислена, противречена и дури - агресивна кон другите?

На точката на ова прашање, произлегува дека, според анализите на Андерсон, Гелнер, Хелд и Мекгру и особено Смит, тој се разделува вредносно - и во формата и во суштината. Има ли позитивен и негативен национализам? “Добар и лош”? Граѓански и етнички? Има разлика. Едната форма и суштина се однесува на национализмот во развиените граѓански општества во кои државатанација, националната држава, се развивала паралелно и го вклучувала дури - поредокот на човекови права и граѓански слободи, воведувањето на автономното граѓанско општество кое подразбирало и право и практика на каква и да е самоопределба на граѓаните.

Тој “национализам” превладува денес во развиениот западен, граѓански свет, тој се однесува на хомогените нации и нивниот позитивен однос до малцинските. Хелд и посебно Хабермас се залагаат за проширувањето на тој поим и категорија дури на наднационално ниво, посебно во врска со процесите на глобализација и европеизација односно европско обединување, при што Хабермас ќе го “исфрли” концептот на европски уставен патриотизам.

Втората форма и суштина е национализмот во ново-демократизираните земји, на кои најмногу им припаѓаат балканските земји и македонски соседи. Тој национализам настојува да го вбројат во модерните национализми, имајќи на тој начин алиби за насилното и принудно асимилирање на многубројни етнички заедници и малцинства, посебно на македонското, но и на други. Неговата специфика е што -

прогласувајќи се за модерен и за припадник на "градител на модерна нација," истрајува на негирање на постоењето на другите нации, етникуми, малцинства, на нивото насилно, бесправно и неправно вклучување, асимилирање, прогласување на сите граѓани за припадници на својата нацијадржава а врз база на "еднаквите граѓански права"

7. Употребата на теоријата и на историјата

Пишувајќи за идејните извори на национализмот, професорот на Лондонската економска школа Ели Кедури, уште 1960, во своето познато дело "Национализам", ќе рече дека јазикот, културата, понекогаш дури и религијата, според национа-листичката доктрина претставуваат различни аспекти на примордијалниот ентитет - нацијата... Имено, вон секое сомневање е дека оваа доктрина го дели човештвото на посебни и меѓусебно различни нации, дека тврди оти таквите нации мораат да засноват свои суверени држави, а дека припадниците на нацијата ја постигнуваат слободата и себеисполувањето со негувањето на својот особен национален белег, како и со втопувањето во поголемата целина на нацијата (Keduri, 2000, s. 87-87). Кедури дава многу аналитичка евиденција за процесот на образување на европските државинации уште од 16-от век, но исто така смета дека тој процес создава конфузија кога се анализира од аспект на националистичките категории во историографијата. На пример, кога една особена антропологија и метафизика се користи во интерпретација на минатото, тогаш историјата поприма сосем поинакви и извитоперени обележја. Кедури дава примери - кога луѓето кои мислеле дека дејствуваат во насока на божјата волја, на остварувањето на вистината или пак, за остварување династички интереси, или едноставно за одбрана на земјата од агресија, сега се вбројуваат во оние што се гении на манифестацијата и изградбата на посебна националност... Авторот укажува на злоупотребата на историографијата во националистички цели.

Слично на ова, кога националистичката историографија ќе се примени на европското минато, се добива слика на нации кои настануваат полека, бавно, за да се потврдат на крајот како територијални суверени држави. Прусија, Венеција, Фландрија

беа типични такви ентитети, ќе посочи Кедури, прикажувајќи го тој метод како иритирачка научна аномалија. “Изумителите на оваа доктрина настојувале да покажат дека нациите се резултат на природната поделба на човечката раса, повикувајќи се притоа на историјата, на антропологијата и на лингвистиката. Но ова настојување е неодржливо, бидејќи независно какви етнолошки или филолошки доктрини во некој момент можеле да бидат вообличени, не постои уверливо објаснување на причините од кои луѓето што говорат ист јазик или пак ѝ припаѓаат на иста раса итн., би требало со самото тоа да образуваат исклучиво своја држава...” (Keduri, 2002, s. 93).

Тоа што останува од оваа доктрина, вели Кедури, е дека луѓето имаат право да истрајуваат на разликите кои ги одде-луваат од другите, без оглед дали овие разлики се стварни или имагинарни, важни или не, имаат право од тие разлики да направат свој прв политички принцип.

Следејќи ја логиката на Кедури, но и на Гелнер и особено на Смит, може да се каже дека национализмот е доктрина врзана за Европа во последниот век и половина, како потреба за изградба на државите и државотворноста. Но и дека во државотворноста од Француската револуција наваму превладува политиката на човековите права, на граѓанските слободи, на автономијата на граѓанското општество. Каде е тогаш спојот на западниот или европскиот или, пак, американскиот национализам и демократскиот поредок и политика? Пак во човековите права, во правото на самоодредување, па и правото на самоодредување на колективитетите, вклучувајќи ги и етничките и нацио-налните. Овие права се веќе уредени со повеќе меѓународно-правни акти, посебно на ОН, на Советот на Европа, на Европската Унија. Бидејќи, тие права се спој и симбиоза на идентитетот и на самоодредувањето, национализмот конвертира во патриотизам, во наклоност кон својата земја и група, во лојалност кон нејзиниот поредок и подготвеноста за нејзина одбрана. Па сепак, не и кон потиснување на другите. Од друга страна, националистичката доктрина е комплексна; таа понекогаш опфаќа и универзални чувства во една заедница, како што се: ксенофобијата, нерасположението кон странците,

кон аутсајдерите, кон "другите". Спојот, понекогаш создава и конфузија, кога националната доктрина се базира на специфична антропологија и метафизика, како што ќе напише Ели Кедури (Keduri, 2002, str.88). На оваа точка се чини дистинкцијата на национализмот како патриотизам, и национализмот како политика на задушување, потиснување и негирање на правата на "другите", на малцинствата, на етникумите, на сите ранливи и депривилегирани групи. На оваа точка се разликува "добриот од лошиот" национализам, граѓанскиот патриотизам од етничкиот национализам.

Добар дел од балканските национализми, дури и кога се прогласуваат за национализми од западен тип, кога реферираат на "граѓанство на нација-држава", се всушност етнички национализми во служба на "специфична антропологија и метафизика". Тоа исклучително добро го сфаќа американскиот историчар Том Галагер, кој ја парафразира М. Тодорова, велејќи дека не се работи за создавање "држави-нации" од западен тип, туку за создавање "етнички хомогени држави", кои во коренот имаат многу од организираното насилство, слично на она во Западна Европа, во многу подолга временска рамка, и во кое "екстерните фактори" имале многу повеќе влијание од – локалните фактори (Gallagher, 2001. Стр.3)

Етно-симболизмот, во својата критика на етничкиот национализам, всушност ја гради и ја афирмира идентитетната теорија на нацијата и етницитетот. Познатиот хрватски културолог, лингвист и македонист, З. Крамариќ, концептуално и аналитички ја следи линијата на етно-симболизмот на Б. Андерсон, А. Смит и др., особено во проблемот на "самоидентификацијата" и "двојната идентификација" на етникумите, анализирајќи го случајот со македонската книжевност, култура и национална самосвест. И за него, дораснувањето на "етнијата" во "нација" е чисто прашање на претворањето на една доминантна политичка или владејачка елита во државна структура и потем на објективно стандардизирање на групната, заедничка, евентуално – етниска меморија и чувство на блиска поврзаност...Тоа се заедно станува една култура, национална свест или самосвест, станува чувство на солидарност, чувство на припадност на држава која

има политичка моќ, суверенитет, владејачка регулација. Културниот идентитет, (јазикот, етничкиот идентитет, чувството на единство, чувството на заедништво, на заедничкото минато, митовите итн.), за Крамариќ е битна основа на државотворноста. Оваа пак ги формализира, ги институционализира, ги стандардизира тие елементи во официјална, превладувачка национална свест. А што и како без држава или со "спречена" држава? Културна основа на националниот идентитет и свест постојат, исто како и чувството на заедништво, но државата значително ги зајакнува, некаде и до степен на национализам.

Истражувајќи го ова на примерот на македонскиот и грчкиот идентитет, Лоринг Данфорт ќе го заклучи и следното: "Релативно доцното создавање на македонската држава, во споредба со другите балкански држави, не значи, како што тврдат грчките националисти, дека македонската нација е "вештачка" додека грчката нација е "автентична"... И македонскиот национален идентитет и грчкиот национален идентитет се еднакво конструирани." (Danforth, 1995, стр.108).

Следејќи ја таа линија на аргументирање, во неодамна објавената студија "Идентитет, текст, нација" (Крамариќ, 2010), Крамариќ укажува дека е важно што во создавањето на модерната нација се користи "материјалот" т.е. културното, историското и другото наследство од преднационалистичкото доба (според Гелнер), но дека потоа тој материјал губи значење. Крамариќ е повеќе наклонет кон мислењето на Андерсон и Смит кои сметаат дека сепак "папокот" меѓу преднационалната заедница и модерната нација останал нераскинат, но дека тој главно се состои во: името, митовите, симболите, вредностите, во сеќавањата. Нацијата е и минатото и иднината... неповратната меморија и неограничената иднина. Вакумот меѓу нацијата и државата може да се надополни, но доколку таа надополна се сведе на национализам, тој во условите на Балканот може да биде колку прогресивен, толку и повеќе ретроградeн.

Крамариќ обрнува големо внимание на веќе наведениот М. Хрох и неговото објаснување на тешкиот процес на

еманципација и афирмација на т.н. мали нации (оние “без историја”, кои во своето преткапиталистичко минато не биле центар на независно политичко обликување и оние кои од средниот век имале свој политички ентитет и своја феудална владејачка класа, но ја изгубиле својата политичка независност, пред да се развијат во модерни нации). Состојбите на Балканот денес се типично такви. Владејачката класа на поголемите народи покривала повеќе народи, а кон неа гравитирала потенцијалната владејачка класа на помалите народи. Тоа значи дека овие немале можност да изградат потполни општествени структури типични за тој степен на општествен развој, им недостигала “сопствена владејачка класа”. Оттука произлегле нееднаквости во развојот и во облиците на националното постоење, а да не зборуваме за асимилациските процеси и државната интервенција. Нивото на “потчинетост” суштински се разликувало кај малите народи и се движело од случаи на маргините на национална егзистенција до случаи на политичка и економска зависност и културна стагнација.

“Неможноста за реализација е карактеристика на некои етнии и по формирањето независна држава. Имено, дури со државата – онаа национална – почнуваат да се создаваат претпоставки за остварување на економскиот, културниот и политичкиот суверенитет, кои се искажуваат како јасна и цврста “волја” да се извршува моќта... И тука сме, ќе напише Крамариќ, очигледно во задоцнување: сето тоа ни се случува во “погрешно” време, бидејќи “концептите на хомогените национални култури, за компактните преданија на националните култури или на “органски” сраснатите етнички заедници денес веќе не можат да важат како основа на културалното споредување”...” (Крамариќ, 2010, стр. 81.). Но, самоидентификацијата останува цврст, можеби најцврстиот столб на националната егзистенција, тој ги над-владува нејасните, двојните или мултиплите идентитети.

Ова мислење е споделено и во студијата за етникумите во раниот среден век на Балканот од Џон Фајн, објавена 15 години порано. “Очигледно е дека во овој период се појави широко етничко мешање на Словените и Грците; веројатно е дека преостанале малку чистокрвни Грци, ако такви воопшто

постоеле пред словенските инвазии. Неколку векови подоцна многу Албанци мигрирале во овие региони и дополнително ги зголемиле етничките мешања. Така што не е разумно да се верува дека Грците сега се почистокрвни одошто кој и да друг балкански народ. Но, се разбира, она што игра улога е културата, а не крвните линии" (Fine, 1994).

Во заокружувањето на идентитната теорија на нацијата, З. Крамариќ го анализира и се повикува и на словенечкиот филозоф Славој Жижек, кој смета дека дури не е потребно нацијата да претставува и "јазичка заедница", значи заедница со "една одредница". Се разбира, според Жижек и Крамариќ, националната хомогенизација и идентификација, не значат автоматски и прифаќање на секој и кој и да е идентитет. Крамариќ укажува на Жижековата критика на нацијата како чисто дискурзивна категорија.

Таа е, имено, нужно определена и со едно неприкажливо, нејазичко јадро на уживање на канонизираниот стремеж: "Национализмот, значи претставува привилегирана област на изблик на уживањето во социјалното поле. Националната цел, во крајна линија, не е ништо друго, освен начин на кој субјектите на дадената етничка заедница го организираат своето уживање на националните митови". (Zizek, 1996. Стр. 13).

Проблемот на национализмот е во тоа што и тој посега по идентитетот - но на "другиот или на другите". Исто како и "нацијата," и модерниот политички национализам не може да биде разбран без референца кон поранешните етнички врски и сеќавања (во некои случаи дури и сеќавања кон предмодерните идентитети и заедници). "Етно-симболичкиот пристап," Крамариќ тука потполно се согласува со Смит, "може да ни помогне во разбирањето зошто национализмот многупати има толку широка подршка кај народот, т.е. зошто националистичката агитација на интелигенцијата наидува на толкав одглас кај "масите"…" (ибид. стр. 173). Интелигенцијата од веќе објаснетите причини, избира "селективна употреба и злоупотреба на историјата и историографијата", при што Крамариќ ќе го цитира познатиот фрагмент од анализата на Е.

Кедури: “Селективната употреба на историјата... ги заведува интелектуалците минатото да го читаат низ политички очила. Идеологијата која се обликува на тој начин го поттикнува и го спроведува насилството, а народот, под влијание на нејзините дострели, успева да се мобилизира единствено тогаш кога историјата ќе се ’впрегне’ во националната кауза...” (Крамариќ, стр. 173). Тоа е механизмот кој функционира на долгиот пат од етно-романтизмот и благородните замисли за етно-еманципацијата до ригидните форми на етно-национализам и насилство.

Се чини дека особено значајно за Балканот, и за неговите нации и држави, а посебно на националните малцинства и нивните права, меѓу кои субјекти е и Македонија и како држава но и како матица на многубројни малцинства во соседните и во подалечни земји, е да се следи логиката на слободно засновување, изразување и на институционално, нека е тоа политичко-државно, политичко-културно, етно-културно и нормативно изразување на нациите, етникумите и нивните интереси и идентитетни белези. Се разбира, во мерката која е политичка и етно-психолошка, но која е и меѓународно, и-правно – политички уредена, во смисла да не е на штета и наспроти правата и интересите на другите. Нема теориска, идејна или концепциско-правна основа, која би го оправдала противењето на тоа. Токму од тој аспект се анализирани типичните национално-доктринарни извори на македонските соседи поместени тука. Тие, пак, се операционализирани и вистина функционираат во надворешната и во внатрешната политика на повеќето соседни држави.

Нашата анализа покажува дека, прво, повеќето од нив го негираат или сузбиваат правото на самоидентификација на малцинствата во принцип, а во нашиот случај - на македонското национално малцинство. Тие се во остра контрадикција со, денес, превладувачката модернистичка и етно-симболистичка доктрина за тоа дека - доколку една нација, национална држава, национално малцинство, етничка група и слично, се чувствува и се самоопределува за поинаква и дистинктивна од другите, има право така да се чувствува и да се определува. И, дека нема обврска или должност да докажува зошто така се чувствува и се

самоопределува. И, исто така, дека не мора да докажува со историски, културни, со јазички, религиски и со други акти дека постои како група поинаква од другите.

И второ и уште поважно. Еден добар фундамент и корпус на одредби во меѓународни јавно-правни документи и акти, го гарантираат, заштитуваат и го унапредуваат правото на идентитет и на само-идентификација на националните малцински и етнички ентитети. Односно, човековото право на идентитет, на индивидуален национален и културен идентитет. Тука, ќе ги споменеме, освен Повелбата и актите на ООН, Европската повелба за човековите права (чл. 8,9,10,11), исто така чл. 1 и 3 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства кои се однесуваат на човековото достоинство, како и чл. 1 и чл. 21 и 22 од Повелбата за основните права на Европската Унија, кои се однесуваат на недискриминацијата и на културниот, религискиот и на јазичкиот идентитет.

8. Албанската национална доктрина

Објавена е во октомври 1998 година, како Платформа за решавање на албанското национално прашање. Таа е, според воведното објаснување, официјален производ на Албанската академија на науките, "загрижена не само за статусот на Косово, туку и за иднината на целата албанска нација". Нацртот на Платформата првично бил дискутиран на Собранието на Академијата, па потоа во него биле вградени оправданите забелешки и сугестии на албански интелектуалци од Албанија, од Косово и од Македонија, па најпосле била усвоена од Собранието на Академијата. Замислата на Академијата била, наводно, да организира Национално собрание, со учество на интелектуалци од сите албански етнички простори и од дијаспората, за да ја усвојат и потоа "да се обидат сите заедно да ја остварат". Тоа е, всушност, навестување на разврската на косовското прашање, но и на настаните што следуваа во Србија и во Македонија. Од сиот текст на Платформата е очебиен фактот на синхронизираноста на албанскиот етно-радикализам во балканскиот простор, но и во странство, вклучувајќи ги албанските лобисти во Европа и во САД.

Платформата на Албанската академија е повторување и обновување на романтизмот за Голема Албанија од времето на Призренската лига. Сепак, во однос на програмата на Призренската лига од 1877-8 година, во анализата треба да се оддели нејзиниот национално-еманципаторски и ослободителен карактер од нејзиниот големо-албански и експанзионистички карактер. Пет години по објавувањето на Платформата (2003), во излагање во Центарот Вудро Вилсон во Вашингтон, амбасадорот Герт Аренс (прво специјален претставник на Претседателството на ЕУ во Македонија, а потем претставник на ОБСЕ во Албанија), ќе рече дека денес Голема Албанија во основа значи унификација на самата Албанија со Косово, и дека никој од водечките политичари во Албанија, Косово и каде и да е, не е за тоа, бидејќи тоа секако ја оддалечува Албанија од евро-атлантските структури.

Но, ќе потврди Аренс, тоа не значи дека идејата за Голема Албанија е мртва засекогаш. Кога започна југословенската криза, најмногу од албанските говорници се уште, главно, невино вревеа за тоа. Но, во октомври 1998, Академијата на науките на Албанија ја објави "Платформата за решавање на Албанското национално прашање," која одеше во таа насока, но која исто така утврди дека еднаш кога Албанците ќе бидат во ЕУ, границите ќе станат неважни. Секако, прашање е, што ќе се случи ако нивната ин-теграција во Европа не се оствари" (Ahrens, 2003, с.133). Неполна година по објавувањето на Платформата, започна т.н. Косовска криза, три години по неа, започна македонската амплитуда на кризата со Албанците.

Платформата на Албанската академија не е претенциозен, теориски или научен текст. Нејзина појдовна позиција е дека етничкиот, историскиот и територијалниот идентитет на Албанците на Балканот воопшто не е спорен, и дека научно и историски може лесно да се докажува, но дека тоа, речиси, не е ниту потребно. Сосема патем, се споменуваат неколку историско-библиографски извори, но е извесно дека Платформата не смета на некакви извори или докази, туку на априорни тврдења. Притоа, априоризмот е во безусловното потпирање на примордијалистич-ката и марксистичка теорија

на нацијата - која наводно е историски оформена, па дури и значително пред капитализмот, која е заедница на база на органско-крвни, јазички, религиски, културни и економски врски, но и се развивала на компактна етничка територија. Која е тогаш хипотетската конструкција на која се темели Платформата?

Прво, дека надвор од секое сомневање е дека делот на Балканот северно и источно до Ниш и Пирот, потоа надолу преку Куманово, вклучувајќи го Скопје како престолнина на Косовскиот вилает, па преку Штип, Прилеп и Битола, Воден и Костур до Јанина итн., била албанска етничка територија. Таа исконски им припаѓала на Албанците, од нивните предци - Јужните Илири и Дарданци, па наваму. Доколку во некои периоди, на тие територии имало други држави, на пример, византиската, српската, грчката, тоа биле само политички власти и окупации. Доколку имало преселби на народите (како во времето на Чарноевиќ, кон крајот на 17 век), такви преселби имало и на албанското население (во Италија). За сегашната, трагична поделеност на Албанците и на албанските етнички територии, против која отсекојпат се борело албанското национално движење, виновни биле не само "вековниот отомански окупатор, туку и националистичките кругови на соседните земји, а заедно со нив и незаинтересираноста на Големите сили". Така што денес, меѓу народите на Европа, најголемо територијално распарчување претрпеле токму Албанците (прва реченица на Платформата).

Големите сили, на пример, на Амбасадорската конференција во Лондон, 1912, крајно жално и трагично ја распарчиле Албанија, исто како и во Версај, 1920 година. Следствено на тоа, албанската нација отсекојпат била распарчувана и угнетувана, се до распадот на СФРЈ (1991-1998), кога Албанците се нашле во пет различни држави. Во четири од нив, Албанците биле без никакви, или со сосема незначителни етнички права (Македонија), биле предмет на геноцид, негирање, потиснување. Фактот дека Хитлер ја обединил Голема Албанија е само делумно точен, бидејќи ја дал на управување на Италија. Сосема слична оцена за фашизмот како во бугарската доктрина. Најсилниот аргумент за распарчувањето и геноцидот над

Албанците е, сепак, Милошевиќевиот режим (1987-1998) и толеранцијата на меѓународната заедница.

Отука, документот сосема јасно ја посакува и точно ја антиципира интервенцијата на НАТО на Косово и во Србија што упатува на помисла дури за синхронизираност на обете политики кај надворешниот фактор: про-албанската и против-Милошевиќевската. На таа точка, документот е отворено агресивен. Имено, исто како и во српската и бугарската доктрина, во него се изразува загриженост, "не само за статусот на Косово туку и за иднината на целата албанска нација" и се бара решавање на албанското прашање во целина… Секако, стои во документот - "постепено решавање во согласност со денешните меѓународни околности и со политичките процеси што го водат Балканот кон интегрирање во Европската Заедница". Но, освен опцијата за мирољубиви решенија, посебно во врската со принципите на ООН и ЕУ, на пример за неменување на државните граници по насилен пат, за мирно разрешување на конфликти итн., Платформата се залага и за "воена интервенција" (на Косово- Д.М.), како забрзано решение, заради спречување на хуманитарната катастрофа на Албанците.

А што ако меѓународната заедница не интервенира? Според Платформата, "во овие околности Албанците треба да знаат да ги искористат сите средства, како и сите можности што ги нуди меѓународната заедница во сегашната фаза. Есенцијално е тие да ја покажат потребната решителност за преземање такви акции кои ќе ги поттикнат меѓународните политички фактори да ја надминат досегашната нерешителност за да ги донесат потребните одлуки…". Ова станува стратешка определба, која подоцна е употребена и во кризата во Македонија. Заедно со тоа е поттикнувањето и на воена акција и позиција, во случајот на Косово - ОВК, се до создавањето на Република Косово, како и апелирање на акција на политичкото водство на државата, но и на албанското национално движење во целина. По неколку месеци, остварена е интервенцијата на Косово.

Што планира Платформата во однос на Македонија? Се повторува старата приказна за територијата и за популацијата,

при што Албанци би требало да има најмалку 35% ,а Македонци 55% , сосе оние што се чувствуваат како Бугари; а за жал, и покрај тоа што уживаат некои права, Албанците се дискриминирани, под полициска тортура, нерамноправни се во судството, образованието, со забрането знаме, симболи, јазик во официјални акти и сл. Но, со оглед на растот на населението, "доколку продолжи досегашното темпо, нема да биде далечен денот кога албанското население ќе биде истоветно па дури и ќе го надмине македонското население". Поаѓајќи од таа демографска закана и миноризација на Македонците, Платформата гледа само две можности за "таа порозна држава" која се обидува да се "одржи на нозе со патерици на меѓународните воени сили", стационирани на албанските етнички простори: Или биетничка држава од типот на Австро-Унгарија, или Албанска автономна покраина во Македонија.

А со влегувањето во европската интеграција, граници и без тоа веќе ќе нема… Платформата го третира и статусот на Албанците во Црна Гора, во која наводно заради интензивната асимилација на православните Албанци и дискриминацијата како и емиграцијата, тие станале само 8% од населението, но кои се компактни на својата етничка територија, со главен град Улцињ; потоа, статусот на Албанците во Грција - областа Чамерија со Костур и Воден, и на крајот статусот на албанските заедници во дијаспората; тие посебно се третираат во Италија и во Грција, но и во други земји, каде што го сочувале идентитетот на етно или културно-лингвистички заедници.

Документот на крајот повторно се залага за "праведната аспирација на сите Албанци каква што уште од минатиот век ја определиле нашите преродбеници - обединување на сите албански етнички простори во една единствена национална држава", со тоа што политичкиот статус на тие простори во сегашната фаза, што се предлага во документот е следниот: а) Република Албанија; б) Независна и суверена Република Косово; в) Република Македонија како двонационална држава на Албанците и Македониците и со етнички поделен суверенитет, или со автономна покраина на Албанците во РМ; г) Република Црна Гора со локална автономна територија на Албанците, со главен град Улцињ; д) Преземање мерки од

страна на албанската влада во Грција, односно во Чамерија, да се воведе образование на децата на албански јазик и враќање на имотите на иселените по 1945 година.

Еден месец по објавувањето на оваа платформа, во ноември 1998 година, во Њујорк, на веб-страницата на Албанско-американската граѓанска лига на Ц. Диогарди, Арбен Џафери го објавува текстот Предизвиците на демократијата во мултиетничките држави. Текстот претставува операционализација на Платформата на Академијата, негов уредник е Ширли Клојс, советничка за балкански прашања, со многу поспецифицирани барања од Платформата, посебно во однос на Македонија. Овој документ како акциска насока е објавен еден месец пред влегувањето на партијата на Џафери во владејачка коалиција во Македонија и е извесно дека коалициските партнери знаеле за текстот ако не го разгледувале и коалициски. Според реториката, содржината и предлозите во текстот на Џафери, исто така е извесна "интелектуалната симбиоза" со Платформата. Џафери инаку систематски ги употребува термините БЈРМ, Славо-Македонци, или пак навредливи изрази и констатации (на пример "славо-македонската структура на моќ", "во овој поглед нема суштинска разлика меѓу политиката на Милошевиќ и политиката на Киро Глигоров во Македонија", итн).

Покрај познатите тврдења за Македонија како двонационална држава и за држава што ги лишува Албанците од основните политички, граѓански, етнички, културни и други права, Џафери изнесува и многу извртени факти за нивната вистинска положба, но и за тоа дека Македонија еклатантно ги кршела меѓународните акти и документи. На пример, повеќе резолуции и акти на ООН за правото на самоопределување, за граѓанските и политички права, за економските и за културните права, за меѓународните спогодби за бивша Југославија, посебно Карингтоновиот документ итн. Притоа, нема ниту една референца за тоа кој меѓународен орган го утврдил тоа, а се скрива и фактот дека и при приемот во ООН, во Советот на Европа, во ОБСЕ но и во партнерството со ЕУ, Македонија беше подложена на ригорозен мониторинг, кој не покажа такви

девијации, а најмалку пак "етнички инженеринг" и маргинализација на Албанците во Македонија.

Исто така е скриен и фактот дека македонскиот устав, усвоен во 1991, беше, од фазата на нацртот па до имплементацијата – предмет на стриктна супервизија на Бадентеровата комисија и на ЕУ, на Советот на Европа, на Венецијанската комисија итн. Не помалку се извртени и фактите дека правото на самоопределување (со право на отцепување, според марксистичката дефиниција кон која инклинира и Џафери), не се однесува на малцинства, етнички, лингвистички и други заедници, туку се однесува на народи и на национални држави. Веројатно заради тоа, во текстот и во сета стратегија, тој инсистира на постоење два народа во Македонија. Во истата смисла, на крајот на текстот, Џафери го злоупотребува и познатиот американски политолог Арент Липхарт од Универзитетот на Калифорнија, кој во познатата студија Демократијата во плуралните општества, разгледува повеќе опции за перспективите на демократијата, па и т.н. консоцијален систем што претпоставува консенсуално договарање на заедници во одлучувањето, се разбира, со право на вето. Џафери тоа го сведува на пропорционално претставништво насекаде, но и со суверен и еднаков глас во одлуките. Отворено е против Милошевиќевиот слоган еден човек-еден глас, не од други причини, туку затоа што Албанците би биле прегласувани (како порано претставниците на другите народи во СФРЈ). Има еден број прашања проблематизирани во текстот, што се исправно покренати, како што е локалната самоуправа, застапеноста на заедниците во администрацијата, во судството, во образованието итн. Но, тоа беа прашања што ги покренуваа сите во Македонија, не само Џафери.

Што ако пропозициите од текстот на Џафери (односно од Платформата на ААН) не се исполнат? Како резултат на тоа, пишува Џафери, денес во БЈРМ постои опасна конфронтација меѓу волјите на двата народа, Албанците и Македонците, излезот од која може да биде конструктивен или деструктивен. Идеално, конфронтацијата треба да се разреши со мирни, цивилизирани средства, но тоа не мора да биде мир по секоја

цена. Максимата “поарно лош мир одошто добра војна е кусогледа, бидејќи неизбежно лошиот мир води кон ужасна војна”. Токму според оваа катаклизмична максима на Џафери, се одвиваа настаните во кризата во Македонија, 2001 година.

Таа криза покажа дека Платформата, специфицирана од Џафери, претпоставува една комбинација на насилни и ненасилни, демократски и недемократски средства, со крајна цел и насока кон остварување на радикалните етнополитички и демографскотериторијални амбиции на авторите. Кризата и нејзиното разрешување со Охридскиот рамковен договор како и со уставните промени во 2001-2002 година, покажа дека албанската етничка заедница во Македонија вистина се соочувала со реални проблеми во својата позиција и права, но и дека тие проблеми можеле да се разрешат во рамките на институционалниот поредок, без насилство, големи жртви и материјални штети кои настанаа во кризата и судирите; уставните промени кои беа усвоени, со битен нагласок на мултикултурализмот и неговото политичко изразување беа само надградба и збогатување на мултикултурните традиции и соживот во македонското општество. Конечно, излезот од кризата, со видливо и изразено учество на меѓународната заедница, покажа дека оваа не прифаќа решенија што се наметнати со сила и насилство, потем - некакви принципи на самоопределување на малцинските етникуми во секоја поширока заедница па и државна и дека не прифаќа едностранo менување на граници на државите.

На крајот на текстот, макар што тој се однесува стратешки на сиот постулиран “албански национално-територијален проблем”, се предлага спогодба меѓу Албанците и Македонците за менување на националниот во двонационален систем, со десет точки, од кои шесте се козметичко-комерцијални, но четирите точно ја изразуваат супстанцата на платформата на ААН: а) државотворноста, јазиците и знамињата; б) референдумот (признавање-Д.М.); в) конституирање дводомен парламент; г) слободно движење на албанскиот народ, идеи и стоки, насекаде низ албанските територии;

Овие текстови и пристап и денес се во употреба и имплементација. Никој и никаде не ги оспорил или демантирал или критикувал. Западната јавност и политика, со сиот свој либерализам, вклучувајќи го и технолошкиот веб-либерализам, со исклучок на поединци како Герт Аренс, не ги одбележаа. Речиси никој не ги забележа ниту во оваа држава.

9. Бугарската доктрина

Објавена е 1997 година, во форма на научна студија, во едно тешко време за земјата (колапс на економијата и валутата, нестабилност, подем на организираниот криминал), но и време на насочување кон европските интеграции. Макар што колективот автори е независен исто како и издавачот, и авторските имиња и рецензентите и учесниците во "проектот" како и финансиската донација укажуваат дека доктрината е непосредно поврзана со Бугарската академија на науките, БАН, но и со високи воени, државни и црковни кругови. Таа година е објавен само првиот дел, "Фундамент на бугарската национална доктрина", кој главно се занимава со концепциски прашања како и со историјата, до најново време. Следната година е објавен вториот дел –"Националните програми за остварување на бугарскиот национален идеал и национални интереси". Обата укажуваат на концентратот на една националистичка идеологија, затскриен зад превезот на академизмот, модерната реторика и "историската наука".

Доктрината како мотив го зема, наводно, фактот што сите современи држави (се споменуваат САД, Франција, Германија, Јапонија и др.) вклучително и соседите, имале национални доктрини, а Бугарија немала. (Фактот инаку не е точен, исто како и многу други - цврсти "факти" наведувани низ текстот). Освен тоа, тука се набележуваат и потребата од единство и обединетост на нацијата во тешки моменти, водењето на нејзината политика врз "научна основа," а не врз интуиции, имањето патоказ за развојот на нацијата и државата во 21 век, а тој се состои во дефинирањето на националната доктрина, идеали, интереси итн. Следува, а тоа се потенцира, дека таквата доктрина е супра-општествена, надпартиска, класна, етничка, религиозна, што значи таа има примат над сите други, исто како

што и националниот идеал и интереси имаат примат над сите други, вклучувајќи ги и државните.

Во воведниот дел, целта на доктрината, исто како и во Меморандумот на САНУ, апелативно се насочува кон "државниците и политичарите", за да дејствуваат активно и целесообразно на остварувањето на бугарскиот национален идеал и на бугарските национални интереси, а во истата смисла таа ѝ се нуди на сета нација во насочувањето на нејзината творечка енергија и волја. Во тој воведен дел, документот се обидува да определи некаква научно-теориска основа и оправдување на пристапот, па се поаѓа повторно од наводен "факт" дека денес во светот имало две разбирања на нацијата: едното кое е надминато, во чија основа е "етносот" во тесната смисла на зборот, кое е, т.н. етно-концепција на нацијата, или концепција на етно-нација; а другото е наводно она што превладува од француските просветители до денес и што било, се вели во текстот, основа за државното уредување на најмногу од земјите во светот (Франција, САД, Швајцарија, Шпанија и многу други); тоа е концепцијата на социо-културна (политичка) нација, чија дефиниција им се припишува (без извор) на француските просветители: "општество на граѓани, обединети од идејата за заедничка државност". Доктрината се определува, ,се разбира, за оваа втора концепција.

Меѓутоа, за големо изненадување, следува дефиницијата на бугарската нација во чиста и строга марксистичка формулација (етнос-народност-национална свест - за создавање своја црква и држава) - историчност - и - територија со целосен и компактен политички, економски и духовен простор. Кога пак започнува изложувањето на етно, односно, нацио-генезата на Бугарите, доктрината не се потпира ниту на марксистичката концепција, туку на најархаичните концепти на етно-романтицизмот и етно-детерминизмот.

Па сепак, во основа, овие два доктринарни текста го следат – марксизмот. Воопшто, и ден-денес, бугарските академици, во голема мера страдаат од марксизмот и ленинизмот кога го разгледуваат националното прашање. Овие два текста се во потполн континуитет и аргументација со познатиот памфлет на

Институтот за историја на БАН од 1968 година, за Македонското прашање, кој наводно требаше да ги појасни бугарските ставови за Македонија, а по извесното подобрување на југословенско-бугарските односи и разговорите Тито-Живков и Крсте Црвенковски-Живков. Ниту милиметар поместување, освен критика на Димитров за "неправилното" разбирање на Лениновското сфаќање, "злоупотребено" политички од Сталин - на правото на нациите на самоопределување до отцепување (Македонскијат впрос, 1968).

Сепак, и на бугарските академици им е јасно дека теориски, доктрината е доста плитка и гола. Треба малку да се зајакне. Во 2000-та, софискиот издавач "Парадигма" како поддршка на доктрината ќе ја објави книгата "Етнос, нација, национализам", од историчарот В. Тодоров. Многу е интересно што Тодоров, по релативно солидната анализа на делата на А. Смит и Б. Андерсон, Е. Гелнер и другите од кругот на модернистите и етно-симболистите, во заклучоците е потполно збунет. Прво, во Предговорот, ќе го искритикува некогашниот претседател Жељу Желев, што допуштил во 1993 година, неговата книга за "Фашизмот" да се преведе и да се издаде на македонски јазик и што воопшто дошол во Скопје на промоцијата на книгата. Тодоров вели сепак, тој бил повеќе филозоф, а помалку историчар, па донекаде ги измешал историјата и политиката. Но, веќе во четвртиот дел на книгата, Тодоров се определува да не ги признае Македонците како нација. Ќе ги именува како - неалбански политички сили во Македонија, како христијанско мнозинство и раководство во Македонија и "македонски управници" на република Македонија. Внимавајте, "република" Македонија е напишана со мала буква, за разлика од памфлетот од 2008 година, каде е напишана со голема – разликувајќи ја од Бугарија, без "република". Во обата случаја - се имплицира - вештачка творба и име. (Тодоров, 2000).

Сиот текст на доктрината е организиран за да остави впечаток на длабока научност, систематичност и сериозност, давајќи дефиниции за сите поими и категории, изведувајќи некаква хиерархичност во конструкцијата на: етнос – народност – нација – национализам - национален идеал -национални интереси – практична политика. Многу често тие дефиниции не

се совпаѓаат ниту со теориската ниту со речничката литература, а некои, пак, звучат сколастично, тавтолошки и дури смешно. Конструкцијата на доктрината е доста едноставна: Бугарите како нација и држава се меѓу најстарите во Европа, а секако и на Балканот, меѓутоа по сила на околностите, денес се потиснати само на еден дел на својата територија, а со значителни територии и свое население, надвор од државата. Тие историски околности биле - нападите и посегањата на другите соседи, од Византијците и Турците до Србите, Грците, до Сталин и Коминтерната итн., но, се разбира, имало и некои слабости и грешки на водствата - од царевите Петар и Борис, преку Фердинанд и премиерот Стамболиски до Димитров итн. Многу голема штета на бугарската кауза ѝ нанесле богомилите, големите сили, комунистите и изродените Бугари, како и сите соседи.

Но, денес, наводно, Бугарија е на вистинскиот пат, прогла-сена е, и вистина е, за еднонационална држава, бидејќи така пишува и во уставот, а некои етнички групи, односно граѓани можат индивидуално да се изјаснуваат и поинаку, но важно е дека сите се припадници на бугарската нација. Само што условот за тоа е – да бидат лојални и да се обединат како и сите други национално, како Французите, Американците итн. Се разбира, низ сиот текст провејува трагиката на загубата на Поморавието, на Македонија, Тракија и на Мизија, па и на дел од Добруџа, при што провејува и оптимизам дека, сепак, нешто може да се поправи, особено во Македонија бидејќи Македонците отсекојпат имале најчиста бугарска свест. Критериумот за прогласување на малцинствата за дел на бугарската нација, очигледно не важи за статусот на Бугарите во другите држави. Според доктрината, бугарскиот карактер на Македонија и Македонците е неспорен. Македонската нација е квази-нација, создадена со присилно оттргнување територии и население од бугарската нација, со вешто манипулирање на Србите, на комунистите и на некои автономисти, гладни за слава и моќ. Неспорно е исто така, дека македонскиот јазик е дијалект на бугарскиот, а дека сета македонска историја и култура се дел на бугарската, со тоа што српската и другите пропаганди во некои околности во Македонија се покажале како поуспешни (повторно Стојан Новаковиќ). Тезата за вештачкиот карактер на

македонската нација е истоветна со грчката, индиректно и со српската.

Интересно е што доктрината отворено е благонаклонета кон фашизмот и улогата на цар Борис во Втората светска војна, кон некои милитаристички групи и кругови, а слично на грчката доктрина, прескокнува цели поглавја и факти во историјата, како што се Втората балканска војна, Првата светска војна, Народно-ослободителната војна во Македонија, признавањето на македонската држава и независност од страна на Бугарија 1992 година, или, пак, признавањето на јурисдикцијата на СПЦ над МПЦ. Сиот текст е преплетен во еден емотивен набој на жалење за величественото минато, со обвинување на други држави и народи за бугарските национални трагедии, со некритично величење на бугарскиот "генетски капитал" и светлата иднина, доколку Бугарите се обединат и се освестат околу националниот идеал. Последниот дел од доктрината, во кој има обид да се изведе некаква демографска, економска, социјална и научно-културна политика е, всушност, и најслабиот дел, далеку под нивото на официјалните државни програми за приближување кон Европската унија.

10. Грчката доктрина

За неа се индикативни два документа од кои првиот се поместува овде, речиси, целосно. Имено, "Македонското прашање. Преглед на обидите за создавање вештачка нација", од февруари 1993 година, е документ формулиран во една позната грчка академска и истражувачка институција, поврзана со надворешно-политичките органи на таа земја. Објавен е непосредно пред приемот на Македонија во членството на ООН, и дистрибуиран во седиштето на таа организација но и значително пошироко, со цел да се спречи приемот или, пак, да се олесни и објасни ставот за името - во резолуцијата за приемот на Македонија. Во тоа, делумно се успева, при што може да се каже дека документот ја изврши својата дневно-политичка и прагматска улога. За жал, се покажа дека тој е во една константа и континуитет на непроменети грчки официјални ставови за Македонија, па и за другите грчки соседи што имаат малцинства во Грција. Овие ставови се

изразуваат истоветно повеќе од век и половина и ништо не укажува на каков и да е напредок или еволуција во нивната сушност. Индикативно е, исто така, што кратко време потоа, проф. Евангелос Кофос, главен експерт за "македонското прашање" во Атина, објави многу сличен текст во Њујорк (Kofos, 1993).

Се покажа, имено, дека документот, потпирајќи се на строго селектирани извори и факти или полуфакти, е потполно на линија на старите грчки национални идеали и експанзиски претензии од времето на создавањето на грчката држава, од 1822 до 1850 година. Интересно е дека објавувањето на "Начертанијата" на И. Гарашанин, 1844, временски речиси се совпаѓа со објавувањето на една слична, т.н. "блупринт" книга, имено, "Историјата на грчката нација" на Константинос Папаригопулос, во која се заговара историскиот и културен континуитет и идентитет на грчката нација-држава на просторите од античките хеленски полиси и империјата на Александар, преку Византиската империја до модерна Грција.

Токму во тој композит е и познатиот говор на претседателот на грчката влада, Јоанис Колетис, во јануари 1844, кога на првата сесија на грчкиот парламент, а по усвојувањето на Уставот, ја објавува познатата Мегали-идеја, односно грчката национална и надворешно-политичка програма. Во говорот, Колетис, меѓу другото, ќе рече: "Кралството Грција не е Грција. Тоа претставува само еден дел, најмалиот и најсиромашниот. Грк не е само оној што живее во ова кралство, туку и оној што живее во Јанина, во Солун, во Сер, во Едрене, во Константинопол, во Смирна, во Требизон, на Крит, на Самос и во секоја земја поврзана со грчката историја или со грчката раса… Има два главни центри на хеленизмот: Атина, престолнината на грчкото кралство и "Градот" (Константинопол), сонот и надежта на сите Грци" (цитат од Just, 1989, исто така -Јовановски, 2005, стр. 31/2).

Тој композит, британскиот социолог С. Грозби ќе го нарече "ретроспективен национализам", имено, кога поранешните епохи се читаат во светлината на подоцнежните или модерни концепти и преокупации. Впрочем, ова е карактеристично за

сите документи во оваа збирка. И тоа е композит од кој веќе се еманципираат и самите грчки историчари, барем дел од нив. Така, П. Китромилидес, кого го наведува А. Смит, во својата силна модернистичка критика на грчката националистичка историо-графија и на грчкиот национализам, смета дека од Средниот, па се до раниот 19 век, Грците биле, исто како и со нив ново-установените политички заедници на Србите, Бугарите и на Романците, само дел на сеопфатната Византиска, потоа Отоманска империја и Православна екумена и немале особени национални белези; нив ги поттикнала политичката заедница (Kitromilides, 1998).

Но, документот "Македонското прашање", исто како и оперативната грчка политика, е далеку од таа свест и сознание. Треба да се наведе, дека во пролетта 1992 година, токму кога Македонија ја водеше најжешката битка за своето меѓународно признавање, тогашниот премиер Мицотакис, најверојатно, синхронизирано со Милошевиќ, ги повика на конференција шефовите на држави и влади на потписничките на Букурешкиот договор од 1913 година, со кој заврши Втората балканска војна, и со која Македонија се подели и припои на трите соседи. Идејата беше да се утврди дека по распадот на Југославија, еден дел, т.е. Република Македонија, кој нема веќе суверенитет заради распадот, ниту пак имал историски и национален идентитет на населението, треба повторно да се разгледа од потписничките на договорот и во новата опстановка да се реши што ќе се прави со него. Имено, дали да се подели според истиот принцип, или да се овласти некоја земја да го анектира? Конференцијата не се одржа, т.е. беше откажана на инсистирање на италијанскиот министер Де Микелис и на ЕУ. Но, Грција подготвуваше аргументи за елиминирање на Македонија од меѓународната сцена. Тие се сумирани во овој документ.

Во неговиот краток вовед, мотивите на публикацијата и на грчката политика во поглед на македонското прашање се содржат во четири точки: прво, прифаќањето на нова словенска нација во Македонија значи легитимирање на кражбата од страна на "Скопје" на голем дел од културното наследство на грчиот народ што стана основен инструмент на неговата

територијална и културна експанзија на штета на Грција; второ, наводите на “Скопје” дека досега бил ослободен само дел од целокупна Македонија, претставува индиректно посегање по суверенитетот на Грција; трето, посегање по суверенитетот на Грција е и самото користење на името и топонимите на Македонија; и четврто, користејќи го името Македонија, “Скопје” изразува културни претензии по однос на Грција во обид на географскиот ентитет во целина да му даде национален идентитет.

Има, меѓутоа, и други мотиви: да се спречат заканите за мирот и безбедноста на Балканот до што би дошло со признавањето на Републиката, да се почитува меѓународното право според кое “Скопје” нема остварен суверенитет на својата територија, и, на крајот најважното, што инаку потполно се совпаѓа со ставот во Меморандумот на САНУ, македонската нација била нација измислена од Тито и од Коминтерната, за да се ограничела српската моќ во Федерацијата.

Потоа, екстензивно се наведуваат извори што би требало да наведат на грчкиот историски идентитет на сета територија на Македонија, чии жители се “автентично Грци исто како и нивните браќа на југ”. До 1914 година, наводно не постоел никаков помен на името на Македонија во национална смисла. Илинденското востание во грчкиот град Крушево го дигнале Бугари, не против Турците, туку со нивно соучество да го истребат грчкото население. Создадената од Тито во 1945 година, Народна република Македонија ги вклучила Скопје и Тетово кои никојпат не биле дел од Македонија, имала територија на која освен грчкото население, живееле Срби, Власи, туркофони-муслимани и Бугари, а целта била - под словенска капа, Југославија да добие излез на Егејско Море.

Во вториот дел, парадоксално, грчката премиса во однос на Македонија, тргнува од една вистина: имено, дека во 19 век, кога народите на Балканот конституирале свои држави-нации, нивните национални идеологии се совпаѓале со зоните со мешано население и токму на тие точки доаѓало до национални претензии.

Според тоа, Македонија била една од тие зони во кои преплетувањето на националните идеологии и претензии било особено остро изразено. Сосем исправно се тврди дека на населението од таа зона му се упатиле четири антагонистички идеологии, ревандикации и пропаганди, грчката, бугарската, српската и албанската, во обид да му го наметнат својот идентитет. Инаку, наводно, историски и географски, Македонците биле Грци, а Македонија – совршено хомоген дел на грчката држава.

Тоа, пак, било можно затоа што самото население било етноаморфно, макар и со грчка подлога, заостанато и селско. Особено бил изразен грчко-бугарскиот антагонизам, при што Бугарите имале поголем успех бидејќи го користеле јазичниот афинитет на населението и влијанието на ново-основаната Бугарска егзархија.

За чудо, ова се вистинити ставови, макар што изречени од грчки извор звучат самокритично и "анти-бугарски". Илинден и паролата "Македонија на Македонците", за документот се само маневар на неколкумина раководители произлезени од бугарското национално движење - за автономија на таа зона, но без инсис-тирање да се промени историскиот бугарски идентитет на зоната. Значи, сумарниот заклучок е дека определувањето на етно-карактерот на населението примарно зависело од успехот на пропагандите при што Грците не биле толку успешни. Србите пак, кои биле помалку успешни од Бугарите, дошле до друга тактика (се мисли на С. Новаковиќ), да признаат некаков автономен идентитет на населението со што ќе го привлечат на своја страна, наместо да го одби ваат и да го фрустрираат. Оваа теза е потполно идентична со оценатa на делото на С. Новаковиќ во бугарските документи.

На оваа точка се доаѓа до главната конструкција на негирањето. Наводно, во Втората светска војна, Бугарската армија со ентузијазам и поздравена од населението, влегла во Македонија. Но, југословенските партизани (читај Тито и Коминтерната, не српските партизани), предизвикале репресалии кај бугарските окупациски власти, а ова пак предизвикало масовно незадоволство од Бугарите, и на крајот,

тоа му овозможило на Тито, со ветување дека населението по Војната ќе живее поарно и ќе биде еднакво со другите во Југославија, да го привлече населението и да ја создаде републиката во 1945 година.

Дури подоцна се фабрикувале јазикот, историјата, културата, образованието, во голема мера и со кражби од соседните јазици, култури и истории. Идејата на Тито била "империјална": прво со помош на Димитров и на Бугарија да создаде под своја контрола Балканска федерација, при што веќе биле добиени концесии кон Македонија да се припои и Пиринскиот дел, а потоа со помош на Сталин да создаде и јужно-словенска федерација која ќе анектира и дел од Грција со егејското приморје. За среќа на сите соседи, и посебно на Грција, Сталин не се согласил со таквата политика на Тито, па прво ја одбил идејата за Балканска федерација, а потоа раскрстил со Тито. Интересно е дека текстот не спомнува ниту збор за Грчката граѓанска војна и за периодот по војната.

"Теориската алхемија на Скопје", според авторите, значи нема никаква национално-идентитетна, културна, јазичка или историска основа, со тоа што можеби мал дел од населението во централниот дел на територијата на "Скопје", порано имал извесна славофонска јазична посебност и чувство. Последниот дел повторно, заради ефектите врз читателот, наведува извори за да се докаже неприкосновениот грчки карактер на територијата, но и два, три наводи од познатите настапи на некои политичари и пратеници кај нас по 1990 година, кои емотивно и фрустрирачки излегуваа во јавноста со пароли за обединување.

11. Српската доктрина

Во анализата на документите кои се овде застапени, три укажуваат на тезите на српската национална доктрина. Првиот, хронолошки, е Меморандумот на САНУ. Меморандумот се појави есента 1986 година, во период на тешка криза на тогашното југословенско општество, стопанството и политиката. Публикуван е во различни форми, техники и должини. Заради моменталните и остри реакции на

политичкиот врв на државата, па и во повеќето републики, вклучувајќи ја и Србија, изостана сериозна јавна и научна дебата за текстот и за аргументите и тој беше речиси проскрибиран. Повеќето од авторите беа ставени на "црн список" на властите, се разбира до 1991, кога настапија со полна сила на политичката сцена на тогашната СФРЈ, односно подоцна СРЈ и Србија. Вториот (исто така фрагментарно поместен), е екстензивниот труд (книга од над 1000 страници) на Воислав Шешељ, издаден во Белград во 2002 година, со наслов - Идеологијата на српскиот национализам. Научното и публицистичкото дело на проф. Лазо М. Костиќ. Фрагментите на овој труд укажуваат на супстанцата на екстремната српска национална идеологија и доктрина, а се базираат на објаснување на трудовите на српскиот квислинг и емигрант Лазо Костиќ, кого Шешељ го употребува за експликација на сопствените ставови. Хашкиот обвиненик за воени злостори Шешељ, беше долго време шеф на Српското четничко движење и на Српската радикална странка, претставени и во власта и во Парламентот на Србија, а особено во првиот период на југословенската криза, активно и дури оперативно (со паравоени единици) вклучени во насилствата во Хрватска, во БиХ, па и на Косово. Програмите на Шешељевата партија СРП, веќе не се на располагање, едноставно се повлечени, но неговиот наводен научен труд за Лазо Костиќ е во широка јавна употреба во Србија.

Третиот, фрагментарен труд е оној на д-р Момчило Суботиќ – Српската држава во програмите на српските политички партии до Дејтонската спогодба, објавен во 2006 година, не е националистички или доктринарен текст, туку научен, кој само изведува анализа на содржина на партиските програми.

За Меморандумот се смета дека беше идеолошки вовед во распадот на бившата југословенска федерација, исто така дека непосредно влијаеше на настаните во Србија кои доведоа до доаѓањето на Милошевиќ на власт, но и дека во контури ја зацртува подоцнежната политика и на Српската социјалистичка партија, и на екстремните политички формации во Србија и на Србите во другите републики. Меморандумот по себе не е агресивен текст, но го отвора прашањето на натамошниот

опстој на Југославија и на Србија во неа, и повикува на дебата за Уставот од 1974 година, на таа, како што констатира "мошне лабава државна заедница", која преживуваше тешка стопанска и политичка криза. На крајот на Меморандумот, како претекст на потребата од таква дебата, се наведува дека во други републики "веќе се размислува и за други алтернативи, а не само за југословенската, тоа го покажуваат скорешните изјави на словенечки јавни дејци и поранешните ставови на македонските политичари. Ваквите размислувања и темелно извршената дезинтеграција, наведуваат на помисла дека на Југославија ѝ се заканува опасност од натамошно расточување…"

Наводно, Србија не може спокојно да ја очекува иднината во таква неизвесност и мора да ги определи своите национални интереси, и да излезе од дебата со свои иницијативи како што ги имаат и другите… Србија, вели документот, инсистира на федеративното уредување и се залага за авнојските принципи, но не зависи се од неа, другите можат да имаат и други алтернативи… И токму во тоа лежеше политичката дефиниција на проблемот на распадот: прво, врз база на разбирањата на Меморандумот, Србија, поправо нејзиното водство, ја презедоа улогата на бранител на федерализмот, на социјализмот, на демократијата, на суверенитетот на земјата - како што се определени таму; а второ, тие ултимативно им се наметнаа на другите, така што другите веќе немаа можност за дебата за алтернативи, во познатите настани 1991 година. Сигурно е дека Меморандумот не беше прв и единствен таков текст во распадот на Југославија; тој веднаш предизвика тензии и реагирање со слични текстови, така што набрзо се појавија и други, а започна познатото делење меѓу политичарите, медиумите, науката и јавноста на "федералисти и сепаратисти", на "про-југословенски и анти-југословенски", на "централисти и децентралисти", на "авнојци и реформисти".

Интересно е дека во првиот дел на овој документ, кој опфаќа речиси две третини од текстот и во кој се анализира кризата на југословенското стопанство и општество, се дава доста верна дијагноза на состојбите во политиката, во економијата, во културата, во моралот, во науката. Последното десетлетие (1975-1985) беше време на тешки последици од промашувањата

во стопанскиот систем и во развојната политика, на неуспех на започнатата стопанска реформа и т.н. "договорна економија" воведена со Законот на здружен труд од 1976. Во тоа десетлетие брутопроизводот во Југославија расте годишно по стапка од одвај 0,6-0,8%, невработеноста се качува во однос на претходното десетлетие за 100%, т.е. на 15%, продуктивноста и конкурентноста на фирмите исто така опаѓаат, стандардот на населението рапидно се смалува. А земјата се презадолжува со кредити.

Таканаречениот "пазарен, самоуправен социјализам" не дава ефекти во животот, настапува стагфлација и инфлација, има дефицити на основните производи и енергенси, а се зголемуваат регионалните диспаритети. Во документот детално се опишуваат тие процеси и нивните социјални последици, и за изненадување, таа дијагноза не е начелно поинаква од оние на економистите во другите републики (спореди, на пример, со Mencinger, 1989). Се укажува на постојаната тензија меѓу политиката и економијата и на фактот што политичката елита, без разлика на системот и реформските планови, постојано врши ефективна контрола врз економијата и пазарот, се укажува на дискрепанцата на "договорната економија" и политички посредуваната "слободна размена натрудот" (од 1976) со "Долгорочната програма за стопанска стабилизација" (од 1982), која изискува чиста пазарна економија, монетаризам, дефинирана сопственичка и пазарна улога и слобода на фирмите. На крајот се доаѓа до колизијата со т.н. "Критичка анализа на функционирањето на политичкиот систем" (од 1985), која, пак, е чисто идеолошки документ што се залага за повеќе дисциплина и индивидуална и колективна договорност. Во Меморандумот се тврди дека од тие соодноси и реформски застои, штета имале сите републички економии, а цената ја плаќале сите.

Но, тука започнуваат вон-научните и произволни анализи. Имено, дека во сите тие движења и развој најмногу трпела српската економија, давајќи го само примерот на релативно-помалите инвестиции во српското стопанство, на понискиот "аутпут" по единица вложен капитал, но и депресираните цени на енергијата, суровините и земјоделските производи, како и

“преселувањето” на воената и тешката индустрија надвор од Србија. Во документот ќе се спомене уште и “напливот на капитал” од развиените региони во српското стопанство.

Всушност, во тоа време во сите републики се правени слични анализи дека нивните стопанства заостануваат или барем се “амортизирани” од другите во побрзиот развој, и затоа се обвинувани другите републики или политиката на Федерацијата. Сепак, Хорват, Мацура, Бајт, Менцингер и многу други, докажуваат дека се работи за системски контрасти и претежност на административниот и идеолошкиот сектор над целата економија, за разлики во продуктивноста, во управувањето со инвестициите и организацијата, и за диспаритети што пазарот по себе ги создава, а добиваат карактер на политички тензии и зголемен национализам, а не дека се работи за националистички или свесен однос кон српското стопанство и општество или пак – нација (Katz, 1985, Horvat, 1985).

Но, Меморандумот, на оваа точка, во Вториот дел, нуди една сосем поинаква аргументациска конструкција, и тоа во однос и од аспект на српскиот народ, а не на државата Србија или меѓурепубличките односи. Имено, конструкцијата започнала од времето меѓу двете светски војни, кога силната Коминтерна заради сопствената стратегија го посакувала разбивањето на Кралството Југославија и затоа преку КПЈ создала образец дека српскиот народ во Југославија бил “угнетувачки” народ, а другите народи биле “угнетени народи”. Следувала оценатa дека политичката хегемонија на српската буржоазија била следена и со економска доминација во кралството и дека КПЈ ги прифатила тие оцени на Коминтерната, трудејќи се секојпат да се ослабне таквата наводна позиција на Србија. Речиси доаѓа до една долготрајна спрега на словенечките и хрватските комунисти (Тито и Кардељ), до создавање национални - хрватска и словенечка КП, пред Војната, и до такви уставни решенија и реформи по Војната кои постојано ќе ја претпоставуваат моќта на Југославија со немоќта на Србија. Српскиот народ, наводно постојано бил обвинуван како “угнетувачки”, “централистички”, “пандурски”, му било наметнато “чувство на историска вина”, и отука српските

комунисти биле секојпат во дефанзива и молчаливи за да не бидат обвинети за хегемонија, за унитаризам, за централизам итн. Отука и подредената економска положба на Србија и постојаното депресирање на нејзиното стопанство како и инфериорната политичка положба во Федерацијата. Документот ја критикува владејачката југословенска идеологија не за марксистичкото гледање на нацијата и на меѓунационалните односи, туку за отстапување од него. Меѓутоа, кога се очекува да се понуди марксистичкото гледање, се останува на критиката на политиката на меѓунационалните односи. Тој, не успева да се врзе ниту со марксистичката ниту со некоја друга помодерна концепција на тие односи.

Меморандумот одбележува три главни точки на наводната инфериорна позиција на Србија и на српскиот народ: со системски мерки и свесна стопанска политика неговата економија заостанува и осиромашува; со Уставот од 1974 и со организацијата на федералните органи, Србија не е во еднаква позиција со другите републики бидејќи има две покраини во чии надлежности не може да навлегува, а тие учествуваат во управувањето со Србија и дури се конститутивен дел на Федерацијата, па паралелно со Србија учествуваат рамноправно со неа во политиката на Федерацијата. Освен тоа, со правото на вето и со Соборот на републики и покраини, еднакво претставени, Федерацијата повеќе нема смисла, бидејќи е, не децентрализирана, туку дезинтегрирана. И третото прашање - положбата на српскиот народ во другите републики, бидејќи таму, вклучувајќи го и Косово во рамките на Србија - се третира како малцинство, правата на свој јазик, просвета, и култура му се одземаат и се намалуваат, а на Косово со децении владее вистински геноцид против српскиот народ. Меморандумот изнесува детални случаи од третманот на Србите во Хрватска и на Косово.

Меѓутоа, се даваат и редица други причини на незадоволство: од третманот на пример, на српската историја која некаде официјално се извитоперувала (мислејќи веројатно на третманот на Балканските војни во Македонија и фактите дека Македонија била завојувана и разделена, а потоа еден дел - окупиран од Србија), до третманот на српската литература која

во училишните програми се цепела на - црногорска, босанска, војводинска, или пак, до т.н. "заеднички јадра" во училиштата со кои се скратувало учењето на квалитетните српски автори, а механички се додавале "неквалитетни" од другите литератури. Текстот е полн со примери, но и со емоции, жалопојки и строга селективност кога се изнесуваат тешкотиите. Колку што се обвинуваат другите и туѓите народи, или, поточно речено, политички врхушки за еден вид заговор против Србија, толку се обвинуваат и српските политичари што заради своите интереси и привилегии не се поставувале решително на страната на националните интереси. Се разбира, се дава и директен повик, тие итно да состават национална програма и да се изборат за нејзиното спроведување.

Но, за кои системски решенија, тогаш, се залага Меморандумот? Тој е, наводно, за рамката на демократскиот социјализам, за граѓански и човекови права од западен тип, за модернизам и за цивилизациски вредности, за преуредување на односите во Федерацијата заради запирање на нејзината ерозија и дезинтеграција.

Особено, во однос на евентуалните промени во Уставот, Меморандумот се залага за четири основни точки: а) сувереност на народот, односно неговата слободно изразена волја како единствен извор на политички легитимет (значи не - елити, бирократија, врхушки, партиски, национални и други, туку слободни граѓански избори, мнозинство, малцинство, јавна контрола итн.); б) самоопределување на нацијата, сфатено во многу-националната заедница како принцип на единствена држава и државна политика, споен со принципот на политичка и културна автономија на нациите и националните малцинства, но не и суверенитет на деловите (републиките) кој ги поништува правата на другите (на пример на Србите); в) човекови права, во најширок спектар, пришто не се нагласува, но споено со оценката за еднаквата застапеност на сите делови во Федерацијата, произлегува залагањето за принципот "еден глас-иста вредност", односно мнозинство претставници од таа Република во федералното претставништво; г) рационалност: нема услови за рационална политика кај нас. Државата ја чинат осум одделни и слабо поврзани делови, единствена политика не

постои, а кога би постоела на хартија, не би можела да се реализира во практиката…

Сета реторичка и внатрешна смисла на Меморандумот, без разлика на начелно исправната дијагноза на болките на федералниот и на политичко-економскиот систем и перформанси на самоуправувањето, е во предлозите за преуредување на односите во Федерацијата во смисла на прифаќањето на националните интереси на српскиот народ, на негова посебна положба насекаде каде што е, на негова зголемена моќ во федералното одлучување (преку мнозински избори), поповолна положба на неговото стопанство (преку зголемено учество во заедничката акумулација) а за нациите и малцинствата - културна автономија. Инаку, Федерацијата не би се сочувала. Од тој аспект, овој документ треба да се разгледува и во светлината на неговото преточување во литературата, публицистиката и во чистата политика, во нејзиниот најтрагичен вид: воениот конфликт. С. Антониќ го покажува тоа преточување во случајот на кругот на Академијата што му се приклучи на Милошевиќ, а во својата извонредна социолошка студија "Заробена земја. Србија во времето на владеењето на Слободан Милошевиќ" (Antonić, 2002, гл.2). Славко Милосавлевски ги побива сите начелни аргументи од Меморандумот, посебно во однос на Македонија, во своите "Разговори со Добрица Ќосиќ" (Милосавлевски, 1997).

Сепак, супстанцата на српската национална доктрина е кристално јасно определена во трудот на Шешељ за делото на Лазо Костиќ. Макар што во време на излегувањето на оваа книга (2002), околностите на Балканот и во бивша Југославија беа потполно променети во однос на 1992, супстанцата останува иста. Во ова издание се поместени главно само фрагментите кои се несуваат на Македонија и на Македонците, но во целината на трудот, оценките и линиите на аргументација и политика остануваат исти. Имено, Србите се избран и најзаслужен народ на Балканот за цивилизизацијата, за културата и за триумфите на Европа. Најзаслужни за сите големи победи и пресврти во европската историја - од св. Сава и Цар Душан, до Косовската битка, востанијата, балканските и

светските војни. Биле херои, освојувачи и завојувачи, носители на духовноста и на културата, на прогресот и напредокот на Балканот. И во сиот тој, речиси мезозојски период - биле жртви, лишувани и ускратувани, неразбирани и потиснувани. Книгата во најголем дел се занимава со односите на Србите со Албанците и особено Хрватите, кои наводно им биле први непријатели, џелати, крадци на јазикот, на културата, на религијата. На пример, се наведуваат многубројни документи за геноцидни чинови на Хрватите и усташите од Втората светска војна, од периодот 1992-1995 итн. Екстензивни, но крајно селектирани извори се наведуваат за супремацијата и за супериорноста, за оригиналноста и за автентичноста на српската историја и култура на Балканот и во Европа, но и за инфериорноста на другите.

Селективноста на изворите, нивната пристрасна и едностра интерпретација, априоризмот и дедукционизмот, се основните црти на методологијата на Шешељ.

Па сепак, и Шешељ и Костиќ не се толку исклучиви во негирањето на Македонците како етнос, специфична територија и заедница, особено со оглед на реалностите по Втората светска војна и политичкиот инжинеринг на комунистите, на Тито и на Темпо.

Овие биле успешни бидејќи, сепак, автохтоното население на Македонија имало некои јазични и историски специфики и традиции. Во основа, вели Шешељ, за Македонците не може да се каже дека се Срби во вистинска смисла, но се најмногу сродни, тие се - како браќа близнаци. Другите Македонци, во Пиринскиот и во Егејскиот дел веќе се асимилирани. Македонците објективно опстанале само во делот на Македонија што го ослободила српската војска, макар што Македонија отсекојпат се сметала за интегрален дел на српството. Ова е малку противречно на самиот автор, кој понатаму наведува дека само во Балканските војни на страна на Србија учествувале над 50.000 македонски борци. Костиќ, пак, наведува десетици историски документи за српскиот карактер на Македонија, за постоењето на Стара Србија и Јужна Србија како лулка на српството, за редица големи српски политичари,

уметници, научници што потекнале од Македонија и за тоа дека на повеќе меѓународни мировни конференции, Македонија била доделена на Србија- по етнички принцип.

Се наведуват Цвииќ, но и повеќе стари автори кои тврделе дека населението во Македонија е флотантна и аморфна маса која по потреба се приклонува кон Србите, кон Бугарите или пак – влашкото население – кон Грците. Меѓу двете светски војни, тоа население добило можност да стане српско население, односно Македонците да станат Срби, граѓани од повисок ред, национално да се издигнат во Срби, што е, инаку, и бугарска теориска парадигма за асимилацијата. Но, бидејќи по силата на воените и други околности (комунистичкиот инжинеринг) тоа не се случило, доколку федерална Југославија би опстанала, на Македонија ќе треба да ѝ се признае статус на федерална единица; доколку не би опстанала, Србија треба да ја припои со тоа што би ѝ дала широка автономија. На која основа би ја припоила? Јасно е дека и Костиќ и Шешељ играат на картата на меѓународното правно наследство на Кралството Србија, кое во Букурешт 1913 година го доби овој дел на Македонија, а правен наследник на тоа кралство потоа беше Кралството Југославија, наследник потоа беше ДФЈ, ФНРЈ, СФРЈ, СРЈ и на крајот повторно Србија. Идентична идеја со онаа на Мицотакис и Милошевиќ од 1992 година.

Третиот српски документ, оној за српската држава во програмите на српските политички партии до Дејтон, ги опишува националните и државотворни концепции на главните политички сили во Србија, при што овде ги поместуваме само оние на Српската социјалистичка партија (СПС) на Милошевиќ и на Српската радикална партија (СРП) на Шешељ. Првата е под директно влијание на Меморандумот на САНУ, усвоена 1990 и ревидирана две години подоцна, во веќе распаднатата СФРЈ и во ек на судирите во Хрватска и БиХ. Програмата е за Србија како унитарна држава, со задржување на автономните покраини само како територијални самоуправи, без државни надлежности, и за федерацијата со собрание избрано на принципот еден глас-иста вредност; коректив, но без особена моќ, би бил-соборот на федералните единици избран на паритетна основа. Постои само обврска на Србија да ги

одржува културните и други врски со своите малцинства во другите републики.

Веќе 1992 година, по раздружувањето на Словенија, Хрватска, Македонија и БиХ, програмата на СПС битно се менува. За раздружувањето, програмата, исто како и Милошевиќ на Хашката конференција за Југославија - го употребуваат терминот сецесија, отцепување, вонправно напуштање на Федерацијата итн., и го вклучуваат терминот - самоопределување на народите. Бидејќи, малцинствата во Војводина и на Косово не се народи, туку малцинства на други народи, тие немаат право на самоопределување, а бидејќи српските малцинства во Хрватска, во БиХ и во Македонија имаат статус на народ бидејќи живееле заедно со матичниот народ и биле признаени за народ, имаат право на самоопределување до отцепување. Врз основа на таа програма, во Хрватска и во БиХ веднаш се воспоставени Република Српска Краина и Република Српска, а се вршат подготовки и за други ентитети. Така, Програмата на СПС станува идеолошки вовед во југословенското inferno и на трагичните судири во Хрватска, во БиХ па и подоцна на Косово.

Програмата на СРП е уште поекстремна. Таа предвидува суверенитет на сите српски земји надвор од потесната Србија, единствена Србија, укинување на автономиите во Србија, непризнавање на републиките што се "отцепиле", вклучувајќи ја и Македонија, и евентуално - нивно спојување во - Западна Србија. Евентуално - признавање на некоја автономија на Македонија во рамките на новата држава. Стотици илјади луѓе беа жртви на таквите "геноцидни" програми. Интересно е како програмите се спроведуваа во практика и како исто така стотици илјади луѓе веруваа во нив.

12. Анализа и дијагноза

Во анализата на етно-политичките платформи на нашите соседи, можат да се забележат повеќе својства, во социолошката терминологија т.н. квалитативни индикатори, што ги прават слични, а на места и воочливо исти. Тие својства и индикатори, некој вистина може да ги употреби како

аргумент за негативната претстава и имиџ на Балканот, за кој зборувавме во првиот дел. Најнежно речено, може да ги земе како аргумент за нус-продуктите и девијациите до кои се доаѓа во процесот на транзицијата, на системската па и националната еманципација на државите на Балканот, но и во сета Југоисточна па и Централна Европа. Впрочем, рецидиви и девијации во истата смисла доживуваат и историски и системски значително пофундирани земји на Западот.

Анализата на текстовите, односно документите, се разбира, може да се изведе и со квантитативни методи, толку вообичаени во современата социологија и воопшто наука. На пример, со семантичка или социо-лингвистичка квантитативна анализа. Би се покажале, на пример, степените на оптовареност на текстовите со етницизам, со историцизам, со политичност, со географичност или со гео-политичност, со теоризам или со прагматизам. Би можеле да се прикажат на тој начин, на пример степените на оптимизам или песимизам, на решителност или колебливост, на агресивност или помирливост, на студиозност или површност итн., што провејуваат во документите. За оваа пригода, анализата е повеќе општо-индикативна и сумарна, а укажува на неколку заеднички или посебни атрибути на документите. Тоа посебно, затоа што документите не потекнуваат од ист период, од исти извори, а особено затоа што не потекнуваат од сличен социјален и политички контекст.

Прво што паѓа во очи е поврзаноста на сите документи со академиите на науки, или барем со високи научни институции, но посредно и со високи државни, црковни, воени и др. органи на земјите. Тоа значи дека ниту документите, ниту нивната изработка, финансирање, публикување итн., не биле плод на чисто intervala ethno-lucida, на некои академски кругови во тие земји, туку на еден социјален и ментален контекст што е создаден во тие земји, но и на висока етно-политизација. Зад неа, веќе укажавме, се кријат особено, интересите на етно-елитите; не толку борбата за човекови, граѓански и етнички права, слободи итн. И во Македонија во 2002 имаше обид Академијата на науките да се вовлече во изработка на такви документи и политички пропозиции врз етничка основа (познатиот скандал со предлозите за т.н. “размена на

територии” со Албанија), но се се сведе на една конференција за печат со несериозни аргументи (“ако двајца во брак не се согласуваат, треба да се разведат”). Вистина е дека и низ историјата, често, некои “имортални”, академици, се покажувале и како “мортални” и посебно, како “етно-мортални”. На Балканот, тоа, се чини, се поизразено.

Второ, анализата, води до индикација дека речиси сите доктрини, или барем нивниот основен пристап, се поврзани со марксистичката теорија на нацијата и етносот, на нивното наводно ослободување, самосвест, обединување и слобода. Но, всушност, тие се еден најобичен еклектицизам на елементи на етно-романтистичките, примордијалистичките и на марксистичките интерпретации на нацијата и на етносот, особено завиткани во обландата на граѓанското сфаќање на нацијата-држава или националната држава. Притоа, најмногу се употребува Сталиновиот, а донекаде и Карделевиот модалитет на овие теории, со цврстото нагласување на “слободата” на некоја етно-заедница, што има историски, крвно-родовски, територијален, културен и лингвистички, но и политички идентитет и континуитет. Имено, слободата, наводно, се постигнува само доколку нацијата или етносот на “својата” територија во целина, завладеат демографски и популациски, јазички, културно и политички. Изводот на таа теорија, подразбира дека во оваа историска фаза, нема слобода на заедницата без признавањето на тие елементи. Макар што, во основа, марксистичката теорија не ја смета нацијата за агенс на ослободувањето на човекот и на трудот, туку за неодминлив и дериватен продукт на капитализмот, кој не му пречи на ослободувањето; напротив, станува дел од таа општа еманципација.

Робустното пренагласување на историските корени на секоја нација, на нејзината улога во историјата, на нејзините завојувани и запоседнати простори, на угнетеноста од други нации и соседи, на нејзиното економско и културно единство, токму му одговара на современиот национализам и етно-центризам. Меѓутоа, бидејќи сите доктрини се определуваат за дефиницијата на нацијата во модерната смисла на зборот, односно за поврзување на нацијата со слободата и со создавање

национална државност која се совпаѓа со граѓанската националност, на оваа точка тие ја напуштаат не само марксистичката, туку и другите теории на кои се засновуваат; но од поаѓалиштето на еклектицизмот тие не можат да формулираат нова или поинаква теорија. Така е затоа што овие, а и многу други посовремени теории, подемот на нацијата го врзуваат за класичниот капитализам/социјализам и за државата и за нивната динамика и репродукција. Не за современото граѓанско општество, за демократијата, за човековите права, за пазарно-отворен простор итн. Отука, одбивањето и анимозитетот кон модернистичката, етно-симболистичката, идентитетната теорија, па и кон меѓународно-правната теорија на нацијата, етникумот итн.

Затоа, доктрините, што се инаку мета-теориска определба, говорат за етничка држава (прв степен или фаза) која во еден историски развој, ќе породи прво нација, а подоцна држава-нација. И самите документи даваат исклучително многу аргументи дека нивните нации се, наводно, никулец на создавањето на државите, односно дека нацијата, заокружено, постоела пред државата.

Но, тие исто така се обидуваат да дадат исто толку аргументи, ако не и повеќе, дека всушност нацијата, како примордијална категорија, ја родила државата. А тоа е концепцијата на примордијализмот и на етно-романтицизмот. Тој еклектицизам, но и мешањето на теориските супстанци е присутен во сите наведени документи (на пример, во сите непосредно или посредно се тврди дека "нивната" нација создала нивна држава, и едновремено дека нивната држава ја консолидира нацијата, или барем ја ослободува и треба да ја до-ослободи). Тука настанува проблемот на третирањето на македонската нација. А македонската нација, дури и да е сфатена во етногенетска смисла, вистина долго време немала сопствена држава. Како можела таа нација да настане, а без своја држава? Оттука, сето негирање или премолчување или оспорување на македонската државност. На пример, од Самуил и Владимир, Радомир, Хрис итн., преку Кресненско-разловечкото и Илинденското востание, односно Крушевската република, до АСНОМ, 1944 година. Индикативно е затоа, и премолчувањето на "срамните", или

“деликатни” моменти или периоди, во национално-државната историја на соседите, како што се СХС-владеењето во Кралството Југославија, српската предоминација во политиката, економијата и културата во последните декади на СФРЈ, но и премолчувањето на грчката граѓанска војна, на Втората светска војна во Бугарија и во Албанија, на холокаустот на бугарските територии, на српското владеење во Македонија, меѓу двете светски војни.

И второ, како можела вистина да настане македонската држава и државност, а да немало претходна етничка или национална заснованост на нејзината популациско-територијална рамка? Бидејќи, доктрините се тука затечени во еден јазол на збунетост и противречност, проблемот го решаваат на чисто гордиевски начин: ги прогласуваат македонската нација и држава за вештачки. Односно, повторно му се враќаат на марксизмот, на етно-романтизмот и на примордијализмот, но овој пат во смисла на интерпретација на примордијализмот и на марксистичката теорија како сталинистичка практика - на политички инженеринг во ликвидација или продукција на нации и држави. Во оваа смисла нема никакви начелни разлики во пристапот на сите четири доктрини.

Тие, непосредно или посредно, ја користат пред се марксистичката теорија, дури и кога ја обвинуваат дека влијаела да се создадат вештачки нации или пак дека влијаела – територијално и популациски, да се “оштетат” нивните нации.

Имено, и таму каде што, вистински, доктрините не можат да се поврзат со марксизмот, па дури и со неговиот австро-маркистички модалитет (Бауер), на помош доаѓа Коминтерната, односно Сталиновата полит-операционализација на марксизмот. Според Меморандумот на САНУ, но и според грчката и бугарската доктрина, токму таа операционализација во меѓудржавната и меѓународната политика, ја миноризирала српската нација во Југославија, крајно ја онеправдала бугарската нација, и вештачки ја создала македонската нација. Според албанската доктрина, пак, (дури и нејзиниот наслов потсетува на Кардељ и на разрешувањето на словенечкото национално прашање), ис-ториската, јазичкокултурна и етно-

културна компактност и развој на тие територии, им дава неприкосновено право на суверенитет, при што документите на ООН и меѓународните пакти и акти се само помошен аргумент и дериватив.

Доктрините немаат, речиси, никаква асоцијација со современата интерпретација на нацијата и национализмот, особено ако се говори за позитивна интерпретација на тие категории. Имено, најраспространетата струја во таа смисла, онаа на модернистите и етно-симболистите, на веќе споменатите Смит, Хобсбаум, Гелнер, Андерсон, Брубејкер и др., особено ја нагласува идентитетната, етно-културна и правна квалификација на нациите и на малцинствата, не на нивното историско потекло, на крвните или родовските врски, на територијата или распространетоста, на државноста, на економијата...

Севкупно, тоа значи, дека во доктрините нема некоја концепциска доследност ниту пак цврст ориентир во политичките изводи. Се работи, имено, за еклектичност во концепцијата и во тврдењата. Таму каде што таа не функционира, ќе се употреби некој сегмент на симболизмот или модернизмот; некаде пак на примордијализмот или на марксизмот. Па сепак, во основата на доктрините е онаа на етно-романтицизмот и примордијализмот, со преземената од марксизмот компонента на државен интервенционизам во создавањето на својата и негирањето на туѓите нации (македонската, на пример), како и преземената од модернизмот компонента на (погодно или непогодно) влијание на државата врз нацијата.

И на оваа точка се гради апсурдот и парадоксот на модерните доктрини на македонските соседи: Тие се повикуваат на наводните европски и светски доктрини и демократски практики на изградба на единствени нации (“nation building”) и на национални држави (“nation state building”), но заборавајќи го, игнорирајќи го и отфрлајќи го фактот дека западните и демократски доктрини и практики (освен најконзервативните и десно-националистички) паралелно и развојно ги обезбедувале правата на човекот и на заедниците, па и правото на

самоопределување и неговата заштита на индивидуално и колективно ниво. Во овие доктрини, директно се оправдува и заговара интеграција во нациите и националните држави, со асимилација и негирање на правата на човекот и заедниците. Националните доктрини, на ова ниво добиваат политичко-инженерски, конзервативен, ретроградeн и антицивилизациски карактер.

Во истата смисла, и во таа доктринарна насока, се употребуваат, селектираат и се вреднуваат (всушност - се злоупотребуваат) меѓународните документи, акти, пакти или конференции, со што треба да се потврди чистотата на националните, односно, националистички претензии и барања. Освен српскиот документ (индиректно), сите други четири документи, непосредно се повикуваат на такви конференции и акти, кои би требало да ги поддржат нивните аргументи и барања (територијални, популациски, итн.). Притоа, се величаат оние акти и конференции што им одговараат (егземпларно – Сан Стефано кај Бугарите), а се игнорираат оние што концепциски, не им одговараат (Берлинскиот договор, на пример). Во текстот на Џафери тоа е речиси правило, заедно со извртувањето на смислата на меѓународните документи. Паѓа исто така во очи дека во сите документи се игнорираат цели историски периоди и значајни настани, како што се Граѓанската војна во Грција, или Бугарската окупација на Македонија, или – објаснувањето на геноцидот на македонските Евреи, уште повеќе пак – Големо-албанската творба 1941-1943/4 г., па периодот на Енвер Хоџа во Албанија, кој лично се споменува само како говорник на Парискатa мировна конференција. Ништо помалку не отсуствуваат и европските документи за етничките и човекови права, со кои сите соседи на Македонија имаат сериозни проблеми или меѓународни судски постапки.

Уште неколку заеднички и сумарни изводи од анализата на овие документи

Сите документи ја нагласуваат длабоката загриженост за судбината на својата нација или етнос, но и својата одговорност за таа судбина да не се развива и понатаму неповолно, за чие имплементирање услов е остварувањето на националниот

интерес, цели и перспективи, како примарни во однос на сите други: државни, партиски, меѓународни и европски итн. Судбината и перспективата на нацијата стануваат примордијален интерес на доктрините, споредено со се друго; на пример, доколку се работи за логиката на европската интеграција, или за плурализмот и демократијата, или пак за пазарната економија, НАТО итн., тогаш тие елементи се само помошни и инструментални за еманципацијата и афирмацијата на таа нација. Не пак – обратно, кооперативни, интегративни, хармонизирачки, кохабитациски.

Документите апелираат на државниците, политичарите, интелектуалците, на меѓународните фактори и тела, но и директно на народните маси за - обединување, здружување, за заедничка акција, на акции и конкретни мерки за остварување на националните интереси, митски идеали, амбиции и најчесто – претензии и аспирации. Оттука, сите доктрини се – ревандикациски, реваншистички и иредентистички во својот супстрат, и посредно или непосредно, изнесуваат шеми на обединување, спојување, унифицирање, територијално сплотување па дури и хомогенизирање на нивните нации со асимилација. Тоа, без оглед на реториката на создавање граѓанска нација-држава, или на реториката на европска интеграција (типично кај бугарската и албанската доктрина), или пак на демократски социјализам со пазарна економија и граѓански начела и права на човекот (Меморандумот на САНУ). Во овој дел, доктрините имаат видлива националистичко-акциска компонента.

Сите доктрини, без исклучок (макар што српската е повеќе посредна, со алузии на земјите и регионите каде што има српско малцинско население), пледираат и го имаат во вид “сплотувањето и обединувањето” на нивната нација на историската и географска територија на таа нација. Таа, пак, практично ја опфаќа сета територија на Балканот. Се работи, значи, за “етномеморирана” територија, како своја територија. Се даваат аргументи, мапи и карти, извори и селектирани документи, дека таа територија е токму нивна етничка територија. Српската доктрина не директно (но некои од нејзините автори подоцна во свои трудови, секако), а другите

доктрини директно, претендираат на централната балканска територија, на Македонија; со тоа што излегува комично кога нивните селектирани етногеографски карти се стават една врз друга: прво Македонија не постои, а второ, доколку постои - е провинција на нивните држави-нации. Но, според некои поединечни и наши извори и публикации, и македонската етничка територија и "национално аморфната или заведената"-популација, исто така, би требало да се растегне на "големи парчиња" од територијата на денешните наши соседи. Тоа се се – соништата за балканскиот мега-етникум. Нема суштински разлики во "балканските" територијални претензии и апетити.

Во случај да немало воопшто припадници на соодветната нација на таквата територија (типичен случај е со албанската платформа, која се повикува на состојба од пред 2000 години) или пак, доколку имало малку припадници - тие ќе се прогласат за мнозинство што наводно било, претходно-историски изманипулирано (грчката доктрина), или, пак, дека припадниците на нивната нација биле несвесни и аморфни во чувствата на национална припадност, па требало малку да им се помогне за да се вратат на колосекот на нацијата (бугарската и грчката доктрина). Меморандумот на САНУ, бидејќи е работен во друг контекст и со други цели, не бара повеќе територии или нема непосредни ревандикации. Но, барајќи посебни права за српската националност во другите југословенски републики, всушност бара и доминација на тие територии. Тоа, неколкумина српски академици подоцна ќе го преточат во својата литература, но директно ќе се елаборира и во политичката програма на Милошевиќ, според кој сите Срби треба да живеат во една држава, Белград треба да биде престолнина на сите Срби, сите тие треба да имаат еден водач и сл. Дека сите припадници на нацијата треба да живеат во една држава е отворено начело и на албанската и на бугарската доктрина, само донекаде ублажено од сегашните ОН и ЕУ принципи. Интересно е што на неколку места, во текстовите се смета многу на интеграцијата во ЕУ, со која "границите ќе се отворат" а со тоа и етничките територии ќе се интегрираат во една целина.

Дивинизацијата на својот народ и чувството на негова т.н. виктимизација: речиси како правило, доктрините го возвишуваат својот народ, етнос или нација во однос на другите, односно, на соседите или пак на малцинствата - во епско-историски димензии, во што предничи бугарската доктрина, но не заостануваат ниту другите. Придавските квалификативи како – храброст, издржливост и отпорност, пожртвуваност, интелигенција и творечност, висока вредност на "генетскиот капитал" (бугарската доктрина) единствено се резервирани за својот народ, кој исто така по правило е "жртва на другите", на соседите, на агресорите, на околностите и сл. и оттука, тој страда, потиснат е и угнетен, онеправдан, губитник. Така, суперлативите за неговите историски заслуги и жртви, треба да обезбедат подлога за неговата супремација во својата држава и обединување со деловите вон својата држава, но исто така и за враќање на историските долгови, штети и одземени или скратени права.

Факторите кои тој народ го онеправдале, го оштетиле, кои му ги скратиле правата, развојот, територијата, стандардот величината..., најчесто се туѓи фактори: историските околности, другите народи и околни држави, големите сили, Коминтерната и Сталин или Тито, властодршците, Европската уни- ја, ООН, но исто така и внатрешните фактори: елитите, неспособните раководства, неединствените, разединети, неосвестени национално и етнички - политичари, или пак самите историски околности: војни, рамнотежа на сили, сојузување на други држави, гео-политичка локација, пропаганда и многу други фактори.

На крајот од сите текстови провејува оптимизам, сигурност и верба во исправањето на историските грешки, неправди, неповолни диспозиции, особено ако дојде до национално освестување, сплотување и хомогенизација, со изразена акциска компонента на етно-политичка мобилизација, пред се, на политичарите, на државниците, на интелигенцијата и сл. Бидејќи е јасно, дека меѓународната заедница веќе цврсто поставила некои бариери – против повторни политичко-територијални промени и разграничувања, доктрините најчесто ја гледаат иднината на својата нација или малцинство во

“укинувањето на границите”, со влегувањето во ЕУ или во посебен и автономен статус или права на своите делови во другите држави. Тоа, меѓутоа, не го резервираат и за другите малцинства на својата територија, бидејќи отворено сметаат на нивната асимилација (создавање “граѓанска нација”).

13. Мегаетникумот

Документите што ги поместуваме овде се едно сведоштво за етно- менталната фотографија на Балканот, макар што не ја чинат типичната, објективна и реална фотографија на регионот. Тие, како што веќе се наведе, не се официјални, државно-признаени и политичко-оперативни документи. Па сепак, тие не се ниту официјално и реално отфрлени, демантирани или барем критикувани во земјите од кои потекнуваат. Напротив, влијателни кругови, па дури и во државните органи и јавни академски и други јавни и медиумски институции во земјите - ги уважуваат и оперираат според нивната насока. Можеби се наоѓа понекој соговорник или автор во тие земји кој нема да се согласи со нив или ќе утврди дека документите се застарени, неважни, дека припаѓаат на тесен круг луѓе, дека се невлијателни и сл. Сепак, повеќето од документите, одиграа или се уште играат значајна политичка улога на современата балканска етно-политичка и државно-политичка сцена.

Во најмала рака, тие учествуваат во етно-идентификацијата на некои од балканските народи, па дури и кога немаат непосредни иредентистички и претензиски цели. Денес, како што е констатирано, една од раширените теориски и доктринарни рамки во науката за нацијата и национализмот, онаа на модернистите и на етно-симболистите, и на повеќе пати цитираниот Антони Смит, главно ја определува нацијата па и национализмот на идентитетна основа. Имено, како социјална категорија и акциска насока на популациски групи што внатрешно (интра) се идентификува самостојно; бездруго во однос на другите но не нужно- наспроти другите. Се разбира, имајќи во тоа и за тоа и дефинирани идентитетни, историски, етно-дистинктивни, јазички, и културни па дури и митско-симболни предиспозиции или основи.

Индивидуалната и колективната само-идентификација, за струјата на етно-симболизмот и идентитетната концепција на нацијата, се битен извод за насоките на формите на социјална организација на заедниците, па и на државната организација. Таа, се разбира, не го лоцира тој извод во некоја специфична реал-политичка состојба, односи или пак на рамнотежа на силите во меѓународната или регионалниот ентитет каков што е Балканот. Впрочем, тоа и не било приоритет на науката и теоријата, која и самата по себе има висока вредност. Тоа затоа што оправдува и гради подлога за модерни принципи на меѓународното право за човековите, па и националните и етнички права. Во која смисла ?

Прво, доколку една заедница или популациска група се определува или се чувствува како посебна и дистинктивна од другите, од соседните, од оние со кои комуницира или е здружена во политичка смисла, па нека се чувствува така и на етно-симболистичка основа (митови, митологија, историски создадени симболи и дистинкции), таа има право да се чувствува така и да ги стекне сите права од само-идентификацијата и само-определбата; потем, таа нема никаква обврска или должност да докажува зошто се чувствува или определува така.

Второ, овие доктрини се многу назад од современите и важечки меѓународно-правни акти кои го уредуваат човековото право на идентитет. Тоа пак е дефинирано во повеќе обврзувачки одредби на маѓународно-правните акти и документи. Меѓу другото во првите членови (8, 9, 10, 11) на Европската конвенција за човекови права, во чл. 3 од Рамковната конвенција за заштита на националните малцинства, но и во повеќе членови од Повелбата за основните права на Европската Унија. Правото на сопствен идентитет и самоидентификација е веќе длабоко вкоренето во корпусот на меѓународното право и од тоа - нема назад.

Трето, разбирањето на идентитетната теорија на нацијата сепак донекаде го потценува дејството на т.н. етно-политички инженеринг, особено од страна на државите, а во оформувањето на националната свест, и спротивно - на

отсуството на свест и симболи ако државите на тие етнии не постоеле. И конечно, го запоставува или едноставно не го проблематизира глобалниот фактор на цивилизациски вредности, права и слободи на човекот и граѓанинот, на методите и начините да се остварат идентитетните етнички права и позиции. А тој, глобализациски фактор, денес игра се поголема улога, меѓународно-правна, меѓународно-политичка, меѓународно-морална итн., во засно-вањето на позициите на малцинствата и на етно-групите. Дали е тогаш сеедно или не, во глобализациски и во интеграциски рамки и трендови, колку претензиите кон другите ќе се засноваат на "романтичната историја на својот народ" (Петар Стојанов, бугарски претседател), или на "демографската експлозија на својот народ" (албанската доктрина) или на "сегашната позиција на својот народ" (српската и грчката доктрина)? Па сепак, проблемот не е во самите разбирања на модернистичката, етно-симболистичката или идентитетната теорија на нацијата. Проблемот е во нивниот извод и контакт со теоријата за човековите права во рамките на меѓународното јавно право и потоа на нивниот заеднички извод и контакт со механизмите и актите за заштита и унапредување на правата на самоопределените народи и етникуми, без кршење на правата на другите.

Балканскиот мега-етникум е народ што постои идеалитетно, доктринарно, но и латентно ако не реално. Тоа не е чисто измислен народ, ниту исчезнат, како народот на Атлантида или, пак, народите на Маите и Ацтеките, на Хазарите и на Феничаните. Тоа, исто така, не е народот на Утопија, или Градот на Сонцето, или на Животинската фарма на Орвел. Тој има свој историски и географски идентитет и локација, има своја меморија и културна ознака, но за жал е недовршен и недоразвиен народ. Наместо да се доразвие и доврши во една граѓанска заедница и општество, со сите права на човекот, економијата, комуникациите, отворената култура и менталитет, тој опстојува на митологијата на довршување и дозревање наспроти и против другите и експандирајќи на сметка на другите.

Околностите условиле тој да се развива на европските или континентални периферии, да има нерамен и рапав ритам на продукциски и културен развој, па дури и стагнантен и запрен ритам во економските движења, на брза и недозреана смена на историски, политички и државни формации. Мешањето на историските формации, на средновековието и модернизмот, отсуството на индустријализмот, пазарот, на граѓанското општество, со сета мисловна и културна матрица што ја создава современата граѓанска нација како првенствено идентитетна социјална група, не како социјална група конкурентна или алтернативна, па и спротивставена на другите групи, влијаеле тој народ да се развива забавено и поинаку од другите модерни народи.

Се разбира, низ историјата има многу случаи на таков нерамен развој на народите, па и на цели региони и континенти, оптоварен со материјални, политички и со културни хипотеки. Балканскиот мега-етникум е, сепак, специфичен во тоа што заостатоците, бремињата и своите социјални услови, ги гледа како предизвикани од другите народи, од надворешни фактори, од завојувања, војни, од туѓи режими на власт и наметнати обрасци на живот, не од својата сопствена продукција на условите на живот или животните околности. Таа разлика се рефлектира во свеста како потрага по идентитет што е одземен или запречен, при што акциски, потрагата е свртена кон историјата и замислата на мега-етникумот. Се чини како мега-етникумот, популациски, територијално, демографски, ресурсно и културно, да може да го врати изгубеното во развојот, да ги модернизира социјалните и продукциски структури и да го облагороди и хуманизира опстанокот. Идеолошкиот извод на таа свест е во етно-центризмот, во етно-мегаломанијата и во етно-конфликтуализмот.

Социјалните услови и наведените развојни разлики меѓу балканските народи ја потикнуваат силно националната и националистичка идеологија, таа, пак, од своја страна станува пречка за подем на индустријализмот, на граѓанското општество, на демократијата, на владеењето на правото и на модерните цивилизациски вредности. Додека секој и сите балкански народи не се еманципираат од своите мега-етнички

идеи за сопствената иднина, па и реалност, додека својата реалност и иднина не започнат да ја гледаат, да ја бараат и да ја градат во односот до себе и во самите себе, дотогаш национализмот ќе создава пречки во развојот, ќе води кон конфликти, фрустрации и меѓугрупни контрасти.

Октомври, 2012

Извори и референци

Anderson, B., 1983. Imagined Communities. Reflections on the Origins and Spread of Nationalism. London: New Left Books

Ahrens, G., 2003. Implications of NATO and EU Enlargement for the Balkans. In-SabinaA., Auger, M. (Eds)- The Transatlantic Relationship: Problems and Prospects. Washington,DC: W.Wilson Center and The Stanley Foundation, March,2000

Antonic, S., 2002. Zarobljena zemlja. Srbija za vlade Slobodana Milosevica (The Enslaved Country. Serbia under the Rule of Slobodan Milosevic). Beograd: Otkrovenje.

Allcock, J., 2000. Explaining Yugoslavia. London: Hurst & Co

Barth, F. (ed). 1969. Ethnic Groups and Boundaries. The Social Organization of Culture Difference. London: Allen & Unwin

Berger, P.L. and Luckmann, T., 1967. The Social Construction of Reality: a treatise in the sociology of knowledge. Garden City, N.Y.: Anchor Books

Bilandzic, D., 1985. Historija SFRJ: Glavni procesi, 1918-1985. Zagreb: Skolska
knjiga.

Breully, J., 1994. Nationalism and the State. Chicago: The University of Chicago Press

Bronner, S., E., 1999. Ideas in Action. Political Tradition in the Twentieth Century. New York, Oxford: Rowman & Littlefield

Carmichael, C., 2002. Ethnic Cleansing in the Balkans. Nationalism and the Destruction of Tradition. London/New York: Routledge

Danforth, L. M., 1995. The Macedonian Conflict. Princeton: Princeton University Press

Darmanovic, S., 1995. Real-socijalizam. Anatomija sloma(shvatanja liberalne teorije). Podgorica: Montenegropublic

Dick, C. J., 2003 (April). The Future of Conflict: Looking Out to 2020. Camberly: Conflict Studies Research Center of Defense Academy of UK.

Fine, J. V. A. 1991. The Early Medieval Balkans. Detroit: University of Michigan Press

Friedman, V., 2001/2002. Observing the Observers. In: New Balkan Politics. Vol.1, Skopje- 2001-2002, pp. 123-159.

Gallagher, T., 2001. Outcast Europe. The Balkans 1789-1989. From the Ottomans to Milosevic. London and New York: Routledge

Geertz, C., 1973. The Interpretation of Cultures. London: Fontana

Gellner, E., 1964. Thought and Change. London: Weidenfeld and Nicholson.

Gellner, E., 1983. Nations and Nationalism. Oxford: Blackwell

Giddens, A., 1985. The Nation-State and Violence. Cambridge: Polity Press

Goati, V., 1999. Izbori u SRJ od 1990 do 1998: Izbor naroda ili izborne manipulacije. Beograd: Centar za slobodne izbore i demokratiju.

Гуно, Ж. М., 1997. Крајат на демократијата. София: Христо Ботев

Habermas, J. 2001. Why Europe Needs a Constitution. In- New Left Review, NY: No-11, Sept.Oct.2001, str.5-26

Held, D., and McGrew, A., 2002. Globalization and Anti-Globalization. Cambridge: Polity Press

Hobsbawm, E., 1990. Nations and Nationalism since 1780. Cambridge: Cambridge University Press

Horvat, B., 1985. Jugoslovensko drustvo u krizi. Zagreb: Globus

Hroch, M., 1985. Social Preconditions of National Revival in Europe. Cambridge: Cambridge University Press

Just, R., 1989. The Triumph of the Ethnos. In- Tonkin, E. et all. (Eds): History and Ethnicity. London and New York: Routledge

Јовановски, Д. , 2005. Грчката Балканска политика и Македонија. 1830-1831. Скопје: Бато анд Девине

Kaplan, R., 1993. Balkan Ghosts: A Journey through History. New York: St. Martin Press

Kardelj, E., 1973. Razvoj slovenackog nacionalnog pitanja. Beograd: Kultura

Katz, A. 1985. Growth and Regional Variations in Unemployment in Yugoslavia: 1965-1980. Pittsburgh: University of Pittsburgh Carl Beck Papers.

Keduri, E., 2000. Nacionalizam. Podgorica: CID

Kennan, G., (Intr.) 1993. The Other Balkan Wars. New Introduction and Reflection on the Present Conflict. Washington: Carnegie Endowment.

Kitromilides, P., 1998. On the Intellectual Content of Greek Nationalism: Paparrigopoulos, Byzantium and the Great Idea. In- Ricks, D. and Magdalino, P. (Eds) - Byzantium and the Modern Greek Identity. Aldershot: King's College London and Ashgate Publishing

Kocijancic, J., 1996. Druzbe v prehodu. Predgovor. Vo- Eatwell, J. et all. Iz tranzicije v evropsko povezovanje. Ljubljana: ZPS

Kofos, E. , 1993. Nationalism and Communism in Macedonia: Civil Conflict, Politics of Mutation, National Identity. New Rochelle, NY: Aristide carattzas

Kohn, H., 1967. The Idea of Nationalism, 2nd Ed. New York: Collier-Macmillan

Крамариќ, З., 2010. Идентитет, текст, нација. Скопје: Табернакул

Maleski, D., 2001/2002. Lessons Learned: The Balkans and Macedonia Ten Years Later. In: New Balkan Politics. Vol.1, Skopje2001-2002, pp.30-37.

Македонскијат впрос. Историско-политическа справка. 1968. Софија: Институт за Историја при БАН

Mencinger, J., 1989. The Yugoslav Economy- Systemic Changes, 1945-1985. Pittsburgh: University of Pittsburgh Carl Beck Papers in Russian and East European Studies, 707

Милосавлевски, С., 1997. Разговори со Добрица Ќосиќ. Скопје: Зумпрес

Миноски, М., 2002. Македонија и Бугарија. Историски соочувања.Скопје: 2- ри август.

Mircev, D., 1993. Ethnocentrism and Strife among Political Elites: The End of Yugoslavia. In: Governance. Vol.6. No.3, 1993. Oxford: Blackwell.

Mircev, D., 2008. Some Thoughts on the Dependency of Human Rights, Civil Liberties and Multiculturalism On Socio-Economic Development in the Balkan Region. In Cuadernos Constitucionales de la Catedra Furio Ceriol, Valencia, No 64/65, pp.141-156

Mircev, D., 2003. Balancing the Socio-economic Discrepancies as a Source of Security and Stability. Presentation at the International Conference “Southeastern Europe Moving Forward”, Carleton

University, Ottawa, Jan.23-24, 2003: http://www.carleton.ca/ces/eu_fr.html

Muller, J-V., 2010. Ustavni patriotizam. Beograd: Edicija Rec.

Nairn, T., 1997. Faces of Nationalism: Janus Revisited. London: Verso

Palairet, M., 1997. The Balkan Economies 1800-1914: Evolution without Development. New York/Cambridge: Cambridge University Press.

Петроска, Б., (Ред.). 2000. Социологија. Скопје: Студентски збор.

Петроска-Бешка, В. и др., 1998. Етничките стереотипии меѓу претшколските и основношколските наставници. Куманово: Графосет.

Поповски, В., 2002. Државотворниот и национален карактер на Разловечкото и на Кресненското востание. Прилози од научна трибина. Берово, с.17

Савев, Ј., 1996. Македонски перспективи: Статистичка анализа.. Скопје: Економски институт.

Schevill, F. 1995. A History of the Balkans. New York: Barnes and Noble

Shills, E., 1957. Primordial, Personal, Sacred and Civil Ties. London: British Journal of Sociology, No.7, str. 13-45

Smith, A.D., 1998. Nationalism and Modernism. London/New York: Routledge

Smith, A.D., 2001. Nationalism. Theory, Ideology, History. Cambridge: Polity Press

Szelenyi, I., Treiman, D., Wnuk-Lipinski, E. (Eds.). 1995. Elity w Polsce, w Rosji I na Wengrezeh. Wymiana czu reprodukcja? Warszawa: Instytut studiow politychnych Polskiej Academii Nauk

Ташева,М. и др. 1998. Етничките групи во Македонија: Современи состојби. Скопје: Филозофски факултет.

The Random House Dictionary of the English Language. 1996. Stein, J. (Ed). New York: The Random House

Tishkov, V.A., 2003. Ethnic Conflicts in the Context of Social Science Theories. http://www.uu12ee08.htm

Todorova, M. 1997. Imagining the Balkans. New York/Oxford: Oxford University Press

Todorova, M., 2005. Sta je istorijski region? Premeravanje prostora u Evropi. Beograd: Rec, no73/19,2005

Тодоров, В. 2000. Етнос, нация, национализам. Аспекти на теорията и практиката. София: Парадигма

Zhizhek, S., 1996. Metastaze uzhivanja. Beograd: XX vek

АКАДЕМИЈА НА НАУКИТЕ НА АЛБАНИЈА - П Л А Т Ф О Р М А ЗА РЕШАВАЊЕ НА АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ

Издавачка куќа “Шкенца” (Наука)
Тирана, октомври 1998

Белешка

Во октомври 1998 година, по повеќе интерни расправи, Албанската академија на науките ја усвои и ја објави “Платформата за решавање на албанското национално прашање”, документ кој со својата содржина, пораки и препораки бездруго ги рефлектира политиките на земјата и ги навестува подоцнежните настани во регионот, но објаснува и многу внатрешно-политички ставови на албанската политика. Паѓа во очи блискоста на пристапот и насловот со марксистичката анализа на Едвард Кардељ во неговото предвоено дело - “Развојот на словенечкото национално прашање”, макар што кај Кардељ нема никакви великодржавни изводи или пораки.

Текстот се објавува интегрално, со сосем мали скратувања, обележени во него. Непосредно по објавувањето на оваа Платформа на Албанската академија на науките, на веб-страницата на Албанско-американската граѓанска лига во Њујорк (http://aacl.com, October 1998), Арбен Џафери, во тоа време координатор на албанската “кауза” на овие простори, ја специфицира Платформата на ААН за дејства во соседните земји и дури ги предвидува тие дејства и развој. Текстот следува во оригиналната форма. На истата вебстраница, еден и половина месец по почетокот на оружениот конфликт во Македонија, тој го објавува т.н. “Нон-пејпер на ДПА”, во кој точно се дефинираат оценките, ставовите и политичките чекори на албанскиот фактор во Македонија, како спецификација на Платформата на ААН. (http://aacl.com/Non-Paper.htm. 6/5.01) Текстот не го објавуваме заради просторот, но е на располагање.

В О В Е Д

Меѓу народите на Европа, најголемо територијално распарчување претрпеа Албанците. Денес нивните простори се наоѓаат поделени меѓу пет држави на Балканскиот Полуостров, од кои само половина е во нивната национална држава. Надвор од границите на Албанија, најголемиот дел од албанските етнички простори, страдаат под српска окупација. Меѓу нив е и Покраината Косово, каде што Албанците претставуваат околу 90 % на населението кое е малку повеќе од два милиона жители. Другите албански региони се наоѓаат во државите Македонија, Црна Гора и Грција.

Територијалното распарчување постојано било извор на загриженост на целата албанска нација, внатре и надвор од границите на Албанија. Поради српскиот полициски терор, безредијата на Косово во последно време добија драматични размери. Тврдоглавоста на Белград да не им ги признава на косовските Албанци универзално прокламираните национални права, создаде опасност од проширување на конфликтот надвор од нивните граници – на Балканскиот Полуостров, па дури и подалеку. Невидените злосторства што српскиот полициски апарат ги врши врз косовските Албанци, како и опасноста од проширување на конфликтот надвор од нивните граници, ги стави во движење не само големите канцеларии (кабинети), туку и меѓународните организации. Во дипломатската мрежа и во светските публицистички кругови се дадени разни идеи за решавање на прашањето на Косово. Меѓународниот фактор најверојатно го третира решавањето на “кризата” на Косово само заради спречување на ширењето на оруженият конфликт надвор од границите на Косово. Како последица на оваа ограничена цел, во оптек се ставени сугерирања да му се даде на Косово една неодредена автономија - за некои во рамките на Србија, а за други во рамките на Сојузна Република Југославија.

Но, овие сугерирања не наидоа на прифаќање од страна на албанската јавност и од албанските политички сили внатре и надвор од границите на Албанија. Сепак, и тие своето внимание го насочија само на решавањето на статусот на Косово, а не на решавањето на националното прашање во целина.

Академијата на науките на Албанија, загрижена не само за статусот на Косово, туку и за иднината на целата албанска нација, ја подготви оваа Платформа за решавање на албанското национално прашање во целина. Во Платформата се опишани историските, политичките, дипломатските и правните аргументи на албанската национална драма и се поставени тези за нејзино постепено решавање во согласност со денешните меѓународни околности и со политичките процеси што го водат Балканот кон интегрирање во Европската Заедница.

Платформата, во нејзина првична верзија, беше поставена за дискусија на Собранието на Академијата. Потоа беа изнесени забелешките и сугерирањата на некои албански интелектуалци од Албанија, Косово и од Македонија, кои се занимаваат со проблемите на нашето национално прашање. Откако беа вградени оправданите забелешки и сугерирања, платформата беше донесена од Собранието на Академијата на науките на Албанија во сегашнава верзија.

Поднесувајќи ја платформава, Академијата на науките на Албанија мисли да организира Национално собрание, каде што ќе учествуваат интелектуалци од сите етнички простори, како и кругови на албанската дијаспора, со надеж дека тие ќе ја усвојат. Потоа ќе се обидеме сите заедно да ја остариме.

П Л А Т Ф О Р М А ЗА РЕШАВАЊЕ НА АЛБАНСКОТО НАЦИОНАЛНО ПРАШАЊЕ

Историја на националното прашање

Албанското национално прашање во контекстот на движењето за ослободување на албанските региони од туѓа окупација и за нивно обединување во една единствена национална држава, се роди во исто време со националните движења на народите на Балканскиот Полуостров. Како и секаде во Југоисточна Европа, така и овде тоа се роди во условите на вековната отоманска окупација.

Тоа особено се разви под влијание на идеите што ги шириле Француската револуција од 1789 година за слобода, рамноправност и за братство на народите, кои можат да се реализираат само доколку секоја нација создаде своја независна, демократска и илуминистичка држава.

Но, албанското национално движење уште на првите чекори спроти себе, како спротивставена сила, ги имаше не само вековниот отомански окупатор, туку и националистичките кругови на соседните земји, а заедно со нив и незаинтересираноста на Големите сили.

Веднаш откако ги создадоа нивните национални држави, српските и грчките владејачки кругови беа обземени со шовинистички претензии за анектирање на албанските земји, кои се уште се наоѓаа под турска окупација. Реализацијата на овие аспирации, кои јавно беа прокламирани во 1844 година од белградските властодршци во програмата позната под името “Начертанија,” од атинските властодржци во платформата под името “Мегали идеа” не оставаше место за постоење на една албанска држава.

Во рамките на нивните националистички аспирации, Белград и Атина многу брзо најдоа заеднички јазик во политичката и во воената област во врска со меѓусебната поделба на албанските земји без да се забораваат и аспирациите на Црна Гора спрема овие простори.

Овој заеднички јазик првпат беше искажан на тајните разговори што ги имаа српските и грчките дипломати во Цариград во 1862 година, а се материјализираа во тајно сојузништво што беше постигнато меѓу нив во Велау, Австрија, во 1867 година за меѓусебна поделба на албанските региони со заедничка граница – реката Шкумбин и натаму - патот Егнатиа.

Во средината на 19 век, кога се подготвуваа овие анектирачки планови, Албанците - наследници на древните Илири, без оглед што доживеаја под вековниот притисок на надворешните сили, со перманентно територијално стеснување, продолжија да ги населуваат западните региони на Балканскиот Полуостров, таму каде што беа населени од самиот почеток на историјата. Приближно точни податоци за простирањето на нивните етнички простори во средината на минатиот век дадоа поголем број објективни европски посматрачи, кои одблиску ја запознаа човечката географија на Балканскиот Полуостров. Меѓу нив доволно е да ги споменеме познатиот француски ерудит Ами Буе (1840), британскиот проучувач Е. Спенсер (1847) и познатиот австриски научник Ј. Хахн (1853). Според нив, Албанците биле присутни како автохтоно население на север до Ниш, Лесковац и Врање, на исток до Куманово, Прилеп и Битола, на југ до Коница, Јанина и Превеза. Тие не го негираа фактот дека во рамките на овој простор имало и жители на соседните балкански нации (Грци, Власи, Македонци, Срби, Црногорци, Турци), кои биле малцински острови во отвореното албанско море. Во тоа време, овие региони биле поделени од Отоманската Империја во четири вилаети - Косовски, Скадарски, Битолски и Јанински. Меѓу нив, најголем вилает бил Косовскиот, со главен центар Скопје. Географскиот простор на Косовскиот вилает најмногу бил населен со албанско население, значи не случајно се совпаѓал приближно со илирската античка провинција Дарданија, чиј главен центар бил, исто така, Скопје.

Втор, според географска големина бил Јанинскиот вилает, кој се простирал од заливот Арта на југ до реката Семан на север, значи ја опфаќал и античката провинција на Епир, која неслучајно во антиката и во средината на минатиот век била

населена многу повеќе со албанско население отколку со хеленско.

Грчките властодржци ја потпираа својата националистичка претензија врз три, таканаречени, историски аргументи, фактички безвредни: на хеленските колонии кои изникнале во антиката на албанското крајбрежје, исто како и на повеќе медитерански крајбрежја, на политичкото владеење со сила на Византиската империја во овие региони, како и на зависноста на православните цркви од овие региони од Цариградската патријаршија. Врз основа на овие "причини" врз кои е изградена платформата "Мегали идеа" целиот Епир до реката Шкумбин и цела Македонија до Корча, требало да ѝ припаднат на Грција. Атинските националистички властодршци не го зеле предвид фактот дека во повеќето од овие региони немало воопшто грчко етничко население. Во нивното непостоење тие ги сметале за припадници на грчката националност сите православни Албанци само затоа што од црковен аспект тие зависеле од Цариградската патријаршија. Но, нивните обиди вештачки да го зголемат бројот на грчките жители немале успех.

Православните Албанци без оглед што верските служби ги вршеле на грчки јазик, со мали исклучоци, не ја загубиле свеста на албанската националност. Дури, како што е познато, од нивните редови излегле редица познати личности на албанското национално движење, како што се: Наум Веќиљхарџи, Константин Кристофориди, Тими Митко, Јани Врето, Никола Начо и други.

Ни Србија немала документирана поткрепа да ги озакони своите аспирации спрема албанските простори. Таа се надевала да ги реализира територијалните претензии со помош на својата голема сестра - Царска Русија. Главно место во српските "Начертанија" зазема историското Косово со неговиот главен центар Скопје, и нејзината експанзионистичка аспирација да излезе на јадранскиот брег. Бидејќи српските жители на овој простор претставувале малцинство, белградските националистички кругови подготвиле други аргументи, исто така, без основа.

Имено, дека Албанците не се наследници на Илирите, а уште помалку на Дарданите - древните жители на Косово, туку популација дојдена после Словените од источните региони на Полуостровот и дека Косово е лулката на средновековната српска држава, значи со него се врзани сеќавањата, легендите и спомениците на совеста на нивната нација. Накусо, според нив, во времето на преселбата на Словените, Косово било без жители, па според тоа косовските Албанци не се автохтони жители, туку емигранти населени таму по 1689 година, кога српската популација од тој простор била принудена да се пресели на север по поразот што таа година ја доживеала австриската војска од отоманската војска. Српските историчари не нудат за овие тврдења историски аргументи.

Тие го искористија фактот дека нивните тези ги прифатиле сојузниците на Србија, кои тоа го сториле од политички интереси, а не поради убеденост. Тие, исто така, го искористија и задоцнетиот развој на албанската научна историографија, наспроти двовековниот растеж на словенската. Но сега, со извршените истражувања во последните децении, албанските историчари се во состојба со непобитни историски факти да потврдат дека тезите на српските историчари никогаш немале документирана основа.

Српските историчари ги обвинија муслиманските Албанци на Косово дека биле соработници на отоманската власт во обесправувањето на српското население на нивниот простор. Ова обвинување е сосема неоправдано. Албанците секогаш биле ослободени од религиозните предрасуди и непријателства. Ним им припаѓа заслугата што ги спасиле од разурнувања, речиси четиристотини години, српските православни цркви и манастири на Косово, поинаку од српските средновековни владетели, кои штом го освоиле Косово ги срамниле со земја сите богомоли и раните верски и културни споменици изградени пред нивното освојување. Освен тоа, вековите на отоманската окупација косовските Албанци ги обележале со вооружени востанија против Стамбол. Дури независни историски извори тврдат дека во Косовското востание од 1689 година учеството на Албанците од регионот било масовно.

Од истите извори произлегува дека во ова востание, под водство на албанскиот католички владика Пјет Богдани, учествувале не само христијански Албанци, туку во значителен број и муслимански Албанци од Косово. Уште повеќе, додека по 1689 година ослободителните движења на Србите на Косово опаѓале, Албанците продолжиле со востанија против Цариград. Некои од овие востанија дури биле и многу силни, на пример, востанието од 1844 година, предводено од Дервиш Цара, кое толку длабоко ја потресло Високата Порта, така што таа ја испратила Румелиската армија да го задуши востанието. Потоа во текот на Источната криза во 70тите години на 19 век, кога Југоисточна Европа ја зафатил вителот на Руско-турската војна, главен настан од балкански размери била Призренската албанска лига, под чие водство Албанците го вратиле Косово во главен факел на нивното национално движење.

Во текот на 1878-1881, тие на почетокот војувале против одлуките на Берлинскиот конгрес за одбрана на целовитоста на нивните етнички простори, а потоа и против Високата порта за создавање една албанска автономна држава. Призренската албанска лига го издигна албанското движење до прагот на реализација на независност, но тоа насилно беше задушено од отоманските војски. Тоа ја зацрвени косовската земја со крвта на илјадници нејзини синови.

Теророт што го воспостави Високата порта не го уништи духот на отпорот. Напротив, косовските Албанци ги продолжија востанијата против Цариград, потресувајќи ја сериозно неколку пати Високата порта како, на пример, во 1899, во 1909 и во 1910 година. Во пролетта 1912, Косово прво го развеа знамето на ослободителното востание. Во текот на неколкуте недели тоа ги опфати сите албански региони за да се ослободи конечно од вековната отоманска окупација. Турските војски насекаде или беа разбиени или се предаваа или, пак, се затвораа во касарните. Во летото косовските градови се ослободуваа еден по друг. На 12 август 1912 година албанските востанции го ослободија Скопје, главниот град на Косовскиот вилает. Но, како што е познато, кога општото востание беше на прагот на победата, текот на настаните се промени на негова штета. Загрижени од

брзиот пресврт на ситуацијата, балканските монархии веднаш прогласија заедничка војна на Отоманската Империја која, разнишана од албанските востанија, доживуваше пораз по пораз. Како што се знае, во компликуваната ситуација што беше создадена од балканскиот конфликт, делегатите дојдени од сите албански региони, вклучувајќи ги тука и од Косово, Македонија и од Чамрија, се собраа на Националното собрание во Валона, кое на 28 ноември 1912 година ја прогласи Националната независност на Албанија и вклучувањето на сите етнички простори што тие ги претставуваа во една единствена национална држава.

Распарчување на етничките простори

По одлуката што ја донесе историското собрание во Валона, Албанците се надеваа дека со нивната вековна борба против отоманската окупација и со легитимното право што го имаа врз своите етнички простори, шесте Големи сили кои заедно ја диктираа судбината на народите на континентот, ќе го признаат создавањето на нивната независна држава и дека во рамките на нејзините граници ќе ги опфатат сите нивни етнички простори. Но, Лондонската конференција, формирана од Големите сили за изготвување нова карта на Балканскиот Полуостров по поразот на Отоманската Империја, во 1913 година, по неколкуте колебања го призна само актот за создавање независна албанска држава, додека другата одлука на Собранието во Валона - обединувањето на албанските етнички простори во рамките на независна Албанија, не ја прифати. Во границите на новата држава беше опфатена помалку од половината на албанските етнички простори. Другата половина беше поделена меѓу трите соседни балкански монархии.

Од нив, Србија го зеде целото историско Косово со неговиот главен град Скопје; Грција ги анектира окрузите Флорина и Костур заедно со Чамрија, која Големите сили брзаа да ѝ ја доделат нејзе во времето на Берлинскиот конгрес поради предупредувањата на Призренската албанска лига за оружен конфликт со Атина; на Црна Гора ѝ ги дадоа Плав, Гусиње, Хот, Груда, кои Призренската лига ги бранеше со крв во времето на Источната криза во 70-тите години.

Распарчувањето на албанските простори и анектирањето на повеќе од нивната половина од соседните монархии, беше една неправда врз грбот на една древна нација, која постојано опстојуваше пред предизвиците на историјата. Уште повеќе, анектираните региони наместо да добијат слобода, за која се бореа со векови, минаа од една под друга туѓа окупација. Српските, грчките и црногорските властодржци не им признаа ниту едно право на Албанците во анектираните региони, дури ни правото на образование на нивен мајчин јазик. Напротив, уште во есента 1913 година, веднаш по потпишувањето на одлуката на Амбасадорската конференција во Лондон (29 јули 1912), владите во Белград, Атина и Цетиње, започнаа со раселување на Албанците од нивните етнички простори, принудувајќи ги да емигираат во Турција, значи што подалеку од нивните граници. Со масовните раселувања што ги презеде Грција, во деценииите по анектирањето на албанските региони, особено по библискиот егзодус на Чамите на крајот на Втората светска војна, таа мислеше дека го завршила чистењето на етничките Албанци од своите граници. Но, како што се гледа, етнички Албанци има се уште во овие региони. И Србија, иако го започна етничкото чистење уште во времето на рускотурските војни во 1877-1878, а по 1918 година Југославија, со децении ги продолжи кампањите за раселување на Албанците од Косово, од Македонија и од Црна Гора, но етничкото чистење на анектираните региони не го реализира до крај. Албанците се токму таму каде што биле во текот на минатите илјадници години, со исклучок на периферниот појас.

Од 1913 година се водеа две светски војни. И двете војни ги добија силите што ветија дека на угнетените народи ќе им дадат слобода и дека ќе ги почитуваат нивните национални права. Но, неправдата што ја направија Големите сили на Амбасадорската конференција во 1913 година, не беше допрена. Албанските етнички простори останаа распарчени, со таа разлика што регионите надвор од границите на Албанија од 1913 година во почетокот беа поделени меѓу трите соседни монархии (Србија, Грција и Црна Гора), додека од 1918 до 1991 година, меѓу Југославија и Грција. Албанците беа разочарани како од Версајскиот договор (1920), така и од Лариската конференција

(1946). Но најголемо разочарување тие доживеаја во почетокот на 90-тите години со распадот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Во 1918 година, кога беше создадено Кралството на Србите, Хрватите и на Словенците, кое подоцна беше наречено Кралство на Југославија, голем број политиколози предвидуваа дека со големиот број нации и националности што ги имаше, тоа Кралство не може да има долг живот. Фактички, со развојот на националните движења на угнетените националности, кои зедоа замав уште во 19 век, епохата на многунационалните држави го доживуваше својот крај.

Многунационалната Југославија, со која владееја главно српските националистички кругови, беше формирана во време кога трите многунационални империи: Австро-Унгарија, Царска Русија и Отоманската Империја беа разурнати, без оглед што Руската Империја се поврати (но само за неколку децении) благодарение на ветувањата што Октомвриската Револуција им ги даде на угнетените националности да формираат републики или автономни покраини со национален карактер во рамките на Советскиот Сојуз.

Во текот на Втората светска војна, Кралството на Југославија, нагризено од внатрешните националистички контрадикторности, се урна штом германските војски ги минаа неговите граници.

Хитлер, непомирливиот непријател на Версајската карта, во рамките на насилните промени на границите што ги направи во цела Европа, го распарчи Кралството на Југославија. Хрватска се прогласи за самостојна држава, се разбира како сателит на Германија.

Србија се стесни. Бугарија беше наградена со територии на Македонија, а Унгарија ја зеде Војводина. Во распарчувањето на Југославија искористи и Италија, најблискиот сојузник на Германија.

Уште во текот на војната беше речено дека Германија и Италија на Албанија ѝ ја дадоа покраината Косово. Ова тврдење не е сосема точно. Хитлер, вистинскиот автор на новата карта на Балканот, албанските етнички простори во Југославија не ѝ ги даде на Албанија, туку на Италија, која од своја страна ѝ ги даде на Тирана само од административен аспект. Освен тоа, од шесте префектури со албанско население што ги опфаќаше историското Косово, само четири од нив административно се обединија со Албанија: префектурите на Приштина, Пеќ, во Призрен и во Тетово.

Префектурата на Митровица (со подпрефектурите Митровица, Вучитрн, Гњилане и Подуево), Хитлер ѝ ја остави на Србија која остана под германска окупација со цел богатите рудници на Трепча да ги користи Берлин, а не Рим. Од друга страна, албанските региони на Скопје, Качаник, Прешево, Куманово и Преспа ѝ беа дадени на Бугарија. На владата во Тирана на администрирање ѝ беа дадени и регионите на Дебар, Кичево и Струга. Во секторот на Црна Гора: Улцињ, Туз (Хот и Груда) заедно со Гусиње и Плав на администрирање ѝ беа дадени на владата во Тирана. Од албанските етнички простори на бивша Југославија, со администрацијата во Тирана беа обединети речиси половината од нив - 11.780 квадратни километри. Но, албанските етнички простори на бивша Југославија останаа, иако во други размери, повторно распарчени, овојпат меѓу Италија, Германија и Бугарија.

Не може да се негира фактот дека албанските региони што административно се обединија со Тирана, иако беа под италијанска окупација, имаа некаква полза во областа на националните права. Пред се, тие се ослободија од српската геноцидна окупација и од тоталното негирање на националните права што го правеше владата во Белград. Создавањето на албанската државна администрација, непречената употреба на албанската книжевност, исчезнувањето на политичките граници со Албанија од 1913 година, сите тие придобивки беа за напатеното население под српската и црногорската окупација. Но оценката на колаборационистите во Тирана, кои ги споредуваа овие придобивки со ослободувањето на Косово, бездруго беше погрешна. Преминувањето од една под друга

окупација, без оглед што едната беше полесна од другата, никогаш не може да се споредува со ослободувањето на нацијата. Потоа, во случај војната да ја добиеше оската Берлин Рим, Албанија заедно со делот на Косово што се обедини со неа ќе останеше под фашистичка Италија и албанските етнички простори ќе останеа повторно распарчени. Освен тоа, не треба да се заборави дека противниците на фашистичкиот блок, во почетокот Англија и Франција, подоцна Советскиот Сојуз, а потоа Соединетите Американски Држави, кои на крајот на 1941 година формираа голема англо-советско-американска антифашистичка коалиција, Атлантската повелба (август 1942), изјавија дека аспирациите на народите за слобода и демократија ќе бидат земени предвид на крајот од војната, се подразбира според придонесот што ќе го дадат во конфликтот со нацифашистичките агресори. Во овие околности, работата бараше Албанците бескомпромисно да се ангажираат против италијанскиот окупатор, со убедување дека оваа војна ќе послужи како капитал за да се крене гласот на нејзиниот крај кога ќе дојде моментот за одредување на границите.

Фактички, во текот на Втората светска војна, Албанците од Албанија и од Косово дадоа многу значаен придонес во поразот на фашистичкиот италијанско-германски блок. На крајот од војната, антифашистичките сили во Албанија изнесуваа околу 70 илјади, а во Косово околу 50 илјади партизани. Врз основа на значајниот придонес (во споредба со бројот на населението) што го дадоа на победата во војната против фашистичките агресори, Албанците од оваа и од онаа страна на границата очекуваа големите сојузници по нејзиното завршување да го почитуваат принципот на самоопределување и да го одржат ангажирањето за почитувањето на националните права на народите.

Негирање на правото на самоопределување

Но, работите се одвиваа поинаку во однос на надежите на Албанците. На крајот од Втората светска војна дипломатскиот кадар на албанското национална прашање беше понеповолен отколку во времето на прогласувањето на независноста. Тогаш Србија и Грција говореа од позиција на победници против

Турција, додека Големите сили ја играа улогата на арбитар. А, во 1946, на Мировната конференција во Париз, Југославија и Грција имаа посилни позиции отколку во 1913 година. Сега, тие беа учесници на антифашистичката коалиција која ја доби војната и одлуките ги донесуваа самите победници без арбитража. Во овие околности априори беше исклучена можноста Албанија да ги реализира своите легитимни територијални аспирации на штета на Југославија и Грција, бидејќи историјата не познава ниту еден случај победникот да ги напушти територииte, и тогаш кога со нив господари бесправно, во полза на друга држава, на која тие територии со право ѝ припаѓаат. Освен тоа, иако Албанија беше призната како учесник на победничката коалиција, Атина на Мировната конференција ја обвини Тирана дека е агресор, исто како и Италија, за војната што квислиншката влада на Шефќет Врлаци на Грција ѝ ја објави во октомври 1940 година. Следствено, таа не само што не прифати да се дискутира за националните права на Албанците што ги населуваа нивните етнички простори туку бараше територијална и финансиска отштета, главно Јужна Албанија, таканаречена од нив Ворио-Епир. Уште повеќе, една година пред одржувањето на Мировната конференција, владата во Атина, со цел дефинитивно да го реши прашањето на албанските етнички простори што се наоѓаа во рамките на нејзините граници, со една блиц-операција во траење од 48 часа, ги расели муслиманските жители кои ја населуваа провинцијата Чамрија без никаква разлика (мажи, жени, деца, старци) под обвинение, неосновано, дека соработувале со германскиот окупатор. За да се спасат од масакрот на екстремниот националистички генерал Н. Зерва, несреќните Чами беа приморани да емигрираат во Албанија, оставајќи ги зад себе своите домови. Претседателот на албанската делегација на Мировната конференција, Енвер Хоџа, ги отфрли грчките претензии со аргументот дека Албанија во големата антифашистичка војна имаше 28.000 загинати борци, без да се сметаат големите материјални штети и дека таа на својата територија задржа неколку италијански и германски дивизии кои, доколку не се бореа Албанците, ќе беа ангажирани на Западниот или на Источниот фронт. Следствено, Албанија во Париз не беше дојдена да дава, туку да бара сметка од заедничките непријатели. Антифашистичка Албанија немаше

ништо заедно со колаборационистите кои ѝ беа објавиле војна на Грција, бидејќи таа срамно ги обележа, исто онака срамно како што беа обележани колаборационистите во сите земји на Европа. Во истовреме, претседателот на албанската делегација ја отфрли и мотивацијата на Атина за раселување на Албанците од Чамрија. Соработката на некои личности со германскиот окупатор, рече тој, не е причина за раселување на цело население, вклучувајќи ги и домаќинките и малите деца. Освен тоа, соработниците со окупаторите требаше да излезат пред суд, исто онака како што минаа и соработниците од грчка националност, бидејќи и Албанците од Чамрија беа, исто така грчки државјани.

Независно од тоа што грчката влада повеќе од триесет години продолжи да смета дека е во воена состојба со Албанија, за Мировната конференција и за нејзините учесници означувањето на Албанија како земја агресор беше отфрлено уште во 1946 година. Исто така, пресметките на Атина дека со раселувањето на Чамите ќе го затвори прашањето на националните права на Албанците, не се оствари. Прашањето на Чамите уште е отворено и чека разрешница.

Прашањето на албанските етнички простори во Југославија имаше други параметри. Поинаку од Грција, која се прогласи себеси за држава на православната грчка нација, Југославија се формира во 1918 година како многунационална држава. Фактички, во нејзините рамки учествуваа многу нации кои не го зборуваа истиот јазик, кои немаа иста култура и кои не практикуваа иста религија. За да не ги повтори грешките што ги направи пред војната династијата Караѓорѓевиќ, која ги подели нациите под нејзино владеење од аспект на политичките права во три категории: Срби (прва категорија), останати словенски нации (втора категорија) и несловенски нации, каде што беа и Албанците (трета категорија), маршал Тито со соработниците го развеа знамето на самоопределување на нациите и на нивна рамноправност во областа на политичките права. Врз основа на овој принцип, што го усвои АВНОЈ во 1943 година, нациите во Југославија се здобија со правото на крајот од војната да формираат посебни републики како делови со рамноправни права во Социјалистичката федерација на Југославија. Врз

основа на принципите на Атлантската повелба, на одлуките на АВНОЈ и придонесот што го даваа со своите партизански единици во ослободувањето на Југославија од хитлеровскиот окупатор, албанските делегати - националисти и комунисти од Косово, заедно со српските и црногорските комунисти од нивниот регион, на 1-ви јануари 1944 година на Конференцијата во Бујан решија по завршувањето на војната во Косово да се примени принципот на самоопределување.

Но, многу брзо се виде дека титоистичките ветувања за рамноправни права на нациите беа демагогија. Во Јајце беше решено народите на Југославија да се поделат на нации и националности, од кои само нациите ќе имаат право да формираат републики, додека националностите можат, во посебни случаи, да формираат само автономни покраини во рамките на една република. Албанците, со илјадници години жители на историското Косово, со непрекинато територијално единство, со многувековни градови, со една заедничка древна култура, со население, според бројноста, на трето место, по Србите и Хрватите, со богата историја на борби за независност, ги исполнуваа сите услови да имаат своја република. Но, од младите југословенски раководители, за нации беа сметани само шестте словенски заедници (Србите, Хрватите, Словенците, Бошњаците, Македонците и Црногорците), додека Албанците се сметаа за националност, што значи дека беа исклучени и од правото на самоопределување и од правото да имаат своја република.

Но, веднаш по завршувањето на војната и откако во Албанија се вратија двете албански партизански дивизии кои против германските сили се бореа на југословенската територија, федеративните раководители на Белград и, поттикнати од нив, српските раководители на Косово, во јули 1945 година ја отфрлија Бујанската резолуција.

Исклучувањето на Албанците од правото да имаат своја република беше самоволен чин. Нивната дискриминација паѓаше во очи особено доколку се има предвид дека Црногорците, кои според население беа шест пати помалку, и Македонците два пати помалку од Албанците, ќе формираат

свои републики, а Албанците не. Следствено, нерамноправноста што постоеше во предвоена Југославија, ги промени само формата, големината и компонентите, но за Албанците остана во сила.

Ставањето на Албанците во категоријата националности, значи нивна дискриминација во областа на националните права.

Довчерашните раководители на титоистичка Југославија и денешните националистички српски раководители, тоа го аргументираат со старата теза: дека косовските Албанци не се автохтони, туку дојденци, но и со една нова, дека тие не можат да формираат своја република во југословенската федерација, бидејќи веќе постои една албанска држава надвор од неа. Следствено, не можат да постојат две албански држави во исто време. Но и двете тези на српските раководители немаат ниту историска основа ниту правна поткрепа.

Првото прашање, дали Албанците во историското Косово се автохтони или дојденци во историографијата е разгледувано многупати. Во ова третирање, кое има карактер на платформа, не е можно да се набројат документираните извори кои ја уриваат српската теза. Доволно е накусо да се каже дека голем број албански историчари, археолози, лингвисти, етнографи, но и странски, докажале дека жителите на античка Дарданија, значи на историско Косово, припаѓаат на илирскиот етникум и дека тие му одолеале на процесот на романизација исто како и другите популации на истиот етникум кои живееа во јужните илирски провинции. Освен тоа, сега е веќе потврдено дека Албанците се наследници на Јужните Илири, меѓу кои и на Дарданите, кои во античко време се простирале внатре и надвор од просторот на денешно Косово, на југ до Штип (Астибос), на север до Ниш (Наисос). Исто така, нема никаков историски доказ дека Словените ја колонизирале античка Дарданија во 6-иот или во 7-иот век. Словенската топонимија, која српските историчари ја даваат како аргумент за потврда на српското колонизирање на Косово на почетокот на раниот среден век, нема никакво значење, бидејќи во документираните извори тие се појавуваат на овие простори на почетокот на 11-иот век. А уште повеќе, во текот на раните средновековни историски

извори се говори за христијански жители на Косово, а Словените, како што е познато, до 10-иот век биле пагани. Исто така, не е точно тврдењето дека Косово е лулка на српската држава, бидејќи се знае дека нејзиниот почеток бил во Рашкиот регион, во Санџак. А освојувањето на Косово од српската држава почнало на крајот на 12-иот век. Натаму, српското средновековно кралство немало постојан главен град. Призрен бил еден од амбулантните главни градови на оваа држава, која имала аспирации за проширување со постојани освојувања кон југ, вклучувајќи и грчки земји, ср цел да се замени византиската империја и дефинитивно да се воспостави главен град во Константинопол. Никој не може да тврди дека српското владеење на Косово продолжило повеќе од три века. Освен тоа, сега се собрани толем број податоци кои потврдуваат дека во текот на овие векови Албанците биле присутни на историските простори на Косово и дека притисокот вршен од српската држава и црква во поголем број случаи е реализиран во словенизирање на топонимите и на имињата на жителите. Дури има и голем број случаи, доколку на имињата им се отстрани словенскиот додаток, од кои се гледа дека станува збор за албански жители, (на пример: Лек-иќ, Пал-иќ, Петр-иќ, Гон-овски, Гин-овски итн). Не стои и тезата на Белград дека во косовската историска битка против Турците во 1389 година, учествувале само Срби. Постојат голем број независни податоци кои потврдуваат дека во редовите на антиотоманската коалиција се бореле голем број Албанци, вклучувајќи ги и Албанците од Косово.

Исто така, тезата што се среќава во југословенската историографија дека Косово се населило од Албанци дојдени од северните региони на Албанија по српскиот егзодус во 1689 година, немадокументирана поткрепа. Пред се, историските извори не потврдуваат дека во 1689 се случил егзодус со такви големи размери како што прикажува српската историографија. Во исто време документираните извори, без сомнение познати и на српските историографи, не говорат за големи преселби од планинските региони на север на косовската почва, уште повеќе што населението од овие региони на прагот на настаните во 1689 година, било, како што се потврдува од тогашните извори, многу мало во однос на албанското косовско население кое го

населувало просторот од Тетово до Ниш. Постојат десетици историски извори кои, исто така, им се познати на српските историчари, но намерно оставени во заборав, кои потврдуваат дека во текот на 16-иот и 17-иот век, значи пред таканаречениот "масовен" егзодус на Србите во 1689 година, мнозинството на населението на Косово го сочинуваат Албанците. Исто така, не недостасуваат и независни историски извори кои тврдат, како што е речено, дека во косовското востание од 1689 година учеството на Албанците било поголемо од она на Србите. На крајот треба да се додаде дека српскиот егзодус на Косово не бил еден издвоен феномен. Тој ги опфатил и Албанците на Косово, кои заминале или во регионите на денешна Албанија (на пример: преселбата на Албанците од околината на Призрен во зоната на Мирдита), или емигрирале, како и Србите, кон север (на пример: преселбата во 1737 година на голем број Албанци од Косово и нивно населување на окупираната територија од Австрија, во селата на денешна Славонија - Никинци, Хртковац, Јарак, Опаланка).

Следствено, претензиите на српската влада за нивните историски права спрема Косово немаат никаква основа. Историските права целосно се на страната на Албанците, бидејќи тие постојано биле присутни на Косово пред и по населувањето на Србите на Балканскиот Полуостров. Тривековната српска окупација не може да го наруши историското право на Албанците како етнички жители на косовската земја, исто онака како што тоа не го нарушија петте века од турското владеење на овие простори. Српското малцинство на Косово е остаток на едно политичко владеење, исто онака како што е турското малцинство на оваа почва. Историските споменици, со кои Србите се обидуваат да ги аргументираат своите историски права, им припаѓаат на 13-иот и на 14-иот век, значи на два средни века. Напротив, спомениците на Албанците им припаѓаат на вековите во континуитет, без оглед на тоа што нивните древни знаменитости се претворени во урнатини од српските владетели (со обидите што ги презедоа во денешно време - уривањето на католичките храмови на Хрватите, докажаа дека се уште не се откажале од патолошката омраза спрема нивните вековни соседи). Епитетот што го употребува Белград дека Косово е

српски Ерусалим, е една шпекулативна реторика со емотивни цели. Митовите не можат да бидат аргумент за анектирање на територија населена од друга нација. Вистинскиот Ерусалим е свето место за сите христијани, но тоа не им дава право на ниедна католичка, протестантска, или православна држава да побара негово анектирање, а уште помалку раселување на неговите жители – Израелците и Палестинците. Со своето неколкувековно минато и со мнозинското население, Косово било и продолжува да биде белег на албанската нација.

И втората теза на Белград не стои. Во ниту еден од безбројните акти на светската политичка, дипломатска и правна историја не е формулирана некоја сентенца прифатена од меѓународното право, каде што се вели дека една нација треба да има една држава.

Без да се навлегува во средновековната историја, да се потсетиме на модерната историја на Германија и на Италија, кои имале, до третата четвртина на минатиот век неколку независни држави.

Инаку, историјата има вакви случаи и во денешниве денови. Арапската нација, на пример, е распарчена меѓу десетици држави и никој не протестира поради ова кршење на титоистичката теза.

Дури може да се потсетиме и на нашите јужни соседи - Грците, кои иако сочинуваат една нација имаат две држави - Грција и Кипар, и двете независни републики и меѓународно признати. Следствено, титоистичката теза е целосно без ниту една правна основа.

Таа е искована од фанатичните националисти на Белград за да се оправда исклучувањето на Албанците од правото да имаат своја република, и уште повеќе, да ги лишат тие од легитимните политички права признати од сите меѓународни тела.

Натамошното распарчување на етничките простори

Едно друго брутално кршење, со длабоки историски последици по националните права на Албанците во Југославија, беше извршено од страна на Белград на крајот на Втората светска војна.

Станува збор за распарчувањето на просторот на историското Косово. Како што е речено, Лондонската Конференција на амбасадорите (1913) историското Косово со неговиот главен град Скопје му го даде на Кралството Србија со мотивација (неправедна!) дека тоа било српска земја. Независно од оваа неправда врз грбот на албанската нација, Албанците од целото историско Косово, кое според бројот на населението беше речиси рамно со Албанија, заедно се најдоа под окупација на српската власт. Живеејќи заедно под окупација на една земја, Албанците на историското Косово имаа можност да ги зачуваат вековните економски, општествени, политички и културни врски и заедно да ја издржат борбата за нивните национални права. Но, заедно со прогласувањето на шестте словенски републики на федерацијата беа одредени и нивните политички граници. Границите беа одредени на арбитрарен начин од горе, без никаков народен референдум, без никакво плебисцитарно гласање. Ниту албанското население, ниту неговите раководители не беа прашани. Со цел да го разбијат територијалното единство на Албанците и да ја ослабнат силата на нивниот политички отпор, титоистичките раководители ги поделија просторите на историското Косово на три дела - меѓу републиките Србија, Македонија и Црна Гора. Република Србија ја приграби денешната покраина Косово (потесно Косово) заедно со округзите Бујановац, Прешево и Медвеѓа, Република Македонија го анектира јужниот дел на историско Косово (округзите на Скопје, Тетово, Гостивар, Кичево, Куманово), заедно со округзите Дебар и Струга, а Црна Гора северно-западниот дел на Косово (Плав, Гусиње, Рожај) кои фактички ги анектира уште во 1913 година.

Во историски поглед ова е третото распарчување на албанските простори - по првото по Берлинскиот конгрес (1878) и по второто што го направи Амбасадорската конференција (1913). Но, третата операција го погоди најмногу територијалното единство на Албанците. Албанските простори, кои пред

Втората светска војна беа поделени меѓу три држави (Албанија, Југославија, Грција), сега тие распарчени меѓу пет (Албанија, Србија, Македонија, Црна Гора, Грција). А последното распарчување (комунистичкото), е во спротивност, морална и политичка, со меѓународното право - морална, затоа што не е праведно со распарчување постојано да се казнува една невина нација, политичка, затоа што не е праведно во модерно време да се преземаат одлуки врз грбот на еден народ без неговиот плебисцитарен глас. Времето на средновековните суверени кои даваа провинции или градови како награда или мито, му припаѓа на далечното минато. Во овој случај, раководителите на Социјалистичка Федеративна Југославија извршија политичко злосторство врз грбот на албанската нација и политичко насилство врз грбот на српската држава, бидејќи историското Косово ѝ беше подарено на Србија од страна на Лондонската конференција во 1913 година. Анектирањето од Македонија на неговиот јужен дел, населен и ден-денес со мнозинство од етничките Албанци, е еден нелегитимен акт. Уште повеќе, српските политички кругови, признавајќи го ова распарчување, признаа дека јужниот дел на историското Косово со неговиот главен град Скопје, не е српска земја, како што беше нагласено во одлуката од 1913 година. Фактички, таа не е ниту српска, ниту, пак, македонска земја. Со етничкото население што го има јужниот дел на историското Косово или северниот дел на Република Македонија, таа земја е албанска.

По Втората светска војна, окупацијата на агресивниот национализам на Словените комбинирана со тежината на комунистичката диктатура врз Албанците во Југославија, постојано се зголемуваше. Нивните национални права се негираа. Образованието на мајчин јазик беше забрането дури и за време на периодот кога односите меѓу социјалистичка Албанија и социјалистичка Југославија беа повеќе од пријателски.

По прекинувањето на односите во 1948 година меѓу Тирана и Белград, титоистичките раководители, со цел да го уништат албанскиот отпор, демагогијата ја комбинираа со терор.

Како мерка за уништување на албанскиот отпор, белградските властодршци на анектираниот дел од Република Србија ја создадоа - Автономната Покраина Косово, со површина од 10.877 квадратни километри и со главен град Приштина. Врз основа на нејзиниот прв Устав (1953), Покраината Косово се здоби со едноставна автономија. Освен тоа, надвор од Покраината беа оставени трите окрузи кои се простираат на североисток на Косово - Бујановац, Прешево и Медвеѓа, кои етнички, историски и географски беа вештачки одвоени од него. Со нивното одвојување од Покраината Косово, Белград изврши натамошно распарчување на албанските простори во целина и на самото Косово посебно.

Од друга страна, белградските кругови го интензивираа полицискиот режим, кој освен тортурите, апсењата, интернирањата со лажни сведочења, често пати и без суд, повторно принудија голем број муслимански Албанци да се преселат во Турција. Само во текот на 50-тите и 60-тите години, како последица на српската геноцидна политика, беа убиени над 50 илјади, а надвор од Југославија беа раселени приближно 300 илјади лица.

Сепак, националната свест на Албанците не беше задушена и духот на нивниот отпор не беше уништен. По четврт век малтретирања, Албанците беа првите од националностите во југословенската федерација кои јавно протестираа против националното угнетување.

Во 1968 година во Приштина избувнаа силни демонстрации на угнетените Албанци, кои излегоа со барање на Косово (за жал, само на нецелосното Косово) да му се даде статус на република во рамките на југословенската федерација. Демонстрациите од 1968 година, кои можат да се сметаат за прво пукање на југословенската федеративна градба, го најавуваа приближувањето на бурата. Угнетувачките мерки што ги презеде Белград ја заостручаа состојбата од година во година. За да се избегне најлошото, југословенските федеративни органи во 1974 година на Покраината Косово ѝ дадоа нов Устав. Со овој Устав, Косово, како и Војводина, беше признато за автономна покраина на Република Србија и во исто време

конститутивен елемент на југословенската федерација. Како последица на оваа одлука, Косово имаше, како и шесте републики на Југославија, посебен устав, извршни органи, покраинско собрание, уставен суд. Тоа имаше свој претставник во Претседателството на Југославија, во Сојузниот извршен совет на Југославија. Републичките органи на Србија не можеа да ја остваруваат својата надлежност врз Косово без одобрение на неговото Покраинско собрание, на неговиот Извршен совет, на неговиот Уставен суд. Тоа преку своите делегати учествуваше во донесувањето на законите во Одборот на републиките и покраините на Федеративното собрание. Значи, Покраината Косово, иако продолжи да се нарекува автономна покраина, практично имаше многу знаци на југословенска федеративна република.

Уставот од 1974 година, во споредба со претходната состојба беше победа на Албанците во областа на националните права, особено во областа на образованието и културата. Но, многу брзо се виде дека тоа не е доволно. Тој имаше ограничувања.

Со него беше санкционирано уште еднаш одвојувањето на Покраината Косово од другите албански етнички простори на Федеративна Република Југославија. Самото создавање на една покраина, а не на една република со население поголемо од некои други републики на Федерацијата, ја легализира нерамноправноста меѓу Албанците од Покраината и Албанците од другите републики на Југославија. Како последица на овие ограничувања, Албанците беа третирани како граѓани од втор ред и како такви тие беа дискриминирани од економска и културна страна.

Но, иако имаше ограничувања, српските националистички кругови, кои тврдоглаво опстојуваа на целосното негирање на националните права на Албанците, останаа револтирани. Причина за интервенција дадоа демонстрациите на албанските студенти на Приштинскиот универзитет, кои избувнаа пролетта 1981 година, со барањето од 1968 година за претворање на Косово во југословенска република. Белград со тенкови ги задуши народните манифестации, исто како што тоа го направи Москва во Будимпешта 1956 и во Прага 1968 година. Без оглед

што беа задушени, демонстрациите од 1981 година означија натамошно пукање на сега веќе порозната југословенска федерација. Потресот што го доживеа Белград од растежот на албанското национално движење го докажуваат мерките што ги презеде југословенската влада по нивното задушување. Со брутална интервенција на српската војска постепено исчезнуваа автономните институции на Покраината, за да ја ликвидираат до март 1989 година на арбитрарен начин и со воено насилство целата автономија на Косово. Од таа година, Покраината Косово беше претворена во административна единица на Република Србија и не беше повеќе конститутивен елемент на Федерацијата. Уставот од 1974 година беше ставен вон сила на едностран начин од Собранието на Србија, што е во спротивност со нејзиниот Устав и со тенкови му беше наметнато на Собранието на Косово. Протестите на Албанците на Косово беа задушени во крв. Беше воспоставена српска воена окупација, која беше придружена со полициски режим на терор, со апсења, интернирања, со убиства и притисоци за оддалечување на младината од родниот крај. Објектите на албанските училишта беа затворени, а наставниците отстранети од работа.

Прогласување на Република Косово

Владините органи на Покраината Косово останаа пасивни наспроти военото и полициското насилство на Белград. Но, претставниците на албанското население на Косово, потпирајќи се врз познатиот принцип на правото на самоопределување, се собраа на 7-ми септември 1990 година во Качаник, значи кога југословенската социјалистичка федерација уште не беше распадната. Таму, ја прогласија Република Косово, решија за нејзиното одвојување од Република Србија, ја прогласија за рамноправен субјект на југословенската федерација и донесоа Устав. Со прогласувањето на Република Косово, се реализираше барањето на Резолуцијата на Бујанската конференција од почетокот на 1944 година, како и барањето изразено на народните протести во есентта 1968 година, повторено со силните демонстрации во пролетта 1981 година.

Иако Република Косово не бараше вклучување во нејзините рамки на сите албански етнички простори кои страдаа под окупацијата на Југославија, нејзиното прогласување само посебе означи значаен чекор кон реализирање на возвишената програма на Албанската национална преродба. А уште повеќе, таа го означи почетокот на распадот на социјалистичка федеративна Југославија...

(Следуваат три страници кои ја опишуваат состојбата и настаните на Косово од 1981 до 1989 г. кога е прогласена вонредната состојба во Покраината, распадот на Југославија во 1991 г., и Мировната конференција за бивша Југославија/ Карингтонова, која не ги зема предвид барањата на Косово за самостојност, со вообичаениот след на фактите и остра национална реторика).

Како што се знае, дури во месец февруари оваа година (1989. ДМ), кога српската полиција премина на оружен терор, трпението на косовските Албанци не можеше повеќе да се воздржи. На сцената се појави Ослободителната војска на Косово (УЧК-ОВК), оружено крило на албанскиот отпор. Излегувањето на сцената на ОВК се судри со политичката линија на меѓународниот фактор за решавање на косовската "криза" по мирен пат. Бидејќи поради тврдоглавоста на Белград оваа линија се најде на мртва точка, меѓународниот фактор наместо да изврши притисок врз Слободан Милошевиќ, реагираше негативно спрема оправданата оружената акција на ОВК. Ова реагирање му даде сила на Милошевиќ да преземе воени операции против слободољубивото население на Косово. Но, надежите на Белград дека со овие операции, со насилство, брзо и дефинитивно ќе ја реши косовската "криза" пред да интервенираат меѓународните сили како во Босна, доживеа целосен неуспех. Убивањето илјадници Албанци, горењето десетици илјади куќи, големите уништувања на покраинската економија, раселувањето на стотици илјади косовски жители, не го уништија духот на отпорот. ОВК по секоја битка наместо да ослабне, се засилуваше. Таа сега пред големите канцеларии стана првостепен фактор на косовската криза. На обвинението на Белград дека ОВК е терористичка организација никој веќе не им веруваше. Од ден на ден се засилуваше уверувањето дека

причинител на оваа голема дамка, на оваа хуманитарна катастрофа што се случува вс срцето на Европа на крајот од 20-иот век, е Слободан Милошевиќ, заедно со српската политичка класа, од времето дрогирана со агресивниот национализам. Секој ден се повеќе се креваа гласови кои бараа да се изведат пред Хашкиот суд Слободан Милошевиќ и неговите соработници за масовни убиства на миротворни луѓе, за обесчестување на недолжни жени и деца, за масовни гробници на луѓе со исечени глави и деца со извадени очи, значи како автори на злосторства против човештвото.

Сепак, постоеа уште влијателни меѓународни кругови кои не можеа лесно да се одделат од застарените предрасуди дека Косово е српска земја. Беше неопходно овие кругови да разберат дека не поради вина на два милиона Албанци кои бараат национална слобода, туку поради овие култивирани предрасуди од Белград, таканаречената "косовска криза" сега не е веќе само српска криза, туку е претворена, како што се тврди нашироко, во балканска. Следствено, нејзиното решавање ќе доведе само по себе и до решавање на кризата во Србија заедно со онаа на Балканскиот Полуостров.

Исто така, неопходно е големите канцеларии да ја посматраат "косовската криза" не на политичката површина, туку во нејзините историски, економски, општествени и културни корени. Прашањето на албанските простори одделени од албанската држава е прашање на една распарчена нација. Тоа е прашање на една нација, чии простори пред многу векови, пред да се распарчат во 1913 година, постигнаа економска, општествена и демографска рамнотежа меѓу полето (земјоделието) и планината (сточарството), рамнотежа која ја растури големата дипломатија давајќи им го на соседните држави најплодниот дел на полето и стеснувајќи ја албанската независна држава главно во планински и мочуришни региони. Поради тоа, албанското национално прашање не е само душевна аспирација на една древна нација неправедно распарчена од големата дипломатија. Тоа во исто време е императивно барање на една осакатена нација, чија една половина е во опасност од физичко исчезнување, додека другата половина, иако има своја независна држава,

продолжува да ги чуствува последиците од територијалното распарчување во економската, општествената, во културната и во демографската област.

Патот за решавање

Од претходно поставеното, само по себе произлегува прашањето што ги загрижува сите Албанци: што треба да се направи за да се надмине оваа драма во која се наоѓа денес албанското национално прашање? Сите Албанци, независно каде се населени, од оваа или од онаа страна на границата, внатре или надвор од етничките простори, посакуваат што побрзо обединување на нивните простори во една единствена албанска држава, онака како што го поставија во своите програми нашите големи преродбеници од минатиот век. Но, дали постојат објективни и субјективни фактори, национални и меѓународни околности, политички и материјални можности за нејзина реализација?

Нема сомневање дека денешната ситуација на албанското национално прашање е покомплицирана отколку во периодот на националната преродба. Тогаш сите албански етнички простори се наоѓаа под доминација на една единствена држава – Отоманската Империја. Тогаш, сите Албанци беа во еден единствен строј и заедно стрелаа против единствената цел, против Високата Порта. Денес, пак, албанските етнички простори се распарчени меѓу пет држави, од кои четири се туѓи. Се разбира, поинаку од периодот на националната преродба, денес постои една независна албанска држава, афирмирана на меѓународната арена, на која ѝ припаѓа првенствената задача да го држи отворено знамето на националното прашање. Ова, сигурно, е позитивна околност. Но, од друга страна, за да се реализира возвишената преродбена програма треба да се менуваат границите на четирите балкански национални држави кои, исто така, се афирмирани на меѓународната сцена. Ова е негативна околност, која, доколку сакаме да бидеме реалисти, треба да признаеме дека во сегашните услови, содржи во себе тешка пречка за надминување за нашето национално прашање, без подршка на меѓународниот фактор.

Во врска со меѓународниот фактор треба да се има предвид епохата кога политичката карта на континетите ја одредуваа Големите сили доживеа крај уште во 1946 година. По Втората светска војна уредувањето на националните прашања во свои раце ги презеде Организацијата на Обединетите Нации (ООН), во чија основна Повелба беше фиксиран принципот на самоопределување на народите. Сепак, повоените години се карактеризираа со поделбата на светот во антагонистички блокови и со обидите за воспоставување поредок со сила кој ним им одговараше. Но, во последната деценија меѓународната ситуација темелно е променета.

Со уривањето на Берлинскиот ѕид, со завршувањето на Студената војна, времето на политички престројувања и на обидите за промена со сила на светскиот поредок доживеа крај. Следствено, и времето кога балканските држави се постројуваа во спротивставени блокови, сега му припаѓа на минатото. Со завршувањето на Студената војна, Варшавскиот договор создаден од Советскиот Сојуз за да се брани комунистичката планета, се распадна. Со неговиот распад сите држави вклучени во него се обидуваат да влезат во системот на НАТО. Во денешниве денови уредувањето на националните прашања во свои раце го зедоа силни светски и континентални тела, како што се: Организацијата на Обединетите Нации (ООН), Организацијата за безбедност и сигурност на Европа (ОБСЕ), Европскиот парламент, Советот на Европа и други организации, кои дејствуваат врз основа на повелби кои имаат значење на статути усвоени од асамблеи свикани токму од нив. Како што се знае, нивна главна цел е да ги оневозможат оружените конфликти од кои постојано страдало човештвото и да ги заштитат малите земји од воено насилство на посилните држави.

Од овие причини, во сите основни акти на меѓународните организации е внесен принципот на почитување на политичките граници на сите држави независно од неправдите што се наследени од минатото. Неправдите треба да се исправат преку разговори, значи по мирен пат. Меѓународните и европските политички тела ги повторија трите основни точки на нивната повоена доктрина: никакво насилно менување на државните

граници, признавање на националните права на малцинствата и уредување со мирни средства на сите недоразбирања меѓу соседните држави. Во спротивно, ниту една држава нема да биде примена во редовите на НАТО, ниту ќе биде опфатена во кругот на Европската заедница, ниту пак ќе ја има поддршката на Соединетите Американски Држави.

Употребата на насилство на која било страна и за кој било мотив, вклучувајќи го и негирањето на националните права ќе биде осудено тргнувајќи од економски санкции, па до воени интервенции. Меѓународните тела се убедени дека преку овој пат ќе се помине безболно од Европа на држави во Европа на нации, чии политички граници ќе се претворат во етно-културни граници.

Сепак, меѓународните тела, посебно САД, не ја исклучуваат можноста од употреба на воена сила кога станува збор за владини кругови кои употребуваат полициско насилство за да ги угнетат човечките права и со нивниот арогантен однос да го стават во опасност мирот во нивниот регион. Како пример ги имаме притисоците што ги употребија западните сили за да ја принудат Србија да се откаже од агресијата против Словенија, да ги прекине воените операции против Хрватска и дефинитивно да ја подели Босна.

Со нивната интервенција конфликтите на Балканот беа надминати некаде со притисоци, некаде со закани, некаде со воени средства, додека некои проблеми останаа се уште без конечно решение.

Сепак, иако голем број прашања дефинитивно не се решени, некои значајни резултати се постигнати. Србите во Босна, на пример, претходно го немаа статусот на република, па ниту на автономна покраина. Со Дејтонската спогодба босанските Срби формираа своја република (Република Српска) во рамките на федерална Босна. Спротивно на тоа, Косово кое претходно имаше автономна покраина со устав приближен до статус на една на република, ја изгуби арбитрарно автономијата со која се здоби во 1974 година, наместо да се здобие со право да биде република во рамките на Сојузна Република Југославија.

Меѓународната јавност, која е запозната со проблемот, со право прашува: зошто Србија на Албанците на Косово, кои според население се трипати повеќе од Србите во Босна, им го негира правото што го добија со упорноста на Белград неговите сонародници? Или: зошто западните сили им го негираат на Албанците она право што им го дадоа на Србите?

Веќе неколку месеци се зборува за воена интервенција на НАТО со цел Белград да се принуди да го прекине теророт врз Албанците и да ги повлече своите полициски и паравоени сили од Косово. Воената интервенција е забрзано прашање за да се спаси хуманитарната катастрофа на Албанците, но кој ќе биде потоа политичкиот статус на Косово? Голем број идеи се предложени со цел да му се даде на Косово една поширока автономија, според некои во рамките на Србија, а според некои други во рамките на Федерацијата.

Зошто е потребно да се влоши проблемот, да се потпалат недоразбирањата, да се отежни дебатата, да се оневозможи решавањето, кога сите меѓународни тела, од ООН и ОБСЕ до Советот на Европа и Европскиот парламент, прокламирале во своите повелби дека највисокиот принцип за решавање на националните права е правото на самоопределување. Академијата на науките на Албанија мисли: доколку етничките проблеми на Балканот, вклучувајќи го и правото на албанските етнички простори, се решат со примената на принципот на самоопределување, само тогаш Хемусовиот Полуостров ќе најде мир, само тогаш Балканот повеќе нема да биде "буре барут", и нема да има повеќе потреба за политички распоредувања на државите едни против други.

Балканските соседни држави, во чии рамки има албански етнички простори, формално ја прифатиле во принцип оваа доктрина, но во практика некои повеќе, а некои помалку не се придружуваат кон неа. Србија која го предводи остатокот на Југославија и управува надвор од границите на Албанија, со полициско насилство се спротивстави на нејзините начела. Последователно, Албанците од етничките простори, анектирани уште во 1913 година од Србија, Црна Гора, од Македонија и од Грција, имаат проблеми во врска со своите национални права.

Но, заради бројната тежина на албанското население, или заради политичките услови во кои се наоѓаат сонародниците, задачите што се поставуваат за решавање и патиштата за нивно решавање не се исти. Независно од тоа, решавањето треба да се бара во рамките на историскиот процес што го опфати европскиот континент - значи преку мировни патишта, со демократски средства и со поддршка на меѓународните тела, кои ги прокламирале и ги бранат овие принципи.

Прашањето на Косово

Најкритична и најургентна за решавање е состојбата на Албанците на Косово. Треба, пред се, да се објасни уште еднаш дека во Покраината Косово од 10.877 км2 со престолнина Приштина, не се опфатени сите албански етнички простори што се наоѓаат внатре во границите на Република Србија. Без да се сметаат деловите на историското Косово, кои федеративна Југославија им ги подели на Македонија и на Црна Гора, во Република Србија - освен Покраината Косово како делови се и трите округа што се наоѓаат во Јужна Србија; Покраината Косово (заедно со трите спомнати округа) зазема околу 14 илјади квадратни километри, значи приближно половина од површината што ја има Република Албанија.

Во врска со прашањето на Косово треба да се имаат предвид овие посебни карактеристики.

На крајот на јули 1998 година се навршија 85 години од денот кога Конференцијата на амбасадорите на шесте Големи сили, која се одржа во Лондон под претседателство на британскиот министер за надворешни работи, сер Едвард Грej, меѓу другото, донесе одлука за анектирање на Косово и на Македонија од страна на Кралството Србија. Две недели по потпишувањето на вердиктот шефот на Форин офис, Грej, на 12 август 1913 година давајќи објаснувања во Домот на комуните околу одредувањето на границите на Албанија од страна на Конференцијата на амбасадорите, призна дека врз 'рбетот на Албанците е направена неправда, наедно укажувајќи дека со оваа неправда Силите направиле, всушност, една позначајна работа, бидејќи

му служиле на мирот на Европа. Но, жртвувањето на правата на Албанците не го спаси мирот.

Една година подоцна, на 4 август 1914 година, избувна Првата светска војна, чија искра ја запали Србија, водена од присвојување туѓи територии.

Не треба да се заборави дека Европа на династиите, на Србија во 1913 ѝ ги даде Косово и Македонија не затоа што тие беа српски земји, како што претендира Белград, туку од политичко-стратешки причини, за да се оневозможи проширувањето на АвстроУнгарија кон Солун.

Овој фактор подолго време не постои. Со формирањето на Република Македонија, со нејзиното прифаќање од Република Србија, самиот Белград призна дека Македонија, што ја анектира во 1913 година, не е српска земја. Онака како што се одвои Македонија од Србија, истото право го има и Косово, кое исто така не е српска земја.

За време на овие 85 години, откога Косово е анектирано од Белград, не само Албанците, туку и самите Срби никогаш немаа мир. Историјата во овие последни 85 години покажа дека Србија третирајќи го Косово како "српска" земја, која треба да се исчисти од албанските жители, се казни самата себе. Со својата политика, таа го претвори Косово не во излечлива рана, туку во гангрена што ја нагризува однатре. Вистина е дека Косово има плодна земјоделска почва и богати рудни наоѓалишта кои на Србија ѝ носат приходи, но српските власти треба да ги имаат предвид и штетите што доаѓаат од него. Полицискиот терор, кој треба да ѝ обезбеди на Србија внатрешен мир, дефинитвно е поразен. Јазот меѓу српската власт и албанското население е уште подлабок .За да ги држи Албанците под надзор, Белград постојано го обременува државниот буџет со воени паразитски трошоци. Исто така е поразена и политиката на етничко чистење. Освен тоа, политиката на етничко чистење го ослабна вниманието на српската власт спрема решавањето на проблемите кои би го забрзале економскиот напредок на Србија и на нејзиното население. Агресивниот српски национализам, кој по вителот

во Босна се концетрира на Косово, освен што ја држи запалена тензијата на Балканот и во Европа, продолжува со дискредитација на имиџот на Србија на меѓународната сцена. Тврдоглавото продолжување на политиката на етничко чистење веќе е поразена, и таа само ќе ја води Србија во безизлезна авантура во која влезе уште во 1913 година. Накратко, Србија може да се ослободи од гангрената наречена Косово само доколку го отстрани од своето тело.

За време на еволуцијата што ја доживеа Србија откога го анектира Косово (1913) - од Кралството на Србија, во Кралството на Југославија, потоа во социјалистичката федерација и сега во федералната република - се промени и нејзиниот правен статус спрема Косово. Со вреднувањето на Косово во Уставот на Југославија како компонента на Федерацијата, со распадот на федеративна Југославија и со одвојувањето на некои нејзини републики, со неучеството на косовските Албанци на парламентарните избори во Република Србија, со посебните парламентарни избори што во меѓувреме ги организираа Албанците на Косово, со прогласувањето на Република Косово од Собранието во Качаник и, на крајот, со народниот референдум во септември 1991 година, со кој беше прогласена независноста на Република Косово, врз основа на принципот на самоопределување, Република Србија го загуби правниот титулар што го оправдуваше нејзиниот суверенитет врз Покраината Косово.

На крајот, и покрај политиката на етничко чистење што ја водеше Белград од Руско-турските војни во 1887-1878 до денес, и покрај болките што им ги предизвика на Албанците, во најголем дел на историското Косово, Албанците се уште се наоѓаат таму каде што биле сите овие векови. И покрај масовните преселби, принудени од Белград, нивниот број постојано се зголемува.

Денес тие претставуваат околу 90 насто од населението на Покраината. Доколку нивниот демографски раст продолжи со до сегашниот ритам, па дури и и да се намали, ќе дојде денот кога српските власти ќе имаат работа не како денес со два милиони Албанци, туку со двојно повеќе, а потоа и со тројно

повеќе. Дали навистина српските власти се убедени дека можат да ја држат под надзор, во заливот на европскиот континент, оваа маса жедна за слобода, во времето кога јазот меѓу српската политичка маса и албанското население во Покраината е толку многу продлабочен така што нивниот соживот во иднина е речиси невозможен?

Денешната меѓународна ситуација за решавање на прашањето на Косово е поповолна отколку во времето на Социјалистичка Федеративна Југославија, кога Европската заедница не ги зеде предвид неговите права. Денес, благодарение на постојаниот раст на Албанското национално движење и на арогантниот став на националистичката влада на Белград, меѓународната јавност е многу почувствителна спрема косовското прашање, посебно и спрема националните права на Албанците во целина. Покрај оваа чувствителност е зголемена и растревоженоста на големите канцеларии и на меѓународните тела од опасноста од проширување на безредијата предизвикани од Белград на Косово надвор од неговите граници. Последователно, прашањето на меѓународната воена интервенција на Косово, за ставање крај на националистичкотерористичка авантура на Слободан Милошевиќ, како во Босна , веќе неколку месеци се наоѓа на дневен ред. Во овие околности Албанците треба да знаат да ги искористат сите средства, како и сите можности што ги нуди меѓународната заедница во сегашната фаза. Есенцијално е тие да ја покажат потребната решеност за преземање такви акции, кои ќе ги поттикнат меѓународните политички фактори да ја надминат досегашната нерешителност за да ги донесат потребните одлуки за што побрзо решавање на косовското прашање, според универзалните прокламирани принципи за човековите права и за правото на самоуправа. Во исто време, Албанците треба да гарантираат пред меѓународната јавност дека Република Косово во средиштето на Балканскиот Полуостров, отворена подеднакво и спрема Србија и спрема Албанија, ќе биде фактор на мирот во Југоисточна Европа и пошироко. Неопходен услов за реализирање на оваа света задача е обединување на сите Албанци во еден заеднички национален фронт кој ќе биде над партиските разлики.

Како заклучок, имајќи предвид дека меѓународните нормирани принципи за слобода на народите и за самоопределување на нациите се на страната на Албанците, и посебно, имајќи предвид дека на тамошниот соживот на српските политички кругови со албанските маси на Косово постојано ќе биде извор на безредија во регионот, мислиме дека единствено можно решение што ќе обезбеди мир, благостојба и напредок на двата народа е што побрзото вклучување на меѓународниот фактор за да го принуди Белград да ја признае Република Косово одвоена од српското туторство, оставајќи му го правото на нејзиниот народ да решава за статусот на републиката.

Прашањето на Албанците во Македонија

Исто како во Република Србија, така и во Македонија живеат значителен број етнички Албанци. Како и во Косово, и овде албанските етнички простори имаат територијален континуитет. До пред неколку децении тие беа дел од јужниот дел на историското Косово. Албанските простори овде се простираат на север и на запад на Република Македонија, од Дебар па се до Куманово. Има, речиси, дваесет години откако македонските власти не го објавуваат точниот број на Албанците. Официјално велат дека Албанците претставуваат 23 насто од населението на Републиката. Истовремено ги исклучуваат 170 илјади Албанци со претекст дека го изгубиле македонското државјанство, што не е точно. Но, други извори говорат за една поголема бројка на Албанците. Може да се каже без страв дека тие претставуваат не помалку од 35 насто од нејзиното население. Инаку, Македонците претставуваат само 55 насто од населението, вклучувајќи ги и оние кои себеси се сметаат за Бугари (останатите се Срби, Турци, Роми).

Со оваа, толку значајна тежина, Албанците воопшто не можат да се третираат како малцинство, туку истоветно како Македонците во нивната држава. За жал, без оглед што уживаат некои права во областа на основното и на средното образование, горедолу и во локалната администрација, Албанците во Македонија се третираат како дискриминирани граѓани во споредба со македонските граѓани. Властите во Скопје прават се да ја намалат, па дури и да ја неутрализираат

тежината на Албанците во државните структури и во политичкиот живот на Македонија. Фактички, учеството на Албанците во државните структури е околу два насто во граѓанскиот и во воениот апарат. Бројот на албанските пратеници во македонскиот парламент, поради маневрирањата направени за време на изборите, не го представува точниот број на албанското население. Во парламентот во Скопје, на околу 8 до 10 илјади Македонци има по еден пратеник, додека во албанските зони еден пратеник доаѓа на секои 15 или 18 илјади жители, а во некои случаи и повеќе.

Како последица на дискриминацијата на Албанците, без оглед на позитивните оценки што доаѓаат од меѓународните кругови, Република Македонија е една порозна држава. Македонската зграда се обидуваат со патерици да ја држат на нозе меѓународните воени сили стационирани на етничките албански простори.

Светските медиуми постојано емитуваат вести за полициското насилство од страна на македонската администрација, чии жртви се Албанците. Одредени меѓународни кругови се обидуваат да ја држат молчаливо кризата што однатре ја нагризува македонската држава. Но, кризата не може да се омекне, а уште помалку да се надмине, доколку не им се признаат на Албанците националните права, онака како што предвидуваат основните меѓународни акти.

Она што беше кажано за Србија во врска со темпото на раст на албанското население, важи уште повеќе за Македонија. Доколку продолжи досегашното темпо, нема да биде далечен денот кога албанското население ќе биде истоветно, па дури и да го надмине македонското население. Следствено, денешните проблеми што постојат во етничките односи нема да се намалат, туку ќе се зголемат. За да се спречи продлабочувањето на внатрешната криза што ја доживува Македонија, која самата ја предизвика со кршењето на националните права на Албанците, постојат уште две опции за нејзино решавање: а) или Албанците ќе се сметаат рамноправни како и македонските граѓани, и според тоа, Македонија да се смета како нивна заедничка држава, според познатиот пример на австро-

унгарската држава, б) или Албанците да го уживаат правото на автономна покраина во рамките на Република Македонија. Само така ќе исчезне денешното третирање на Албанците во Македонија како граѓани од втор ред, што се гледа, меѓу другото, во дискриминацијата во однос на буџетските фондови, нерамноправноста во судските органи, забраната на Тетовскиот универзитет, на нивното национално знаме, на употребата на албанскиот јазик во официјалните акти итн, итн...

(Следуваат пет страници текст, изоставен заради обемот, кој се однесува на Албанците во Црна Гора, во Грција и на албанските етно-лингвистички малцинства во Италија, во внатрешноста на Грција, Бугарија, Тракија, во Хрватска итн.

Поентата на текстот е непризнавањето на нивните етно-културни права но и повеќе од тоа - во Црна Гора (автономија) како и во Грција.).

Заклучок

Како што беше речено, праведната аспирација на сите Албанци е онаква каква што ја одредија уште во минатиот век нашите преродбеници - обединување на сите албански етнички простори во една единствена држава. До денес ова обединување уште не е постигнато, не поради вината на Албанците. Напротив, половината од етничките албански простори уште се наоѓаат во рамките на некои туѓи држави. Како последица на тоа, албанското национално прашање уште е неразрешено прашање. Пред повеќе од еден век, во пресрет на Берлинскиот конгрес, Абдул Фрашери, еден од најпознатите идеолози на Албанското национално движење, ги предупреди европските канцеларии од тоа време: “Доколку Големите сили го казнат овој херојски и слободарски народ да остане во ропство и, уште полошо - да се распарчи меѓу соседните држави, Балканскиот Полуостров нема никогаш да има мир, бидејќи Албанците никогаш нема да престанат да се борат за да се здобијат со своја националнат независност. Обратно, доколку на Албанците им бидат признати нивните национални права, Албанија ќе стане фактор на мирот на Балканскиот полуостров”. Историјата му даде за право на предупредувањето на Абдул Фрашери.

Кршењето на албанските национални права било и продолжува да биде извор на загриженост за Албанија, Србија, за Балканот, па дури и пошироко.

Академијата на науките на Албанија мисли дека историјата ја води Југоисточна Европа кон европска интеграција, независно од проблемите кои денес ги загрижуваат Балканскиот Полуостров.

Таа, исто така, мисли дека во сегашните услови, кога меѓународните фактори не дозволуваат промена на актуелните граници и кога на Балканскиот Полуостров уште не се надминати радикалните националистички претензии, големата цел на националната преродба ќе биде постигната постепено, рака под рака со движењето на процесот на интеграција на Балканскиот Полуостров во европската заедница. Првиот чекор за да се постигне оваа голема цел е што побрзото ослободување на половината од албанската нација од прангите на агресивниот национализам. Во сегашните околности, Академијата на науките бара заеднички настап на албанските демократски сили и на факторите со меѓународна тежина за признавањето на Република Косово како конститутивен елемент на Сојузна Република Југославија, за третирањето на Албанците во Македонија како рамноправни граѓани со Македонците, значи да им се даде правото на државотворен народ, да се помогнат Албанците во Црна Гора да имаат своја автономна покраина и да им се обезбеди на Албанците во Грција правото да учат во државните училишта на својот мајчин јазик. Тоа се легитимни права универзално признати, кои не ги повредуваат денешните политички граници на државите на Балканскиот Полуостров. Академијата на науките на Албанија е убедена дека доколку се ослободат Албанците на етничките простори анектирани од страна на угнетувачите, истовремено ќе се ослободат не само соседните власти (посебно српските) од товарот на угнетувач, туку и Балканот од жариштата на тензии. Само така ќе се забрза процесот на вистинска демократизација на балканските земји, само така ќе се олесни нивното марширање кон европската интеграција, кон обединета Европа, во која политичките граници на државите нема да имаат повеќе кинески ѕид, туку ќе

се претворат, како што е во Западна Европа, во етно- културни заедници, во граници на пријателство и братство.

Издание на Академијата на науките на Република Албанија

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА ДЕМОКРАТИЈАТА ВО МУЛТИ-ЕТНИЧКИТЕ ДРЖАВИ

Од Арбен Џафери

уредник- Ширли Клојс, советник за балкански прашања, Албанско-американска граѓанска лига, Њујорк, 1998 година.

Вовед

Од падот на комунизмот, економските, социјалните, етничките и културните проблеми што претходно беа прикриени и потиснати од комунистичките идеологии, повторно се кренаа, често и на трагични начини. Петте декади на потиснување на етничките и социјалните конфликти во служба на комунистичката идеологија, резултираа во "одмазда на историјата врз идеологијата", која во пост-комунистичките држави се манифестираше во два вознемирувачки феномена: создавање "етнички држави"и создавање колонијални односи, а во некои случаи и апартхејд-односи меѓу различните етнички групи.

Како последица на тоа, во пост-комунистичките држави има, и во догледна иднина ќе има, борба меѓу силите што бараат афирмација и негување на диверзитетот и демократијата и оние што бараат етничка, религиозна, економска и политичка доминација на една група врз друга. Обидот на доминантните етнички групи да постигнат хегемонија е оркестриран низ злоупотреба на западните вредности. Демократијата е прогласена, и потоа потисната од функционери кои ја претвориле во инструмент на елиминација, во метод на маргинализација на недоминантните етнички групи.

Во Бившата Југословенска Република Македонија (БЈРМ) на пример, парламентот што ја претставува доминантната група Македонци, "гласа"да се озакони нивното "право"да доминираат над малцинството.

Со распадот на бившиот Советски Сојуз и со последичниот подем на етничките војни за наследство, меѓусебно се

конфронтираат две спротивставени барања во сферата на меѓународното право: правото на самоопределување, вклучувајќи ја еманципацијата и деколонизацијата, и правото на суверенитет, вклучувајќи ја неповредливоста на границите. Првото право е неотуѓиво, додека второто не е апсолутно - тоа едноставно ги дефинира патиштата преку кои границите можат или не можат да бидат променети.

Правото на самоопределување се напаѓа од оние кои би го заменile идеолошкиот тоталитаризам на комунистичкиот систем со етнички тоталитаризам. Во Босна бевме сведоци на етничко чистење. На Косово, набљудуваме како апартхејдот отворено станува геноцид; во БЈРМ, видовме како втората најголема етничка група, Албанците, се маргимнализираат, а во Русија претежнува славофилската дипломатска политика.

Настојувањата на доминантните етнички групи во светот, по Студената војна, да ги негираат индивидуалните слободи и етничките, културните, лингвистичките и религиозните права меѓу етничките групи во барањето слобода и самоопределување, беа оправдувани со употреба на аргументите на - легалитет; неповредливост на границите; заговор (неосновани шпекулации за настојувањата на "надворешните непријатели" за разбивање на државата); расистички и етноцентрични теории; историјата, вклучувајќи фикциски барања на националната судбина; закана со нестабилност поставена со лажни споредби, на пример, меѓу барањата и статусот на американските Јужноамериканци, на Аборичините во Австралија, Баските во Шпанија, Арапите во Франција и на Албанците во бивша Југославија.

Српскиот претседател Слободан Милошевиќ и неговите соработници најмногу се потпираат на овие аргументи кога расправаат за факторите што воделе кон дезинтеграција на Југославија.

Тие ги обвинуваат странските агенти, Западот воопшто, бившиот конгресмен на САД Роберт Дол и бившиот германски министер за надворешни работи Ханс Геншер посебно, како одговорни за дезинтеграцијата на нивната земја. Едновремено,

тие цврсто ја посочуваат Србија како бастион на православието кој го спречува пробивот на католицизмот на Исток и на исламот на Запад. За да ја оправда својата хегемонија, српскиот режим осцилира меѓу етничкиот аргумент (Босна и Херцеговина) и историскиот аргумент (Косово е “Ерусалим” на Србија).

Слично на тоа, во БЈРМ, кога Албанците бараа поширока употреба на албанскиот јазик и официјално признавање на албанскиот универзитет на Тетово во рамките на македонскиот образовен систем, владата на Киро Глигоров ги отфрли овие барања аргументирајќи дека ако такви права им се дадат на Албанците, истите треба да им се дадат и на Јужноамериканците во Тексас и на Арапите во Марсеј.

Па сепак, се наоѓаме на почетокот на нова ера во која старите федерации се распаѓаат, нивните составни делови се отцепуваат, додека правото на самоопределување се појавува растечки како определувачко прашање на историската фаза. Со оглед на масовните злоупотреби на човековите права и економското, културното и политичкото обесправување, правото на народот на самоопределување мора да има приоритет над територијалниот интегритет.

Новите држави што никнуваат треба да се признаат само ако ги гарантираат човековите права, слободата, еднаквоста, мирот и демократијата за сите групи.

Југославија

Титова Југославија беше изградена врз принципи кои претпоставуваа засекогаш спречување на српската хегемонија. Беа формирани осум конфедерални единици, вклучувајќи шест републики и две автономни покраини, кои ги почитуваа етничноста и историските наследства. Титовиот систем, кој ја оневозможи доминацијата на поголема група врз помала, беше производ на конзенсус заснован врз лојалноста кон комунизмот. Кога комунизмот издивна, тој не беше заменет со демократија, туку со ултранационализам, појава брутално манифестирана од српскиот силник Слободан Милошевиќ, кој се издигна во

власта врз принципот “еден човек, еден глас” што требаше да ја обезбеди српската мнозинска владејачка (во овој поглед нема суштинска разлика меѓу политиката на Милошевиќ и политиката на Киро Глигоров во Македонија).

Српскиот национализам, кој резултираше во поништувањето на човековите права на сите не-Словени, беше примарниот фактор во распадот на Југославија. Србија под Милошевиќ манифестираше не само неподготвеност и неможност да гради системи што опфаќаат други, туку низ нејзината кампања на етничко чистење, и склоност кон невоздржана доминација врз другите.

Нема правни, морални или геостратешки аргументи што ќе ги убедат Албанците да ја прифатат или да останат под српска доминација. По горчливото искуство од последната декада, меѓународната заедница треба да им даде на Албанците историска шанса, која Србите не можеа да ја искористат, да создадат свои сопствени држави и да изградат толерантно, инклузивно и демократско општество.

Косово

Косово отсекогаш беше независен ентитет - географски, етнички и административно. Во старите времиња, се викаше Дарданија. Подоцна, тоа стана вилает Косово, а во Титова Југославија, тоа беше автономно. Автономијата му беше доделена бидејќи ја бараа Албанците, а не Србите. Косово беше конститутивен елемент на бивша Југославија, со право на вето. Косово автоматски го стекна правото на сецесија, како и сите други еднакви членки
на конфедерацијата.

Независноста на Косово се потпира на цела серија правни, историски, економски и гео-стратешки аргументи, вклучувајќи ги следните:

1. Југославија се распадна бидејќи формулата за коегзистенција не функционираше и оттука сите конститутивни делови,

вклучувајчи го и Косово, го стекнаа правотона самоопределување.

2. Косово има сопствени административни граници, свој сопствен устав и институции.

3. Косово е кохезивен и посебен ентитет, етнички, географски и економски.

4. Повеќе од 90% од Косоварите гласаа за независност, на референдум.

5. Косово е окупирано од странска сила што го експлоатира како колонија во систем на апартхејд. Затоа, мора да се деколонијализира.

6. Независноста на Косово ќе воспостави мир и стабилност во регионот. Неговата окупација или останување во рамките на бивша Југославија, го дестабилизира регионот и претставува закана за мирот и за цивилизациските вредности.

7. Косово има право на сецесија врз основа на прецедентноста. Нема аргументи што го оправдуваат присилувањето на Косово да остане во рамките на Србија или Југославија, освен оние кои ги оправдуваат хегемонијата, експанзионизмот, колонијализмот и апартхејдот.

Бившата Југословенска Република Македонија (БЈРМ)

И покрај својата изразена двонационална и и мултикултурна структура, БЈРМ е дефинирана како национална држава на Македонците, држава во која на Албанците им се гарантираат само нивните граѓански, технички права. Тие се лишени од својата историја и од својата земја.

Некои критички грешки беа направени во времето на сецесијата на Македонија од бившата Југословенска федерација. Правото на самоопределување му беше дадено само на славомакедонското население на државата, не и на албанското население кое наспроти својата волја се најде себеси

сепарирано од дел од своето национално тело. Референдумот за независноста на БЈРМ беше прогласен без претходно определување на премисите и општествените односи во новата држава. Беа опфатени само правата, а не и обврските што произлегуваа од бившиот југословенски систем, какво што е прашањето на новото државјанство или на компензацијата на институциите на албанскиот национален ентитет. Конечно, политичката волја на Албанците кои го бојкотираа македонскиот референдум и организираа албански референдум за политичка и територијална автономија, беше повредена и игнорирана.

Во процесот на изградба на БЈРМ како независна држава, беше направен еден број грешки низ институционализација на исклучиво националистички дефиниции што ги елиминираат и маргинализираат "другите", какви што се:

1. Во Уставот на БЈРМ , суштинските интереси на Албанците не се одразени;

2. Уставот беше усвоен против волјата на претставниците на Албанците, кои апстинираа "ан блок"

3. Меѓународните спогодби за бивша Југославија, посебно втората глава на Карингтоновиот документ, беа игнорирани;

4. Духот на албанско-македонските разговори водени во Охрид, со посредство на Герт Аренс, не се почитуваше;

5. Концептот "еден човек- еден глас" се употреби да се наметне волјата на еден народ врз друг, за време на сецесијата но и во текот на воспоставувањето на парламентарни процедури и во создавањето на уставот и законите што ги определуваат националните права.

Во новите мултиетнички држави во кои неотуѓивите национални права не се претходно определени, искривоколчените демократски процедури, како што констатирав порано, се претвораат во ефикасен инструмент за правна маргинализација, дури и за елиминација на

недоминантната група или групи. БЈРМ е класичен пример на искривоколчена демократија што функционира, во која механизмите на моќ примарно го фаворизираат македонскиот народ, а секундарно го казнуваат албанско население, кое како и да е, чини една третина. Изборниот систем, на пример, е мнозински систем што го минимизира влијанието на гласот на Албанците низ кроење изборни единици, што резултира во тоа, просечно, еден албански пратеник да има двојно повеќе гласови од еден македонски пратеник. Неодамна, кога се одржа јавна дебата за овој изборен модел, еден професор на Правниот факултет на Универзитетот во Скопје, кој претходно беше на чело на Форумот за одбрана на човековите права, министер на полицијата и внатрешни работи и министер за надворешни работи, инсистираше на тоа дека во БЈРМ пропорционалниот систем не може да се примени, бидејќи тоагаш Албанците би ги имале сите гласови, би избирале повеќе пратеници и евентуално би обезбедиле мандат за формирање влада. Неговата порака беше едноставна: осигурајте Албанците да не ги добиваат своите гласови.

Во истиот стил, извршната власт во БЈРМ има моќ да ги одобрува одлуките на локалните администратори. Локалната администрација (општината), која правно е во рацете на Албанците, спаѓа под контрола на егзекутивата, која е речиси потполно контролирана од Славомакедонците. Правата на локалната администрација, како што е пропишано во чл. 115 од Уставот, се поделени во три категории: 1) непосредни права на општината; 2) права што се стекнуваат само со одобрение на славомакеднската извршна власт; 3) права што БЈРМ може да им ги пренесе на општините. Дури ниту првата категорија права не може да се оствари без закон, што резултира во тоа она што е определено во Уставот да не се вклучува во закон. Всушност, сите одлуки се прават во центарот на моќта, дури и именувањето директори на училиштата. Во овие рамки Владата на Македонија може да суспендира која и да е локална управа а тие, во Западна Македонија се сите во рацете на Албанците.

Односите и инструментите на моќ што беа воспоставени во БЈРМ во процесот на нејзината сецесија од бивша Југославија и на нејзиниот подем како нова држава, во стварноста

произлегуваат од примордијалните намери да се исклучат, потчинат и да се експлоатираат Албанците и другите не-славомакедонски групи.

Статистиката го потпира ова тврдење: Албанците кои чинат една третина во земјата, претставуваат само 3% од јавните функционери и професионалци во неа, во владата, во армијата, во судството, во медиумите и во различни културни и научни институции. Не изненадува што во овој колонијален систем, процентот на инвестиции во подрачјата на Македонија населени со Албанци, од инфраструктурата до културните и образовните институции како и во сферата на вработувањето е десет пати понизок од придонесот на Албанците на општеството во целина.

Во светлината на овие факти, оправдано можеме да тврдиме дека системот бил изграден за да ѝ служи на славомакедонската популација, на сметка на другите националности. Наследената нееднаквост не може да се поништи со именување на неколку Албанци на министерски функции, или со величење на правниот систем кој ги искривоколчува демократските вредности, или, пак, со констатирање дека статусот на Албанците во Македонија е понадмоќен од оној на другите "малцинства"на Балканот. Во врска со ова последното, претпоставката дека Албанците се "малцинство"на Балканот оди наспроти историските факти: Албанците се третата најголема етничка група во регионот и се потомци на Илирите, најстарото автохтоно население. Тие се мнозинство што беше насила поделено.

Начините на кои славомакедонската структура на моќ ги злоупотребува формите на демократија за да го подјарми албанското население што трагично се третира погрешно како опасен компетитор, може правилно да се нарече "етнички инжинеринг".

Етничкиот инженеринг води кон постојан редук-ционизам во јавниот живот. Уставот е потесен од реалноста; бидејќи она што се дозволува со Уставот се забранува со закон. Тоа што е дозволено со закон, од своја страна, е ограничено од

институциите, а тоа што е од институциите не се остварува од поединците. Овој феномен се манифестира на сите нивоа на општеството, се до шалтерот на ситниот бирократ.

Албанците сега се свесни за нивната вистинска позиција во македонскиот систем, за проектите што се стремат да ги маргинализираат, низ отворено брутални, или низ пософтицирани средства, а за задушување на нивната творечка енергија. Како резултат на тоа, денес во БЈРМ постои опасна конфронтација меѓу волјите на двата народа - Албанците и Македонците, излезот од која може да биде конструктивен или деструктивен. Идеално, конфронтацијата треба да се разреши со мирни, цивилизарани средства, но тоа не мора да биде мир по секоја цена. Максимата "поарно лош мир одошто добра војна"е кусогледа, бидејќи неизбежно лошиот мир води кон ужасна војна. Кризата на Балканот е продукт на вештачки изработен мир. Мирот не може да се изгради со етноцентрични и хегемонистички проекти. Во БЈРМ, етничката компетиција може да се запре и да се воспостави стабилен мир само преку вистински дијалог и консенсус за следните прашања:

Правото на самоопределување кое е уважено во Резолуцијата на ОН, бр.637 А (vii), 1962 и Резолуцијата на ОН, бр. 1514, 1960.

Декларацијата за човечки права која која им го обезбедува на сиот народ правото на "живот, слобода и сигурност на личноста," а ги забранува сите форми на прогонување.

Декларацијата од 1970 година на ГС на Обединетите Нации која дефинира што се подразбира под пријателски односи меѓу државите.

Пактот на ОН од 1966 година за граѓанските и политичките права и Пактот на ОН за економски и културни права, кој утврдува во чл. 1 дека "сите луѓе уживаат право на самоопределување и дека со ова право тие слободно ја определуваат својата полиитичка положба."

Признанието дека во БЈРМ државата не ги претставува интересите на сите нејзини граѓани и дека, всушност,

македонскиот систем е обликуван така да го маргинализира и да го контролира албанското население.

Референдумот за политичка и територијална автономија на Албанците во Македонија,

Бојкотот во 1991 година, на македонскиот референдум.

Документот на Карингтон (втора глава).

Признанието дека Албанците ја подржуваат стабилноста на државата Македонија, дека тие се политички свесни и организирани и дека заради тоа, тие треба да бидат признаени како субјекти способни да го остварат правото на самоопределување на одговорен начин.

Создавање систем на еднакви можности, демократија и толеранција.

Заемна одговорност за интересите, правата и судбината на другите.

Албанците и Македонците треба да дојдат до спогодба што го менува националниот систем во двонационален и мултикултурен систем, а оваа спогодба мора да се засновува на разбирање на следните прашања:

- Наследените права;
- Државотворноста, јазиците и знамињата;
- Карингтоновиот документ;
- Референдумот за политичка и територијална автономија;
- Демократизација, вклучувајќи слободни избори и пропорционален изборен систем.
- Конституирање дводомен парламент;
- Воспоставување пазарна економија;
- Прифаќање на европските стандарди на човековите права;
- Усвојување на европските стандарди и, на крајот, вклучување на БЈРМ во западните институции;
- Слободно движење на албанскиот народ, идеи и стоки насекаде низ албанските територии.

Оваа спогодба не подразбира промена на границите и не ги загрозува националните интереси на Славомакедонците. Наместо тоа, таа би послужила да се стави крај на етничката компетиција и конфликт, и оттука да се создаде стабилност во рамките на постојните граници ма БЈРМ. Доколку, од друга страна, не се постигне спогодба од овој вид, БЈРМ ќе тргне по една надолна спирала, слична на онаа на бивша Југославија. Таа не може да преживее врз база на исклучивиот етноцентризам. Таа може да преживее само ако вклучи децентрализација, различност и искрена интеракција по етничките линии врз основа на заемни интереси. Како што аргументираше Аренд Липхарт, политички филозоф од Јелскиот универзитет во својата книга Демократијата во плуралните општества, консесуалното одлучување ја нуди единствената шанса за преживување на мултиетничките социјални формации. Што и да е друго води кон конфронтрација, поларизација, кон етнички деспотизам и, на крајот, кон дезинтеграција на државата.

Октомври, 1998

Научен центар за Бугарска национална стратегија

БУГАРИЈА ВО ДВАЕСЕТ И ПРВИОТ ВЕК

Бугарска национална доктрина. Прв дел Фундамент на бугарската национална доктрина Проф. Григор Велев, одговорен редактор, проф. Ангел Г'лабов, проф. Георги Бакалов, проф. Георги Марков, и др. Софија, 1997 . Книгоиздателство "Знание" ЕООД Книгоиздателството "Знание" ЕООД и Институтот за металознаење при БАН, финансиски ја помогнаа разработката на Првиот дел на Бугарската национална доктрина.

Белешка

По 1990 година, односно по паѓањето на бившиот режим, во Бугарија се оформија повеќе т.н. национално-стратешки центри и институти, кои се фокусираа на бугарската национална стратегија. Главно се сврзани со Бугарската академија на науките (БАН), иако не официјално. Тоа се: Научниот центар за бугарската национална стратегија, Фондацијата "Манфред Вернер" во Софија, Македонскиот научен институт, Софија, списанието "Македонски преглед" и повеќе други.

Неформално, и според составот на авторските, редакциските и соработничките или спонзорските кругови, тие се бездруго цврсто поврзани со политичките центри во оваа земја како и со Бугарската академија на науките (БАН). Пренесуваме изводи од три документи: од Првиот и Вториот дел на Бугарската национална доктрина (објавени 1997 и 1998), при што од Првиот дел ја пренесуваме содржината на целиот документ и делови од дефинициите и концепцијата, како и пошироки изводи кои се однесуваат на клучните оценки за ставовите кон Македонија и Македонците; додека од Вториот се пренесува дел со оценките и стратегијата во истата насока. Се изоставуваат картите и мапите, кои, се разбира, селективно ја прикажуваат најшироко дефинираната етничка територија во различни периоди.

Третиот документ се препораки за "добрососедските односи" со РМ, објавени 2008 година во Софија, во брошурата насловена како – "Бугарската политика спрема Република Македонија," од која исто така пренесуваме само еден клучен извод.

1. СУШТИНАТА НА БУГАРСКАТА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА "БУГАРИЈА ВО 21. ВЕК"

Во времиња тешки за нацијата и за државата, никнува неопходноста од нов поглед на изворите на нашата национална историја, за да ги извлечеме поуката и мудроста. Тоа ни налага да погледнеме и кон нашите соседи, па и подалеку - кон цела Европа и светот, за да се запознаеме со нивната национална политика и со средствата со кои ги постигнуваат своите национални видувања.

Многу од тие држави им го должат успешното и трајно опстојување и реализација на своите национални интереси, на своите национални доктрини.

Националната доктрина претставува теориски заснован систем на официјално прифатени погледи и начела (принципи) за историските стремежи, перспективи и цели на нацијата, кои што го посочуваат патот на остварувањето на националниот идеал.

2. ТЕОРИСКИ ОСНОВИ (ПОИМИ И НАЧЕЛА) НА БУГАРСКАТА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА

Пред да се пристапи кон изградување на националната доктрина, неопходно е да се објаснат некои основни поими и начела, како што се:

нација;
национално сознание и идентитет;
национализам;
национално самочувство, гордост и достоинство;
национален дух;
национален идеал;
национални интереси.

Ова е важно затоа што кај нас наведените поими долго време се дискредитирани од "марксистичко-ленинистичката идеологиа". Дотолку повеќе, што оние кои користеа поими произлезени од "нација" во годините на тоталитарниот режим, во својата научна или политичка дејност, се прогласуваа за "непријатели."

Така се дојде до манипулирање и деформирање на мислењето на цели поколенија и до искривување на реалното значење и суштина на овие поими.

1. ЕТНОС, НАРОДНОСТ, НАЦИЈА

Пред да ја претставиме определбата на нацијата, неопходно е да ги изложиме определбите на етносот и народноста. Тоа се наложува, за да се избегнат терминолошките недоразбирања.

1.1. Етнос

Етносот е збирен термин за означување на секоја расна, племенска, јазична и етно-културна заедница и го претставува племенскиот (родовскиот) супстрат на нацијата. Етничкото самосознание се самоопределува низ потеклото.

1.2. Народност

Народноста е меѓусостојба, што го разграничува племето (родот) од нацијата. Народност е заедница на луѓе што не достигнала степен на национална консолидација, а е со сознание за заедничко потекло и културно наследство. Поимот "народност" е воведен од советската етнографија, за да се фиксира таа меѓусостојба. Во западната етнологија, терминот "народност" не се употребува.
Поимите "етнос" и "народност" можат да се употребуваат како синоними.

1.3. Нација

Нацијата како поим никнува во Европа во времето на Просветителството и се развива по Француската револуција. Тој

поим се формира како противтежа на клерикално-аристократскиот поредок, спротивставувајќи му го демократското единство и рамноправното општествено учество на сите граѓани. Нема друг поим кој толку точно би одговорил на претставата за слободно општество. Во различни историски периоди во него се вклучуваат различни содржини и се произведени различни определби. Во формирањето на националната идеологија на различните земји, превладуваат главно две концепции на нацијата:

етничката концепција (етно-нација);
социо-културната концепција (политичка нација).

1.3.1. Етничка нација (етно-нација)

Во основата на на етничката концепција стои "етносот" во тесната смисла на тој поим.

Познато е дека денес во светот има 200 нации, кои што во себе обединиле повеќе од 10.000 етноси. Освен тоа, во формирањето на современите нации, учествуваат претставници на речиси сите, до денес, познати многубројни племиња, етноси и раси, од кои некои веќе исчезнале. Ниту една нација во светот не може да претендира на етничка монолитност или етничка еднородност (чистост). Заради тоа, етничката концепција на нацијата треба да се разгледува како надмината етапа во историскиот развој на теоријата.

1.3.2. Социо-културна (политичка) нација

Според француските просветители, овој тип на нација претставува "општество на граѓани обединети од идеалот за општа државност".

Ова разбирање на нацијата е втемелено во основата на државното уредување на повеќето земји во светот - Франција, САД, Швајцарија, Шпанија, Италија, Велика Британија, Австрија, а на Балканот - Грција и Турција. Затоа, сите граѓани на САД и на Франција се третираат како членови на американската и соодветно, на француската нација.

2. БУГАРСКАТА НАЦИЈА

За време на османлиското ропство, врз основата на "бугарската народност" се зародува и се формира "бугарското национално самосознание". Тоа се изразува во стремежот за:

самостојна православна црква;
независна бугарска држава.

На тој начин, етничкиот (народносниот) фактор и "православната религија" одигруваат определувачка улога во формирањето на бугарската нација.

Тоа е една од причините поради кои во долг временски период етничкото потекло, етничкото самосознание и христијанската вероисповед, кај нас се разгледуваат како определувачки белези на бугарската национална припадност. Речиси сите определби на нацијата кај нас по ослободувањето вклучуваат: "роден корен", "бугарска крв", "православна христијанска вера", "бугарска вера". Во границите на бугарската држава, како нејзини граѓани, остануваат да живеат - Турци, Татари, Цигани, Евреи, Арменци, Грци, Каракачани, Гагаузи, Власи, Аромани (Куцовласи или Цинцари) и др., за кои Левски пишува во своето писмо до чорбаџи Ганчо Милјов: "какви и да се за сите еднакво ќе биде…".

Ова прашање има не само теориско туку и огромно практично значење за нашата земја.

По ослободувањето на Бугарија, за нашиот народ не се карактеристични појавите на етнички конфликт и ксенофобија. По силата на етничката концепција на нацијата, овие наши сонародници можат под определени услови да се исклучат од составот на бугарската нација.

Денес ние ја разгледуваме бугарската нација како историски создадена, опстојувачка, саморазвојна заедница, што никнала и функционира на територија која претставува единствен политички, економски, социјален и духовен простор.

Овој простор вклучува материјални и духовни вредности кои се производ на специфичната колективна самобитност на нејзините членови, независно од нивното етничко, религиозно, расно итн. потекло. Таа постојано се развива, преминувајќи во нови квалитетни состојби.

Членови на бугарската нација се сите нејзини граѓани:

независно од нивното етничко и расно потекло;
независно од класната или слоевска припадност;
независно од вероисповедта;
независно од политичките погледи;
оние кои ја признаваат Бугарија за своја земја и таткови-на;
оние кои го чуваат и им го пренесуваат на поколенијата духот на бугарската историска судбина;
оние кои го владеат бугарскиот јазик до степен да учествуваат рамноправно и еднакво во работите на нацијата;
оние кои не се стремат кон туѓ национален идентитет.
Разбирањето на нацијата како "социо-културна или политичка" заедница, стои во основата на современото бугарско државно уредување.

Во нашиот устав е јасно и категорично подвлечено дека Бугарија е еднонационална држава, што се карактеризира со етничка, религиозна и јазична разнообразност, која што придонесува за стабилноста на општеството и игра улога на силен обединувачки фактор.

Во член 167 бугарското државно знаме е наречено "национално знаме". Под тоа знаме се вредуваат сите бугарски државјани, независно од своето етничко самосознание и вероисповед.

Согласно со чл.116, "државните служители се извршители на волјата и интересите на нацијата". Во уставот се зборува за "национална сигурност", а претседателот како државен водител "го олицетворува единството на нацијата".

Овој приод не значи дека ние се откажуваме од чувањето и развивањето на нашите односи со Бугарите што живеат во

други земји, со кои што не врзуваат роднински, историски и културни врски.

Во условите на развој на интеграциските процеси во Европа, постои теориска можност нацијата да ја надживее сегашната класична форма на државата. Една држава може да биде уништена со сила, но не и нацијата. Тоа се должи на исклучителната сила на опстојување на националниот идентитет, кој:

ја подложува на сериозно преиспитување духовната енергија и генетската моќ на нацијата во тешки моменти за неа;
благотворно ги усвојува туѓите национални вредности и на тој начин го збогатува сопствениот вредносен систем;
ја раѓа националната демократија, која е најтрајна од сите форми на политичка легитимност.

2.1. Бугарското национално самосознание (идентитет)

Националното самосознание се изразува низ културниот идентитет на нацијата. Тој претставува траен систем на вредности (културни, материјални, интелектуални и емоционални), што ја карактеризираат нацијата како социо-културна заедница.

Денес, субјект на бугарскиот национален идентитет не се класата, религијата или политичката партија самите по себе, туку оној дел од нацијата, кој што во секоја етапа од нејзиниот историски развој е способен да се обедини врз извесен број темелни идеи, принципи, вредности, интереси и идеали. Нивната севкупност го определува националниот идентитет и неговата практична реализација.

2.2 Националното единство

Прашањето на националното единство е сложено. За решавање на овој проблем во различните држави во светот се користат разни политички пристапи. Најважните од нив се:

Слевање. Тоа е доброволен и временски продолжителен процес, во кој се обединуваат два или повеќе етноси и култури.

Како пример можеме да го посочиме слевањето меѓу Траките, Прабугарите и Словените, како резултат на што се образувала бугарската народност.

Интеграција. Претставува процес на национално соединување на различни етнички групи, со запазување на нивниот етнички и културен идентитет.

Тој процес цели кон:

Надминување на сите чисто етнички елементи на расцепување на нацијата;
Гарантирање еднакви права и можности на сите граѓани, независно од нивните разлики според расата, етничкото потекло, верата и јазикот.

Бугарија, по традиција, се придржува кон политиката на интеграција.

Интеграцијата придонесува за изградба на нацијата како социо-културна заедница. Тоа значи дека нејзините членови заемно се прифаќаат како сонародници кои имаат општи интереси и општ национален идентитет.

Интеграцијата го потврдува фактот дека постојните етнички, религиозни и други групи население, кај нас не се појавиле по пат на анексија на туѓи земји, туку низ населување во нашата држава и како резултат на религиозна (исламизација) и културна асимилација од османлиските поробувачи. Тие групи претставуваат неразделен дел од бугарската нација и се рамноправни граѓани на бугарската држава.

Во исто време, делови од Бугарија заедно со населението остануваат во соседните држави, како резултат на анексии по војните. Затоа, Бугарија е повикана да ги заштитува правата на своите сонародници и да вложува несмалени грижи за

сочувување и развивање на нивното бугарско сознание и култура.

Асимилација. Се засновува на идејата за примат на доминантната етничка група и нејзината култура, со цел да се постигне хомогеност во државата. Се постигнува доброволно или преку насилство врз етничките групи, со цел да се откажат од својата етничка припадност и култура.

На асимилација е подложено бугарското население во Вардарска Македонија, во Бугарското Поморавје од Србија, како и во Егејска Македонија и во Беломорска Тракија од Грција а во Источна Тракија од Турција.

Сегрегација. Во нејзината основа стои идејата за претежност на доминантната етничка група и култура кон други помали групи. Се изразува во изолирање на овие помали групи во определени реони или гета. Оваа политика и ден денес продолжува да се применува во редица држави.

2.3. Бугарската нација и прашањето на националните малцинства

Етничките групи што составуваат една нација, можат да бидат поставени во различна положба - од толерантен однос кон нив до состојба на обесправеност и потиснатост.

Кај социо-културната нација, уставно е уредено дека “сите граѓани на државата се членови на нацијата”, независно од своето етничко потекло и се еднакви пред законите на државата како и заштитени со нејзиниот устав.

Советот на Европа предлага рамковна конвенција за заштита на националните малцинства. Во неа се предвидува разработка на националното законодавство така за да се заштитат правата на човекот, вклучувајќи ги и оние на оделни национални групи. Во тој документ не е формулиран поимот “национално малцинство”. Затоа, неговите одредби даваат можност секоја држава сама да определи во своето законодавство како ќе ги заштитува правата на претставниците на други национални

групи. Конвенцијата не предвидува признавање колективни права. Таа не се остварува непосредно, туку преку националното законодавство на секоја земја.

Чл.2 од Уставот ја определува Република Бугарија како "унитарна држава", во која "не се дозволуваат автономни територијални единици".

Чл. 36 од Уставот го обезбедува правото на секој човек да го употребува својот јазик, ако бугарскиот јазик не му е мајчин, а други одредби ги обезбедуваат останатите индивидуални граѓански и човечки права.

2.4. Бугарската нација и наднационалните управувачки структури на обединета Европа

Изградувањето на обединета Европа создава претпоставки за обликување наднационални управувачки структури. Досегашниот и идниот проектиран развој на европските интеграциски процеси дава основа да се мисли дека нема да се ограничуваат правата и сопството на оделните нации, а ќе се експонираат уште посилно националното присуство и националниот идентитет како израз на единство во многуобразноста.

Советот на Европа, неговиот Комитет на министри за надворешни работи и Консултативното собрание со претставниците на парламентите на земјите членки, Комисијата за правата на човекот, Европскиот суд и другите органи на соработка, не само што не ги ограничуваат националните права на државите, туку и содејствуваат во нивното гарантирање и развој.

Бугарија е членка на Советот на Европа од 1992 година. Тоа е важен акт што ќе помогне поарно да ги заштитуваме своите национални интереси. Нашето вклучување во Европската унија и НАТО ќе ги зголеми можностите за остварување на тие интереси.

3. БУГАРСКИОТ НАЦИОНАЛИЗАМ

Национализмот до извесен степен е синоним на поимите патриотизам и родољубие. Патриотизмот е израз на љубов кон татковината, т.е. кон земјата на нашите дедовци.

Родољубието ја изразува љубовта кон родот, племето, народот, кон историската памет и традициите.

Патриотизмот и родољубието го одразуваат уште и личното и општественото поведение мотивирани и од рационалните аргументи, и од емоционалните и природните доблести на верноста и должноста, на сакањето и саможртвувањето.

Национализмот е рационална конструкција, изградена околу својата основна вредност - нацијата. Тој има белези на обединувачки поим, што му дава значително поширока смисла и содржина. Во него се вклучуваат и љубовта и посветеноста на татковината и на целата нација, со нејзиниот дух, стремежи, идеали и вредности.

Претставниците на бугарската нација се носители на нејзиниот специфичен белег - бугарскиот национализам.

Национализмот претставува активна состојба на националниот дух и сознание. Тој е израз на активната грижа за историската судбина на нацијата. Искрено е приврзан кон нејзините интереси, вредности, идеали и историски стремежи. Затоа, тој претставува активна и динамична состојба на националниот идентитет.

Има многу причини за да немаме досега јасна претстава за суштината, појавувањето, за развојот и за улогата на национализмот. Една од нив е што Бугаринот, речиси, секојпат страдал не толку од недостаток на идеи и концепции, колку од недостаток на колективна волја и подготвеност да се обедини околу една од нив.

За тоа придонесува и речиси постојаната неопходност да им се спротивставуваме на антибугаризмот и шовинизмот на некои од

нашите соседи. Нашите неадекватни реакции на нивното поведение, најмногу се израз на недостатокот на националното самочувство, што толку одамна во нас се обиде да го пробуди Отец Пајсиј.

Во период од, речиси, 50 години, поимот "национализам" кај нас беше дискредитиран. Тој намерно се изедначуваше од водачите на "пролетерската револуција," со национал-социјализмот – нацизмот - и со социјалното национално движење - фашизмот, и др.

Национализмот, како еманација на духот на секоја нација, во ниту една форма и начин не треба да се поврзува со идеологиите на национал-социјализмот и фашизмот.

Комунистичката идеологија го прогласува национализмот за "декадентна и реакционерна" буржоаска доктрина, за "изродено пројавување на националното сознание", како обид една нација да претендира на доминација над друга. Тоа кај нас доведе до создавање деформирана претстава за суштината на поимот, како и до бришење од историското помнење на неколку поколенија на вистинската смисла и суштина на национализмот. Затоа, многу млади луѓе, вклучувајќи и интелектуалци, и ден-денес се плашат да го користат, или пак ако мораат да го спомнат, му даваат само негативна смисла.

Неопходно е поимот "национализам" со средствата на науката да се исчисти од неоправданите клетви и обвинувања, како и од деформациите причинети од идеолозите на тоталитарниот режим кај нас.

Национализмот, во принцип, може во определени услови да мутира во три негативни форми:

национален екстремизам;
национал-шовинизам;
национален нихилизам...

Национален екстремизам. Тоа е појава на лошо национално воспитување, при што националната гордост преминува во

надменост и потценувачко однесување кон претставници на други етнички групи или нации. Тој стои во основата на меѓунационалното недопаѓање, ксенофобијата, конфронтацијата, а неретко се претвора во агресивно поведение, кое се исклучува од законот.

Шовинизам. Поимот шовинизам потекнува од името на францускиот новинар Шовен - наредник во армијата на Наполеон.

Тој означува неосновани претензии или заграбување територии и население, кои никојпат, ниту историски, ниту правно, ниту политички, ниту етно-културно не ѝ припаѓале на дадената нација и држава. Таков шовинизам пројавуваат нашите соседи за време на војните. Тие заграбија исконски бугарски земји, населени со Бугари (Србија - Бугарското Поморавје, Тимочка краина, Западните покраини и Вардарска Македонија; Грција - Егејска Македонија и Беломорска Тракија; Романија - Северна Добруџа; Турција - Одринска Тракија).

Никогаш бугарскиот народ и неговите државници во нашата историја не пројавувале или демонстрирале шовинизам, бидејќи Бугарија од ослободувањето до денес граничи само со свои земји и со свое население.

Нема ниту еден документ, од кој е видливо дека бугарски политичари се стремеле да завојуваат исконски земји на Србија - Шумадија или Косово, ниту на Грција - Пелопонез, Тесалија, Епир, островите Крит или Кипар, ниту пак територии на Романија или Албанија...

Национал-шовинизам. Овој поим одразува спој во пројавувањето на национал-екстремизмот и шовинизмот.

Национал-нихилизам. Тој е плод на оттуѓување и откажување од припадноста на нацијата и од нејзиниот вредносен систем. Конкретното пројавување на национален нихилизам кај нас е помирувачката позиција на некои наши државници и политичари, како и на дел од нашата интелигенција, кон денационализирањето и асимилирањето на Бугарите во

Вардарска и во Егејска Македонија, во Беломорска и во Источна Тракија од близу 80 години наваму, како и кон обидите за одродување значителни делови на бугарската нација во оделни краеви на нашата земја.

Национал-нихилизмот кај нас се раѓа како резултат:

на урнувањето на нашиот национален идеал за обединување, по Меѓусојузничката (завршена со Букурешкиот и со Цариградскиот договор) и Првата светска војна (завршена со Нејскиот договор), што предизвика национален песимизам и комплекс на "неостварливост на националниот идеал";

на ерозијата на националното сознание од, во тој период и потоа, растечките левичарски учења од комунисти, социјалдемократи и анархисти;

на интернационалното и лошото национално воспитување во времето на тоталитарниот режим кај нас;

како резултат на денационализаторската политика, каква што смислено се остварува во Вардарска и во Егејска Македонија од пред близу 84 години, и во Беломорска и во Источна Тракија од пред 77 години, кон бугарското население.

Национал-нихилизмот најчесто се појавува во две форми, крајно деструктивни за национализмот:

интернационализам;
космополитизам;

Интернационализам. Овој поим е еден од основните атрибути на марксистичката идеологија. Тој произлегува од формулата "пролетери од сите земји, обединете се", со тоа што го претпоставува единството на работничката класа во сите земји над единството на нацијата.

Пропагирањето на интернационализмот, доведе до национализам меѓу значителен дел од последните три поколенија на бугарската нација.

Космополитизам. Поимот космополитизам никнува како антипод на идејата за нацијата. Затоа се разгледува и како антипод на национализмот. Се одликува со пренебрегнување, безразличност и презир кон националните вредности, интереси и идеали. Во поширока смисла, проповеда откажување од националната држава, од културниот и од националниот идентитет.

Филозофијата на космополитизмот, може да се претстави со познатата формула – "Мојата татковина е таму каде што се чувствувам најдобро". Современа варијанта на космополитизмот е "глобализмот". Овде, моралните вредности на космополитизмот се преобразуваат во формулате "јас сум граѓанин на светот".

Правилното разбирање на поимот "нација" и "национализам" е посебно важно денес, кога се уште не се изживеани комплексите и догмите на мислење од скорешното минато...

3.1.1. Нова национална етика

Новата национална етика се изразува во толерантниот однос меѓу членовите на целата нација, независно од нивното етничко потекло, религиозни или политички погледи, занимање и општествена положба. Придонес на тоа му дава вродената чувство на толерантност на Бугарите. Тоа го исклучува непочитувачкото и која и да е друга форма на дискриминаторско однесување кон припадниците на нашата нација - Цигани, Турци, Евреи, Ерменци и др., или, пак, кон претставниците на официјално признаените религии - муслиманството, католоцизмот, протестанството и други вероисповеди. За жал, многу Бугари неосновано и навредливо ги нарекуваат своите браќа Бугари што живеат во Србија - "Срби", во Грција - "Грци", во Македонија - "Македонци", во Бесарабија - "Руси", итн.

Новата национална етика стои во основата на новото карактерно однесување на припадниците на нацијата:

- откажување од лошо поставување на членовите на бугарската нација едни кон други низ епитети, компромитирачки изрази или други средства што го навредуваат личното достоинство;

- откажување од поставување на интересите на оделни општествени групи, организации, партии или економски групации над интересите на нацијата и државата;

- демократија, засновна на рамноправност и еднаква положба пред законите на земјата, на социјална интеграција и национално соединување;

- плурализам, којшто не ги претвора различностите во конфронтација и во привилегии или барање на туѓа национална идентичност;

- национализам, кој ја изострува интеграцијата на различните општествени групи како единствено разумна форма на национално соединување;

- уважување на националните институции и на личностите што ги претставуваат;

- сеопфаќање на сите Бугари низ светот, како и на иселениците од други етнички групи, во националниот духовен простор, за да чувствуваат реална подршка во својата татковина;

- уважување на народите на нашите соседни држави, независно од спротивностите што постоеле во минатото и денес;

- недозволување мешање на други држави во внатрешните и во надворешните работи на нашата држава;

- широка интеграција во Европа, со зачувување на нашата културна самобитност, суверенитет и независност...

Националното самочувство. Тоа претставува особена, издигната состојба на националниот дух, што одразува задоволност од духовните и материјални достигнувања на нацијата – плод на

личниот и колективниот труд, на дарбата и интелектот на целата нација.

Националното самочувство на Бугарите, се определува исто така од историската и политичката судбина на Бугарија.

Историјата покажува дека Бугарија е една од најстарите држави во Европа. Бугарите имаат неспорен придонес во светската и во европската културна историја. Бугарија се третира, од светски познати историчари и културолози како една од лулките на европската цивилизација. Во Варненската некропола откриените златни ризници од четвртото илјадалетие п.н.е., докажуваат дека кај нас никнала најстарата европска златна цивилизација - постара од Критско-микенската, а современичка на Египетската.

По сила на историските околности, Бугарија станува вистинска татковина на словенската писменост, создадена од браќата Св.Св. Кирил и Методиј, и на книжевна култура, кои не наоѓаат можност за развој меѓу западните Словени и во дел од Велика Моравија. Политиката на кнез Борис и на неговите потомци - царовите Симеон и Петар, создава максимално благопријатни услови за усовршувањето на словенската книжевност, што ја претвора Бугарија во трето паралелно средиште на европската цивилизација, во истиот ред со латино-романската и со грчко-византиската култура.

Во Бугарија се зародува и се развива богомилското движење, прифатено од мнозина како рационално според суштината, и реформаторско според содржината, религиозно-филозофско учење, целејќи кон установување автентично христијанство. Рационалистичкиот елемент во неговата филозофија наоѓа следбеници и надвор од земјата. На Запад, богомилството станува познато и под името “бугри” (Бугари). Во преименувањата на бугарското богомилство, како што се - фундагиагити, бабуни, катари, патарени, албигојци, бугри и стриголници, се потврдува несомнениот бугарски придонес во формирањето на европската предренесансна култура.

Од втората половина на 9-от а до средината на 10-от век, Бугарија го доживува својот "златен век", кој што ја поставува во редот на водечките држави на христијанскиот свет. Во тој период, земји како Германија, Франција и Англија, според културните можности отстапуваат пред Бугарското царство. Во хиерархијата на пријатели и сојузници на најмоќната христијанска империја, Византија, Бугарите го заземаат почетното, прво место.

Неспорен факт е дека Србите и Русите создаваат своја самобитна книжевност со непосредното учество на старобугарските обрасци...

Тринаесет-вековната историја на Бугарија, ни дава основа да имаме високо национално самочувство и да се гордееме со тоа дека сме Бугари.

1.2.4.1. Раѓање на бугарската нација

Во 18-от и во почетокот на 19-от век, настануваат сериозни промени во социјално-економскиот, политичкиот и во културниот развој на бугарскиот народ. Никнуваат специјализирани производни реони на земјоделство во бугарските земји, во втората половина. Во реоните со силно развиено сточарство се оформуваат текстилни погони. Тие ја олеснуваат трговијата со текстилни производи во целата Османлиска империја. Редица села на падините на Стара Планина и Средна Гора се претвораат во занаетчископроизводни центри. Се засилува миграцијата на Бугарите кон градовите, со тоа што бугарскиот елемент во многу од нив станува доминантен. Тоа е една од најважните појави во животот на бугарскиот народ. Во почетокот на 19-от век, се создаваат првите мануфактурни претпријатија а подоцна и првите фабрики (текстилната фабрика на Д. Желјазков во Сливен, во 1834). Процесот на стопанско заживување го засилува и стремежот кон просвета, кој што се изразува во отворањето 1.500 училишта во цркви, манастири и во општини. Стотици младинци стекнуваат модерно образование во туѓина. Се развива културната и книжевната дејност. Се развива бугарскиот периодичен печат. Се создава бугарската

интелигенција. Се буди и политичката волја на Бугарите кои учествуваат во неколку руско-турски војни (1768-1774, 1787-1791, 1806-1812) како и во српското (1804-1813) и во грчкото (1821-1827) востание. Сето тоа сведочи дека бугарскиот народ ја осознава својата ропска положба и започнува да бара излез од неа.

Светлоносецот Паисиј Хилендарски, им ги отвора очите на нашите неосознаени сонародници со забележаната "Историја словено-бугарска" (1762). На малку страници, не само што се огледува, како во длабок извор, славното минато на Бугарите, туку се оцртуваат и патиштата за нивното национално самосознавање и ослободување. Вербата дека Бугарите "не се заборавени од Бога", се соединува со повелбата за отфрлање на политичкото и духовно потиснување на султанот и од Вселенската патријаршија, на грчките свештеници и владици, низ борбата за самостојна црква и независна држава. На тој начин "Историјата словено-бугарска" на Отец Паисиј, се јавува како манифест и го поставува принципот на една национална програма за преродба, за црковна и национална независност.

Оцртувајќи ја етничката територија на бугарскиот народ, Паисиј со патриотска страст го повикува да го чува својот род и јазик, гневно ги бичува оние што им се ругаат на татковците, разгорува чувства на приклонување кон славното минато на Бугарите, кои први од Словените создаваат своја држава.

Со делото на Паисиј Хилендарски се одбележува почетокот на бугарската национална Преродба. Започнува еден бурен и незадржлив стремеж кон просвета, стопански развој, кон црковна самостојност и кон признавање на нашето право на национален идентитет.

Националната идеја се утврдува во процесот на бурен развој на бугарското образование и просветно дело. Во летописите на бугарската Преродба, со особена сила блескаат имињата на големите просветни дејци во Мизија и во Тракија - Петар Берон, Васил Априлов, Неофит Бозвели, а во Македонија - Неофит Рилски, Марко Теодоровиќ, Јоаким Крчовски, Кирил Пејчиновиќ, Глигор Прличев, браќата Миладиновици, Јордан

Хаџиконстантинов (Џинот), Кузман Шапкарев, Рајко Жинзифов, М. Цепенков и др. Македонија се претвора во лулка на на бугарската национална преродба.

Создадениот општонароден говорен и писмен јазик ѝ дава потик на националната книжевност. Првите обрасци на новобугарската поезија се создаваат во Македонија (според зборовите на српскиот јазикословец Вук Караџиќ). Во 1861 година, браќата Миладиновци го издаваат својот зборник на "Бугарски народни песни" во Загреб. Издаваат и многу буквари, учебници и учебни помагала на современ бугарски јазик.

Во 1869 година во Браила се формира Бугарско книжевно друштво со претседател Марин Дринов. Во 1911, друштвото се преименува во Бугарска академија на науките.

1.2.4.2. Самоопределувањето - основа за формирање на бугарскиот национален идеал

Освен општ литературен, книжевен јазик, оживеани стопански врски и општења, книжарници и училишта, се создава и општобугарско национално сознание. Под името "Бугари" се определува мнозинството од христијанското словенско население во географските области Мизија, Тракија, Македонија, Добруџа, Бугарското Поморавје и Тимочко.

Во услови на тој чудесен процес на народно поединствување и стремеж за самоопределување, се раѓа бугарската нација и се оформува бугарскиот национален идеал. Макар што ја вклучува, природно, идејата за заедничко минато од средновековието, за претставата на државноста и народноста, на јазикот и културата, на гордоста со славните цареви, војсководачи и народни светци, националниот идеал е појава на новото време. Тој се раѓа под влијание на новите европски идеи - пред се на идејата за слобода на човекот и граѓанинот, за правото на нацијата на самостоен политички живот, т.е. за независност и државност.

Историските завети ги мотивираат Бугарите да гледаат едновремено во сите насоки - Добруџа, Беломорска и Одринска Тракија, Поморавјето, Вардарска и Егејска Македонија.

Тоа е така, бидејќи во овој територијален опфат живеат сонародници чија судбина е жестока и кон која ние не сме рамнодушни.

Народ без идеал не израснува до нација. Националниот идеал ги определува државните интереси.

Идеалот е постојан и неменлив. Тој може да биде развиван и осовременуван во согласност со настанатите промени во земјата и во светот. За жал, нашиот национален идеал понекогаш се подвива под притисок на политичката внатрешна и меѓународна конјунктура, за разлика од примерот на соседите. И тука не станува збор само за промена на географските насоки, туку и за изживувањето на идеалот.

(Овде се изоставени дваесетина страници од историјата на првото и второто бугарско царство, од византискиот и османлискиот период, како и преродбата, кои делови се полни со присвојување на соседните преродби, настани и личности...)

(Од Третиот дел)- 1.2.5. Третата бугарска држава

На 19 февруари (3 март) 1878 година, во Сан Стефано е потпишан претходен договор за мир. Тој го навестува создавањето независна бугарска држава, што вклучува околу 80% од нејзината етничка територија на Балканот (Види карта бр.8). Се предвидува новата држава да биде кнежевство и да има своја влада и војска.

Населението на кнежевството е пет и половина милиони Бугари кои живеат во областите Мизија, Тракија и Македонија. На тој начин се остварува идеалот- независна сопствена држава.

Санстефанскиот претходен договор, меѓутоа, не е признаен од Велика Британија, која во создавањето на Кнежевството Бугарија сомничаво гледа една “мала Русија” во срцето на

Балканот и во близина на Цариград и протоците. Франција и Италија се однесуваат студено кон бугарскиот излез на Средоземното Море. Преговорите во Лондон меѓу англискиот министер за надворешни работи Солзбери и рускиот амбасадор грофот Шувалов завршуваат на 18 мај 1878 година, со потпишување тајна конвенција, која препорачува разделување на Бугарија по сртот на Стара Планина, делба потврдена од спогодбата меѓу Велика Британија и Австро Унгарија на 25 мај. Истовремено, рускиот Главен стан, владата и императорот, се засипани со благодарници, следени со илјади потписи на Бугари од Добруџа, Мизија, од Тракија и од Македонија, кои молат да не биде распарчен целосно обединетиот народ.

Во согласност со решенијата на Берлинскиот конгрес (јуни, 1878 г) (Види карта бр.9), Санстефанска Бугарија е распарчена на пет дела:

Кнежевство Бугарија – слободна бугарска држава со територија од Тимок до Црно море и Софискиот санџак;

Источна Румелија - автономна област, под непосредна политичка власт на султанот;

Македонија и Тракија се вратени во пределите на Османлиската империја;

Бугарското Поморавје со градовите Ниш, Пирот, Лесковац и Врање се предадени на Србија.

Северна Добруџа е дадена на Романија.

Бугарскиот народ не се помирува со неправедните решенија на Берлинскиот конгрес и тргнува по патот на борба за целосно ослободување и обединување на нашата распарчена татковина.

Востановувањето на целината на “Санстефанска Бугарија” како дел од големиот национален идеал на бугарската нација - “За обединета и неделива Бугарија”, се претвора во национална заклетва.

Во 1878-1879 година, со помош на руската управа, во Кнежевството Бугарија се изградени основните институции на државата.

Уставотворното Големо народно собрание го усвојува Трновскиот устав, кој се смета за еден од најдемократските устави во Европа.

На 17 06 1879 година, на чело на Кнежевството, по препорака на рускиот император, застанува кнезот Александар Први (1879-1886).

Веднаш по објавувањето на решенијата на Берлинскиот конгрес, во трите дела на нашата разединета татковина започнува организирањето на комитети "Единство".

На 5 10 1878 година, се дига Кресненското-разловечкото востание, против решенијата на Берлинскиот конгрес. Неуспехот на востанието не ја поколебува вербата на Бугарите во идеалот за национално обединување. Во Источна Румелија започнува основањето на комитети- "Соединување".

На 6 09 1885 година, воден од комитетите "Соединение" на чело со Захари Стојанов, народот извикува "Долу Румелија! Да живее обединувањето!"

Врз основа на решението на владата на Петко Каравелов, младиот кнез Александар Први го потврдува обединувањето на татковината под неговиот скиптар (Види карта бр.9). На тој начин Големите сили се ставени пред свршен чин. Ударот против Берлинскиот договор болно одекнува во Петроград, каде што не сакаат да соработуваат со Александар Први во неговите обиди да спроведува независна политика. На руските офицери им е наредено веднаш да ја напуштат Бугарија. Така, бугарската војска останува без повисоки воени заповедници.

Додека бугарските војници ја подготвуваат одбраната на границите со Османлиската империја, на 2 ноември 1885, крал Милан и објавува војна на Бугарија, со цел да се отцепат нови

бугарски земји. За ова, тој е потикнат непосредно од Австро-Унгарија, со премолчена согласност на Русија.

Започнува Српско-бугарската војна. Во тоа време, целата бугарска војска е натрупана на југо-источната граница, за да ја предодврати можната интервенција на Турција. Бугарскиот народ станува како еден, за да ја заштити својата татковина. Нашата млада војска, предводена од капетани, го восхитува светот со своите бојни подвизи. Кај Сливница, Драгоман, Три Уши, Цариброд, Видин и Пирот, бугарската војска им нанесува сериозен удар и ги разбива српските напаѓачи. Патот кон Ниш е отворен, кога ултимативно се настојува, во името на Австро-Унгарија, Германија и Русија за неодложно запирање на воените дејства. Договорот за мир е потпишан на 19 февруари 1886 година, во Букурешт, под надзор на Големите сили, кој содржи еден единствен член - воспоставување мир, без промена на општата граница и без какво и да е финансиско обесштетување. Со поразот на упадната српска армија, се заштитува првата етапа од бугарското национално обединување. Тоа ѝ дава морална основа на бугарската нација да воскликне со националната девиза - “Обединувањето ја чини моќта”.

По Српско-бугарската војна, во Бугарија се одвиваат бурни политички настани. Русија организира детронирање на кнезот Александар Први. Бугарскиот народ е поделен на “русофили” и “русофоби”. Во тие судбоносни денови, на чело на бугарската држава застанува Стефан Стамболов. Желбата на Бугарија да води самостојна внатрешна и независна надворешна политика, доведува до влошување на односите со Русија.

Големото народно собрание без согласност на Русија го избира Фердинанд Први за кнез на Бугарија. Овој чин ги влошува уште повеќе уште повеќе односите меѓу Бугарија и Русија.

Седумте бурни години (1887-1894), на Стамболовата управа се период на бескомпромисна борба против сите кај нас што се подготвени да допуштат надворешно вмешување, што би довело до ограничување на националниот суверенитет и до независност на земјата.

За време на неговата управа, се создава законодавство што ја штити приватната сопственост и производите на бугарската индустрија, која забележува значаен напредок. Нашето селско стопанство бележи напредок. Трговијата процутува, како што се шират пазарите за извоз. Надворешни заеми се употребуваат за железничко-патна изградба и за вооружување. Бугарија постепено се претвора во европска земја, со европски главен град. Гимназии и болници никнуваат до касарните и фабриките, создавајќи претстава за една нова Бугарија. Во 1892 година, во Пловдив е отворена првата земјоделско-индустриска изложба.

Во тие тешки времиња за бугарската нација, судбината на Бугарите од Тракија и од Македонија како да останува на втор план.

Довчерашниот национал-револуционер, Стефан Стамболов, смета дека слободата на тие земји треба да се добие не со оружје, туку со просвета и со духовно обединување. Тој ја оценува огромната улога што Бугарската егзархија ја играла во зачувувањето на бугарското национално сознание во Македонија и во Тракија, со тоа што на секој начин ја подржува. Со такт и умеење, Стамболов добива берати од султанот за назначување на владици во Македонија и во Тракија.

Бугарската егзархија вклучува во Македонија седум епархии, водени од владици - Охридската, Битолската, Скопската, Дебарската, Велешката, Струмичката и Неврокопската, како и со седум заменици во - Костурската, Леринската, Воденската, Солунската, Поленинската (Кукушката), Серската и Мелничката, како и две во Беломорска Тракија - Драмската и Едренската, со над 1.300 свештеници, 1.600 цркви, 73 манастири. Бугарската држава сестрано го помага големото дело на Бугарската егзархија. Во Македонија и во Едренска Тракија, се отвораат 1.373 бугарски училишта, од кои - 13 гимназии во Солун, во Скопје, во Битола, во Сер, во Лозенград и во Едрене, со 2.266 учители и вкупно со 78.854 ученици.

Бугарската егзархија игра исклучително важна историска улога во културно-националниот развој на Бугарите во Македонија и во Тракија. Таа го подржува единството на бугарскиот народ.

Напоредно со просветната и со културната дејност на Егзархијата, се раѓа и национално-ослободителното движење во Македонија и во Едренско.

На 23 октомври 1893 година, во Солун се создаваат Бугарски македоно-одрински револуционерни комитети (БМОРК) од Дамјан Груев, Петар Попарсов, Иван Хаџиниколов, д-р Христо Татарчев и од други дејци. Творците на Организацијата си поставуваат за цел да се борат за извојување целосна политичка автономија на Македонија и на Тракија, како етапа кон обединувањето со Бугарија. Подоцна, на чело на организацијата застанува Гоце Делчев, кој изградува сеопфатна револуционерна мрежа од комитети во цела Македонија и Одринска Тракија. Во 1895 година, во Софија се создава Врховен македоно-одрински комитет (ВМОК), на чело со Трајко Китанчев, организација на бегалците од Македонија и Одринска Тракија, со истите цели и задачи. Во 1902 г, БМРОК се преименува во Тајна македоно-одринска организација (ТМОРО), а во 1905, во Внатрешна македоно-одринска револуционерна организација (ВМОРО).
На 2 август (Илинден), на 19 август (Преображение) и на 14 септември (Крстовден во Серско) 1903, ВМОРО во Македонија и во Одринска Тракија го дига - Илинденското востание. Востанието е израз на безизлезната положба на Бугарите во Македонија и во Тракија и на нивната решеност да си го дадат животот за својата слобода. Европските Големи сили, остануваат молкум, заради недостатокот единство по прашањето на македонската автономија во рамките на Берлинскиот договор (чл.23).

Бугарија не е во состојба непосредно да го помогне востанието, заради реагирањето на сите соседни земји.

Задушеното востание потикнува 50.000 злоставувани Бугари од Македонија и од Тракија да побараат спас во Бугарија.

На 22 09 1908, е објавена независноста на Бугарија од Османлиската империја. Тоа е важен политички акт на владата на Александар Малинов, во нашата национална историја. Нашата држава станува царство, се стекнува со правна еднаквост во меѓународните односи и го отфрла, наследениот од Османлиската империја, режим на капитулации кон Големите сили. Во 30-годишниот слободен живот, Третата бугарска држава покажува забележлив стопански подем. Изградена е мрежа на железници, патишта и пристаништа. Поставена е основата на бугарската индустрија. Макар што Бугарија е селско-стопанска земја, таа успева да постигне завидни стопански и финансиски успеси. Тоа создава услови за барање политичко или воено решение за остварување на националниот идеал- обединета Санстефанска Бугарија.

Бугарија не може да се впушти сама во војна, без сојузници, не само заради значителните извори на Османлиската империја, туку и заради очекуваното вмешување на другите балкански држави против неа. Тие никојпат не ќе и дозволат да посегне сама врз османлиското наследство во Европа.

Србија поставува услови да биде почитуван принципот на автономија и да се разграничат сферите на влијание во Македонија. Настанатите тешкотии се надминати со посредништво на Петербург, кој се стремел да се изгради Балкански сојуз против пенетрацијата на Германија и Австро-Унгарија кон протоците и кон Блискиот Исток. Со договорот, потпишан на 29 февруари 1912, српската влада го признава за “неспорно бугарски”, поголемиот дел од Македонија, при што само Скопскиот округ е прогласен за “спорна зона”, по што треба да се произнесе високиот арбитар, императорот Николај Втори.

Заради спорот за поседувањето на Солун, во договорот склучен со Грција на 1 мај 1912, не се определува поделбена линија.

Тоа на Грција ѝ дава предност подоцна да го стави пред свршен факт во Македонија својот сојузник зафатен со воени дејства во Тракија. Со приклучувањето на Црна Гора, завршува

изградувањето на Балканскиот сојуз, полн со противречности и со карактер на привремена коалиција.

Политичката кусогледост и недалекувидост на царот Фердинанд Први и на владата на Иван Гешов, не им дозволува да ги проценат долгорочните трагични последици за Бугарија, од склучениот Балкански пакт. Единствено Бугарската егзархија, на чело со нејзиниот главатар - егзархот Јосиф Први, го осудува овој акт со пророчки зборови, упатени кон цар Фердинанд Први - "Триесет години копав бунар со игла во Тракија и во Македонија, кого Вие со еден замав го закопавте!".

Започнува првата Балканска војна (1912-1913). Бугарскиот народ ја дочекува веста за војната со одушевување и со патриотски ентузијазам. Вербата дека со неа ќе се обедини распарчената татковина, ја мобилизира сета нација. Уште од првите денови на војната, во редовите на бугарската војска се вклучува создадениот Македонско-одрински отпор и чети на ВМРО, во состав од 70.000 луѓе.

Бугарската војска ја понесува на плеќи основната тежина на војната. За четири недели, турската армија е поразена во битките кај Лозенград, Љулебургаз, Булаир и особено кај Едрене. Ослободени се милион и половина "браќа надвор од Рила и Родопите" во Македонија и во Тракија. Во тие борби, бугарскиот војник ги покрива со непресушлива слава своите бојни знамиња и на целиот свет му докажува дека е достоен да ги брани родот и татковината.

Додека бугарската војска војува на Источно-тракискиот воен театар, сојузниците окупираат голем дел од Македонија. Прекршувајќи го договорот со Бугарија, Србија и Грција објавуваат дека територијалната поделба на Македонија треба да биде не на етничка основа, туку на основа на фактичката окупација на територииите. Тоа е основната причина за никнувањето на споровите меѓу сојузниците.

За Бугарите во Македонија, слободата запира на Вардар и Брегалница. Владите на Србија и Грција се откажуваат од своите договорни обврски. На 19 мај 1913, тие склучуваат

против-бугарски сојуз, заснован на древниот закон на завојувачите –“о кајшто стапнала војничката нога” Балканскиот сојуз е разурнат однатре. Во своето својство на арбитар, Николај Втори ги поканува четворицата министри-претседатели во Петербург, укажувајќи на неопходноста од отстапки во спорната зона. Незадоволна од голтнувањето “само” на Силистра, Романија се присоединува на против-бугарската коалиција. Високата порта со нестрпливост чека да се вмеша во новата војна на повидок и да поврати барем дел од загубеното. Соседите на Бугарија не сакаат да дозволат образување и утврдување силна држава во срцето на Балканот низ природно национално обединување.

Подложено на општо потиснување, бугарското население во Македонија испраќа жешки молби за заштита. Непрекинатото “ползење” на вероломните сојузници, според Главната команда, треба да добие поучен отпор. Цар Фердинанд заповеда, преку својот помошник, генерал Михаил Савов, “да се одговори со сите средства”. (Потврдено од Парламентарната анкетна комисија на 17 редовно Народно собрание). Во ноќта на 17 јуни 1913, бугарските војски ги напаѓаат противничките позиции во Македонија.

Долго очекуваниот повод за војна им е пренесен на Србија и Грција.

Романија извршува мобилизација и ѝ упаѓа зад грб на завојуваната бугарска армија. Турските дивизии се втурнуваат во Источна Тракија, оставена на немилост, сеејќи насекаде смрт и разурнување. Бугарија се наоѓа во фронтален обрач, сама против пет држави. Големите сили не се вмешуваат, чувајќи се од прерано вовлекување во наидувачката голема војна. Преговорите за мир во Букурешт му го потчинуваат правото на силата.

Договорите за мир што следуваат во Букурешт (28 07 1913) и во Цариград (16 09 1913), ѝ даваат на Бугарија само еден девети дел од Македонија, ѝ ја одземаат Јужна Добруџа и Источна Тракија, но и го сочувуваат излезот на Бело море преку Западна Тракија (Види карта бр.10).

Втората балканска (меѓу-сојузничка) војна, завршува со национална катастрофа. Над 250.000 бегалци од Македонија и од Одринска Тракија се прогонети од своите родни огништа во Бугарија.

Во летото 1914, избувнува Првата светска војна. Тоа силно ја издигнува политичката и воена цена на Бугарија. Таа зазема клучна положба на Полуостровот, располага со силна и извежбана армија и може да дејствува цврсто и заострено против соседите.

Компромисната дипломатија, особено руската, вложува непрекинати напори за да ја привлече Бугарија како сојузник. Ѝ се предлага веднаш да ја заземе Источна Тракија, а условно ѝ се ветува поголемиот дел од "неспорната зона" во Македонија. Царот Фердинанд и бугарската влада се убедени дека Србија и Грција, кои се територијално многукратно проширени, во Македонија нема да отстапат ниту педа земја. Таа позиција се потврдува од многубројните декларации, направени во Белград и Атина.

Германија и Австро-Унгарија кои веќе војуваат со Србија, покажуваат поголема и безусловна дарежливост кон Бугарија, во Македонија, во Поморавјето и во Тимочко. Руското отстапување од Карпатите и Висла во 1915, пропаѓањето на Дарданелската операција и позициското мирување на Западниот фронт, им стават крај на колебањата на политичките фактори во Софија.

На 24 август 1915, владата на д-р Васил Радославов потпишува договор за сојуз меѓу Бугарија и Германија. Приложената тајна спогодба го гарантира присоединувањето на спорната и беспорната зона во Македонија, на бугарското Поморавје и Тимочко. Ако Романија се определи против Централните сили, Бугарија ја добива назад Јужна Добруџа до Санстефанската граница. Ако тоа го стори и Грција, на Бугарија ѝ се предава и Југо-источна Македонија. Меѓу Бугарија и Османлиската империја се постигнува спогодба за преминување на долниот

тек на Марица, со железничката линија Одрин-Дедеагач под бугарско владеење. (Види карта бр. 11).

Бугарската војска, во која учествуваат околу 150.000 Бугари од Македонија (прославената 11-та Македонска дивизија), како и единици од дезертираните 34.000 Бугари од српската и 19.000 од грчката армија, покажува нечуени подвизи во битките за Поморавјето, за Македонија и за Добруџа.

Големата војна е изгубена. Бугарија одново е повлечена во пропаста на национално урнување. Се дигаат војнички бунтови.

На 27 09 1918, во Радомир, замјоделскиот активист Рајко Даскалов ја прогласува Бугарија за република. Востанието е задушено.

Цар Фердинанд Први е принуден да абдицира. Во текот на 25 години тој многу придонесува за успешниот развој на бугарската држава. Меѓутоа, во последните шест години, со негово непосредно учество, Бугарија е вовлечена во три војни. Тоа ја води до две национални катастрофи, што става негативен знак во билансот на
неговото царување.

На престолот доаѓа цар Борис Трети (1918-1943). Во неговите раце е оставено државното наследство - економски разорената држава и социјално раслоеното општество.

На 27 ноември 1919, мин.претседателот Александар Стамболиски го потпишува Нејскиот мировен договор (Види карта бр.12).

По силата на на овој договор:

- Србија одново ја добива Вардарска Македонија и успева да издејствува стратешка граница во однос на Бугарија. Таа дополнително ги зема Струмичко, Босилградско, Царибродско и дел од Кулско-старите пределе на Бугарија;

- Грција, освен Егејска Македонија, го зема уште и бугарскиот излез на Бело Море, меѓу реките Места и Марица;

- Романија- ја зачувува Јужна Добруџа.

Ова доведува до нов бран од 200.000 бегалци од Македонија, Тракија, од Добруџа и од Бугарското Поморавје кон Бугарија.

На Бугарија ѝ се наметнати тешки репарации. Огромните жртви и пропаѓањето на националното обединување, во душите на многу Бугари вкоренуваат сомневање во можностите за неговото остварување по воен пат.

Во 1920 година, во услови на тешка повоена криза, на власт доаѓа Земјоделскиот сојуз на чело со Александар Стамболиски.

Се спроведуваат редица реформи, но самата селска власт предизвикува сериозна затегнатост, разединување и судири во општеството. Тоа се изразува во општественото дискредитирање на чиновништвото, на претприемништвото, на активистите на национално-ослободителното движење во Македонија, Тракија, Добруџа и особено во офицерскиот слој, кој поседува голем престиж во општеството. Причината за таа околност е во откажувањето на раководството на БЗНС од бугарскиот идеал за национално обединување и од водените војни за негово остварување. Во надворешната политика, Стамболиски спроведува линија на зближување со Србија, до голем степен скршнувајќи од бугарските национални интереси.

На 9 06 1923, Воениот сојуз извршува државен преврат, поставувајќи ја на власт владата на проф. Александар Цанков. Раководните личности на Земјоделскиот сојуз емигрираат во Кралството Југославија, каде што некои од нив им се стават на располагање на југословенската и на грчката влада.

Особено место во нашата најнова историја игра Коминтерната со грубото вмешување во политичкиот живот на земјата. Главната цел ѝ е остварување на “Доктрината за светска пролетерска револуција”на Ленин и Троцки. Коминтерната ги претвора сите компартии во светот во свои сателитски секции.

Под превезот на легалните комунистички партии, таа организира саботажни и терористички акции во речиси сите европски земји. Нашата земја е една од државите што се предмет на такви дејства.

Според решение на Коминтерната, во Бугарија се испратени В. Коларов и Г. Димитров. Тие го наметнуваат, против волјата на претседателот на БКП, Димитар Благоев, становиштето за дигање вооружено востание кај нас. Мошне осиромашениот народ, разорен од долгата и исцрпувачка војна, кој не е вооружен и подготвен, турнат во анти-владин метеж - брзо и жестоко е задушен. Тоа им дава основа на управувачите да го донесат во 1924 "Законот за заштита на државата", кој ги забранува сите терористички и конспиративни партии и организации, оневозможувајќи ја нивната дејност.

На 16 04 1925, со решение на ЦК, воената организација на БКП извршува атентат во катедралата Света Недела. Во него се убиени 147, а ранети 500 души, меѓу нив и многу личности од политичката елита на Бугарија. Тоа станува повод за извршување на масовни политички убиства и предизвикува состојба на граѓанска војна во мошне разединетото општество.

Поучена од националните катастрофи, Бугарија се свртува кон обид за мирна ревизија на тешките и неправични Нејски решенија. Националната програма е поделена на минимална и максимална, приспособена на умереност и постапност.

"Мирната ревизија" бара сообразување со развојот на меѓународните односи и наоѓање процепи во противречностите меѓу Големите сили. Борбата за житницата Јужна Добруџа и излезот на Бело Море привремено го изместува македонското прашање како главен предмет на надворешно-политичките напори.

Во тоа време, во земјите окупирани од Србија и од Грција, Македонија и Тракија, започнува процес на геноцид и асимилација на бугарското население. Масовно се убива и се прогонува бугарската интелигенција - свештениците, учителите и видните личности. Народот е подложен на исклучително

национално и економско угнетување. Тоа го наметнува обновувањето на ВМРО и нејзината вооружена и културно-просветна борба против новите поробувачи со лозинката за автономија или политичка слобода на Македонија. Оваа борба минува низ два периода - од 1918-1924, на чело со Тодор Александров и од 1925-1941, на чело со Иван (Ванчо) Михајлов.

Во овој период, Коминтерната вложува исклучителни напори да го потчини на својата класна идеологија бугарското национално-ослободително движење во Вардарска и во Егејска Македонија. Таа се стреми да го претвори ВМРО во "тупаница на пролетерската револуција на Балканот". За реализирање на оваа цел, Коминтерната создава свои сателитски организации насочени против ВМРО, како ВМРО-Обединета, Македонската федеративна револуционерна организација (федералисти), користи и некои комунисти од Македонија и леви земјоделци. Со своите дејства, без оглед на нивната идеолошка основа, овие организации во тоа време им служат на интересите на Србија и на Грција во Македонија. Обидот на Коминтерната да се инфилтрира и да го преземе ВМРО преку свои агенти, предизвикува остар конфликт, кој завршува со редица убиства. Тие се случуваат меѓу активисти на ВМРО на чело со Тодор Александров и Иван Михајлов од една страна и од друга - активистите на Коминтерната во Бугарија, во Вардарска и во Егејска Македонија. Затоа едномислениците на Иван Михајлов кај нас беа најжестоко прогонувани по 9 09 1944 година.

Истовремено, Србија и Грција во својата борба со ВМРО, успеваат да заврбуваат со застрашување, некои деградирани активисти на организацијата - главно федералисти, создавајќи од нив контрачети во Македонија. Тие оставаат крвава трага во редица градови и села на Македонија.

Обидот на ВМРО да ја зачува организацијата од агентите на Коминтерната, на Србија и на Грција, доведува до братоубиствена војна, која останува неразбрана од голем дел на бугарското општество до денес.

Низ својата целокупна дејност во тој период, ВМРО успеа да го одржува будно бугарското национално сознание и идејата за ослободување на населението од Македонија и Беломорска Тракија. Во текот на две десетлетија, таа успеа да го држи отворено националното прашање пред светската јавност, заштитувајќи ја на најдостоен начин бугарската национална кауза. Не е помал и придонесот на западно-покраинските, добруџанските и тракиските Бугари, останати вон границите на татковината.

Ограбена територијално и материјално од своите соседи, разоружена и оставена без регрутна армија, Бугарија е исцрпена.

Дел од бугарската интелигенција се оддава на национална малодушност и излез во национално-нихилистички позиции. Овој период се совпаѓа со Октомвриската револуција во Русија и револуционизирање на значителни маси на населението на Германија, Унгарија и Бугарија, незадоволни од последиците на светската војна.

Во овој тежок период за Бугарија, министер-претседателот Андреј Љапчев (1926-1931) заветува дека во слободната држава треба да се сочува "јадрото на бугарската нација", зашто, "додека ја има Бугарија, ќе има и надеж за поробените Бугари". Поважно е да го сочуваш искастреното, одошто да го ризикуваш и него, "речиси за ништо".

Умереноста се наметнува и од недостатокот редовна армија, на која ќе се потпре надворешната политика за постигнување на националните идеали.

Бугарија упорно се откажува од придружување на Балканскиот пакт, склучениот на 9 02 1934, бидејќи не го признава наметнатиот повоен статус-кво.

Неуспесите на српските власти во асимилацијата на Бугарите во Вардарска Македонија за триесет години, наложува промена во нивната тактика. Пуштена е во акција доктрината "за

македонизмот” на српскиот политичар и научник Стојан Новаковиќ од 1888 година. Таа се состои од 6 основни тези:

1. Формално да се тврди дека Македонските Словени не се ниту Срби, ниту Бугари, туку одделен народ - македонски;

2. Македонскиот дијалект непрекинато да се оддалечува од бугарскиот книжевен јазик;

3. Српскиот јазик се повеќе да навлегува во македонскиот;

4. Да се користи српската азбука;

5. Да се хули делото на Бугарската егзархија како денационализаторско во Македонија;

6. Постојано да се повторува дека Македонците немаат ништо заедничко со Бугарите.

По решението на Коминтерната во 1934 година, за создавање “македонска нација”, бугарското население во Вардарска Македонија е подложено на интензивен процес на македонизација. Во тоа време, БКП спроведува кај нас линија на создавање на “добруџанска”, “македонска” и “тракиска” нации.

На 19 мај 1934, Воениот сојуз повторно се вмешува во политичкиот живот на земјата, раскината од меѓупартиските глодања и од бруталното мешање на надворешните сили во внатрешните работи на земјата. На политичката сцена излегува и политичкиот круг “Звено”, раководен од Кимон Георгиев. (Водачите на овој преврат (Кимон Георгиев и Дамјан Велчев) подоцна се искористени од Москва за остварување на превратот на 9 09 1944, за создавање Отечествено-фронтовската влада под раководство на БКП.)

Заедно со измената на Трновскиот устав и со забраната на политичките партии, тежок удар е нанесен и на национално-ослободителното движење во Македонија, на Западните покраини, на Добруџа и на Тракија, со тоа што се забранети

нивните организации, на прво место ВМРО. Со оваа антинационална постапка, оваа влада активно ги опслужува југословенските, грчките и романските интереси.

Наметнатата воена диктатура го отвара патот за авторитарно управување на цар Борис Трети, до крајот на неговиот живот.

Фашизмот никојпат не доаѓа на власт во Бугарија. Во земјата се создадени и дејствуваат малубројни организации од фашистички тип, кои, меѓутоа, секојпат се во опозиција на владите, се до 9 09 1944 година.

Бугарија е притисната во железен обрач од своите соседи. Десетлетија бугарскиот народ собира сили за лекување на раните од војните, нанесени на секое семејство и на сета држава. Дури кон крајот на триесеттите години, започнува процес на економско заживување, кој го достигнува својот врв во 1939 година.

На 7 септември 1940, врз основа на една перфектна дипломатска акција на цар Борис Трети и на неговата влада, на чело со проф. Богдан Филов, се склучува Крајовската спогодба. На Бугарија и е вратена Јужна Добруџа. (Види карта бр.13).

Со склучувањето на Тројниот пакт на 27 09 1940, тоталитарните сили си ги поделуваат сферите на влијание и завојувањето нови територии во светот. Како резултат на ова, полето за лавирање на Бугарија застрашувачки се намалува. Цар Борис одбива да ја присоедини Бугарија кон новооснованиот пакт, го отфрла предлогот на Мусолини за учество во војна против Грција и не го прифаќа советскиот предлог за склучување пакт за заемна помош.

Бугарската дипломатија вложува неуморни напори за зачувување на добитната неутралност, но наскоро и таа изгорува во пламените на светскиот пожар. Хитлер е решен по секоја цена да и помогне сојузничката Италија која трпела понижувачки порази. Затоа издава директива за преминување на 12-та армија преку бугарска територија.

Во почетокот на 1941 година изборот на Бугарија се стеснува меѓу сојузот со Германија, кој што претпоставува национално обединување, или разбивање со окупација. Надвладува неопходноста од зачувување на државата и на народот од ужасите на војната. На 1 03 1941, Бугарија му се придружува на Тројниот пакт.

Цар Борис Трети и владата на проф. Богдан Филов ја прифаќаат "формулата" за остварување на нашиот национален идеал - "Обединета Бугарија", наспроти неизвесноста на иднината. Бугарија е обединета без ниту еден војник на бугарската војска да пролее крв на бојните полиња. (Види карта бр.14).

Макар и за кратко време, Бугарија го постигнува својот идеал - "Обединета и неделлива татковина".

Пред навлегувањето на бугарските војски во Вардарска и во Егејска Македонија се случува еден исклучителен политички акт.

Бугарското население во сите населени места на Вардарска и во Егејска Македонија основа "Акциски комитети". Овие комитети претставуваат неофицијални органи на бугарската власт и се јавуваат како демонстрација на бугарското национално самоопределување. Тие остануваат во основата на официјалната, подоцна установената бугарска државна администрација.

Во новоослободените земји, нашата војска е пречекана како ослободителна - со цвеќе, венци и на раце. Тоа е природно, бидејќи во текот на две десетлетија (1918-1941), Бугарите во Македонија водеа борба за ослободување и обединување. Во Македонија се дислоцира Петтата бугарска армија, во која 70% од офицерите и 50% од војниците се родени во Македонија. Сега тие се враќаат во своите родни места, кај своите родители, браќа и сестри.

Со установувањето на официјалната бугарска власт во Македонија, бугарската држава презема, според размерите, огромно градење училишта, болници, цркви, патишта, мостови.

Прави урбанистички планови за сите градови во Македонија. Започнува изградба на железнички линии за поврзување со Бугарија. Го отвора универзитетот во Скопје. Општите инвестиции за трите години слобода во Македонија надминуваат 30% од националниот буџет на Бугарија. Сето тоа говори дека бугарската влада кон новоослободените земји во Македонија и во Тракија се однесувала како кон свои исконски земји, населени со Бугари.

По 22 06 1941 година, по директива на Коминтерната, БКП организира партизанско движење во Бугарија. Тоа е непосредно поврзано и раководено од Москва, за разлика од други ослободителни движења во Европа. Отука, движењето е повеќе "револуционерно-комунистичко". Извршуваните саботажи и терористички акции предизвикуваат остра реакција од Владата. Се формира жандармерија, која започнува анти-партизански и анти-терористички дејства. Се отвораат неколку концентрациски логори, во кои се притвораат не само активисти, туку и симпатизери на БКП.

Партизанското движење не покажува сериозно противдејство на внатрешната и на надворешната политика на Владата.

Бугарија е принудена од силите на Тројниот пакт да им објави војна на Англија и на САД. Тоа решение има фатални последици за земјата. И покрај тоа, Германија не може да го натера цар Борис да испрати наши војски на Источниот фронт против СССР.

Во 1941 година, под притисок на владата на Германија, кај нас е усвоен "Законот за заштита на нацијата". Врз основа на него, бугарските Евреи се лишуваат од граѓанските, политичките и од стопанските права. Обидот на Германија да го наметне нивното екстрадирање од Бугарија, наидува на остра реакција на бугарската општественост и на православната црква. Тие не го дозволуваат нивното екстрадирање и уништување. Со овој акт на демократизам и хуманизам, Бугарија ги заштитува своите граѓани Евреи. За жал, бугарските власти не можеа да ги заштитат Евреите во новоослободените земји, поради ултимативниот притисок на Хитлер за конечното решавање на

еврејското прашање, уште повеќе што овие земји во тој момент не беа под јурисдикција на бугарската држава.

Откажување од националниот идеал и неговата замена со идеологемот - “Изградба на социјализмот”

Во 1944 година, Црвената армија, по успешната Јаш-кишиневска операција, навлегува на балканскиот воено-оперативен театар и се придвижува кон границите на Бугарија. Наспроти, постојните дипломатски односи меѓу двете земји, СССР на 5 09 1944, ѝ објавува војна на Бугарија, а на 8 09 1944 година, Црвената армија упаѓа преку Добруџа и ја окупира целата земја.

На 9 септември 1944, се изведува воен превrат од група офицери, сврзани со политичкиот круг “Звено”, со “решавачка помош” на Црвената армија. Симната е владата на Константин Муравиев, составена од претставници на опозициските демократски сили. Создадена е влада на Отечествениот фронт на чело со Кимон Георгиев, но фактички раководена од комунистичката партија.

Бугарија ѝ објавува војна на Германија. Бугарската војска учествува во последната етапа на Втората светска војна со дејства на Балканот (го ослободува Поморавјето со Ниш, цела Вардарска и голем дел од Егејска Македонија) и Унгарија. Во битките против германската армија, Бугарија дава повеќе од 32.000 војници, убиени, ранети и исчезнати без трага. И покрај тоа, по завршувањето на Втората светска војна, Бугарија не е призната, вклучително и од СССР, за завојувана земја на големата коалиција. Таа повторно е ставена на обвинителната клупа на победените. Во времето на Париската мировна конференција, претставниците на отечествено-фронтовска Бугарија, на чело со Васил Коларов, не ги заштитуваат на достоен начин нашите национални интереси. Бугарија успева да ја сочува Јужна Добруџа, но ги губи Бугарското Поморавје, Македонија и Беломорска Тракија. Со тоа на нашиот национален идеал му е нанесен тежок удар. Бугарија повторно е во состојба на национална катастрофа.

По масовните убивања без суд и пресуди (како во 1923-1925), за приврзаниците на бившите политички режими кај нас и за активистите на ВМРО, значи за виновниците на националната катастрофа, е основан "народен суд". На обвинителната клупа, заедно со лицата што учествувале во гонењето партизани, се исправени "фашистичките" бугарски политичари како и многу дејци од културата. Тие се обвинети за "велико-бугарски шовинизам" и за соработката на Бугарија во Втората светска војна, како сојузник на нацистичка Германија. Осудени се на различни временски казни затвор, а мнозина од нив и на смрт.

Во услови на советско воено присуство, Бугарија е натерана од владејачката БКП, да се откаже од својот национален идеал, којшто е прогласен за "великобугарски и шовинистички". Националното прашање и се потчинува на класната борба и се жртвува во името на "социјалистичката револуција".

Јалтската конференција на "Тројцата големи" (февруари, 1945) ја решава поделбата на Европа, поставувајќи ја Бугарија конечно во "советската зона" на влијание. Ова решение ја определува политичката судбина на Бугарија за следните 45 години.

Во околности на политички насилства и во присуство на делови на Црвената армија, на 8 09 1946 година, се одржува референдум, со кој Бугарија е прогласена за Република.

Владата на Георги Димитров го воспоставува режимот на "народна демократија", варијанта на "пролетерската диктатура".

Се забрануваат политичките партии и организации. Се отвораат нови конц-логори, во кои се притвораат илјадници бугарски граѓани, претежно интелектуалци, несогласни со политиката на БКП.

Целата нација се поставува во услови на тотална диктатура. Најтежок е ударот врз бугарската интелигенција, врз средните и имотните слоеви од населението. Се врши национализација на

индустријата, експропријација на крупната градска сопственост, како и насилна колективизација на земјата.

Бугарскиот народ се лишува од основните човекови права – неприкосновеноста на личноста, слободата на зборот, правото на информираност и правото се да патува по светот.

Нашата држава е претворена во сателит на СССР, со ограничен суверенитет и национална независност.

Во 1945, на територијата на Вардарска Македонија, се создава Народна Република Македонија, во рамките на Југословенската федерација. Таа се создава согласно со прочуеното решение на Коминтерната од 1934, за создавање "македонска нација" и согласно со доктрината на Стојан Новаковиќ, за "македонизмот".

Таа република се изградува на антибугарска основа. Од Белград е наметнато создавање "македонски јазик", со српска азбука, туѓа на морфологијата на јазикот на македонските Бугари. Со неа се цели кон нивното оддалечување од бугарската јазична норма.

Започнува процес на грабеж и фалсификување на бугарската национална историја во оној нејзин дел, што се однесува на географската област Македонија. Истовремено со тоа , потекнува и плански процес на денационализација и македонизација на македонските Бугари - 23.000 луѓе се убиени, а околу 140.000 минуваат низ конц-логори, единствено затоа што не се откажале од бугарското самосознание.

Во исто време, во Беломорска Македонија се развиваат истите процеси на асимилација и терор над бугарското население, објавено од Грците како "елини бугарогласни (вулгарофони)", а подоцна - "елини славофони". Ова население смислено се вовлекува во Граѓанската војна во Грција, од страна на Грчката комунистичка партија, која по победата му ветува гарантирање на бугарските национални права. Билансот е трагичен. Убиени се илјадници Бугари, над 60.000 се упатуваат како емигранти низ целиот свет.

Голем дел од нив, се вклучуваат во македонските патриотски организации во САД, Канада, Австралија и Европа, каде што ја продолжуваат борбата за остварување на бугарскиот национален идеал - националното ослободување и обединување со татковината. Другиот дел е раселен низ сите социјалистички земји, најмногу во СССР.

За да се оствари решението на Сталин и Тито за Вардарска Македонија под раководство на Георги Димитров, Десеттиот пленум на ЦК на БКП, во август 1946, усвојува едно чудовишно антинационално решение - да се создаде "македонска нација", во Пиринскиот крај. Ниту една партија и ниту една влада во светската историја, не би си дозволила да натера дел од својот народ да се откаже од својата национална припадност. Во остварувањето на ова решение, илјадници патриоти во Пиринска Македонија се малтретирани и интернирани, а други исчезнуваат без трага.

Многу од нив ја претпочитаат смрта од откажувањето од бугарското име.

Низ сиот 45-годишен период на тоталитарно управување, БКП води недоследна и често мошне противречна и волунтаристичка политика по националното прашање. Национализмот се разгледува како појавување шовинизам и фашизам, а националнихилизмот, како доказ за висока комунистичка свест и интернационализам.

Создаденото културно-просветно и хуманитарно друштво "Родина" во 1937 година од Бугаро-муслимани, за кратко време успева да го поврати бугарскиот национален идентитет на околу 90.000 души, кои го примаат христијанството. Непосредно по 9 09 1944, активистите на друштвото "Родина" во Родопите се прогласени за фашисти и се репресирани. Речиси сите Бугаро-муслимани што се вратиле во бугарската нација, насила се вратени во крилото на исламот. Со овој акт повторно започнува нова кампања за одродувањето на овие Бугари.

Турското население добива специјални привилегии. Отворени се десетици турски училишта и гимназии со настава на турски јазик. Новосоздадената турска интелигенција започнува да пројавува интерес за турскиот национализам, со што ѝ создава проблеми на социјалистичката власт.

Во 1956, на чело на власта во земјата застанува Тодор Живков, кој за кусо време тоталитарниот режим кај нас го претвора во авторитарен.

Во тој период продолжува индустријализацијата на земјата и механизацијата на селското стопанство. За размерите на земјите, создадена е значителна индустрија. Целата стопанска и надворешно-економска дејност на Бугарија се одвива со СССР и со членките на СЕВ.

Се воведува бесплатно образование. Се создава атмосфера на социјална сигурност. Се отвораат редица виши училишта и културни институции. Уметноста и културната дејност му се потчинети на партискиот идеологем - "социјалистичкиот реализам".

Бугарската православна црква е лишена од можноста да ја извршува својата народно-корисна дејност, со тоа што е претворена во "декоративна институција". Активно се дејствува низ "борбениот атеизам" за нејзиното отстранување од бугарскиот духовен простор.

Заради мошне централизираниот систем на раководење со стопанството, и наметната "уравниловка", стандардот на живот останува низок. Тоа ги засегнува посебно интелектуалните слоеви на населението, а во корист на неквалификуваната "работничка класа". Цената, платена од целиот народ за изградената "материјално-техничка база на социјализмот", е мошне висока. Тоа го определува и нискиот животен стандард во сиот тоталитарен период.

Во текот на 45 години, националниот идеал се заменува со "пролетерски интернационализам", со "социјалистички

патриотизам" и со други идеологеми. За врховен идеал се прогласува "изградбата на комунизмот".

По 1961, БКП започнува нова политика по националното прашање. Се затвораат турските училишта, започнува процес на национално преосвестување на Бугарите-муслимани и на дел од Циганите. Во 80-те години, овој процес, под името "возродителен", се раширува и ги опфаќа Турците, Татарите и Циганите.

Овде е местото да се одбележи дека не само во случај на управувањето на БКП, туку и во сета 120-годишна нова историја на Бугарија, Бугаро-муслиманите се трипати покрстувани. Овие срамни страници од нашата нова историја најчесто се плод на ситнопартиски сметки и на отсуство јасна и доследна политика на нашите државници по бугарското национално прашање.

Бугарија низ сиот тоталитарен период не води своја самостојна и независна надворешна политика. Доктрината "Брежњев" на "ограничен суверенитет" не тера постојано да го усогласуваме секое надворешно-политичко прашање во Москва. Тоа се однесува и на македонско прашање, болно за бугарската нација. Плимите и осеките во политичките односи меѓу СССР и Југославија ги определуваат расположенијата на бугарските политичари во однос на Вардарска и на Егејска Македонија, респективно во однос на Југославија и Грција.

Незаинтересираноста на управувачите од времето на тоталитарниот режим за судбината на Бугарите што живеат во туѓина е уникатна. Дури во седумдесетите години, БКП започнува да ја ревидира својата политика кон "македонското прашање", но по принципот на двоен стандард. Од една страна, им се дозволува на бугарските научници-историчари да работат на проблемите на македонското прашање заради заштита на "историската вистина", а од друга, во својата надворешна политика БКП ја спроведува линијата на признавање на "македонскиот јазик" и на "македонската нација" (Види - Решение бр. 333 од 22 06 1971 на Пленум на БКП).

Со наближувањето на 1300-годишнината од основањето на бугарската држава, се повлече забраната за целосно истражување на бугарското национално прашање. Се остваруваат, значителни според своите размери, пробиви на бугарската национална историја и култура кај нас и посебно во светот. Тоа е пречекано со восхит и изненадување од странците, кои повторно го откриваат духовниот гениј на еден од најдревните европски народи.

Прославата на 1300-годишнината од бугарската држава е еден мошне енергичен и храбар обид да се обнови националниот идеал за духовно обединување на сите Бугари кај нас и во светот. Во времето на кризата во комунистичкиот систем што започна во почетокот на 80-те години ("Солидарност" во Полска, дисидентите во СССР), овој обид е запрен како резултат на силниот притисок на КПСС, во името на "социјалистичкиот интернационализам".

По 1985, во Бугарија настапува стопански застој, кој се јавува како вовед во големата стопанска криза што започнува кон крајот на 80-те години.

Бугарија во пост-тоталитарниот период

На 10 ноември 1989, беше извршен политички преврат, кој му стави крај на тоталитарното владеење во Бугарија.

Бугарската држава од тоталитарниот режим наследува 12 милијарди долари надворешен долг, неефикасно стопанство, ограничени извозни можности, силно ограничување на нашите традиционални пазари по распадот на СЕВ. Земјата е исправена пред тешка економска криза. Се јавува голема безработица. Тоа причинува повеќе од 250.000 души, претежно млади и високообразовани Бугари да емигрираат. Настанува процес на интелектуално осиромашување на нацијата.

Започнува преодот од тоталитаризам во демократија. За излегувањето од стопанската криза се наметнува спроведувањето структурна и финансиска реформа, која што

мошне доцни. Тоа многу ја влошува економската и социјалната положба во земјата.

Бугарија преживува тешка демографска криза. Таа се должи не само на емиграцијата на големи маси бугарски граѓани, но и на ниската стапка на фертилитет. Постојано влошуваниот животен стандард и недостатокот доволно средства го нарушува нормалното функционирање на здравствена заштита, на образовните и на културните институции во земјата.

Во 1991 година, Големото народно собрание го усвојува новиот устав, кој предвидува планско разградување на структурите на тоталитарната држава и поставување на основите на парламентарна република.

Во преодот кон демократија, одново се раѓа неопходноста од бугарски национален идеал. Веќе се говори, се пишува и се дејствува отворено, со грижа за судбината на Бугарите надвор од државните предели.

Денес Бугарија нема национален идеал. Не се посочени ниту најблиските национални задачи.

По 10 ноември 1989, националното прашање се сведува на заемните односи меѓу етничките заедници во земјата. На тој начин, тоа одново е насочено кон внатре. Напорите на установите, на партиите и на организациите, го носат духот на несовладливи идеолошки спротивности. Тоа уште повеќе ја продлабочува националната разединетост.

Прашањето на заздравување во слободна Бугарија станува водечко, а судбината на нашите сонародници "надвор", повторно се изместува во заднина. Со нова сила се наметнува себеоправдувачкото: "Прво да се спасиме себеси, потоа ќе ги помагаме браќата зад границата". Економската привлечност на бугарската држава е сведена на нула.

Националниот идеал се носи и предава од поколение на поколение. Во него може да се изврши промена или прекин, но посилна треба да биде прифатливоста. Ние, Бугарите, сме еден

од оние напатени народи со неостварен идеал, што ни тежи и кога не сме свесни за него. Вербата во можноста “да бидеме”, е длабоко повредена. Не е исчезнато мешањето на идеалите од времето кога во детските читанки, интернационалистите го заменуваат Вардар со Искар, без согласност на Дедо Вазов.

Според тоа, би било почесно да започнеме од самите себеси, а после да се лутиме на туѓите фалсификатори.

А сепак, немаме друг избор, освен да се надеваме дека националниот идеал не е погребан, туку е вкоренет во бугарскиот народ, зошто без него, ќе се претвориме во население што живее на определена географска широчина. Дури и името Бугарија ќе се претвори во географски поим…

4. БУГАРСКИТЕ НАЦИОНАЛНИ ИНТЕРЕСИ

Националните интереси се функција на националниот идеал. Тие претставуваат една динамичка категорија кој што може да се моделира со време. Националните интереси можат да бидат насочени кон решавање на:

- надворешно-државни проблеми;
- внатрешно-државни проблеми.

Во зависност од предметот на дејност, националните интереси можат да бидат:
- политички; економски; културни; етнодемографски; геополитички.

Националните интереси од дамнина до наши дни, ги определуваат односите меѓу државите во еден регион, или во поглобални размери - во светот. Тие стојат во основата на спротивностите што никнуваат меѓу државите, од кои некои доведуваат до војни.

Тоа е важен индикатор за тешкотиите и одговорностите што се појавуваат при определувањето на националните интереси.

Според Повелбата на ООН, стапена во сила на 24 10 1945 година, сите земји-членки на Организацијата се рамноправни и еднакви, независно од тоа дали се големи или мали според населението и територијата. Меѓутоа, во практиката големите и развиените земји ги објавуваат своите национални интереси и ги заштитуваат со сите можни средства, често далеку од своите национални граници.

Од ослободувањето на Бугарија (1878) до денес, бугарските национални интереси не се разработувани систематски, ниту во однос на нивното формулирање ниту во однос на нивното остварување.

Во научното разработување и формулирање на националните интереси, неопходно е да се води сметка за историјата на проблемот, неговата потребност во моментот и ефектите за нацијата што треба да се добијат по нивното остварување. Неопходно е да се извлече и поука, не од успесите и постигнувањата, туку главно од насобраното неповолно искуство. Историјата на Третата бугарска држава е богата со такво неповолно искуство. Во него спаѓаат оние грешки и гревови кои што ја повредувале бугарската национална кауза. Многу од тие грешки денес можат да се проценат како политички апсурди, кои во извесни историски моменти ја доведуваа бугарската држава до национална катастрофа.

Националните интереси на Бугарија треба да ги одразуваат најсуштествените и долготрајни потреби на нацијата, поставени во основата на внатрешната и надворешна политика на државата.

Во Бугарската национална доктрина неопходно е да се маркираат само стратешките национални интереси. Нивната детална разработка треба да биде предмет на “национални програми”.

Во нив треба да се претстават доволно факти и тврдења, што ќе се моделираат и ќе се користат од владата, во зависност од потребите и реалностите на дадениот момент.

Стратешките национални интереси можат да се структурираат на следниот начин:

1. На внатрешно-државен план.

1.1. Јакнење и утврдување на еднонационалната бугарска држава и претворање на бугарската нација во социо-културна (политичка) нација;
1.2. Решавање на демографскиот проблем на Бугарија;
1.3. Развој на човечкиот потенцијал во Бугарија;
1.4. Ефективно користење и развој на економските и природните ресурси на Бугарија;
1.5. Осигурување на националниот суверенитет, независност и безбедност на Бугарија;

2. На надворешно-политички план.

2.1. Бугарските национални интереси што произлегуваат од гео-стратешката положба на Бугарија;
2.1.1. На Балканот; 2.1.2. Во Европа; 2.1.3. Во светот; 2.2. Присоединување на Бугарија како рамноправен член, кон европските политички, економски и воени структури.

(Следуваат уште неколку страници во кои се назначуваат бугарските национални интереси во сферата на демографијата, образованието, човечките ресурси, безбедноста, социјалата и сл).

БУГАРСКА НАЦИОНАЛНА ДОКТРИНА. Втор дел

НАЦИОНАЛНИ СТРАТЕШКИ ПРОГРАМИ. Програма № 1

ЗАШТИТА И ДУХОВНО ОБЕДИНУВАЊЕ НА БУГАРИТЕ ВО СВЕТОТ

(Забелешка: исти - одговорен уредник, издавач, град на издавање, година - 2008)

5.1. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА БУГАРСКАТА ЕТНИЧКА ТЕРИТОРИЈА И НА ЕТНОКУЛТУРНИОТ ПРОСТОР

5.1.1. Бугарската етничка територија (земји)

Во текот на XVIII-XIX век се формира бугарската нација како единствена етничка, јазична, економска, културна и духовна заедница, востановена на територијата (карта №1):

- Мизија, вклучувајќи ја цела Добруџа и Дунавската рамнина;
- Западните бугарски земји: Тимочко, Поморавието (Ниш, Лесковац, Пирот, Врање); Западните покраини (Босилград, Цариброд, реоните западно од Видин, Кула и Трн, посочени во меѓународни дговори);
- Тракија;
- Македонија.

Границите на бугарската етничка територија се определуваат со:

√ султанскиот ферман од 1870 година за формирање независна бугарска православна црква и егзархија, кој ја определува нејзината диецеза;

√ плебисцитот во епархиите во Македонија - Скопската, Охридската, Кукушката и Солунската и, врз негова основа, нивното вклучување во диецезата на бугарската православна црква во 1872 година;

√ решението на Цариградската делегатска конференција на Големите сили и Турција во текот на 1876 година;

√ претходниот Санстефански мировен договор во 1878 година, потпишан од Русија и од Османската империја, без учество на бугарски претставници;

√ констатациите на европските патеписци, црковни дејци, дипломати, учени и воени дејци, кои бугарските земји ги посетиле во текот на XIX век. Тие на терен ги констатирале етничките граници на бугарската нација во Мизија, во Тракија и во Македонија.

Според пописите на Отоманската империја на овие територии, кон средината на XIX век, бугарската нација броела околу четири милиони души. Пред ослободувањето таа достигнала околу пет милиони души.

5.1.2. Бугарскиот етнокултурен простор

Бугарскиот етнокултурен простор ги опфаќа територииte во кои живееле или живеат Бугарите. Тие создале или создаваат јазик, религија, традиции, наука и уметност, кои го формираат бугарскиот национален вредносен систем. Овој систем зазема оп-ределенио место во развојот на човечката цивилизација.

Територијата на бугарскиот етнокултурен простор може да се подели, условно, на две зони:

* “Стариот етнокултурен простор” - територијата населена од волгско-уралските Бугари, кои ја создале Голема Бугарија;

* “Новиот етнокултурен простор” - територијата на меѓусебни влијанија на Тракијци, Словени и Бугари (карта №1). Денес таа се простира во рамките на нашата етничка територија, како и на територијата бугарските населби во светот. Траги од нашата етнокултурна територија можеме да откриеме од Татрите до Егејското Море и од Сава и средното течение на Дунав до Днепар и до Црното Море.

5.2. БУГАРИТЕ ВО СВЕТОТ – ГЕОГРАФСКА РАСПРЕДЕЛНОСТ И СОЦИЈАЛНА КАРАКТЕРИСТИКА

Голем дел од Бугарите кои живеат во земјите, соседни на нашата државна граница, немаат сознание дека живеат во туѓина, туку во земјите на своите дедовци. Ете зошто, од морална и од психолошка гледна точка, тие наши сонародници не се сметаат за Бугари во туѓина. За нив не треба да се употребува тој термин.

Во соседните балкански држави живеат и Бугари кои се потомци на наши сонародници, одамна преселени. Такви се Бугарите во романскиот и во српскиот Банат, во Молдавија, во Бесарабија, во Украина и во Русија. Нивниот национален идентитет е подложен на дебугаризација и на присилна асимилација. Дел од нив, дури и асимилирани, во изменети услови, ќе ја востановат самосвеста и својата официјална етничка припадност. Има и лица со двојна самосвест. Сето тоа ја оцртува гамата од можности за развој или за будење на бугарштината. Основното врз кое треба да се потпре националната стратешка програма е дека Бугарија е повикана сите тие луѓе максимално да ги поддржи.

Местото на живеење и квантитативната карактеристика на Бугарите надвор од државата, како и нивниот статус, имаат низа посебности за секоја посебна држава или реон.

Истражувањата на проф. Коледаров ги покажуваат следните податоци за местото на живеење и бројот на Бугарите кои живеат во светот:

Бугарите во 1878 г.	**Бугарите во 1928 г.**	**Бугарите во 1990 г.**
Вкупно……... 4 775 000	Вкупно.....6 615 000	Вкупно..... 10 505 000
Кнежеството	Бугарија 4 650 000	Бугарија 7 500 000
Бугарија 1 315 000		
Ист. Румелија 565 000		
Бугарски земји под туѓа	Бугарски земји под туѓа	Бугарски земји под туѓа
власт 2 180 000	власт 1 320 000	власт 405 000
Македонија 1 000 000	Вардарска	Зап. покраини 105 000
Одринско 500 000	Македонија 640 000	Егејс. Макед. 200 000
Албанија, Косово	Зап. покраини 75 000	Зап. Тракија 40 000
и Метохија 90 000	Егејс. Макед. 300 000	Албанија 60 000
Тимочко	Зап. Тракија 35 000	
и Моравско 150 000	Ист. Тракија 15 000	
Нишко	Јуж. Добруџа 155 000	
и Јуж.-моравско 405 000	Сев. Добруџа 70 000	
Сев. Добруџа 35 000	Албанија 30 000	
Туѓина 695 000	Туѓина 645 000	Туѓина 1 200 000
Цариград 25 000	Банат 35 000	Роман. (Банат) 40 000
Мала Азија 10 000	Бесарабија 255 000	ОНД 600 000
Влашкои Мол. 500 000	Војв. (Банат) 72 000	(Банат) 30 000
Бесарабија 70 000	Цариград 10 000	Цариград 5 000
Таврија 25 000	М. Азија 30 000	З. Европа 120 000
Херсонска г. 30 000	Унгарија 10 000	САД 140 000
Авс.-Унгарија	СССР (Таврија	Канада 130 000
(Банат) 30 000	Херсон и др.) 150 000	Ј. Америка 30 000
Грција 5 000	САД 60 000	Австралија
	Канада 40 000	и Океанија 105 000
	Аргентина 15 000	
	Австралија и др. 20 000	
	Бугари во процес на	Дехацнионализарани
	Денационализација	Бугари 2 480 000
	1 730 000	Тим. Мор.
	Нишко, Тим. Морав.	Ниш. 1 300 000
	860 000	Влашко и Мол.
	Косово и Мет.	1 100 000
	100 000	Источна Тракија
	Влашко и Мол. 770 000	и Мала Азија 80 000

Во оваа табела не се вклучени околу 3 000 000 волгско-уралски Бугари

Континенти	Број на Бугарите според официјални податоци	Бугарите во 1998 година Број на Бугарите според Центарот на буг. н.

Држави	на соодветните држави	стратегија
I. ЕВРОПА	**9 989 580**	**11 254 630**
1.Бугарија	8 000 000	8 000 000
2. Македонија	1 400 000	1 400 000
3. Југославија	26 922	над 300 000
4. Хрватска	80 000	80 000
5. Словенија	1 900	2 000
6 Босна	1 900	2 000
7 Турција	1 500	околу 100 000
1 400 000		

5. 2. 1. БУГАРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Република Македонија се создаде по распаѓањето на Југославија, во текот на 1991 година. Бугарската влада направи смел и национално-одговорен акт - прва ја призна Р. Македонија (карта № 1). Со тоа ја заштити нејзината територијална целост и државен суверенитет.

Политички реалности. Населението во Република Македонија до 1944 година, секогаш ја демонстрира својата припадност кон бугарската нација. Овој факт и е добро познат на светската научна и политичка јавност.

Во 1945 година во рамките на ФНР Југославија се создава НР Македонија, врз основа на воинствен антибугарски македонизам.

Југословенската комунистичка партија создавањето на "македонска нација" и на "македонскиот јазик" го поткрепува со решението на Коминтерната од 1934 година. Тоа дава основа за фалсификување на нашата заедничка историја, за негирање на бугарскиот карактер на јазикот, на културата, на традициите.

Владите на Р. Македонија ја продолжуваат старата југословенска политика на тотална конфронтација со Р. Бугарија. За развој на нашите меѓудржавни односи тие како претходен услов го истакнуваат признавањето на "македонскиот јазик" и на "македонската нација" воопшто, во рамките на Р. Македонија. Тие барања се претпоставка за територијални претензии кон Р. Бугарија и Р. Грција.

Политичките права на Бугарите. Во согласност со Уставот на Р Македонија, речиси целото словенско население во неа се третира како македонско. Официјални признати Бугари се само 1850 души, главно преселени од западните покраини. Словенското население е лишено од неговото исконско право на самоопределување. Секој кој отворено ќе се изјасни како Бугарин, е подложен на санкции според "Законот за заштита на македонската национална чест".

Во времето на 1913-1914 година, српските власти убија над 35 000 Бугари, а над 680 000 присилија да емигрираат во Бугарија.

По 1944 година, без судење и без пресуда се убиени повеќе од 24 000, а над 140 000 се прогонувани и испратени во логори и во затвори. Според најновите податоци, бројот на репресираните во тој период е над 300 000 Бугари. Тие се главно дејци на ВМРО и други Бугари, кое го довело населението во состојба на трајна психоза и страв. И покрај тоа, се повеќе Бугари отворено ја искажуваат својата национална припадност.

Денес во Р. Македонија живеат околу 1 400 000 граѓани со бугарски етнички корени, лишени од право на самоопределување (карта № 2). Независно од тоа, доминантниот дел од нив се сметаат за македонски Бугари, официјално задолжени да се нарекуваат и да се регистрираат како "Македонци". Како резултат на, речиси, полувековната присилна денационализаторска политика, кај последните две-три млади генерации во значителен степен им е избришана историската свест. Затоа еден дел од нив се декларираат како "Македонци" или "Југословени".

Владата и државниот апарат на Р. Македонија подигнаа вистински Берлински ѕид меѓу Р. Македонија и Р. Бугарија. Во Р. Македонија е забрането дистрибуирање бугарски книги, весници, емитување бугарски филмови и песни. Крајно е ограничена културната размена. Со тие мерки на ограничувања секаков вид духовно општење се надеваат да го совладаат т.н. Б-комплекс (бугарски комплекс), како што го нарекуваат, како и со девизата - еден народ во две држави - која се пошироко се распространува во народот.

И пократ сето тоа, се повеќе граѓани на Р. Македонија ги посетуваат своите роднини во Бугарија. Се повеќе млади се упатуваат кон средните и високите училишта кај нас. Без прекин се зголемува бројот на оние кои сакаат да добијат бугарски пасош и двојно граѓанство.

Социјалниот статус на Бугарите. Економските анализи покажуваат сериозна економска стагнација во Р. Македонија. Се спроведува работничко-менаџерска и касова приватизација. Не се вработени 44% од работоспособното население. Се развива процес на емиграција кон Америка, Канада и Австралија.

СТРАТЕГИЈАТА НА БУГАРИЈА

1. Бугарската држава, јасно и цврсто да ја докаже пред светската јавност и пред дипломатските кругови неоснованоста и невозможноста да се признае постоењето "македонски јазик" и "македонска нација", различни од бугарските.

2. Бугарската држава да спроведува политика за обезбедување и заштита на правото на македонските Бугари на самоопределување.

3. Бугарија да го покрене прашањето за целосна примена на европските норми за националните права на Бугарите во Р. Македонија - слобода на зборот, право на самоопределување, право на здружување во национални партии и организации, право на пристап до информации од бугарски извори - весници, радио – телевизија, како и од научните институции во Бугарија.

4. Да се организира и да се спроведе широка акција и кај нас и во странство за разобличување на фалсификатите на бугарската историја, јазик, традиции и на вредносниот систем. За таа цел:

√ бугарската национална телевизија да обезбеди сигнал, преку сателит или со директно транширање, кој ќе ја покрие територијата на Р. Македонија;

√ емисиите на Бугарското национално радио да ја опфатат целата територија на Р. Македонија;

√ бугарските печатени изданија да даваат решителен отпор на сите клевети и фалсификати од медиумите во Р. Македонија, како и на сите опслужувачки туѓи интереси кај нас и во туѓина;

√ државата финансиски да ги помага Македонскиот научен институт и Македонскиот меѓународен институт во Софија за систематско истражување и публикување важни документи и трудови за македонското прашање. На тој начин пред светската јавност ќе се претстават доволно докази за неоснованите претензии на раководните просрпски кругови во Македонија;

√ да се издаваат весник и списание, посветени на историјата и на животот на граѓаните во Р. Македонија со бугарски етнички корен и да се делат бесплатно.

5. Кај нас да се преземат и да се приспособат уставни и законодавни норми за постепено израмнување на правата на Бугарите од Р. Македонија со правата на бугарските граѓани.

6. Да се востановат олеснувачки услови за примање бугарско државјанство од македонски Бугари.

7. Да се обезбедат доволен број стипендии за да се задоволат желбите на сите млади од Р. Македонија за учење во Бугарија.

8. Да се работи на надминување на царината за стоки произведени во Македонија.

9. Значително да се зголеми присуството на Р. Бугарија во Р.Македонија преку инвестиции и учество во касовата приватизација.

10. Да се обезбедеди пласман на производи од Р. Македонија во Р. Бугарија, откако ќе се активира работата на бугарско-македонска трговска и индустриска комора.

11. Да се бараат патишта за ширење на научните контакти, преку обезбедување бесплатни специјализации на нивни научници и професори на бугарските универзитети и научни институти.

12. Да се развиваат културните врски на двете страни преку организирање и собири, празници, фестивали, гостување на писатели, музичари, пејачи, ансамбли и др.

13. Да се засилат спортските контакти.

14. Да се зголеми бројот на бугарски туристи во Р. Македонија, со оглед на востановените и раширените роднински врски меѓу граѓаните на Р. Македонија и Р. Бугарија.

15. Да се создадат услови за нормални односи и соработка меѓу православните цркви во Бугарија и во Македонија.

16. Да се организираат и спроведат средби и разговори меѓу интелектуалци од двете страни, посветени на различните прашања од заемен интерес.

17. Постојано да се прошируваат транспорните комуникации меѓу двете страни.

БУГАРСКАТА ПОЛИТИКА СПРЕМА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Препораки за развој на добрососедски односи по приемот на Бугарија во ЕУ и во контекст на проширување на ЕУ и НАТО во Западниот Балкан

Љубомир Иванов и др.

Фондација "Манфред Вернер", Софија, јануари 2007/јануари 2008

Оваа кратка брошура е објавена на бугарски, на македонски и на англиски јазик во јануари 2008 година, во Софија. Авторот Љубомир Иванов е виш стручен соработник на Институтот за математика и информатика на Бугарската академија на науките (БАН) и едновремено Претседател на Фондацијата "Манфред Вернер" и на Атлантскиот клуб на Бугарија. Соработници има уште 25 главно поврзани со различни институти на БАН, потоа дипломати, експерти од министерства, од Народното собрание итн. Упатена е до надлежните бугарски институции. Освен текстот, брошурата ја содржи и Заедничката декларација на премиерите на РБ и РМ, И. Костов и Љ. Георгиевски од 1999 г., како и неколку страници различни сведоштва и цитати.

1. ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ

...тешко е да му се објасни на светот зошто речиси со сите (земји околу нас) имаме проблеми, а тие немаат толку меѓусебно. (Утрински весник – Скопје, 31.12. 2007)

Како балканска земја членка на Европската Унија и НАТО, со непосредни граници со Западниот Балкан, Бугарија ја има посебната надлежност да гарантира (заедно со Грција) земјите кандидатки од регионот да ги постигнат современите европски стандарди за добрососедски односи, како и да се стави здрава и трајна основа на билатералните односи меѓу Бугарија и Република Македонија што е од интерес не само за граѓаните на Бугарија, туку и во не помал степен за граѓаните на Република

Македонија, а оттука и за балканскиот регион како модерен и просперитетен дел од обединета Европа.

Во последно време Бугарија презеде два извонредно важни зафата во таа насока, кои го обележаа крајот на една и почетокот на нова етапа во нејзините односи со Република Македонија.

Првиот чекор беа недвосмислените предупредувања кон Скопје од страна на претседателот Георги Прванов и министерот за надворешни работи Ивајло Калфин во 2006 година, дека дадениот кредит од безусловна бугарска поддршка за членство на Република Македонија во Европската Унија и НАТО веќе е исцрпен и понатаму бугарската подршка ќе биде резултат од желбата и успехот на Република Македонија да почне да применува нормална политика на добрососедство.

Вториот значаен чекор беше направен за време на посетата на претседателот Џорџ Буш на Софија во 2007 година, кога и претседателот Прванов и премиерот Станишев му обрнаа внимание на државниот главатар на САД на недобрососедската политика на Република Македонија.

По овие јасни политички пораки нагласени на највисоко ниво, потребно е да бидат конкретизирани и уточнети основните елементи на бугарската политика во однос на целиот спектар од специфични проблеми поврзани со развојот на билатералните односи меѓу Бугарија и Република Македонија во новите услови.

Овој реферат формулира некои можни почетни точки за една таква политика со предлог истите да бидат предмет на експертска анализа со доследни политички решенија и забрзана примена, а во некоја форма и предмет на отворена јавна дебата.

Основните бугарски акценти и визии во однос на повеќе прашања, поврзани со политиката на Бугарија кон Република Македонија, како и со релевантни аспекти на бугарските односи со трети земји, посебно со Грција, со Албанија, со Косово и со Србија, се формирани во разни историски моменти и соодветно

се производ на разни историски реалности заради што се и внатрешно противрешливи, а отука и го спречуваат секој можен обид за доследна и проактивна политика.

Овие акценти и визии на никој начин не ги одразуваат најновите реалности по 1 јануари 2007 година кога, покрај членството во НАТО, Бугарија е дел и од Европската Унија, додека Република Македонија уште не е. Во оваа пригода, сегашната анализа и препораките кои произлегуваат од неа, се базираат на ново разгледување и повторна оценка, барајќи во одредени аспекти и нови приоди.

Треба да констатираме дека македонската кауза се радува (наидува- ДМ) на повеќе внимание меѓу заинтересираните кругови и широката публика во Европа, Соединетите Држави и во Канада, а тоа има своето историско објаснување. Република Македонија во последните, скоро, дваесет години надградува аргументи и пиар-напори врз политиката применувана повеќе од четириесет години, за кое време бугарската држава молчеше и дефинитивно не правеше приврзаници на бугарската позиција надвор од нејзините граници. Друг фактор што го зголемува прифаќањето на аргументите на македонистичката кауза е сочувството, кое се шири во јавноста на овие земји кон малата постјугословенска република, третирана како дете, но и како жртва на победниците во Студената војна.

Но, доколку сега, во пред-присоединувачкиот период за Република Македонија, нејзините билатерални односи со Бугарија не се изградат врз коректна и здрава добрососедска основа, потоа Софија ќе располага со многу малку инструменти со кои ќе ја брани својата кауза додека можностите на Скопје ќе се зголемат. Дури и најсилните аргументи на Бугарија тогаш ќе бидат интелектуално и морално ранливи. Ако поранешното молчење и пасивност имале некакво објаснување, сега, кога условот за добрососедска политика од страна на секој кандидат за членство во НАТО и во Европската Унија е првостепенен критериум за пристап, секое наше молчење ќе се толкува и од нашите партнери во Алијансата и Европската Унија, а и во самата Република Македонија како да легитимира политики и

практики, кои ниедна земја која се почитува сама себе, не би ги примила како добрососедски.

Овој реферат ги разгледува, пред се, специфичните проблематични моменти во односите помеѓу Бугарија и Република Македонија, одбележувајќи макар и не толку потенцирано и други релевантни мерки, како што се заедничките инфраструктурни и други проекти (вклучувајчи ги тие од Европска Унија и од НАТО), бугарските инвестиции во економијата на Република Македонија, олеснувањата за добивање бугарско државјанство за лица од балканските земји со бугарско потекло и стимулирањето на нивниот пристап до бугарските високи училишта и сл., мерки кои несомнено ќе бидат погодни за решавање, но сами по себе не можат да ги решат проблемните моменти, за кои станува збор.

Овој реферат целосно е насочен кон бугарската политика спрема Република Македонија. Посебните активности и политики во однос на трети земји, кон ЕУ и кон НАТО се предлагаат само и доколку тие се суштински неопходни за постигнување на целите поврзани со Република Македонија.

1.1 Република Македонија

Македонската нација и држава се формирани во процесот на реализација и еволуција на српска политичка конструкција, објавена за првпат во 1889 година, поддржана со едно решение на Комунистичката интернационала во Москва, во 1934, и остварена помеѓу 1944 и 1991 година во делот на историско-географскиот регион Македонија (околу 36% од нејзината вкупна територија), познат како Вардарска Македонија, вклучен во територијата на Југославија и управуван од Комунистичката партија на Југославија. Оваа идеја прокламира дека бугарското население на Македонија, кое живеело во тие земји од VII век, нема ништо заедничко со бугарската држава и со бугарската нација, тврдење што противречи на историската вистина потврдена доминантно во светската наука.

Македонистичката доктрина беше наметната во Вардарска Македонија со специфичките методи и средства на една

тоталитарна комунистичка држава: терор и репресии врз луѓето кои се сметале Бугари (30.000 стрелани и 120.000 испраќани во логори и затвори); препишување на историјата преку образованието и медиумите; фалсификување автентични документарни свидетелства и артефакти, и преправање на историските споменици (натписи врз цркви, манастири и гробови и сл.).

Слични активности во една или во друга форма постојат и денес во современата македонска државност. Причина за тоа е изборот за понатамошниот развој на новоформираната македонска нација кој беше направен во услови на новата независна држава Република Македонија во почетокот на 90-те години на минатиот век. Едната можност (и денес актуелна) беше да се препознаат објективните параметри на овој развој, такви какви што се: самостојна државност во рамките и границите на Република Македонија (заедничка држава на етнички Македонци и Албанци); промени во етничката самосвест на голем дел од населението на Вардарска Македонија по 1944 година; многувековен историски развој на населението во денешните земји на Република Македонија како составен дел од бугарската народност; сочуваната бугарска етничка припадност на одреден дел од граѓаните на Република Македонија. Другата можност, за жал преферирана од политичката елита на новата држава, беше српско-југословенскиот проект, применуван без измени, секогаш врз антибугарска основа, веќе во поразлична средина и делумно со нови протагонисти и носители.

Со други зборови, во услови на независност, утврдувањето посебна македонска нација продолжи не врз база на признавање и прифаќање на стварното историско минато на населението на Вардарска Македонија, туку врз претходната база на фалсификување на тоа минато и проектирање процеси, поврзани со одредена територија и одреден период (Вардарска Македонија во рамките на Југославија, 1944-1991 година) во други територии и други времиња. Доколку историјата на населението на Република Македонија има нешто заедничко со соседните земји, овој проект на препишувањето на историјата (назад до преродбата, средните векови, па дури до антиката) со

цел да се приспособи историската национална идентичност на населението на Република Македонија на денешната, директно ја погодува и, всушност, се обидува во некој степен да ја предефинира историската, а оттаму и современата национална идентичност на соседните народи и најмногу бугарската - нешто што нормално тие народи го сметаат за категорично неприфатливо.

Нова, важна околност во продолжение на стариот проект е дека неговите носители и промотори денес се не само политички и други средини кои се идејно-политички и биографски поврзани со бившата ју-номенклатура, туку се и нивните идејни опоненти, вклучувајќи ги и тие, кои биле репресирани како Бугари или бугарофили во минатото.

Самото име "Република Македонија", подоцна, поради недоброседската политика на Скопје, создаде проблеми во употреба на името "Македонија" за другите позначајни делови на географскиот регион со исто име - Бугарска (Пиринска) и Грчка (Егејска) Македонија.

Во таа смисла, дадениот почетен кредит на доверба со безусловно признавање на новата независна држава во 1992 година од Бугарија беше инвестиција во корист на добрите односи меѓу двете земји, која, за жал, не наиде на реципроцитет. Во перспективата на изминатото време тогашното признавање без обврзување на новата држава со јасни стандарди за добрососедска политика, како да го поттикна продолжувањето на старата југомакедонска политика, наместо да ги стави билатералните односи на нова основа.

Овие односи денес во значаен степен се неискрени (скопски претставници зборуваат едно за време на посетите во Софија, а друго дома или пред трети страни), а имајќи го предвид значителното разминување меѓу јавното мислење во Бугарија и во Република Македонија, постои потенцијал за идно влошување, за кое не би требало да има место меѓу две европски земји, уште помалку помеѓу две (во перспектива) членки на ЕУ.

Затоа, со оглед на евентуалната покана за членство во НАТО во претстојниот преговарачки процес за присоединување на Република Македонија кон Европската Унија, Бугарија не може да не го побара следново − директно, и/или со користење на можностите, предлагани од технологијата на процесот на присо-единување, како и од бугарскиот статус на полноправен член:

1.1.1. Стриктно применување од страна на Република Македонија на заедничката Декларација од 22 февруари 1999 година, која ги истакнува фундаменталните принципи на добрососедските односи меѓу двете земји, со регистрирање и отворено посочување на сите констатирани прекршоци на Декларацијата. Строгиот мониторинг за нејзиното применување треба да стане составен дел од оценките на Бугарија и ЕУ за напредокот на Република Македонија во постигнувањето на задолжителните услови и стандарди (вклучително условот за водење политика на добрососедство) за членство во ЕУ и слично за НАТО.

Истакнувањето на проблемите поврзани со примената на Декларацијата од 1999 година во ЕУ, е поврзано со фактот дека нејзиното неисполнување предизвикува сериозни проблеми во билатералните односи, кои е недопустливо да постојат по членството на Република Македонија во ЕУ.

Во самото решение, кое препорачува почнување на преговорачкиот процес за присоединување на Република Македонија кон ЕУ треба, на барање на Бугарија, да биде ставено задолжението на Скопје стриктно да ја исполнува Декларацијата од 1999 година.

Во процесот на преговорите Бугарија да ја запознае Европската Комисија со својата оценка за исполнувањето на Декларацијата, а доказите за нејзиното неисполнување во целина да бидат содржани во годишните извештаи на Европската Комисија за напредокот на Република Македонија во областа на исполнувањето на критериумите за членство, за да не се отвораат и/или затвораат преговарачки глави без да бидат исполнети соодветните услови.

Оценките треба да се однесуваат единствено на реалните активности на Република Македонија, а не на објавени добри намери (вината за неисполнување на такви намери им се припишува на "старите сили", "српското влијание" итн. Се разбира, би било наивно да се мисли дека дури декларативните добри намери се нешто друго освен коњунктурен однос, сметан за потребен единствено до присоединувањето кон ЕУ и НАТО).

1.1.2. Престанок на малтретирањето на граѓаните на Република Македонија, кои се самоидентификуваат како Бугари. Ова малтретирање вклучува: часови сослушувања во полицијата на граѓани на Република Македонија без да се сторители на какви било прекршоци, освен дека некаде се објавиле за Бугари; отпуштање од работа; притисок врз јавни организации на Бугари и сл.

1.1.3. Рамноправност на Бугарите во Република Македонија (сите, кои јасно се самоидентификуваат како такви) со останатите етноси во склад со локалното национално законодавство, кое предвидува нивно набројување во преамбулата на Уставот на земјата; покрај наброените Албанци, Турци, Власи и Роми, и потоа додадените Срби и Бошњаци треба да најдат место и Бугарите, независно од нивниот број, официјално деклариран во Република Македонија.

Во таа смисла, битно е да се разгледа тезата дека денешните етнички Македонци (не-Бугари) и етничките Бугари во Република Македонија се "исти", дека меѓу нив нема разлика; и нејзината сосема спротивна смисла: едни да подразбираат дека сите се Македонци (не-Бугари), додека другите да имаат предвид дека сите се Бугари (или според некои, најмалку во процес на "ребугаризација").

И двете толкувања на оваа теза се неприфатливи доколку грубо се нарушува основниот принцип на етничкото самоопределување: секој сам се определува што е, што значи други да не определуваат наместо него, но и тој да не определува за друг. Бугарија мора строго да го исполнува овој принцип и на никој начин да не предизвикува толкувања што го

нарушуваат. Штом има Македонци кои се самоопределуваат како не-Бугари (се разбира дека тука станува збор само за потомци на македонски Бугари, не за Албанци, Власи, Турци и за другите етнички групи во Вардарска Македонија), не може друг да тврди дека Македонците и Бугарите се исто. Штом има Македонци кои се самоопределуваат како Бугари, не може друг да тврди дека Македонци е рамно на не-Бугари.

(Такви ставови е нормално да постојат во рамките на етничката самоидентификација на одделни лица, во рамките на слободата на граѓаните и невладините средини, но немаат место во државната позиција).

И двете толкувања не одговараат на современите реалности штом мнозинството од потомците на македонските Бугари во Република Македонија денес се самоидентификуваат како етнички Македонци (не-Бугари), како резултат од настанати промени во последниве шеесет години, од една страна, а од друга, факт е дека дел од населението ја чува својата бугарска етничка припадност. Јасно е дека првите и вторите нема начин да бидат едно исто, затоа што се разликуваат по својата етничка самоидентификација. Со други зборови, оваа теза е фактички невистинска. А доколку соодност меѓу двете заедници е видливо во корист на првата, одрекувањето на постојната разлика означува присоединување кон каузата на антибугарскиот македонизам и влијае, пред се, на штета на Бугарите.

Затоа, задолжително е, и совршено нормално, согласно современите европски стандарди, етничките Бугари во Република Македонија да не бидат ставени во нерамноправна положба во споредба со другите етноси.

Таквата грижа од страна на Бугарија кон Бугарите, државјани на Република Македонија, е во склад со Декларацијата од 1999 година. Вреди да се одбележи дека во овој важен аспект Декларацијата суштински е асиметрична и ги исклучува активностите на Скопје во заштита на статусот на лица во Бугарија кои не се државјани на Република Македонија.

Што се однесува до евентуалниот број на бугарското малцинство во Република Македонија и стравот дека неговото официјално признавање би го покажало неговиот мал број, бугарската политика треба да се базира на реалностите такви какви што се. Нашиот досегашен однос на одбегнување на прашањето за признавањето на бугарското малцинство дозволува две можни толкувања.

Едното е дека наспроти зголемениот број лица, кои добиле бугарско државјанство, таму практично нема такво малцинство, а станува збор за некакви "криптобугари" чиј број ќе се намалува со смената на генерациите. Другата се базира на претставата дека Бугари во Република Македонија има, дека тие се повеќе од малцинство; дека таму се одвива, наводно, сеопфатен процес на "ребугаризација" кој во непосредна иднина ќе ги врати вардарците на патот на историскиот континуитет, карактеристичен за соседна Пиринска Македонија. Очигледно, овие две оценки имаат различни насоки, се базираат на прифаќањето одделни случаи како општи, а не врз објективни репрезентативни податоци за процесите, и во секој случај со нивното визирање на некакви претпоставени идни реалности не се придонесува за реализмот на актуелната политика.

Неоправдан е стравот дека признавањето на бугарското малцинство би го "капсулирало" одделно од помногубројната категорија жители (можеби двесте илјади според некои условни експертски проценки) на Република Македонија кои имаат дуалистичка етничка самосвест на Македонци и Бугари истовремено.

Истакнатите Бугари во Република Македонија повеќе пати изјавувале дека чувствуваат потреба од покатегорична и активна поддршка од страна на Бугарија. Несомнено важен елемент од таква поддршка би била грижата за бугарското малцинство, чие признавање, позабележливо присуство и активност, и во крајна мера самоувереност, би го зајакнало, а не ослабело и бугарското кај оние, кои се самоопределуваат истовремено како Бугари и како Македонци. (За споредба, вреди да се одбележи дека тие што се самоидентификуваат како

етнички Македонци, не-Бугари, во Бугарија, не се плашат од никакво "капсулирање" во своето одграничување од Бугарите, и нивната кауза е добро претставена и популаризирана пред меѓународната заедница.)

1.1.4. Коригирање на учебниците по историја кои целосно ја фалсификуваат историјата и содржат навредливи квалификации за бугарската држава и нација, кои граничат со отворен расизам.

На бугарско барање, во учебниците, официјално одобрени од надлежните органи на Република Македонија изрично да биде истакната бугарската народносна припадност (утврдена од светската историска наука) на истакнати фигури од нашата општа историја како Св. Климент Охридски, Цар Самуил, браќата Миладиновци, Гоце Делчев.

Образовниот систем (од основното училиште до универзитетот) е основен инструмент за создавање силни и масовни антибугарски ставови меѓу населението на Република Македонија (убедувањето дека Бугарија е окупатор, асимилатор, разделител на македонскиот етнос), ставови на кои политиката на Република Македонија останува постојан заложник независно од политичките промени и смени на власта.

Битно е да се подвлече дека отстранувањето на фалсификатите од учебниците и престанувањето на антибугарската медиумска пропаганда не би ја лишило Република Македонија од темелите за нејзиното постоење. Државата мора да продолжи да постои врз основа на денешните реалности без да ги проектира ретроспективно за изградување на некое неостварено минато, да постои признавајќи ги бугарските историски реалности. Точно така како што Бугарија може да ги признава денешните реалности без да го пренесува минатото во сегашноста.

1.1.5. Возобновување на уништените или фалсификувани натписи во цркви, манастири, икони, фрески, чешми, мостови и сл., во склад со постоечките меѓународни стандарди во таа област.

1.1.6. Помош за возобновувањето, односно отстранувањето на пречките за возобновување на 471 бугарски воени гробишта - едно особено болно прашање за Бугарија.

1.2. Албанија и Косово

1.3. Грција

(Овде следуваат две и половина страници текст, кој се однесува на наводното постоење на бугарско малцинство во Албанија, на Косово и донекаде во Грција, при што се апелира (без оглед на нивниот број) на признавање, позиционирање според стандардите на ЕУ и активирање на бугарската политика преку образование, помош, стипендии итн; интересно е што се смета дека благодарение на нивното историско памтење Грците - исто како и Албанците - биле свесни за бугарскиот етнички карактер на Вардарска Македонија во минатото и за неговата еволуција во последните децении.)

2. ПЛАН ЗА ДЕЈСТВУВАЊЕ

2.1. Рамка

Практичната реализација на новата бугарска политика во однос на Република Македонија бара разработување и прифаќање план за дејство со јасно дефинирана рамка, која треба да опфати:

2.1.1 Инструменти за применување на бугарската политика (институции - министерства, државни агенции, општини, амбасади, исто како и научни установи, лобисти, политичари и др.);

2.1.2. Конкретни чекори кои ќе бидат преземени за достигнување на поставените цели;

2.1.3. Форма под која бугарските државници и политичари би требало јавно да ги изложуваат штетите што произлегуваат од политиката на Република Македонија, а во текот на своите

тамошни посети или на меѓународни форуми да ги повторуваат барањата на Бугарија за одржување на добрососедски односи;

2.1.4. Неопходен политички и финансиски ресурси, кои ќе треба да се инвестираат за лобирање на меѓународната подршка и за спроведување отворена и активна кампања спроти негативната пропаганда во Република Македонија.

2.1.5. Издвојување на приоритетните цели во согласност со ресурсите неопходни за нивно постигнување и нивното значење за промена на негативните ставови присутни меѓу повеќе граѓани на Република Македонија.

2.2. Дејности

Предложените основни елементи на бугарската политика спрема Република Македонија дефинираат едно битно преосмислување на целиот спектар на бугарските надворешно-политички односи, при што проблематиката "Бугарија - Република Македонија" да го има предвид значењето на овој нацрт:

2.2.1. На прво место, неопходна е солидна внатрешно-бугарска подготовка на еден пакет од историски, културни, политички, географски, етнографски, економски и други аргументи во корист на горенаведените тези, пакет кој би станал база за надворешнополитичката позиција на земјата. За оваа цел постојат искуства и од пред 1989 година, и од поново време. Пакетот, главно, да го нагласува позитивниот однос кон Република Македонија, да се потпира на разбирањето дека една млада држава има перспектива за развој врз основа на конструктивни активности и достигнувања по своето создавање, без да бара поткрепа во некакво измислено минато.

2.2.2. Овој бугарски пакет треба да биде добро балансиран со конзистентната политика на Атина за заштита на грчките интереси од недобрососедската политика на Република Македонија, така што општото применување да биде кооперативно спрема Скопје, а по можност - кумулативно и координирано. По однос на Грција треба да се истакне долгиот

и тежок бугарски период на транзиција при која националниот политички ресурс беше приоритетно ориентиран кон постигнување целосно членство на земјата во НАТО и во ЕУ, како причина на досегашната бугарска пасивност кон недобрососедската политика на Република Македонија. Не е неопходно да се бара некаква посебна база за соработка со Грција освен регионалната одговорност на двете земји како членки на ЕУ и НАТО и примената на европските стандарди кон Скопје. Сепак, ако во даден момент се случи грчките претензии кон Скопје да се противречни со европските стандарди, Бугарија да ја поткрепи позицијата на Република Македонија со што да се покаже дека бугарската позиција кон Република Македонија е принципиелна и силна. Не треба меѓународната јавност, а и јавноста во трите земји, да останат со впечаток дека бугарскиот надворешнополитички инструментариум по однос на Република Македонија е реплика, имитација на грчкиот.

2.2.3. Шеснаесет години после признавањето на суверенитетот на Република Македонија веќе е време конечно да се надживее патерналистичкото третирање на помалата соседна држава, како и да се потврди категоричната позиција на Бугарија дека не се можни територијални претензии од страна на Софија, која е член на НАТО и на ЕУ.

2.2.4. Клучната дипломатска концепција треба да биде интегрирањето на Западниот Балкан во ЕУ и во НАТО како повод за приопштувањето на Бугарите од Република Македонија, од Србија, Албанија и од Косово кон бугарската нација, со достигање на бараниот стандард за национални и етнички малцинства во рамките на ЕУ.

2.2.5. Новата бугарска активност треба претходно да биде подготвена врз основа на критичка анализа на Декларацијата од 1999 година и нејзината примена, со образложение, за нас самите, на една целосна концепција за иднината на нашите односи со народот и со државата Република Македонија, сето тоа гледано преку очекувањата за коректни и позитивни односи со Република Македонија како идна членка на НАТО и на ЕУ. Ова наметнува целосно и спокојно координирање на бугарските

позиции со САД и со другите сојузници од НАТО и од ЕУ, започнувајќи од најважните меѓу нив, а потоа по позитивните реакции - и со поспецијалните случаи какви што се Грција и другите релевантни балкански земји: Романија, Кипар, Словенија и Турција. Соодветно внимание треба да им се обрне на земјите како Полска, Словачка и Чешка (а донекаде и Русија), чии политичари и научници им давале некаква подршка на југословенските разбирања за македонското прашање. Конечно, неопходно е разработувањето специфичен приод за секоја држава со која имаме дипломатски односи за нејзиното привлекување кон бугарската теза.

2.2.6. Неопходно е максимално широко популаризирање на нашата верзија во европскиот медиумски простор, вклучително со користење примери познати за просечниот граѓанин на ЕУ, како Германија и Австрија, или Романија и Молдавија, каде изградувањето нови нации врз база на самостојно државно постоење не е придружено со негативизам од македонски тип.

2.2.7. Неопходен е постојан притисок по конкретни поводи во меѓународните правобранителски институции, вклучително преку невладини организации, кои се ангажирани со прашањето.

2.2.8. Детално "досие" треба да ги опише долгогодишните опструкциски дејства на Скопје, кои го спречуваат развојот на конструктивните врски и покрај добронамерноста на Бугарија.

2.2.9. Посебно да се истакнат и конкретните дејства и настани, кои ја поттикнале Бугарија да ја активира својата критичка позиција спрема Република Македонија.

2.2.10. Добро е да се разјаснат и врските на истакнати претставници на елитата на Република Македонија, кои работат за влошување на односите со Бугарија, кои оддржуваат контакти и врски со специјалните служби на Милошевиќ од блиското минато, како и со антидемократските кругови во Србија денес.

2.2.11. Како земја донор за милениумските цели за равојот на ООН, Бугарија реши да сосредоточи одредени напори и ресурси во неколку приоритени земји бенефициенти, меѓу кои е вклучена и Република Македонија. Во рамките на оваа помош (за која ќе се оддели 0,17% од бруто домашниот производ во 2010 до 0,33% до 2015), Бугарија да разработи посебна програма со која да ѝ даде на Република Македонија корисно искуство, потпомагање и партнерство во реформите и евроатлантската интеграција. Дотолку повеќе дека граѓанскиот сектор во земјата, локалната власт, администрацијата и бизнисот натрупаа уникатно искуство во подготовката за присоединување кон ЕУ, искуство кое е апсолутно релевантно за условите и за почетната положба и позиција на земја како Република Македонија (и некои други земји од Западниот Балкан). Една ваква помош е стратешка инвестиција за добрососедските односи и неразбирлив би бил пропустот да се остави тоа на други.

2.2.12. Во рамките на општата практика за издавање визи на ЕУ да се откријат сите можни олеснувања за пристап во Бугарија на граѓаните на Република Македонија, при што бугарскиот визен режим за нив како минимум да биде не помалку либерален од грчкиот. Олеснување на прекуграничните врски и соработка со отворање повеќе гранични премини.

2.2.13. Да се создадат услови за зачувување и проширување на опсегот за школување студенти од Република Македонија во бугарски колеџи и универзитети; да се создадат соодветни форми за оддржување натамошни контакти со нив, како природно бугарско лоби во нивната земја, и како пожелни потенцијални учесници во се попривлечниот бугарски пазар на трудот.

2.2.14. Да се изгради административен капацитет за полесно и забрзано добивање бугарско државјанство, а времетраењето на процедурата да се скуси од години на месеци. Бугарија е на прагот на нова етапа од својот социјално-економски и демографски развој, чија битна карактеристика ќе биде масовната имиграција во земјата, предизвикана од потребите на бугарскиот бизнис – спонтана или управувана преку

проактивна политика на привлекување и интеграција на имигрантите. Бугарските државјани во Република Македонија се битен природен ресурс во тој поглед. И, се разбира, бугарското државјанство на веќе значителен и зголемен број жители на Република Македонија гарантира врз сите меѓународно-правни основи, Бугарија да интервенира и да се грижи за нивните права и интереси.

2.2.15. Да се активира дејноста на Бугарскиот културноинформативен центар во Скопје за популаризирање на бугарската култура и политика во Република Македонија, со инвестирање на неопходните ресурси. Да се создадат бугарски културно-информативни центри во Тирана и во Приштина.

2.2.16. Да се поттикне бугарскиот невладин сектор и бизнисот да бидат партнери на жители на Република Македонија во нивните локални иницијативи за бугарска културно-просветна дејност (создавање бугарски читалишта, клубови и др.) во различни населени места на соседната земја.

2.2.17. Поткрепа на истакнати културни, политички и медиумски лидери на бугарската заедница во Република Македонија, потпомагање на популаризирањето на нивното дело и во двете земји.

2.2.18. Да се побара помошта на Бугарската православна црква, во духот на нејзините историски традиции и можности, за придонес во зближувањето на двата народа.

2.2.19. Нема сомневање дека во последните години еден од најсериозните предизвици во нашите меѓусоседски односи е прашањето за регистрација на ОМО Илинден. И Скопје и правобранителски организации како Хелсиншкиот комитет ја ставија оваа тема во меѓународен контекст, од кое Бугарија нема корист. Нерегистрацијата на ОМО Илинден ќе станува се потешко одбранлива теза, посебно после евентуелното членство на Република Македонија во НАТО, а уште повеќе во ЕУ. Се разбира, причината е, пред се, правна, но бугарската позиција и бугарската кауза несомнено би биле посилни ако се најде побрзо решение за овој проблем.

2.2.20. Независно каква политика спроведуваат владите на Бугарија и на Република Македонија, и во двете земји имало и ќе има слободни интелектуалци, медиуми и граѓански групи, кои заштитуваат идеи кои немаат ништо општо со добрососедството.

Овие локални фактори ја имаат способноста да влијаат врз јавното мислење, да формираат ставови кон соседот, а понекогаш да применуваат и политичко влијание. Силата на најкрајните меѓу нив е во тоа што во национален контекст тие обично немаат опонент. Нивните идеи се монологични, нема дијалог, полемика, судир на факти, аргументи и интерпретации. Најлошото во оваа ситуација е дека широката јавност во Бугарија и во Република Македонија не ги познава причините, историјата и аргументите на другата страна. Со оглед на една отвореност, добронамерност и подобро запознавање на другиот, бугарската страна да иницира одржување јавни форуми и дебати во Бугарија и во Република нија, со широк одглас во медиумите, по сите спорни културно-историски теми.

За да ја изгради својата политика спрема Република Македонија на нивото на денешните предизвици – а би било национална неодговорност да се пропушти сегашната историска можност – неопходна е соодветна добра подготовка на бугарската јавност, на медиумите и на официјалните институции, со цел да се обезбедат поволните услови за успех.

Испратено до надлежните бугарски институции на 24 јануари 2008 година

МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ. ПРЕГЛЕД НА ОБИДИТЕ ЗА СОЗДАВАЊЕ ВЕШТАЧКА НАЦИЈА

9 февруари 1993

ПУБЛИ ФАКС ООН, ЊУЈОРК

На насловната страница:
Пара од регионот Амфиполис, I век пред н.е.
Објавено во Атина, Грција, од ИНСТИТУТОТ ЗА МЕЃУНАРОДНИ ПОЛИТИЧКИ И СТРАТЕШКИ СТУДИИ
Икета и Толемеу
11 104 42 Атина, Грција

Белешка

Брошурава е превод на текстот што во февруари 1993 година - токму во времето кога во ООН во Њујорк се водеа разговори за приемот на Македонија во светската организација, и откако Европската заедница не успеа да го надмине противењето на Грција за името на државата - беше циркулиран во седиштето на ООН. За да се изјаснат фактите и да се избегнат слични обиди, Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ), истата година даде одговор на оваа брошура со значително подолг и документиран текст – "Македонија и нејзините односи со Грција", Скопје, 1993. На ова пак, следната година одговорија Спиридон Сфетас и Кирijакос Кентротис од солунскиот Институт за балкански студии. Во основа тие ја следат содржината на ова брошура, со тоа што даваат повеќе извори или аргументи. Од нивниот одговор, ќе ги пренесеме последните 15 страници во кои се одговара на главите 13, 14 и 15 од студијата на МАНУ.

ВОВЕД

“МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ” ДЕНЕС

“Македонското прашање” може да се разбере само ако се разгледува во неговиот историски развој. Развој поврзан со настаните во регионот воопшто, којшто овозможува подобро да се сфатат големите опасности што би ги создало, во една зона која уште еднаш ја заслужува дефиницијата - “балканско буре барут”, признавањето на држава која што го носи името “Македонија” од страна на меѓународната заедница.

Користејќи географско име (Македонија), скопските експанзионисти отсекогаш се стремеле да ѝ дадат национално прифаќање со цел на тој начин да определат една словенска нација. Тоа исто така значи обид грчкиот народ да се лиши од голем дел од културното наследство што со право му припаѓа. Во текот на 45 години, името Македонија за Скопје беше основен инструмент на неговата територијална и културна експанзија на штета на Грција.

Денес, Грција има бројни сериозни мотиви да го одбие признавањето на таканаречената “Социјалистичка Република Македонија”, од кои најзначајни се следните:

Прво, во текот на 40 години Скопје беше оружје на експанзионистичката политика на Тито, политика која се базираше врз симплистичка и погрешна визија на историјата на регионот. А тоа е она што со право остава да се претпостави постоењето на експанзионистички претензии на штета на Грција.

Второ, наводите на Скопје според кои “целокупниот дел на Македонија никогаш не бил ослободен”, туку “само делот што го контролира Скопје е слободен” јасно го доведува во прашање суверенитетот на Грција.

Трето, користењето на името Македонија од страна на Скопје, заедно со неговото упорно одбивање да ги признае топонимите што се на сила во регионот од Балканските војни наваму, исто

така, претставува доведување во прашање на суверенитетот на Грција.

Четврто и последно: користејќи го името Македонија, Скопје сака да ги истакне културните претензии по однос на Грција во онаа мера во која нејзе ѝ припаѓа географскиот ентитет Македонија, за да направи од тоа национален ентитет. Освен тоа, секакво признавање на една независна југословенска република која би се крстила "Република Македонија", би претставувало постојана закана за мирот и безбедноста на Југоисточна Европа.

Познато е дека Бугарија во регионот Скопје и во словенската фракција на неговото население, бара историски врски и етничка блискост и дека таа веќе ја призна "Република Македонија".

Составот на населението во регионот Скопје ризикува да доведе до појава на националистички конфликти на Балканот. Албанците, кои сочинуваат една третина од вкупното население на Република Скопје, веќе го искажаа своето несогласување со Владата во Скопје и бараат самоопределување.

Во случај на признавање, непостоењето хомогено население во Република Скопје (составено од Албанци, Турци, Власи, Цигани, Бугари, Срби и други) би можело да доведе до доминација на едно од тие малцинства врз другите, што во крајна линија би довело до апсолутно непредвидливи последици.

Конечно, јасно е дека Република Скопје денес претставува ентитет кој економски не може да опстане, кој е плен на меѓуетнички те антагонизми и кој, освен тоа, е обиколен од ривалски "претенденти" и "заштитници". Тоа ја отвора вратата за интервенција на најголемите сили, кои сакаат да го зголемат своето влијание во регионот.

Да додадеме дека врз основа на меѓународното право, признавањето на Република Скопје како независна држава е незамисливо доколку таа не ги исполнува условите што беа

определени за признавање (било да се мисли на концептот “народ” или на “организирана власт”), и тоа од следните причини:

- Историскиот идентитет на, таканаречениот, “македонски народ”, сосем соодвествува на историските, етнолошките и на социолошките критериуми.

- Условот наречен “организирана власт” не е исполнет: всушност, историски е докажано дека таканаречената “Република Македонија”, чие што создавање од страна на Тито имаше во основа цел да ја ограничи српската моќ, датира од формирањето на Федеративна Република Југославија, со тоа што првата цел на Скопје беше излегување на Егејското Море.

КРАТОК ПРЕГЛЕД НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ

1. ГРЧКИОТ ИДЕНТИТЕТ НА МАКЕДОНИЈА: ИСТОРИСКА ОЧИГЛЕДНОСТ

Сите историски извори се согласуваат околу географската положба на Македонија: таа се простира меѓу Егејското Море, планините Пиерија и Олимп на југ, Охридското и Преспанското Езеро и планината Бабуна, Скомион (Рила Планина) и Родопите на север, реката Места на исток, додека на запад се граничи со масивите на Грамос и Пинд.

Жителите на тој регион (Македонци) се сметаат за најстари грчки племиња и им се блиски на Тесалите, а посебно на Магнезијанците, кои што, како и тие, се од еолско потекло. Јазикот на кој говореле е еден од најстарите идиоми на Грција, а бил сличен на еолскиот, аркадо-кипарскиот и микејскиот дијалект. Што се однесува до религијата на Македонците, таа била онаа на другите Грци, а нивните митови и традиции се наоѓаат низ целокупниот грчки свет. (1)

Филип II Македонски и неговиот син Александар Велики - кому Скопје сега сака да му припише славо-македонска националност (сиц!)- не само што делувале како Грци, туку и како шампиони на панелинизмот, со тоа што ја инкарнираа

старата идеја за обединета грчка држава во која би влегле сите грчки градови.

Како што, меѓу другите, истакнува стручњакот Јохан Густав Дројзен во својата Историја за Александар Велики, Филип и Александар "им ја донесле и им ја внушиле на народите на Азија не македонската култура, зашто таа немала посебен статус, туку грчката култура."

Во следните години, поточно по појавувањето на Словените и Бугарите на Балканот (VI и VII век по новата ера), географскиот регион Македонија, така како што го дефиниравме, остана бастион и мостобран на еленизмот каков што беше во античноста.

Полиб ја квалификува Македонија како "прва одбранбена линија" и им оддава признание на Македонците заради нивната победа врз Варварите (т.е. не-Грците) "со цел да ја сочува безбедноста на (другите) Грци",(2). став кој за византискиот период го презеде францускиот историчар Пол Лемерл, во неговиот класичен труд:
"Филип и Источна Македонија" (Париз, 1945).

Поимот "Македонија" или "Македонци" сметани како посебна етничка група не може да се најде ниту во еден официјален текст, било нов или стар. Ниту Берлинскиот договор, ниту Санстефанскиот договор кој беше поништен од првиот не се повикуваат на такви концепти. Според официјалниот турски попис од 1905 година, во вилаетите Солун и Битола се говори за Грци, Бугари и "бугарофили" со мнозински грчки елемент , но никаде во тој попис не се споменуваат Македонци поради јасната причина што никој не се изјаснил дека има такво потекло. (3) Е. М. Кузинели, кој бил конзул на Франција во Солун, во својата книга Патување во Македонија (Париз, 1851), ни соопштува дека Бугарите (тоа е името што во тоа време им се давало на Славофоните) "никогаш не навлегле во шумите што се наоѓаат во подножјето на планината Вермион каде што населението останало грчко." Германскиот географ Леонард Д. Шулце, опишувајќи го истиот регион во својот труд Македонските земји (Јена 1927) забележува дека во однос на

јазикот, традициите, културниот афинитет, националната волја и религија, жителите на Македонија се “исто така автентично Грци како и нивните браќа на југ”.

Овој автор, на друг начин, според тоа го прифаќа она што го тврдеше Лорд Салисбели, кој ја претставуваше Велика Британија на Берлинскиот конгрес на заседанието од 19 јуни 1878 г.: “Македонија и Тракија се исто така грчки како и Крит”.

Фактот што еден мал процент од населението на тој регион говори јазик чиј супстрат е бугарскиот, и покрај присуството на бројни позајмици од словенскиот, грчкиот, влашкиот и од албанскиот јазик, во никој случај не би можел да претставува доказ за словенско и за бугарско потекло. Како што во релативно неодамнешното минато се покажа со принудното враќање Грци од Мала Азија во Грција кои не знаеа ниту еден грчки збор, лингвистичкиот критериум земен изолирано нема никаква вредност.

Исто така треба да се забележи дека меѓу борците на “македонската борба”, (1904-1908), многумина говореа на локалниот идиом имајќи притоа совршено грчка свест, како Котас, Далипис, Киру, Гонос и многу други. Во врска со овие негркофонски Грци, рускиот историчар Е. Голубинсти (4) забележува дека “тие имале ужасна омраза и длабок презир за се што било бугарско или словенско.”

По завршувањето на Балканските војни 1912-1913, старата Македонија беше поделена така што 51% од нејзината територија и припадна на Грција, 38,32% на Југославија и 10,11% на Бугарија. (5). Доброволната размена на населението врз основа на билатерални спогодби (Нејскиот договор, 1919, предвидуваше доброволна размена меѓу Грција и Бугарија, исто и спогодбата од 1926та наречена Протокол Кафантарис-Молов) и населувањето по грчкиот дел на Македонија со Грци повратници од Турција, ја завршија хомогенизацијата на нејзиното население: И покрај двојазичноста на некои жители, таа оттогаш наваму е чисто грчка.

Треба да се каже дека грчка Македонија стана совршено хомоген дел на грчката држава; а она што е уште поточно е дека во периодот по окупацијата (1945-1949), скоро сите двојазични жители кои немаа грчка национална свест заминаа во соседните земји, посебно во Југославија (6). Тие мораа да ја трампаат нивната гркофонска или бугарофонска националност за "македонска" националност, односно за славомакедонска.

Пред појавувањето на таквата состојба дојде до бројни жестоки епизоди, како што е Илинденското востание, во текот на кое Бугарите се кренаа против Турците, на 2 август 1903-та во градот Крушево, во близина на Битола, каде што огромниот дел од населението беше грчко. Всушност, Бугарите се кренаа против грчкото население обидувајќи се да го истребат - со соучество на Турците - без притоа навистина да им наштетат на другите жители на градот. (7).

До 1914, "Македонија", како словенска држава и "македонска нација", како посебен национален ентитет, беа сосема непознати поими. Дел од Македонија кој беше приклучен кон Србија, како и оној што ѝ припадна на Бугарија, претставуваше само мал дел од територијата долж грчката граница и претставуваше само незначаен дел на Србија. Скопје кое денес се претставува како главен град на "Република Македонија," всушност, се наоѓа далеку од Македонија. Кога "Народна Република Македонија", прекрстена потоа во "Социјалистичка Република Македонија", беше основана кон крајот на германската окупација - со приклучувањето на регионите Скопје и Тетово кои никогаш не ѝ припаѓале на Македонија - тоа беше заради произволната намера да се прикаже присуството на српско население во тој слабо населен дел на Македонија кој се наоѓаше од другата страна на грчката граница (а во кој живееја Срби, Грци, Власи, "туркофони" муслимани и Бугари) или барем на славофонско население кое имаше сопствен јазик и неопределена национална свест. Создавањето "Народна Република Македонија" за крајна цел имаше создавање "македонска" држава, овојпат под словенска капа, како и излез на море за Југославија.

2. КОНФЛИКТИТЕ МЕЃУ НАЦИОНАЛНИТЕ ДВИЖЕЊА ВО XIX ВЕК

Во XIX век народите на Балканот стекнуваат јадро околу кое ќе бидат конституирани нивните држави-нации, нивните национални идеологии, што се совпаѓаа со зоните со мешано население каде што доаѓаше до национални претензии.

Македонија претставува една од зоните во кои таквите проблеми особено остро се манифестираа. Во 19 век, таа географска зона беше место на судир на четири антагонистички национални идеологии - грчката, бугарската, српската и албанската. Според тоа, неопходно е заради постигнување на нивните ревандикации, секоја од страните како суштински фактор да го користи националниот идентитет на жителите на регионот.

Во тоа време, а без притоа да говориме за муслиманите кои претставуваат околу една третина од вкупното население, извонредно тешко беше прецизно да се определи националниот идентитет на христијаните во Македонија. Се до средината на 19 век, селските маси останаа верни на цариградската егуменска патријаршија, чувар на грчкиот јазик, на византиската традиција и дури и на историското паметење. Тоа требаше уште повеќе да го засили спонтаниот елан кој ги водеше кон грчката култура негркофонските групи населенија, т.е. славофоните, влахофоните или албанофоните. Сепак, во заднината и, посебно во славофонските зони во центарот и на север на Македонија, националната грчка идеологија споро напредуваше; веќе тогаш започнаа во регионот да се шират нови влијанија. Антагонизмот меѓу грчката и бугарската црква кој крајно се зголеми по основањето на Бугарската егзархија во 1870 година, беше во основата на сериозните судири меѓу Грците и Бугарите во областите со мешано население во Македонија.

Грчко-бугарскиот конфликт

Грчката национална идеологија го ставаше акцентот врз класичното грчко минато на Македонија и, се разбира, врз

епохата на Александар Велики и неговото дело. Токму во таа епоха на локален словенски идеом - но со грчка азбука - беше отпечатена и набрзо внесена во програмите на училиштата кои се уште се наоѓаа под турска контрола, една брошура во која се раскажуваше животот на Александар и во која се инсистираше на континуитетот на грчката нација. Паралелно, се вложуваа напори да се негува и да се шири традицијата на Византиската империја. Двете повеќенационални империи - империјата на Александар и Византиската империја - се нудеа, всушност, како вородостојни примери, кои овозможуваа да се верува дека и покрај разликите во јазикот и обичаите, одделните групи население би избрале да се идентификуваат со грчката култура во најшироки државни рамки. Токму една визија од тој вид имаше предвид Рига Дефере со неговата балканска федерација.

Од своја страна, бугарската национална идеологија се обидуваше да им ја наметне на славофоните во Македонија бугарската културна традиција. Но, тука Бугарите се сопнуваа на една голема пречка: значаен дел од славофонското население, посебно во централните и во јужните региони, всушност живо ја беше сочувало историската грчка традиција. Бугарите набрзо сфатија дека историскиот фактор се покажува недоволен за да се обезбеди ширењето на бугарската национална идеологија; затоа, се свртија кон други начини за моделирање на националната свест.

Тие започнаа да ги експлоатираат лингвистичките афинитети. Потоа се обидоа да манипулираат со индигнацијата на народот против социјалното угнетување од страна на отоманскиот окупатор. Нивната цел беше избувнување народно востание кое, вешто водено, би можело да се претвори во бугарско национално движење. Потоа се обидоа да го искористат антагонизмот меѓу селското население и грчкиот клер, денунцирајќи го жестоко она што тие го нарекуваа "духовна потчинетост на екуменската патријаршија". Со помош на бугарската држава, започна процутот на бугарски училишта во градовите и во селата на Македонија. Првобитната амбиција на тие училишта беше на учениците да им се всади чувство на гордост од средновековната историја на Бугарија и, посебно, од империјата на цар Самуил, чија што претстолнина беше Охрид.

Но бугарскиот историски арсенал не можеше да биде противтежа за грчкото културно и историско наследство во Македонија; тоа ги натера Бугарите да се впуштат во систематско фалсификување на историјата, приграбувајќи ги едноставно историските настани и личности.

Така грчките мисионери Кирил и Методиј беа претставени како Бугари, а нивното апостолско и цивилизаторско дело помеѓу Словените стана "политичка и културна акција остварена од Бугарите". Некои општи текстови од тоа време одеа дотаму што на Александар Велики, толку присутен во духот и во срцето на населението на Македонија, му припишуваа бугарско потекло. Тоа е тактика која не може а да не потсети на сегашната пропаганда на Скопје, во која Александар Велики е претставен како великан на Скопје.

Србите, Романците и Власите подоцна се појавија на македонската сцена. Србите сметаа дека треба да се мобилизира споменот на српското присуство на Македонија во средниот век - наспроти фактот, од хронолошка гледна точка, дека тоа присуство се ограничува на времето на Цар Душан и на неговите наследници (XIV век).

Романци и Власи

Во двете последни децении на XIX век на македонската шаховска табла се појавува еден дополнителен актер: Романците, кои се стремат да им наметнат својата национална идеологија на Власите. Од сите не-гркофонски населенија во Македонија, Власите најтопло ја поддржаа грчката национална идеологија. Тие претставуваат жив пример на вистината дека едно негркофонско население може совршено да се интегрира во грчкото национално движење. Во текот на војната за независност од 1821, сличен феномен е забележан и кај албанофонските христијани ("арванити") кои сосема се идентификуваа со грчката национална кауза.

Сепак, кон крајот на 1860 година, романската национална идеологија го започнува својот пробив во некои влашки заедници и нејзиното влијание се зголемува во 1877 со

стекнувањето на независноста на Романија. Романската пропагандна машинерија го истакнуваше заедничкото латинско потекло на романскиот и на влашкиот јазик, обидувајќи се притоа да го експлоатира историскиот фактор, посебно со помош на фантастичните теории за заедничкото потекло на Власите од јужниот дел на Балканот и дунавските Романци. Макар што не беа занемарливи, ефектите на таквата пропаганда, сепак, останаа ограничени. Една од суштинските причини што ги спречи Романците да го придобијат мнозинството Власи за нивната кауза беше и таа што Власите со векови се идентификуваа со Грците со кои живееја, активно учествувајќи во сите битки за ослободување на грчката нација. Соочени со таквото живо историско сеќавање, историските аргументи што се однесуваат на романскиот период не држат.

Еден друг, многу значаен, проблем започнува да се поставува во XIX век: Имено, во колкава мера славофоните од Македонија биле Бугари или припаѓале на посебна словенска група. Во тоа време, името "Македонци" беше широко распространето, било во неговото регионално и географско, било во неговото културно значење. Кога Србите сфатија дека нема да успеат славофорите во Македонија да ги претворат чисти Срби, тие решија да ја наметнат тезата за посебен славомакедонски народ кој се разликува од Бугарите, но им е близок на Србите.

Подоцна, некои револуционери произлезени од редовите на бугарското национално движење, започнаа да ја промовираат идејата за македонска држава, самостојна во однос на Бугарија, а нивната парола беше "Македонија на Македонците", но тоа беше само маневар. Всушност, ако раководителите на тоа движење оставаа впечаток дека се борат за создавање независна Македонија, тие многу внимаваа да не го променат историскиот бугарски идентитет на Словените во Македонија и останаа приврзаници на бугарската национална идеологија. Тие се разликуваа од Софија само со својата политичка цел: автономија а, не обединување.

3. "МАКЕДОНСКАТА БОРБА"

По создавањето на Бугарската егзархија во 1870 година, дојде до судири меѓу Грците и Бугарите. Основната цел на Грците беше да ги спречат бугарските обиди за контрола на славофонското население кое живееше во зоната меѓу линијата Костур-Птолемаида-Енихе-Серес, и меѓу Охрид-Прилеп-Струмица-Мелник-Неврокоп.

По војната од 1870, поразувачка за Грција, Бугарите успеаја да принудат голем дел од славофонското население од тој регион да се приклучи кон бугарските идеали. Тоа доведе до Илинденското востание во 1903, на денот на Св. Илија, кое турската војска го задуши во крв.

Востанието предизвика уништување на бројни грчки села и гратчиња, меѓу кои и Крушево. Вандализмот и прогоните на грчкото население доведоа до општа грчка мобилизација и во 1904 година започна вооружената "македонска борба" која траеше се до 1908. Во текот на сите тие години, доброволците регрутирани од целата слободна грчка држава, на Крит, во Епир, во Тесалија и во други региони од земјата што сеуште беа потчинети, кои се бореа рамо до рамо со Македонците, успеаја да го совладаат ширењето на бугарскиот прозелитизам и да ѝ го зачуваат на Централна и Јужна Македонија нејзиниот грчки карактер. Грчките трупи во најголем дел беа составени од славофонски и од влахофонски приврзаници, кои се бореа за грчката кауза. Таа приврзаност кон грчката нација кај Бугарите им го донесе име "гркомани", т.е. фанатични Грци. Потомци на тие борци се уште живеат во областа околу Битола.

Во јули 1908, Младотурската револуција ѝ стави крај на вооружената борба: Младотурците го урнаа феудалниот режим на султанот и објавија општа амнестија, ветувајќи им во исто време на сите етнички групи еднакви политички права.

Македонската борба, започната под многу неповолни звезди која траеше четири години, заврши со многу среќен крај за Грците. Таквиот успех може да му се припише на фактот дека во таа борба, Грците од слободната држава, од Крит и од другите провинции кои се уште беа под ропство, дојдоа да се борат заедно со Македонците. Но, тоа е така и затоа што Грците

се бореа во регион во кој живееше пријателско и сродно население што го покренуваа истите идеали и истата верност кон екуменската патријаршија, кон националната грчка кауза, дури и ако тоа не зборува секогаш грчки.

4. ФАБРИКУВАЊЕ НА ЕДНА НАЦИОНАЛНОСТ

Турскиот пораз во Првата балканска војна беше крај на отоманското ропство во Македонија. Македонија беше повторно поделена, со тоа што 51% ѝ припадна на Грција, 39% на Србија и 10% на Бугарија. Масовниот егзодус на населението кое се најде на странска почва и којшто одеше заедно со размената и преселувањето, во корен го промени етничкиот состав на цела Македонија, посебно во грчкиот дел.

Постојаните порази на Бугарија во Втората балканска војна и во текот на Првата светска војна придонесоа во бугарската Македонија да се развие многу жесток бугарско-македонски национализам; национализам чии што иредентистички тенденции се обиде да ги искористи Коминтерната проповедајќи "обединета и независна Македонија", во рамките на "Комунистичка балканска федерација".

Во југословенска Македонија, политиката на србизација што ја применуваше Белград даде просечни резултати. За да ги избегне малтретирањата, еден дел од населението не ги изразуваше своите пробугарски чувства и се откажа дури и од бугарското име, претпочитајќи го политички неутралниот назив Македонец.

Други делови од населението избраа отворено да се интегрираа во српската национална заедница.

Во грчка Македонија, поради размената на населението, имаше уште 100 до 150 илјади славофони, поделени во две групи: една бројно поголема група која, под турско име, ја прифати грчката националност, а една помала група се приклучи кон бугарската националност и остана неопределена. За време на Втората светска војна, навлегувањето на бугарската армија во словенска Македонија беше поздравено од дел од населението како прв

чекор кон толку очекуваната слобода и кон интеграција со бугарската држава. Сличен феномен, макар што од помал обем, се случи и во грчка Македонија.

Под Тито, југословенските партизани веднаш сфатија дека по секоја цена треба да ги раскинат врските меѓу населението од југословенска Македонија. Тие, значи, го искористија растечкото незадоволство кај населението против бугарските окупаторски сили: бугарската реакција беше жестока, а репресалиите масовни.

Приврзаниците на Тито велеа дека Македонците - т.е. Словените од југословенска Македонија - во повоена Југославија ќе ги уживаат истите права како и другите националности и дури ќе бидат рамноправни со Србите. Тие, сепак, инсистираа на фактот дека Словените во Македонија немаат ништо заедничко со Србите и со Бугарите, туку претставуваат посебна "македонска нација". Таквата идеја за "македонска нација" беше многу добро примена од голем дел од населението на југословенска Македонија. Политичкиот и социјалниот контекст беше зрел да ја прифати таа нова теза: всушност, Бугарија беше победена, Тито ја доби согласноста на Сталин за ставање во оптек нова македонска политика, а населението беше изморено од обидите правени во текот на половина век од страна на Србите и Бугарите за наметнување на нивниот идентитет.

По победата на Отечественииот фронт во Бугарија (со кој раководеше Бугарската комунистичка партија), во септември 1944 година, меѓу комунистичките партии на Југославија и на Бугарија започнаа преговори околу иднината на Македонија и на Балканскиот Полуостров.

На 2 август 1944 година, во манастирот "Прохор Пчински", во рамките на новата Југословенска федерација, беше прогласена "Социјалистичка Република Македонија". Во септември 1944 година, една југословенска делегација на чело со генерал Темпо и Лазар Колишевски, генерален секретар на Комунистичката партија на Македонија, ја посети Софија, и од новата бугарска влада доби ветување дека се обврзува да им даде автономија на

жителите на Пирин (Бугарска Македонија), што претставуваше прв чекор кон обединувањето со “Федерална Република Македонија” во Титова Југославија.

Во април 1945 година, Тито ѝ го наметна на Југославија својот федерален систем и воспостави влади на федералните држави Србија, Хрватска, Босна , Словенија , Црна Гора и Скопје, со тоа што последнава беше основана на 30 април 1945.

Во меѓувреме, со оглед на тоа што исходот од Граѓанската војна која избувна во Грција беше неизвесен, Југословените вршеа неподнослив притисок врз нивните бугарски другари да ги принудат да ѝ ја отстапат бугарска Македонија на Југославија. Од крајот на 1946 година, Бугарите им направија извесен број отстапки на Југословените по однос на Македонија. Во август 1946 година, за време на 10-тиот Пленум, Централниот комитет на Бугарската комунистичка партија одлучи “да работи на културното приближување на жителите на Пиринска Македонија и Република Македонија”. Одлука што беше проследена со широка програма за културна размена, која што жителите на Пиринска Македонија ја сметаа како можност да изберат помеѓу бугарската и “македонската” националност.

Намамени од одделни поттикнувања што им се нудеа, повеќето од нив се определија за “македонска” националност. По долги консултации, Тито и Димитров, раководителите на Југославија и Бугарија, се сретнаа на Блед, во Југославија на 2 август 1947 година, за да ги потпишат Бледските спогодби, врз основа на кои Бугарија прифати, за мали компензации, да ги признае жителите на бугарска Македонија (Пирин) како “Македонци” и да го подготви теренот за интеграција на провинцијата Пирин кон “Социјалистичка Република Македонија”. Во замена, Бугарија побара само да и бидат вратени “западните делови” окупирани од Србите кон крајот на Првата светска војна. Сепак, грандиозните планови на Тито чии амбиции беа создавање “федерација на Јужните Словени”, под негова доминација, наскоро беа спречени од Сталин. Во текот на летото 1948, дојде до прекин, а со тоа и до уништување на хегемонистичките калкулации врз Балканот што ги правеше Тито, меѓу кои “македонското прашање” беше основната отскочна штица.

Бугарија го искористи тоа за да се врати на концесиите што ѝ ги направи на Југославија. Таа ја одби тезата за “македонска нација” и ги истера комесарите што Скопје ги беше испратило на нејзината територија. Потоа таа ќе се обиде да ги искористи тешкотиите со кои се соочуваше Југославија со цел повторно да ја исфрли предвоената парола : “Обединета и независна Македонија”.

ТЕОРИСКАТА АЛХЕМИЈА НА СКОПЈЕ

Кирил и Методиј, “СВЕТИ ГОСПОДАРИ НА ЕВРОПА”

Историски е докажано, и прифатено од словенските историчари, дека Словените дошле на Балканот во VI век и дека нивната културна историја започнала во X век по новата ера. Основоположниците на словенската културна историја беа двајца грчки калуѓери од Солун, Кирил и Методиј, кои Словените ги учеа на кирилско писмо и ги упатија во православието. Од друга страна, прифатено е дека субстратот на словенската културна историја го сочинуваат византиските достигнувања како во научната , така и во книжевната и уметничката област.

Некои словенски историчари сметаат, меѓутоа, дека тие двајца грчки калуѓери, всушност, биле “Словени”, а Скопје отиде дотаму што исфрли една уште понеприфатлива и теза без никаква основа дека Кирил и Методиј, со оглед дека по потекло се од Солун, биле Македонски Словени, па според тоа жителите на Скопје се нивни потомци (!) кои што ја имале привилегијата да ги “просветат” своите браќа по род.

Папата Јован Павле II, и самиот Словен, им нанесе тежок удар на тие теории, на 31 декември 1980 година, во апостолската енциклика (Egregiae Virtutis) упатена до сите католици и со личното писмо упатено до претседателот на Република Грција Кирил и Методиј ги нарече “наши грчки браќа, родени во Солун”, свети европски господари. Оваа изјава Папата ја повтори на 14 февруари 1981 година во црквата Св.Климент во Рим.

Всушност, бројни се словенските политичари и историчари кои велат дека Кирил и Методиј се Грци, како што е тоа чешкиот византолог Ф. Дворник, српските историчари на старата српска книжевност П. Поповиќ, Г. Ш. Радовиќ и Г. Трифуновиќ и словенечкиот професор Б. Графенауер, од универзитетот во Љубљана.

Во својата Историја на старата словенска литература (Белград, 1980) професот В. Богдановиќ, Србин, пишува: "Кирил и Методиј се родени во Солун и имаат грчко, а не словенско потекло."

2. КОГА КАРТИТЕ ЈА ОТКРИВААТ ВИСТИНАТА

Познати се обидите на Скопје своите наводи да ги темели врз погрешни карти. Меѓутоа, залудно се бараат, никаде не се пронајдени карти отпечатени пред 1944 година во кои би се нашло името Македонија во друга земја освен во Грција. Во 1944, врз првите карти објавени од Југословените, Јужна Србија се појавува како "Социјалистичка Република Македонија". Во едно подоцнежно издание, името "Социјалистичка Република" е испуштено и името Македонија повеќе не фигурира во Грција: секој кој ќе ја погледне таа карта може да заклучи дека "Македонија" постои само во Југославија и дека постои "македонска нација" која, се разбира, има сопствен јазик.

Но, на извесен број етнографски карти се гледа до кој степен тезите на Скопје кои се однесуваат на постоењето на "македонска нација" се лишени од секаква основа. Станува збор за:

а) Етнографската карта на националностите во Македонија во периодот 1912 - 1926 г. објавена во едицијата од 1970 на University of Cambridge Modern History;

б) Етнографската карта на Киепорт (Берлин, 1918);

в) Етнографската карта објавена од Италијанецот Амендоре Вирхили во 1908, која се повикува на турскиот попис што го извршил Хилми Паша;

г) Картата на Стенфорд.

Ниту една од овие карти, како и оние што беа објавени пред Втората светска војна, не содржи никаква референца за "македонска нација", од едноставна причина што таква не постоеше, се додека Југословенската комунистичка партија не ја измисли.

Во времето на отоманската доминација (1529), Турците го применуваа својот сопствен систем на поделба, како што произлегува од етнографската карта од 1908, базирана врз пописот што го извршил Хилми Паша во 1904 година. Во картата не се спомнува Македонија затоа што областа била поделена на "санџаци" и "вилаети" (Битолскиот и Солунскиот вилает). На една карта од 1350 година е прикажано царството на императорот Стеван Душан кое е спомнато како "царство на Србите и Грците". Душан го поделил своето царство на две зони: северната зона се простирала до Скопје што тој му го подарил на својот син, а јужната зона (грчка) ја сочувал за себе. Ако постоела каква била "македонска нација" нема никакво сомневање дека тој своето царство би го нарекол "царство на Србите и Македонците" или "царство на Србите, Грците и Македонците".

"Кралството на Србите, Хрватите и Словенците" беше основано по Првата светска војна и тогаш, доколку постоеле Македонци, тоа кралство би се нарекувало "Кралство на Србите, Грците и Македонците". Во 1824, Е.З.Коал издаде Нова историска карта на Грција во Балтимор. Во легендата, издавачот на картата ја наведува Македонија како дел од континентална Грција и нејзината граница ја повлекува северно од градот Битола.

3. ГРЧКИОТ КАРАКТЕР НА СЛАВОФОНИТЕ

Во текот на периодот кој е обележан со силно грчко-бугарско ривалство, се направени разни статистики по однос на етничкиот состав на населението во Македонија. Податоците имаат значајни отстапувања, со оглед на тоа што статистичките

информации се базираат врз разни критериуми и се ставени во служба на државните аспирации на нивните автори.

Македонија во Отоманската империја административно беше поделена на два вилаета, Солунскиот и Битолскиот. Генералниот инспектор на вилаетите се наоѓаше во Солун. Во текот на годините пред Балканските војни, тоа место го држеше Хилми Паша. Резултатите од пописот извршен под Хилми Паша до 1904 година сечинат доста блиски до реалноста. Во нив се појавуваат следните
бројки:

	Грци	Бугари
Солунски вилает	373.227	207.317
Битолски вилает	261.283	178.412
ВКУПНО:	634.510	385.729

Во разговор со францускиот писател Пајарис, Хилми Паша во врска со славофоните изјавил: “Моето лично мислење, како и мислењето на мојата Влада, е дека тие лица се Грци. Нашите државјани ги класираме во функција на црквата и училиштето во кои одат. Тие самите велат дека се Грци доколку врз нив не се врши силен притисок” (8). Во 1871 година, рускиот историчар Голубински исто така пишува:

“Овие, таканаречени Грци, чувствуваат многу поголема омраза кон се што може да се смета за бугарско или словенско и многу подлабок презир одошто оној на вистинските Грци”. (9) Еден меморандум упатен до француската влада во 1903 година од страна на жителите на Битолскиот регион, во тој поглед е уште поелоквентен од кој било друг извор: “Ние зборуваме грчки, бугарски и албански; но заради тоа не сме помалку Грци и никој не би можел да го оспори тој факт”. (10)

Разгледувањето на образовниот систем на Грците во Македонија дава дополнителен доказ за грчкиот карактер на славофоните и на жителите во тој регион воопшто. Во Битолскиот регион, само во градот Битола постоеле 284 грчки училишта од кои едно средно, едно општо образовно, еден

женски лицеј, еден лицеј за момчиња, еден семинар, една академија и 14 основни училишта. Во Крушево постоело средно училиште со три класа, лицеј за девојки, друг за момчиња, четири основни училишта и едно породилиште. Основни училишта, лицеи за девојки, установи за средно образование и породилишта постоеле и во Магарево, Трново, Милошишта, Нижеполе, Гопеши, Белиште, Брусник, Лавци, Духово, Струмица, Гевгелија и Мелник.

Во некои случаи, Грците можеле да го изгубат својот јазик во контактот со негрчкото население со кое биле принудени да живеат, но тие никогаш не ја изгубиле својата национална свест. Всушност, дури да се ширело на словенски или влашки јазик, грчкото образование би успеало да ја сочува таа свест.

Регионот приклучен кон Грција по балканските војни го опфаќаше најголемиот дел од Солунскиот и од Битолскиот вилает.

Во тек од 10 до 15 години (1913-1925), големите движења на населението до кои дојде во грчка Македонија видливо го променија етничкиот состав на регионот. За време на војните од 1912 до 1919, десетици илјади Бугари го напуштија регионот се до конечното заминување на 53 илјади Бугари, врз основа на спогодбата за доброволна размена на населението меѓу Грција и Бугарија. Единствено славофоните во Западна Македонија, кои во голема мера имаа грчка свест, избраа да останат во Грција.

Во статистичките податоци на Друштвото на народите се дадени следните бројки за грчка Македонија во 1926 (по размената на населението меѓу Грција и Турција):

Грци	1.341.000	88,8 %
Муслимани	2.000.000	0,1 %
Бугари	77.000	5,1 %
Други (посебно Евреи)	91.000	6,0 %
В К У П Н 0:	1.511.000	

Во периодот меѓу двете војни, грчките влади ја водеа следната политика: во 1924, во рамките на Друштвото на народите,

Грција и Бугарија потпишаа протокол - познат под името “Протокол Калфов – Политис” - со кој Грција го призна славофонското население останато на нејзината територија како бугарско. Тоа предизвика општо незадоволство во земјата – Србија реагираше откажувајќи се од Грчко-српскиот договор за сојузништво од 1913 - па грчкиот парламент одби да го ратификува тој протокол.

Тогаш Друштвото на народите ја ослободи Грција од обврските што ги беше прифатила.

4. ПРВИТЕ ОБИДИ ЗА “НАУЧНО” ОСНОВАЊЕ НА НЕПОСТОЕЧКА НАЦИЈА

И покрај фактот што општествено-економските услови од крајот на Втората светска војна беа поволни за “мутација” на населението по однос на неговиот национален идентитет, жителите на југословенска Македонија во тоа време беа далеку од тоа свесно да ја прифатат таа идеја. Иднината на новата “нација” се покажуваше неизвесна доколку не беа ставени цврсти основи врз кои таа можеше да се конституира. Заради тоа, беше потребно да се дејствува што е можно побргу. Првата грижа на градителите на таа нова “националност” беше да се најде име и тоа име да биде прифатено. Од тој момент тие го прифатија најлесното решение, а тоа беше географското име на регионот. Но, тоа име беше заедничко на сите групи население кои живеа во трите делови на Македонија. Грците се нарекуваа Македонци, одделните словенски групи го користеа терминот Македонци, а Власите македонени.

Неоспорно е дека зад географскиот поим, името “Македонец” содржи долга историска и културна традиција која не би можела да се игнорира. Во почетокот, градителите на новата “националност” повеќе сакаа да не ја поврзуваат со грчките Македонци од антиката. Нивните напори главно одеа во правец на прифаќање на бугарската компонента во корист на новата “националност” во историјата на Македонија. Се што беше бугарско автоматски стана “македонско”.

Кога тоа беше можно, истиот процес се применуваше по однос на српските и на грчките елементи во Македонија. Градителите на новата "националност" очигледно не беа расположени да се задоволат со успехот на своето искуство. Откако "македонската националност" беше исфабрикувана, преку правото на застареност на присвојувањето, тие би можеле да имаат право да побараат во корист на новата "нација", се што има македонско потекло.

Под тежината на настаните што се случија кон крајот на 40-тите години, т.е. почетокот и крајот на Граѓанската војна во Грција, југословенските раководители се откажаа од својата политика на територијална експанзија во Македонија, но не ја напуштија својата политика на историска и културна експанзија во корист на новата "македонска нација" . Така тој поим беше проширен и доби и "научен" карактер. Тоа се разбира предизвика остри реакции и критики од бугарските и од грчките историчари. Таа контроверза доведе до "македонско прашање" од нов вид, кое беше далеку од тоа да биде само едноставна кавга меѓу ерудитите. За Југословените, повторното интерпретирање на историјата на Македонија беше conditio sine qua non за елаборирање и преживување на новата "националност". За Бугарите, тоа значеше да реагираат и да се спротивстават на таквата политика за да го спречат "дебулгаризирањето" на историското минато на Словените во Македонија и да го запрат ширењето на теоријата за "македонска нација" кај населението од бугарска Македонија. За Грците, конечно, доведувањето во прашање на југословенските ставови претставуваше легитимна одбрана против секаков вид претензии врз грчкото историско наследство во Македонија и реакција спрема обидите за присвојување и монополизација на грчкото историско име.

5. ДАЛИ ПОСТОИ "МАКЕДОНСКИ" ЈАЗИК?

Како специфичен словенски, "македонскиот" јазик беше непознат се до Втората светска војна. Јазикот на кој говореа славофонските жители од јужниот дел на Југославија и од југозападниот на Бугарија беше познат како идиоматска форма на бугарскиот.

По создавањето на Социјалистичка Република Македонија, чисто политички претензии го диктираа прекинот на лингвистичките врски што ги обединуваа жителите на југословенска Македонија со Бугарија. За таа цел огромен број лингвисти - филолози, си зеде задача да исфабрикува посебен пишан јазик.

“Македонскиот литературен јазик” беше создаден врз основа на прилепското наречје и со позајмици од српскиот, од бугарскиот, од рускиот и од другите словенски јазици. Тој беше признат од југословенскиот Устав како еден од трите официјални јазици на Федерацијата.

Факт е дека во центарот, а особено во северниот дел на Македонија, славофонските жители говореле еден посебен словенски дијалект. Но, станува збор само за усмен дијалект – непостоеше пишан јазик - чијшто многу сиромашен речник не содржеше повеќе од илјада - илјада и петстотини зборови. Повеќето меѓу нив беа од словенско потекло, но, тој дијалект исто така содржеше висок процент грчки зборови, изворни или деформирани, како и турски, влашки и албански. Во основа, тој идиом беше западниот дијалект на бугарскиот јазик, на кој се говори во северниот дел на Македонија. Она што посебно го разликуваше бугарскиот источен официјален јазик од западниот дијалект беа буквите ЈА (променливото ЈА). Таа буква од официјалниот бугарски јазик се претвори во Е во западниот дијалект; така на пример, бугарскиот збор ЛЈАТО (лето) се изговара ЛЕТО на западен дијалект.

По 1878 година, и со воведувањето бугарско образование во македонскиот регион, тој идиом уште повеќе се приближи до бугарскиот јазик, меѓутоа, се говореше во македонската зона од античкиот период наваму, па целокупното дело на македонскиот филозоф Аристотел е, како што е познато, напишано на грчки.

Н. Мартис (12), на карактеристичен начин открива: “ако допуштиме дека Македонците говорат посебен , негрчки јазик, како да објасниме дека тој така брутално и радикално исчезнал што ниту еден текст, ниту еден напис не е сочуван и како е

можно тој да не се наметнал како јазик , кога Македонците биле горди на нивното потекло?”

Плутарх известува дека Александар Велики, кога избрал 30 000 Персијанци за да ги интегрира во својата војска, тој наредил “да ги научат грчките букви и да се запознаат со македонското оружје” (13).

Во еден извештај на Римјанинот Тит Ливие се тврди исто така дека Македонците го имале истиот јазик како и другите Грци. Тој опишува едно собрание на Грци во Етолија, во 200-та година пред новата ера, на кое “се наоѓале претставници на Етолците, Акарнаните и Македонците, луѓе кои говореле на ист јазик”.(14)

Професорот и лингвистот на универзитетот во Солун, Николаос Андриотис во својата книга “Федералната држава Скопје и нејзиниот јазик” излезена на англиски (1957 г.) и на грчки (1960 г.) пишува: “Во септември 1944-та година, во Скопје е формирана комисија за да ја определи граматиката и правописот на ‘македонскиот јазик’”. (стр.34)

Италијанскиот лингвист Виторе Пизани исто така забележува во својата студија “Македонико” (15): “Всушност, македонскиот јазик е креатура со чисто политичко потекло”.

И покрај напорите вложувани во текот на 45 години, новиот јазик останува огранок на бугарскиот. Тоа, се разбира, не ги спречува жителите на Скопје, дома и во странство, да говорат за постоењето “македонски јазик”. Скопските историчари се обидуваат да докажат дека тој дијалект бил посебен словенски јазик, со цел , и врз тоа прашање, да оперираат со разликата помеѓу една т.н. “славомакедонска нација”и Бугарите. Но, бугарските историчари предочуваат цела серија елементи, благодарејќи на кои докажуваат дека “македонските”учебници со кои се фалат луѓето во Скопје всушност се само бугарски книги отпечатени на локален дијалект “за Македонците-Бугари”, како што се гледа и од нивниот наслов.

Кога жителите од еден регион говорат на еден јазик, тие имаат соодветен образовен систем (професори, училишта, ученици).

Помеѓу 1878 и 1888 г., бројот на грчките училишта, академии и породилишта во Македонија се зголеми, опфаќајќи 58 илјади грчки ученици во вкупно 900 установи. Тоа е неспорен доказ за грчкиот карактер на Македонија.

Еден современ автор од Скопје, Крсте Битоски пишува: "црквите и училиштата во градот Битола кон крајот на 19-тиот век се наоѓаа во грчки раце".(16)

Грчкиот карактер на жителите на Македонија е докажан и преку една белешка упатена во 1901 до романската влада од шефот на романската пропаганда, Лазареску Лекада, во која тој вели:

"Во селата каде што населението го сочинуваат исклучиво Власи, грчкото училиште е преполно со ученици, додека романското училиште ги нема. Влавот го дава својот придонес за грчкото училиште, а кога умира, своето богатство го остава за ширење на грчкото образование" (17) .

Според тоа, нема никакво сомневање дека "македонскиот" јазик е фабрикуван за да им служи на строго определени цели.

Треба да се истакне дека по 1944, скопските лингвисти започнаа огромна работа, чија цел беше исфрлање на сите бугарски елементи кои постојат во славомакедонскиот идиом и нивната замена со српско-хрватски зборови. Тој труд беше доволно успешен дотаму што 10 години подоцна бугарските Македонци од Пирин имаа тешкотии да ги разберат радиоемисиите на Скопје.

6. ЕКПАНЗИОНИСТИЧКИ "ИЗБРАНИ ПАРЧИЊА"

На 17 06 1990 година, на основачката Конференција на ВМРО-ДПМНЕ, ултранационалистичка партија на Социјалистичка Република Македонија (СРМ), е донесена прокламација во која се вели дека Партијата "ќе се бори за слободна, автономна и

обединета Македонија" во рамките на идната "Европска конфедерација," врз основа на "идеалите на Илинден". ВМРО победи на изборите за законодавна власт на СРМ, освојувајќи 37 од 120 места во Парламентот.

Претседателот на ВМРО Љупчо Георгиевски изјавува дека "тој е за духовно и територијално единство на Македонија" ("Борба" 31 12 1990) и на 7 11 1990 додава: "Пиринска Македонија, Егејска Македонија и Вардарска Македонија не ја сочинуваат Голема Македонија, туку само Македонија. Ќе треба да се говори за Голема Македонија тогаш кога ќе ги бараме Белград, Софија, Тесалија, Влоре".

Претставникот на Скопје во поранешното Сојузно претседателство на Југославија, Васил Тупурковски, во една телевизиска емисија во текот на својата турнеја во Канада изјави: "Европа веќе покажа дека може да го регулира прашањето на обединувањето на народите, како во случајот на Германија. Така како што тоа еднаш беше применето во Европа, нема никаква причина Европа да се дистанцира по однос на националниот идеал на еден народ, македонскиот народ". На еден новинар кој го праша дали Македонците не треба повеќе да се борат за културно и интелектуално единство одошто за територијално единство, тој одговори: "Јас мислам дека националниот идеал не страда од ограничувања и дека тој го вклучува и територијалното единство".

Пратеникот на СРМ, К. Петров, во скопскиот парламент, во почетокот на јануари 1991 година, поднесе предлог што го поддржа ВМРО, за прифаќање прокламација за независност и суверенитет на СРМ и за тоа таа Република да направи чекори кај мегународните организации, "со цел да ѝ бидат вратени територииите одземени од Србија, Бугарија, од Грција и од Албанија, а кои ѝ припаѓаат врз основа на фактот што на нив живеат Македонци".

Во една статија на НИН (1 02 1991 година) се вели конечно: "Новиот претседател на Македонија, Киро Глигоров во изјавите истакна дека наскоро ќе биде поведена голема битка за да им се каже на светот и на балканските земји вистината за деловите на

македонскиот народ во Србија, Грција и во Бугарија кои беа поделени и потчинети во Балканските војни. Водечките националистички партии во Македонија кои бараа Голема Македонија...., не кријат дека имаат намера таквите територии да ги интегрираат во една суверена држава, а не ја кријат нивната определба: редефинирањето со македонска сила на границите со Бугарија, Грција и Србија за нив е само прашање на денот".

7. ПСЕВДОМАКЕДОНСКАТА СКОПСКА ЦРКВА

Основана во 1967 година во Скопје, во почетокот самостојна, потоа автокефална, "Македонската православна црква", која дури основа и "митрополија" во Соединетите Држави, презеде сериозна пропагандна активност околу таканаречената "македонско прашање". Треба да се истакне дека Република Скопје е единствена од републиките од Југославија каде што е основана независна црква.

Создадена надвор од православните канони, таа "Црква" јасно не е призната ни од Цариградската патријаршија, ни од Српската патријаршија, ниту од која било друга православна црква.

Една комунистичка држава да формира (псевдо) "Македонска црква" на Скопје - тогаш кога дури христијанската религија беше прогонувана, претставува единствен историски феномен во светски размери.

Создавањето на "Македонската православна црква" наспроти сите канони автокефална, со претседателски декрет и покрај спротивставувањето на Српската патријаршија, доведе до прекин на духовните врски што ги обединуваа Словените во Република Скопје со српската нација.

Треба да се истакне дека лично Тито прифати официјално да ја инаугурира својата нова еклезијастичка политика. На 28 мај 1958, во претседателската палата тој ја прими хиерархијата на Српската црква и во одговор на српскиот патријарх Витентие изјави: "Моја желба е вие што е можно најдобро да ги средите

проблемите со Македонската црква, согласно со интересите на нашата татковина”(18).

Во мај 1958, и покрај личната интервенција на Тито, Српската црква одби да го регулира прашањето, а следните години, дојде до остра борба во Комунистичката партија по прашањето на создавањето на “Македонската црква”. Конечно, на 17 јули 1967 година, на едно собрание во кое учествуваа и клерот и лаички претставници на Скопје кое се одржа во Охрид, беше прогласена “Македонската автокефална црква”. Српскиот патријарх веднаш реагираше и одлучи, во текот на едно вонредно заседание одржано на 14 и 15 септември 1967 година, дека “Македонската црква” на Скопје, со своите антиканонски дејствија се отцепила од Православната црква, таа дури беше оквалификувана за “шизматичка религиозна организација”.

Јасно е , а сите научници тоа го прифаќаат, дека владата на Тито не се грижеше да даде подобар одговор на духовните барања на верниците кои живееја под еден комунистички режим. Тито се послужи со таа политичка фабрикација заради пропагандни цели и за да ги истакне тезите на Скопје во странство. Како и да е, и макар што таа игра само маргинална улога во внатрешниот развој, псевдо “Македонската црква” беше искористена ефикасно да ги дезинформира и да ги заведе емигрантите од географската зона Македонија (Грција, Бугарија).

8. ДАЛИ ПОСТОИ “МАКЕДОНСКО” МАЛЦИНСТВО ВО ГРЦИЈА?

Разгледувањето на сите претходни податоци сета логична заснованост на тезата за постоење “македонско” малцинство во Грција ѝ ја одзема. Се разбира, во минатото, имаше луѓе со словенска свест, кои понекогаш се изјаснуваа како Бугари, а понекогаш како Славомакедонци. Но, по Втората светска војна и по завршувањето на Граѓанската војна, тие најдоа главно прибежиште во Југославија. Таму, и во услови кои се познати, тие добија ад-хок образование и огромното мнозинство од нив беше асимилирано во локалното словенско окружување.

Грција ги отфрла претензиите на Скопје за признавање "македонско" малцинство во Грција од едноставна причина што на грчка територија не постои словенско малцинство од моментот на размената на населението во 1919 меѓу Грција и Бугарија и од заминувањето на "Славомакедонците" во 1949 година. Населението со словенска свест кое остана емигрира во прекуокеанските земји, во Канада, Австралија и во САД. Што се однесува до ретките поединци кои говорат на тој идиом и кои останаа во Грција, тие покажаа, во текот на неодамнешните битки што ги водеше нацијата, дека се со грчка свест, посебно одбивајќи да се приклучат во организациите Славомакедонски национален фронт – Национален фронт за ослободување.

Четириесет години по настаните кои ја обележаа деценијата 1940-1950, урбанизацијата, мобилноста на населението, современиот образовен систем и подигањето на животниот стандард во голема мера го намалија билингвизмот, т.е. користењето, освен на основниот грчки јазик, на словенскиот идиом (бугарски) што Скопје продолжува да го нарекува "македонски јазик". Некои Грци од северниот дел на земјата го учат впрочем тој идиом од трговски и од туристички причини. (Бројот на референците во текстот се разликува од бројот на подолу-наведените референци, што е разултат на разликата на оригиналниот текст од 1993 година и сега расположливиот на http://www.hri.org/does/affair.htlm. - Заб. ДМ)

ИЗВОРИ

1. Види индикација во - Wells, The Outline of History, Pandit Jawaharlal Nehru, Glimpses of World History, A. Vakalopoulos, Contemporary Problems of the Balkans, and Will Durant, World History of Culture.

2. Polybious, Historiae, Leipzig 1898.

3. A. Vakalopoulos, op. cit., pp. 84ff, G. Rousos, Recent History of the Greek Nation.

4. Brief History of the Orthodox Churces of Bulgaria, Serbia and Romania, Moscow 1871.

5. See- Ekdotike Athinon, Macedonia

6. E. Kofos, Nationalism and Communism in Macedonia, Thessaloniki 1964, pp. 185ff.

7. Douglas Dakin, The Greek Struggle in Macedonia 1897-1915, Thessaloniki 1966, and Dakin with K. Mazarakis-Ainian, E. Kofos and I. Diamantouros, The Macedonian Struggle, Athens 1985.

8. L'improglio Macedonien, Paris 1907, pp. 50-51.

9. Op.cit., p.176.

10. Hellenism, 1903, p.717

С. СФЕТАС – К. КЕНТРОТИС

СКОПЈЕ ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ И МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ

-Критички осврт на изданието на МАНУ “Macedonia and its Relations with Greece”, Скопје 1993

257 – ИНСТИТУТ ЗА БАЛКАНСКИ СТУДИИ, СОЛУН, 1994

(ИЗВАДОЦИ, ПОСЛЕДНИТЕ 23 СТРАНИЦИ ОД БРОШУРАТА)

Во април 1945 година, Југословените ја искористија нестабилната политичка ситуација во Грција, и по декемвриските настани ја создадоа организацијата НОФ, како континуитет на СНОФ, која со започнувањето на граѓанската војна во Грција, се приклучи кон грчкото комунистичко движење. Но, набрзо групата на Гоце (Илијас Димакис), Керамициев (Михалис Керамисис) и Паскал Митревски (Паскалис Митрополус), започна со пропагирање на тезата за обединување на грчка Македонија со југословенска Македонија, предизвикувајќи сериозни тешкотии кај раководството на Комунистичката партија на Грција, која ги вршеше воените операции главно со југословенска помош. (До денешен ден не е најден никаков документ кој би потврдил дека КПГ се согласила официјално со отстапување на грчка Македонија на Тито како размена за југословенската помош. Сепак југословенското раководство изгледа дека очекуваше КПГ во замена за помошта, да ги задоволи аспирациите врз делови на грчка Македонија. Оваа процедура веќе беше започната во правна бугарска Македонија. Договорот од 14 октомври 1946, што беше потпишан од ЈоанидисРанковиќ-Караиванов (види:Е.Кофос, THE IMPACT OF THE MACEDONIAN QUESTION ON CIVIL CONFLICT IN GREECE 1943-1949 ATHENS 1989, P.42), просто ги регулираше односите помеѓу НОФ и КПГ. По ова прашање Захариадис на 7-от пленум се изрази вака:.. Зборувајќи за значението што го имаше југословенскиот фактор за нас, не треба да го заборавиме следново: кликата на Тито со години водеше против нас една

подмолна, поткопувачка војна, главно меѓу славомакедонското население. Спогодување со Југословените тогаш значеше и дека таа војна ќе запре и дека Славомакедонците ќе се борат заедно со нас. Навистина во договорот што го постигнавме со Тито, беше опфатена и таа точка... Види: 7-иот Пленум на КПГ, како и погоре, стр.173.)

Се разбира, по одлуката на Комунистичката интернационала за постоењето "македонската нација" (1934 г.), КПГ ги признаваше Славофоните теоретски, како "славомакедонско малцинство". Но од 1935, ја имаше напуштено паролата "Обединета и независна Македонија" што ја наложи Комунистичката интернационала во 1924, предизвикувајќи внатрешен расцеп во партијата, и ја поддржуваше полната рамноправност на малцинствата во рамките на грчката држава. По судирот на Тито со Коминформ (1948), раководството на КПГ се изедначи со Советскиот Сојуз во нападите против Тито и на 5-иот Пленум (јануари 1949) ја прифати паролата "национална рехабилитација и самоопределување на македонскиот народ", за да се оттргне југословенска Македонија од владеењето на Тито.

"Во северна Грција, македонскиот (славомакедонскиот) народ даде сé за борбата и тој се бори со целосен хероизам и самопожртвување што предизвикуваат восхит. Не треба да има никакво сомневање дека како резултат на победата на ДАГ и народната револуција, македонскиот народ ќе ја најде својата полна национална рехабилитација, така како што самиот ја посакува, давајќи ја денес својата крв за да ја придобие. Македонските комунисти стојат секогаш на чело во борбата на својот народ. Истовремено, македонските комунисти треба да внимаваат на расцепувачките и растурувачки дејствија што ги развиваат туѓи шовинистички и реакционерни елементи за да го расцепат единството меѓу македонскиот (славомакедонскиот) и грчкиот народ, расцеп кој ќе му користи само на нивниот заеднички непријател, монархофашизмот и американскиот империјализам..." (Види: 5-ти пленум на ЦК КПГ (30-31 јануари 1949 г.) Извештаи-говориодлуки. Издание ЦК КПГ, јуни 1949, стр.16.)

На 7-иот Пленум на ЦК КПГ (10-18 мај 1950) Захаријадис објасни дека оваа одлука била насочена "и против Тито кој исто така како и монархофашизмот го угнетува македонскиот народ. Перспективата наша беше ослободување не само од монархофашизмот, туку и од Тито, кој што Македонија повторно ја фрли под империјалистичкиот јарем и империјалистичката експлоатација". (Види: 7-от Пленум на ЦК КПГ, како погоре, стр.175. По судирот Тито-Сталин и застанувањето на КПГ на исти позиции со Коминформ, групата на Паскал Митревски организираше дезертирања на славофоните од Демократската армија кон Југославија и пропагираше дух на пораз, истакнувајќи дека КПГ ја предаде борбата на "македонскиот" народ и напразно се лее неговата крв. Тоа е основната причина поради која Захаријадис - согласно со неговите тврдења – македонското прашање го постави на 5-от пленум и унапредувајќи славофони на министерски места во привремената влада. Тој сакаше да предизвика пречки за титофилските кругови во НОФ и обезбеди поддршка од славофоните во предвечерјето на претстојната битка за заземањето на Лерин, каде што требаше да се настамени партизанската влада. По ова прашање Захаријадис вака се изрази: "...Второ, наспроти фактот дека можевме да го одложиме прогласувањето на таа работа, која во основа беше исправна, ние ја поставивме на 5-от пленум, затоа што се наоѓавме под притисок. Јас велам во својата статија, дека наспроти тоа што не одговараше на пошироките интереси, ние ја истакнавме паролата. Зошто ја истакнавме? Јас така ја разбирам оваа работа и ќе ви го дадам ова објаснение, како што јас тоа го сфаќам. Пошироките интереси беа дека во поопширни рамки таа работа тогаш не им служеше на нашите интереси. Но, како приоритетна задача пред нас тогаш се поставуваше дека битката за Вич требаше да ја добиеме. Се друго тогаш беше секундарно. Таа мисла ме водеше и кога го предложив и кога го напишав и кога го објаснив тоа. Ние требаше да ги активираме сите сили на славомакедонскиот народ, да ги запреме дезертирањата, дејствијата за поткопување и распаѓање што ги вршеа агентите на Тито, ставајќи им пред нив една политичка пречка, и таа политичка пречка ние ја поставивме и ја отсранивме непосредната опасност од таа работа. Ја запревме тогашната непосредна опасност..." Види: 7-иот пленум на ЦК

КПГ, како и погоре, стр.175. По отстранувањето на Захаријадис (1956) од раководството на КПГ, 7-от во поширок состав пленум на ЦК на КПГ (18-24 февруари 1957) ја оквалификуваа политиката на Захаријадис како погрешна и ја врати старата парола за "правото за рамноправност на Славомакедонците... во едно нераскинливо единство со грчкиот народ". Види за тоа: 7-ми пленум во поширок состав на ЦК КПГ (18-24 февруари 1957), Извештаи-резолуции-говори-записници.Издание на ЦК на КПГ, февруари 1957 г., стр.21.)

Истовремено 5-от Пленум изврши остра критика и на раководителите на НОФ кои беа органи на Југославија и кои беа симнати од своите лидерски места. (Види: 5-ти пленум на ЦК на КПГ, како и погоре, стр.38.)

Вториот конгрес на НОФ (25-26 март 1949) ја усвои старата парола "Обединета и независна Македонија во рамките на една Балканска комунистичка федерација". (На 15 февруари 1949, во централниот орган на НОФ "Непокорен" беше објавена одлуката на 2-от пленум на ЦК на НОФ во која меѓу другото се вели: "...Вториот конгрес на НОФ ќе биде конгрес на декларирање на новите програмски начела на НОФ, начела кои се вековната желба на нашиот народ, ќе го прогласи обединувањето на Македонија во една обединета, независна, рамноправна македонска држава во народно-демократската Федерација на балканските народи што е оправдување на неговите долгогодишни крвави борби..." Види: говор на Мицос Парцалидис на 7-от пленум на ЦК КПГ, 7-ми пленум на ЦК на КПГ, како погоре, стр.37-38. За 2-от конгрес на НОФ, види: В.Којцев "Заклучоци од 2-от конгрес на НОФ"; Димократикос Стратос, месечен воено-политички орган на Гл.штаб на Демократксата армија на Грција, мај 1949/т.5/ стр.316-318.)

Оваа одлука беше насочена против Југославија која се стремеше кон создавање обединета Македонија во југословенската федерација. Овој пресврт имаше сериозни последици и во секторот на воените операции. Југословените во одбрана на својата заднина, ја затворија границата која до тогаш беше главниот пат за снабдување на грчките комунисти. Еден дел од славофоните следбеници на НОФ побегна и се

настамени во југословенска Македонија. По поразот на грчките комунисти во август 1949, останатите следбеници на НОФ го следеа раководството на КПГ и се настаменија во земјите на Источна Европа. Следствено, судбината на славофоните кои учествуваа во грчкото комунистичко движење во граѓанската војна, беше слична со судбина на грчките комунисти. Спрема сите оние кои се настаменија во Федералната Социјалистичка Република "Македонија", се натурализираа во "Македонци" и започнаа да се занимаваат со антигрчки поход, беше природно и очекувано, грчката држава да биде крајно претпазлива. Но тоа што го премолчуваат историчарите од Скопје е дека меѓу славофоните во текот на окупацијата и на Граѓанската војна имаше многу кои останаа цврсто присоединети со грцизмот и дури зедоа оружје и се бореа против НОФ.

Во дванаесетата глава (THE IDEA OF MACEDONIAN LIBERATION BETWEEN THE TWO WARS, p. 87-90) се говори за "македонските национални сили" кои се борат за независна македонска држава во периодот помеѓу двете светски војни: ВМРО и Извршен комитет на Македонските братства, Федералисти, ВМРО (Обединета). Се истакнува особено напорот за обединување на "македонските" сили во мај 1924, а пак одлуката на Коминтерната од 1934, за постоењето "македонската нација" се смета како прво меѓународно признание на "македонскиот национален идентитет" (стр. 89).

Но сепак, вистинските историски факти се поинакви. По Првата светска војна, главно, бугарската организација ВМРО под водство на Тодор Александров и на Александар Протогеров се стреми кон автономизација на српската и на грчката Македонија со понатамошна цел, присоединување кон Бугарија. Додека во врска со грчка Македонија се обидува (безуспешно) за осуетување на примената на грчко-бугарскиот договор за размена на населението, во српскиот дел на Македонија, каде што значителен дел од населението имаше бугарофилски чувства, ја применува тактиката на партизанска војна (1920-1924) и на убиства на државни раководители на југословенската држава (1926-1933), како рекација на политиката на посрбување на регионот што го унапредуваше Белград. (S.SVETAS, MAKEDONIEN UND INTERBALKANISCHEN BE

ZIEHUNGEN (1920-1924). VEROFFENTLICHUNGEN DES INSTITUTS FUR GESCHICHTE OSTEUROPAS UND SUDOSTEUROPAS DER UNIVERSITAT MUNCHEN 1992, p.51-61, 89-127, 145-150, 187-197, 209-224, 240-241. S.TROEBST, MUSSOLINI, MAKEDONIEN UND DIE MACHTE 1922-1930, KOLN-WIEN 1987.)

Од 1933, ВМРО под водство на Иван Михајлов ја пропагира тезата "Обединета и независна Македонија" вклучувајќи го и бугарскиот дел на Македонија. За ВМРО политичка етикета "Македонец" беше апсолутно компромисна со националниот идентитет Бугарин. Една "Обединета и независна Македонија" би претставувала втора бугарска држава. Федералистите (Т. Паница, Ф. Атанасов, Н. Јуруков) кои се отцепија во 1920/1921 г. од ВМРО, пропагираа создавање федерација на Јужните Словени како начин за решавање на македонското прашање. Тие го употребија терминот "Македонец" со неговото географско значење.

Спротивноста со ВМРО се должеше делумно на идеолошки и лични, а делумно на тактички причини. Кон обединување на овие две организации главно се стремеше советската дипломатија во 1924, така што обединетите бугарско-македонските организации, во соработка со комунистичката партија на Бугарите и со припадниците на Земјоделската партија на Бугарија се зафатија да ја соберат владата на Цанков и да воспостават работничко-земјоделска влада во Бугарија. Советската дипломатија и Комунистичката интернационала се обидуваа да ги отстранат од бугарскиот национализам бугарко-македонските организации, се повикуваше на постоењето на "македонски народ", распарчен помеѓу Грција, Србија и Бугарија и пропагираа создавање на "Обединета и независна Македонија во рамките на една Балканска федерација", за да ги разјадат балканските држави. Манифестот од 6 мај 1924 (Манифестот беше објавен во првиот број на списанието LA FEDERATION BALKANIQUE (15.7.1924)) што го потпишаа Федералистите и ВМРО и што ја прокламираше прикриено соработката на бугарско-македонските организации со Советска Русија и започнувањето борба против "империјалистичките" балкански држави во името на

“македонизмот” и на независна Македонија, беше творба на советската дипломатија. (Со преговорите меѓу ВМРО, Федералистите и Бугарската комунистичка партија кои се водеа во Виена за создавање “Обединет народен фронт” против владата на Цанков, раководеше советскиот агент на Комунистчката интернационала во Виена д-р. EFRAIM GOLDSTEIN. За неговиот идентитет види: F.LITTEN “DIE GOLDSTAJN/GOLDSTEIN- VERWECHSLUNG,. EINE BIOGRAPHISCHE NORIZ ZUR KOMINTERN- AKTIVITAT AUF DEM BALKAN”, SUDOST-EORS CHUNGEN, BD.L (1991), p.245-250.)

Во истиот дух е и одлуката на 5-от Конгрес на комунистичката интернационала (17 јуни-8 јули 1924) за македонското прашање.

“...Поделбата на Македонија меѓу Југославија, Грција и Бугарија уште повеќе го зајакна стремежот на македонскиот народ во самите делови на неговата распарчена татковина за обединување и за создавање единствена и независна Македонија... Конгресот ги смета париолите на 6-та Конференција на Балканската комунистичка Федерација (СТС: декември 1923 во Москва) - “Обединета и независна Македонија”, “Обединета и независна Тракија”, како сосема исправни и навистина револуционерни. Паролите за автономија на деловите од Македонија и Тракија во границите на вештачки создадените буржуазни држави со спогодбите во Севр итн. треба да се отфрлат како опортунистички. Тие се рамносилни на договор меѓу богатите слоеви на македонското и тракиското население и на владејачките класи на содветните држави. Конгресот истакнува истовремено дека револуционерната борба на македонскиот и на тракискиот народ за своето национално и социјално ослободување ќе биде успешна ако се води заеднички со револуционерните работници и селани од секоја балканска држава...” (RESOLUTION ZU DEN NATIONALEN FRAGEN IN MITTELEUROPA UND AUF BALKAN- MAZEDONISCHE UND THRAZISCHE, INTERNATIONALE PRESSE-KORRESPONDENZ (BERLIN 1921- ноември 1923 и Виена декември 1923- март 1926), Номер 134, 15.10 1924, стр.1272-1273).

Плановите на Комунистичката интернационала да ја направат Бугарија комунистичка и за дестабилизација на Балканот во 1924 година претрпеа неуспех. (За критички пристап на овие прашања, види: Сфетас, како погоре, стр.302-337, 362-372.)

Сепак, советското мешање во македонското прашање резултираше со политичко-идеолошка поларизација на бугарско-македонското движење. Владата на Цанков започна со расчистување на ВМРО од сите оние кадри кои се изјасниј за соработка со комунистите. Оние што преживеа, во октомври 1925 ја создадоа ВМРО (Обединета), главно со активности на Комунистичкта интернационала како идеолошки и политички антипод на ВМРО на Михајлов со главен лозунг "Обединета и независна Македонија во рамките на една Балканска федерација". Политичкото влијание на ВМРО (Обединета) на балканскиот простор беше незначително, бидејќи нејзиното седиште беше во Виена и од балканските држави се сметаше како комунистичка организација, која имаше развиено, главно, пропагандистичка активност со своите публицистички органи LA FEDERATION BALKANIQUE и "Македонското дело", и која беше под влијание на бугарските комунисти. ВМРО (Обединета) се изјасни за национално ослободување на сите угнетени националности во Македонија. Под поимот "македонски народ" се подразбираа сите националности во Македонија, но главно Бугарите. Во однос на грчката и на српската Македонија, ВМРО (Обединета) главно го осуди националното угнетување на Бугарите, во однос на Македонија, пак, политичкото угнетување и економската експлоатација на бугарското население.

"Ако го разгледаме бугарскиот дел на Македонија, ќе забележиме дека и тука ситуацијата е слична со српскиот и со бугарскиот (Забелешка од преведувачот: "бугарскиот"- така е напишано во оргиналот, треба да стои: грчкиот дел.) дел. Македонските Грци и Турците кои порано живееја тука, се протерани. Населението што живее во тој дел на Македонија, бидејќи е од бугарска националност, ги ужива културните права, има училишта, цркви итн. и таа разлика е единствената меѓу положбата на Македонците во Бугарија и онаа во Грција и

во Србија". (Види Меморандум на ВМРО (Обединета) од 10.09.1927 г. до Претседателот на Конгресот на национални малцинства во Женева за положбата на угнетените народи на Балканот, ВМРО (Обединета), Документи и материјали, Книга 1, Институт за национална историја, Скопје, 1991, стр.129-135 (овде стр.134))

Слично се изрази и Димитров кој имаше значајно влијание врз ВМРО (Обединета): "...бугарската буржоазија ја држи околијата на Петрич (Бугарска Македонија) под еден строг и жесток режим во однос со останатиот дел на Бугарија, наспроти тоа што ги смета Македонците од тој регион како чисто бугарско население, и го третира економски и политички како завојуван регион. Поради тоа што јазикот и културата тука се еднакви, националното угнетување доаѓа до израз главно преку економско осиромашување и политичко угнетување на македонското, население..." (Г.Димитров, AUSGEWAHLTE SCHRIFTEN, BD.2, 1921-1935, BERLIN ("OST") 1958, p.398-399).

ВМРО (Обединета) до 1934, го негираа постоењето на "македонската националност". "Во Македонија немаше и нема посебна македонска националност, како што немаше и нема, на пример, швајцарска националност. Постоеа и постојат одделни националности кои во помала или поголема аналогија живеат во Македонија, како што постојат француска, германска, италијанска и романска националност кои живеат во Швајцарија, и како што овие четири главни националности составуваат едно географско, политичко и економско единство и го носат заедничкото име швајцарски народ, така и Бугарите, Грците, Турците Власите, Албанците и Србите, сите што постојат, кои се родени и живеат во Македонија, составуваат еден многунационален мозаик што го носи заедничкото име македонски народ" (Балканска Федерација, Бр.131, 20.3.1930, стр. 2869-2870 во К.Палешутски: Македонскиот впрос в буржоазна Југославија 1918-1941, Софија 1983, стр.197).

Во февруари 1934, Комунистичката интернационала поради политички причини ја донесе познатата одлука за постоењето "(славо) македонската нација". По доаѓањето на власт на

Хитлер и поради тесните врски на бугарската националистичка ВМРО на Михајлов со хитлеристичките кругови, СССР сакаше да ја оттргне употребата на македонското прашање од нацистичка Германија во корист на бугарските фашистички кругови. ВМРО (Обединета) и балканските комунистички партии беа повикани да започнат не само една идеолошка и политичка, туку една јасна, веќе национална борба во корист на македонизмот. Вреди да се обрне внимание на тоа дека во соодветната одлука на Комунистичката интернационала за постоењето на македонската нација, Македонија се карактеризира како воено средиште во претстојаната империјалистичка војна, а на Бугарија ѝ се оспорува и правото на владеење на регионот Петрич, и претензиите врз поопширниот македонски простор. Влахов во своите мемоари остава јасно да се подразбере дека одлуката на Извршниот комитет на Комунистичката интернационала да ја унапреди идејата за македонската нација непосредно е поврзана со доаѓањето на нацизмот во Германија. Извршниот Комитет на Комунистичката интернационала им даде налог на челниците на Балканскиот секретаријат на Комунистичката интернационала, Полјакот Велецки и Чехот Шмерал, да ја состават соодветната одлука. Но, бидејќи тие не беа запознати со македонското прашање, текстот на одлуката го состави главно Влахов, водечка фигура на ВМРО (Обединета). Влахов се повикува исто така на негативните реакции предизвикани од одлуката на Извршниот комитет на Комунистичката интернационала за истакнување на идејата за македонската нација и во Бугарската комунистичка Партија (Коларов, Станке Димитров, В.Червенков) и меѓу кадри на ВМРО (Обединета), кои изразија сомневања дека теоријата за македонската нација може да биде бумеранг за Организацијата. Во соодветните подготвителни дискусии учествуваа и претставници на балканските комунистички партии кои студираа на комунистичкиот универзитет на националните малцинства во Москва. (Види за ова: Д. Влахов, Мемоари, Скопје 1970 г., стр.356-358. Одлуката ја објавил весникот “Катимерини”, 13.12.1992 г.).

ВМРО (Обединета) беше принудена да ја следи таа нова политичка линија до 1936 година, кога таа се расформира.

Одлуката на Комунистичката интернационала за постоењето "македонската нација" беше главно поволна за Комунистичката партија на Југославија која во "македонизмот" виде можност за победа на бугарските претензии кон српска Македонија.

Само по себе се подразбира зошто скопската историографија до 1990 година имаше негативен став како за ВМРО на Александров и Протогеров, така и за ВМРО (Обединета). Првата се сметаше како бугарско-шовинистичка организација, која имаше за цел соединувањето на Македонија кон Бугарија, а пак, втората како бугарофилска со организациски, идеолошки и политички слабости. Не е случајно што врвни раководители на ВМРО (Обединета), како Влахов, кои по 1944 го прифатија "македонизмот" и заседоа водечки места во Федерална Социјалистичка Република "Македонија", набрзо беа обвинети за бугарофилство и беа отстранети. Во својот говор на Првиот конгрес на Комунистичката партија на "Македонија" (19.12.1948) Лазар Колишевски истакна дека "ставот на ВМРО (Обединета) не беше идентичен по националното прашање со правилниот став на Комунистичката партија на Југославија" (Л.Колишевски, Аспекти на македонското прашање, 3-то издание, Скопје 1980, стр.39). Во две писма до Колишевски, едното од 05.12.1948, и уште едно од 1951 година, Влахов го изрази своето противење за основање на македонската националност врз антибугарска основа. Обвинението на Колишевски за бугарофилскиот карактер на ВМРО (Обединета) го отфрли и со аргументот дека литературниот јазик на "Македонците" меѓу двете светски војни бил бугарскиот. Види во врска со тоа: S.TROEBST, DIE BULGARISCH-JUGOSLAWISCHE KONTROVERSE UM MAKEDONIEN 1967-1982, MUNICHEN 1983, p.49 и од истиот,, MIT IVAN KATARDZIEV- AUT DEN GIPFELPFADEN DER MAKEDONISCHEN GESCHICHTE", CUDOST-FORSCHUNGEN, 47/1988, S.255.)

Одлуката на Комунистичката интернационала за "македонската нација" остана еден теоретски проглас на комунистичките партии на Балканот без одзив во населението.

С. СФЕТАС – К. КЕНТРОТИС СКОПЈЕ ВО ПОТРАГА ПО ИДЕНТИТЕТ И МЕЃУНАРОДНО ПРИЗНАВАЊЕ

-Критички осврт на изданието на МАНУ "Macedonia and its Relations with Greece", Скопје 1993

257 – ИНСТИТУТ ЗА БАЛКАНСКИ СТУДИИ, СОЛУН, 1994 (ИЗВАДОЦИ, ПОСЛЕДНИТЕ 15 СТРАНИЦИ ОД БРОШУРАТА) Во тринаесеттата глава (The Establishment of the Macedonian State in Second World Wap, pp. 91-94) се наведува дека уште во првите денови на окупацијата Комунистичката партија на Македонија го организирала отпорот, кој во текот на 1943 и 1944 добил големи размери. Согласно со одлуките на Антифашистичкото Собрание за народно ослободување на Југославија (29 11 1943 во босанскиот град Јајце) за федерализа-ција на Југославија), на 2 август 1944 година, на првото заседание на Македонија (АСНОМ), било прогласено основањето на "Народна Република Македонија".

Но, историските настани се развиваа поинаку. Познато е дека бугарската окупаторска војска во српскиот дел на Македонија беше пречекана како ослободителна и во првиот период на окупацијата дојде до израз едно силно бугарофилско чувство. Ниту комунистичките ставови за посебна "македонска нација" ниту идејата за југословенска федерација немаа сериозен одзив меѓу словенското население. Комунистичка партија на "Македонија" немаше, затоа што одлуката на Комунистичката партија на Југославија од 1934 година за создавање "македонска" комунистичка партија не беше возможно да се оствари. Месните комунисти под раководство на М. Шаторов се отцепија од Комунистичката партија на Југославија и преминаа во Бугарската работничка партија (комунисти) со паролата "една држава, една партија". Подоцнежното незадоволство спрема окупаторските власти се должеше на социјални (произволни, тешки одаточувања, презирање на месните сентименталности) а не на национални причини. Затоа не најде благопријатна почва развојот на движењето на отпорот на Тито во југословенска Македонија. Карактеристично е писмото на Тито од 16 јануари 1943 година до Месниот регионален

комитет за “Македонија” на Комунистичката партија на Југославија.

“Драги другари, од материјалот што ни го испративте се гледа дека недоволно и погрешно сте ги сфатиле карактерот и целта на денешната народно-ослободителна борба и поради таа причина направивте огромни грешки. Воопшто, јасно се гледа слабоста на партиската организација, која под влијание на кликата и на антипартиската активност на претходниот раководител (се подразбира Шаторов - наша забелешка) се уште не успеа организациски да се зацврсти, да закрепне и политички да се осамостои. Главните карактеристики на партиската организација во Македонија се: недоволно и недоследно спроведување на политичката линија на нашата партија, неодлучност за нејзино спроведување, организациски грешки и слабости, лабав став спрема колебливите, туѓи, опортунистички и непартиски елементи внатре во партијата, ограничено поставување на прашањето за ослободување и независност на македонскиот народ, отсуство на врски со народните маси при активноста, толеранција спрема автономистичките тенденции од организациско-партиски карактер, како и спрема автономистичките тенденции од национален карактер...” (Види: С. Вукмановиќ-Темпо, Револуција која тече, У. 2. Загреб 1982, стр.371-372).

Комунистичката партија на “Македонија” беше основана од пратеникот на Тито во југословенска Македонија, Светозар Вукомановиќ-Темпо, со големи потешкотии, во февруари 1943 година, но без притоа да се промени ситуацијата. Само со капитулацијата на Италија (септември 1943) и поразот на Германија што се назираше, започна да се развива оруженият отпор. КПЈ ја пропагираше постарата теза на Комунистичката интернационална за постоење посебна “македонска нација” и за создавање “обединета Македонија” (која би се состоела од грчкиот, српскиот и од бугарскиот дел) и тоа во југословенската федерација. И во прогласот на АСНОМ и во другите текстови и јавни изјави од членови на Собранието, експанзионистичкиот дух силно се манифестираше. Обединувањето на сите делови на Македонија се истакнуваше како “оправдана и цврста” желба на свежиот дел на југословенската федерација. За остварување на

таа цел Скопје беше повикано да ја одигра улогата на "македонски штит". После судирот на Тито со Коминформ (јуни 1948) и поразот на грчките комунисти во август 1949 година, југословенското раководство ги напушти привремено плановите за "конечно решение" на македонското прашање и се сконцентрираа на одгледување и зацврстување на новиот национален идентитет на словенското население во југословенска Македонија и на елиминирање на антагонистичките влијанија.

"Македонизирањето" не се оствари автоматски, туку тоа беше една процедура во текот на која југословенските челници во првата фаза започнаа со искоренување на сите бугарски организации кои се спротиставуваа на идејата на македонизмот, втемелен врз антибугарска основа, а на кои гледаа една нова форма на српско владеење во регионот.(Види во врска со тоа: Чрнушанов, како погоре стр.283-329).

Истовремено, многумина ветерани на ВМРО беа обвинети како бугаромани, приврзаници на Иван Михајлов и беа осудени на смрт или на казна затвор, затоа што се стремеа, согласно со обвинението, кон отцепување на Југословенска Македонија од Југословенската федерација и како независна држава би се ставила под покровителство на Големите сили, верувајќи при тоа дека на тој начин полесно ќе успее обединувањето на сите делови на Македонија во една обединета и независна држава. Меѓу жртвите се најде и претседателот на АСНОМ на федералната Социјалистичка Република Македонија Методија Ченто. (За овие судења во втората половина на четириесетите години и за настаните потоа, разобличувачка е неодамнешната книга на С. Ристески, "Судени за Македонија" (1945-1985), Скопје (издание на "Време") 1993. За не-влегување на југослвенска Македонија во идната југословенска федерација во 1943 беше и денешниот претседател Киро Глигоров. Види за тоа: К. Палешутски, "NATIONAL PROBLEM IN THE JUGOSLAV FEDERATION), BULGARIA ACADEMY OF SCIENCES/INSTITUT FOR BALKAN STUDIES (SOFIA), NATIONAL PROBLEMS IN THE BALKANS, SOFIA 1992, o.96.20).

Истовремено, југословенските лидери поставија прашање за почитување на правата на претпоставените "македонски" малцинства во соседните земји. Честите повикувања на југословенски раководни личности на ова прашање јасно зборуваат за тоа дека режимот што го воспостави Тито никогаш не го издаде својот интерес за целокупна Македонија. Официјалната историографија и општествените науки во поранешната Федерална Социјалистичка Република Југословенска Македонија се мобилизираа во една операција на етногенеза кој неизбежно се сопна на историската традиција и културниот идентитет на повеќето соседни нации. Свежата национална идеологија на Скопје се потпре врз претпоставката на појавување "македонски народ" во сите три делови на истоимениот географски простор, од кои грчкиот и бугарскиот се неослободени области.

Во петнаесеттата (THE MACEDONIAN LANGUAGE IN THE BALKAN LANGUAGE ENVIROMMENT, о.105-111) и во шеснаесеттата глава (MACEDONIAN CULTURE, о.113-119) се зборува за морфолошките карактеристики на "македонскиот јазик", за неговата афирмација во меѓународната наука и во литературната продукција по 1944 година.

Терминот "македонскиот јазик" на нивото што се однесува на словенски јазичен идиом создава забуна. Вистински македонски јазик е јазикот на Старите Македонци, еден грчки дориски дијалект. Таканаречениот "македонски јазик" има како во поглед на морфологијата, така и во поглед на структурата многу заеднички карактеристики со бугарскиот, како на пример, отсуство на инфинитив, отсуство на падежи, употребата на неопределено време, членот, описното формирање на компаративите итн... Врз основа на овие факти таканаречениот "македонски јазик" би можел да се окарактеризира повеќе како бугарски идиом. (H.BRAUER, SLAVISCHE SPRACHWISSENSCHAFT, BERLIN 1961, Б'лгарска академија на науките (Институт за б'лгарски език. Единство на б'лгарски език в минатото и днес, /од бугарското списание Б'лгарски език, 1 /1978/ Софија, 1978).

По 1945 година направени се системски напори за дебугаризација на овој словенски идиом. Беше прифатена српската азбука, беше укината типичната бугарска буква “ъ”, навлегоа многу српски зборови (влада, улога, стварност, струка, спрат), наспроти фактот дека постоеја соодветните бугарски, иснструменталниот падеж на српскиот јазик како предмет на глаголите се изразува со предлогот “со” плус соодветниот збор, нешто кое е неприродно во овој идиом (на пример: управљам државом – управувам со државата), наставките на презимињата на – ова и – ев се престорија во –овски и-евски. (За влијанието на српскиот јазик види: N.REITER “DIE SERBISCHMAKEDONISCHE SYMBIOSE”, YUGOSLAWIEN, INTERNATIONSPROBELEME IN GESCHICHTE UND GENENWART. BEITRAGE, ZUM V. INTERNATIONALEN SUDOSTEUROPA – KONGRESS, GOTTINGEN 1984, o.178-195).

Исто така треба да се истанкне дека таканаречениот “македонски јазик” не е единствен и еднообразен, туку има многу јазични своебразности во зависност од регионот. Како основа за создавање литературен “македонски јазик” во Федералната Социјалистичка Република “Македонија” беа прифатени централните дијалекти на регионот, затоа што се сметаа дека се под најмало влијание од бугарскиот литературен јазик. Наспроти култивирањето на таканаречениот “македонски јазик” на литературно ниво после 1944 година и навлегувањето на многу српски зборови, тој и понатаму си останува еден сиромашен јазик.

Четиринаесеттата глава (THE REPUBLIK OF MACEDONIAFROM A MEMBER STATE OF THE YUGOSLAV FEDERATION TO A SOVEREING AND INDEPENDENNT STATE, o.95-104) се занимава со современиот вид на македонското прашање, односно со периодот што започнува во 1944 година, кога за првпат, како што се вели, “Македонците” ќе се здобијат со своја држава, и до денешните настани со отцепувањето на Поранешна Југословенска Република Македонија од југословенската федерација и нејзиниот пат кон независноста и нејзиното меѓународно признание.

Најглавните точки што се истакнуваат тука во однос на конкретниот повоен период се следниве:
Во рамките на обединета Југославија “Социјалистичка Република Македонија” ќе стане позната во целиот свет и “македонскиот” народ ќе биде признат од меѓународната заедница.

Бидејќи стана невозможно останувањето на одделни републики во федералниот систем, нивните народи одлучија да се ослободат од таа рамка. “Социјалистичка Република Македонија” преку еден мирен и демократски процес пристапи кон сите дејствија кои конечно ѝ овозможија да се здобие со своја независност, и тоа спротивно на другите југословенски републики кои дури и денес се обидуваат низ воени судири да го прифатат новото.

Значајни елементи на ослободувањето на Републиката од југословенската федерација и нејзиното тргнување по патот на парламентарната демократија се референдумот, што се одржа на 8 септември 1991, за независност на Македонија, и уставот што беше изгласан на 17 ноември 1991 година.

Уставот, што е резултат на вековната борба на “македонскиот” народ за својата национална слобода, наполно одговара на општите принципи, како на меѓународното право, така и на одлуките на ООН и на КЕБС за демократско организирање на општеството, прифаќање на парламентарниот систем на управување, мирна коегзистенција со соседните држави, почитување на личните и колективните права на сите граѓани и посебно на малцинствата, заштита на културните, етничките, јазичните и верските специфичности на граѓаните на оваа република итн.

Врз основа на стручното мислење на Бадинтеровата арбитражна комисија (К. Иоану: Прашањето на признавањето на Скопје, Атина – Комотини 1992 г.) за југословенската криза, Поранешната Југословенска Република Македонија ги исполнува сите услови што беа поставени од страна на Европската унија на 16 12 1991. за признавање на југословенските републики. (Во заедничкиот став на

министрите за надворешни работи во последниот параграф конкретно се наведува следното: "...Заедницата и нејзините државичленки исто така бараат од југословенската република да преземе обврска, пред да биде призната, да даде уставни и политички граници дека нема никакви територијални претензии спрема соседна земја членка на Заедницата и да не врши непријателски пропагандни активности против соседна земја член на Заедницата, во кои спаѓаат и употребата на името што подразбира територијални претензии...").

На крајот на оваа глава посебно се споменуваат две декларации што ги донесе Парламентот на Поранешната Југословенска Република Македонија. Првата декларација (3 јули 1992) се однесува на одлуката на земјите-членки на Европската унија од Лисабон на 27 јуни 1992, која бараше од оваа Република да избери такво име, кое нема да го содржи терминот "Македонија", за да пристапи Европската унија кон нејзино признавање. Втората декларација (29 јули 1992) се однесува на одлуката на Република Скопје да поднесе молба за прием во ООН.

Пристапувајќи посебно кон констатациите и настаните што се наведуваат во конкретната глава, можат да се направат следниве забелешки:

Повикувањето во оваа книга на првите повоени многупартиски избори од ноември 1990 година е телеграфско. Се премолчуваат резултатите од изборите (Б. Тимовски / С.Стефановски: Избори 90. Политичките партии во Македонија, Скопје 1991), каде што неоспорен победник беше екстремната националистичка партија ВМРО-ДПМНЕ (Внатрешна македонска револуционерна организација-Демократска партија за македонско национално единство). И самото име, и нејзината политичка програма упатуваат на истоимената организација од крајот на 19-от век. Не е, впрочем, случајно што оваа партија во еден извештај на Стејт Департментот (PATTERNS OF GLOBAL TERRORISM: APRIL 1991, WASHINGTON o.18) од 1991, се смета како терористичка организација врз основа на активноста на старата ВМРО. Исто така, нејзиниот централен предизборен плакат ја претставуваше целата географска територија на

Македонија со свој лозунг: “Земи ја нејзината судбина во своите раце”. Уште во својот предизборен проглас категорично истакна: “ВМРО-ДПМНЕ смета дека деловите од македонската нација кои живеат под окупаторски режим во Грција, во Бугарија и во Албанија не претставуваат национално малцинство, туку се дел од поробените делови од македонската нација, бидејќи една нација која живее веќе десет векови во својата татковина не може да се оквалификува како национално малцинство. ВМРО-ДПМНЕ смета дека е непосредна потребата за духовно, политичко и економско обединување на македонскиот народ... и живо е заинтересирана за деловите на македонскиот народ кои живеат поробени во Грција, во Бугарија, во Србија и во Албанија... (Б. Тимовски/ С.Стефановски, како погоре, стр.137).

Индикативно е дека во текот на работата на Првата национална конференција на Партијата во Прилеп (6-7 април 1991) беше одлучено следната Конференција да се одржи во Солун, а потоа во Благоевград (Македонски Глас (ROCKDALE AUSTRALIA) бр.29, 23.4.1991). За референдумот постои една заткулисна игра која не е претставена во оваа глава. 68,32% од запишаните и 95,09% од гласачите се изјаснија “за сувереноста на автономна Македонија, со право да учествува во еден сојуз на суверени држави на Југославија”. Но, и во Поранешната Југословенска Република Македонија, и надвор беше нагласен првиот дел од прашањето на референдумот, т.е. Автономијата на “Република Македонија” што беше протолкувано како независност и беше сосема пренабрегнат вториот дел. Албанците од државичката не учествуваа на референдумот, па дури на 11 и 12 јануари 1992, тие организираа свој референдум, каде што со процент 99,86% бараа територијална и политичка автономија. (LE MONDE, 18.1.1992).

Уставот на Поранешната Југословенска Република Македонија, и покрај дополнувањето - измените што беа извршени, продолжи да го чува својот иредентистички карактер. Главен акцент се става на спорните членови од Уставот од 1991 (3 и 49 со соодветните измени-дополнувања, 68 и 74), со цел да се оправда отсуството од спроведување непријателска пропаганда

и поставување територијални претензии од страна на Поранешната Југословенска Република Македонија.

Главна резултанта на експанзионистичките претензии на Поранешната Југословенска Република Македонија е во преамбулата на Уставот. Во неа има директно повикување" ... на државно-правните традиции на Крушевската Република (1903) и на историските одлуки на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (1944)...". Одлуките го означија создавањето на "Народна Република Македонија" во рамките на Федеративна Југославија. Со овие одлуки јасно се прогласува слободата и обединувањето на сите "браќа Македонци" надвор од вештачки оформените граници на 20-от век на Балканот.

Индикативна е одломката од "Извештајот на Организациониот комитет на народното ослободување на Македонија" (АСНОМ) во врска со активностите од основањето до своето прво заседание (2 август 1944 г.)

"...Во овој момент, кога сите сили што се борат во Македонија се фрлени во битката против фашистичките окупатори, ги повикуваме и другите делови на македонскиот народ да учествуваат во големиот антифашистички фронт, бидејќи тоа е единствениот начин за да го добиеме правото на самоопределување и преодот што води кон обединување на целата македонска нација во една слободна заедница на слободни народи на Југославија. Борцитеослободители на Македонија свечено изјавуваат дека нема да жалат жртви и ќе дадат секаква помош за ослободување на другите два дела од нашиот народ и за сеопштото обединување на целиот македонски народ. Кога е познато дека борците-ослободители на Македонија се дел од Југославија на Тито, тогаш јасно се гледа колку голема може да биде нашата помош и колку решителен е нашиот стремеж за обединување на целиот наш народ..." (THE UNIVERSITY OF "CYRIL AND METHODIUS", FACULTY OF PHILOSOPHY AND HISTORY, DOKUMENTS ON THE STRUGGLE OF THE MACEDONIAN PEOPLE FOR INDEPEMDENCE AND A NATION-STATE, VOL.2, SKOPJE 1985, o.607.)

Исто така во Манифестот од Првото заседание на АСНОМ до народот на Македонија (2 август 1944) карактеристично се вели: "...Тргнувајќи од многувековните идеали на македонскиот народ, првото Македонско Народно Собрание го изразуваа пред целиот свет својот справедил и цврст стремеж ЗА ОБЕДИНУВАЊЕ НА ЦЕЛИОТ МАКЕДОНСКИ НАРОД врз основа на правото за самоопределување. Тоа би ставило крај на угнетувањето на македонскиот народ во сите негови делови и ќе ги создаде предусловите за искрена солидарност и мир меѓу балканските народи..." (Исто: DOCUMENTS, VOL.2, о.635).

Овој елемент на експанзија не е суштински анулиран со делумните дополнувања-измените на членовите 3 и 49. Може, се разбира, дополнувањето на член 3 од Уставот, дека "Република Македонија нема никаква територијална претензија спрема соседните држави", да претставува значаен напредок, но во суштина повеќе има симболичен карактер, штом ова дополнување е содржано така или инаку во обврските на државите (обврзно правило на меѓународното право –JUS COGENS да не предјавуваат територијални претензии со незаконски средства, како што е употреба на насилство или со прекршување на меѓународните конвенции).

Членот 3 во врска со членовите 68 и 74, кои исто така се однесуваат на промена на границата, се вклопуваат во логиката дека таа промена на границите се однесува на присоединување, а не на губење територија која ѝ припаѓа на поранешната југословенска република Македонија, штом, впрочем, нејзината територија согласно Уставот е "неделлива" и "неповредлива". До денес, Поранешната Југословенска Република Македонија не се изјаснила околу официјално признавање на постоечката граница со Грција.

Повикувањето и на членот 49 од Уставот за малцинствата, односно дека "Републиката се грижи за положбата и правата на припадниците на македонскиот народ во соседните земји...", и дополнението-изменување од 6 јануари 1992, "дека Републиката нема да ги повредува суверените права и не ќе се меша во внатрешните работи на други држави" се исто така

основен лост за територијални претензии за сметка на соседните држави. Едностраното и самоволно прокламирање на Уставот за постоење "Македонци" во соседните земји, без такво нешто да е признато со меѓународни спогодби, е во суштина мешање во внатрешни работи на соседните земји со мотив заштитата на правата на, така-нареченото "македонско" малцинство и, следствено, споменатото дополнување – изменување е лишено од вредност и содржина.

Посебно се зборува за заштитата на личните и на колективните права на разните малцински групи во Република Скопје – особено во некои членови на Уставот од 1991. Индикативно е систематското повикување во оваа книга на улогата на меѓународните организации (ООН, КЕБС, Совет на Европа итн.). Очигледен е напорот да се прикаже дека Поранешната Југословенска Република Македонија се движи во рамките на меѓународната законитост применувајќи ги точно прописите што произлегуваат од нејзините меѓународни обврски и особено дека таа е сосема согласна со последните сфаќања за заштита на малцинствата и почитување на човековите права.

Но, сепак обвинението од страна на малцинските групи во таа Република против практиката што се применува од државните власти на Скопје на нивна сметка, се секојдневни и врз трајна основа. Индикативно за целата ситуација во секторот на малцинствата е писмото што го испрати претседателот на албанската Партија за демократски просперотет во Поранешната Југословенска Република Македонија, Невзат Халили, до претседателот на Републиката Киро Глигоров на 18 јуни 1993: "...Во Собранието на Македонија одлуките се донесуваат мнозински, врз национална основа и антидемократски, без да се постигне национален консензус по суштински национални прашања. Изборниот закон ни создава проблеми. Тој е многу неповолен за Албанците, ако се земаат во предвид изборните округи и бројот на гласачите што соодветствуваат на еден пратеник. За еден пратеник Албанец, соодветствуваат околу 8000 гласачи, додека за еден Македонец само 3500 гласачи..." Во сите градови на Македонија, регионите носат само македонски имиња а не имиња што ги употребуваат жителите на регионите, дури и во градови каде што Албанците

изнесуваат 80% или 50% од населението, како на пример, Тетово, Гостивар, Дебар, Кичево, Струга, Крушево, како и во повеќето делови на градот Скопје. Во ниту еден град нема албански културни центри ниту албански имиња. Постои само еден албанско-турски театар наспроти осумте професионални македонски театри. Претставувањето на Албанците во училиштата за средно образование е нешто повеќе од симболично. Во ниту еден суд од која било инстанција нема Албанец-претседател, а истото се случува и со медицинските центри..." (Нова Македонија, 19.6.1993 г.).

Бадентеровата арбитражна комисија беше предводена од заедничкиот став на државите-членки на Европската унија на 28 август 1991, а пак нејзините компетенции беа одредени во заедничкиот став на државите-членки на Европската унија од 3 септември 1991 година. На почетокот дури беше усогласено да биде составена од пет члена, а на нејзино чело да биде претседателот на уставниот суд на Франција Р. Бадентер, додека два од петте нејзини членови да бидат посочени од Федералното Претседателство на Југославија. На крај во нејзиниот состав влегоа само претседателите на уставните судови на Белгија, на Германија, на Италија и на Шпанија. Начинот на работа на оваа комисија имаше некои значајни карактеристики:

а) Не ги одреди јасно прашањата на својата дијагностичка јурисдикција;

б) Од заинтересираните страни немаше обврска за нивно сообразување со нејзините одлуки;

в) Комисијата не направи, согласно со прифатената тактика, никакво истражување на самото место, ниту пак распит на сведоци;

г) Таа се потпре исклучително и само на двата, гореспоменати, текста на Европската унија и испрати само едно прашање кон заинтересираните страни во врска со секоја претпоставка што ја поставуваше текстот на Европската унија за да се признаат одделните југословенски Републики;

д) Комисијата, всушност, не разреши никаков спор, останувајќи во политичките рамки на текстовите што имаше за последица уште повеќе да се комплицира ситуацијата.

При доставување на своето стручно мислење бр.6 од 11 јануари 1992, за Поранешната Југословенска Република Македонија, Арбитражната комисија беше на мислење дека:

1. Уставните прописи обврзуваат на меѓународен план признавање една држава-кандидат;

2. Едностраните изјави на функционери од една призната државна самобитност имаат задолжителна важност во меѓународното право. (Писмото од Министерот за надворешни работи на Поранешната Југословенска Република Македонија од 20 декември 1991, како и поднесувањето дополнителни податоци со друго писмо од министерот за надворешни работи на Поранешната Југословенска Република Македонија од 11 јануари 1992 година.);

3. Воопшто не ја определи смислата на "непријателска пропаганда";

4. Ја смета задоволителна тезата дека Поранешната Југословенска Република Македонија, бидејќи се откажа од територијалните претензии за сметка на своите соседни држави преку соодветните дополнувања-измени на Уставот од 1991, употребата на името Македонија не може да подразбира територијална претензија спрема друга држава;

5. Не ја зема воопшто предвид грчката резервираност и спротиставување, ниту мислењата на разните групи малцинства од внатрешноста на Поранешната Југословенска Република Македонија.

По одлуката на државите-членки на Европската унија во Лисабон на 27 јуни 1992, со познатата негативна содржина на ставовите на Бившата Југословенска Република Македонија, нејзината експанзионистичка политика беше зајакната со

присвојувањето на амблемот на древните Грци-Македонци, сонцето од Вергина со шеснаесет краци, како официјално знаме на Републиката. Парламентот на Скопје во август 1992, и официјално го потврди овој амблем како знаме за новосоздадената Република. Во оваа книга воопшто не се зборува за тоа. Овој факт и настаните потоа покажуваат до некаде дека тој потег би можел да се протолкува како тактичен маневар од страна на државното раководство на Поранешната Република Македонија. Во некои преговори во иднина Скопје би можело да го симне тој симбол, факт кој би се толкувал од меѓународната заедница како огромно отстапување спрема грчките барања, но всушност би "се вратило" нешто кое во самата Република Скопје до ден-денес не се ни сметаше идентично со нејзиниот историски развој. (Види во врска со ова статии: А. Шолјаковски, "Државен симбол како меѓународен проблем." И за знамето: Нова Македонија, 1,2,3/5.1993 г. Д. Малески, "Компромис за да ја постигнеме целта", Нова Македонија, 19.1.1994 г.).

Ако се направи еден општ преглед на развојот на македонското прашање од 1950 година се до нашите денови ќе се формира следнава слика: Од почетокот на педесетите години "македонската" политика на Тито беше концентрирана врз две точки. Прво, кон одгледување и зацврстување на "македонскиот" идентитет на населението од југословенскиот дел на Македонија со цел да се неутрализира антагонистичкото влијание на Бугарија. Второ, кон стремежот за заштита на претпоставените "македонски" малцинства во соседните земји. Дури овие претензии кон тие малцинства беше основниот параметар на Титовиот период на управување со земјата во целиот развој на Федеративна Југославија.

Посебниот интереси на Белград и на скопската влада за "македонските" малцинства во соседните земји имаше за последица да се создадат повеќе спорни точки и затегнатост помеѓу Југославија и Бугарија, споредбено со нивото на односите што ги одржуваше Југославија со Грција. Дури тоновите меѓу Белград и Атина беа снижени доволно по потпишувањето, со учество и на Турција, на трилатералниот

Балкански договор (1953-54) за да се засили антисоветската политика на Југославија од страна на Запад.

Спротивно на централната влада во Белград, месните лидери на "Народна" а потоа "Социјалистичка Република Македонија" продолжија со острите тонови спрема Грција. Македонскиот дел на Грција беше станал неизбежно главен субјект на нивните експанзионистички аспирации. Нивниот стремеж се состоеше во тоа да ги истакнуваат прекумерно сите оние показателни податоци што карактеризираат една сплотена национална идеологија, како што историските корени, јазикот и црквата. Истовремено, требаше да го зајакнат соодветно и арсеналот на националната "македонска" идеологија со неопходно потребната "Голема идеја".

Таа беше барана од историчарите на месната државичка главно во историската традиција и во културниот идентитет на соседните балкански народи, со цел да се зајакне "македонската" етногенеза во внатрешноста на земјата. Тоа се направи и преку присвојување и узурпирање на секој туѓ податок, и обратно, преку оспорување на потеклото на тие податоци. Историскиот мит, т.е. обединувањето на сите делови на Македонија, беше неопходно потребен и за зајакнување на "македонизмот" надвор и особено во земјите на Новиот свет, каде што присуството на луѓе по потекло од целиот географски простор на Македонија е посебно изразено.

Славофоните иселеници од Македонија станаа не само примачи на "Македонската голема идеја", туку, пред се нејзина основна потпора за да стане позната низ целиот свет. Благода-рение, главно, на тие славофонски заедници во странство, меѓународната заедница во текот на целиот период на повоената поларизација, одблизу се запозна со иредентистичките привиденија на Скопје.

Од крајот на шеесетите години во тие заедници започнаа да се забележуваат и силни националистички тенденции, кои повеќе пати многу се разликуваа од официјалната идеологија на метрополата Скопје. (Индикативно е дека симболот на сонцето од Вергина со шеснаесетте краци, беше станало веќе предмет на

експлоатација од страна на националистичките кругови на “Македонците” во Австралија. Види за ова: MACEDONIA. WEEKLY HERALD (KILMORE/VICTORIA), 15.9.1983.).

Следејќи го генерално начинот на воспитување на повоените генерации, и во Поранешната Југословенска Република Македонија, и во странство, лесно може да се констатира постоењето на две оски околу кои се врти догмата на “македонската” национална идеологија. Првата оска го содржи присвојувањето на културното наследство од целиот географски простор на Македонија и на Старите Македонци. Преку постојаното оспорување на грчкоста на Старите Македонци (Види: Училишни помагала од Скопје во врска со стариот период. Б. Драшковиќ - И. Малек. Историја за 5-то одделение, Скопје 1987, стр.71,74. С.Младеновски, Историја за 1 клас, Скопје, 1992, стр. 129-134,148,158) и на нивниот јазик и со приложување карти кои јасно ја разделуваат Македонија од грчкото тело во текот на историјата, се култивира, на посреден начин, идентификација на жителите на Поранешната Југословенска Република Македонија со Старите Македонци, со географската територија со која тие владееја, а исто така и со нивните постигнувања. Врз основа на втората оска на “македонската” национална идеологија, повоените генерации во Република Скопје се воспитуваат со чувството дека Македонија е делумно ослободена, односно во формата на бивша “С.Р.Македонија” и сега “Република Македонија”.

Останатите делови на Македонија кои им припаѓаат на Грција, на Бугарија и на Албанија остануваат поробени и ќе треба да бидат ослободени во иднина. (Драшковиќ-Малек, како погоре, стр.55, 67, 73, 77, 86, 94, 109, 112, 114. Младеновски, како погоре, стр.212).

Во целиот овој повоен период, всушност, не престана воопшто пропагандната активност од страна на официјалните и неофициjалните кругови на Република Скопје и во внатрешноста и во странство. Оваа иредентистичка политика се спроведува или директно, со официјални изјави на политичкси лидери, или индиректно, со распространување карти со обединета Македонија, но и со летоци, календари и воопшто со

публикации со агресивен дух спрема Грција, со кои се оспоруваат грчкото културно наследство и грчките симболи.

Во текот на целиот овој временски период, Поранешната Југословенска Република Македонија настапува со полна злоупотреба на македонското име. Користејќи ја секоја шанса, таа од географска дефиниција го претвори во национален термин на една држава, чија главна карактеристика е унишувачкото присуство на националните, јазичните и верските малцинства, кои не се идентификуваат наполно со словенската култура и со "македонската" иредентистичка идеологија. Согласно последниот попис на населението, (Детални податоци за пописот од 1991 г. во Скопје, види: Становништво, 3-4/1990, 1-2/1991, Београд, стр.300-301 STATISTICAL OFFICE OF MACEDONIA: BASIC STATISTISTICAL DATA FOR THE POPULATON< SKOPJE< DECEMBER 1991, о. 14-16) кој се спроведе во Република Скопје на 31 март 1991 , прва националност по големина е онаа на Албанците, кој достигна до 21,1% од вкупниот број жители (427.313 луѓе, од вкупно 2.033.964). Политичките и духовните лидери на Албанците, пак, енергично ги негираат овие официјални податоци и зборуваат за процент, кој се движи од 35% до 40% (околу 800.000) (M. ANDRELEVITCH, "RESURGENT NATIONALISM IN MACEDONIA", REPORT ON EASTER EUROPE, VOL.2, No. 20, 17.5.1991, о.27). Од друга страна голем број Албанци не учествуваа во пописот од 1991, затоа што не се согласуваа со начинот на неговото спроведување.

Во официјалните податоци од пописот од 1991 (Во пописот од 1991, не се наведува конкретно постоењето на други малцински групи, како Грци, Бугари и други) се наведува постоењето и на други малцински групи, како Турци со 4,7% (97.416), Роми (Цигани) со 2,73% (55.577) и Срби (Иако Србите се четврта по големина малцинска група врз основа на официјалните податоци на пописот од 1991, тие не се споменуваат во преамбулата на Уставот од 1991, меѓу националностите кои уживаат исти права со "Македонците") со 2,17% (44.159).

Резимирајќи го сето ова што е изнесено погоре, може да се извлечат следните констатации:

1. Само денешниот грчки дел од Македонија може да се смета како репрезентативен на древна историска Македонија;

2. Никаква "македонско-словенска етногенеза" не е извршена ниту во средновековието како последица на мешање на Старите Македонци со Словените и основањето "македонско-словенска држава", ниту во 19-от и 20-от век, како последица на стремежите за диференцијација на славофоните од Македонија од Бугарите, Грците и од Србите;

3. Таканаречената "македонска нација" е творба на Комунистичката интернационала и на Титова Југославија. Преку оваа вештачка националност, Југославија ги отфрли бугарските претензии врз југословенскиот дел од Македонија и го пропагираше својот експанзионизам врз целокупна Македонија;

4. Иако во поговорот на книгата се истакнува потребата Грција да стане инкарнатор на новата европска политика на Балканот и односите меѓу Атина и Скопје да не бидат под влијание на историските стереотипи од минатото, сепак, целта на книгата е да се убеди меѓународното јавно мнение за неговите историски права, врз основа на "славното минато" на "македонскиот" народ, неговиот посебен национален идентитет и неговото право за посебна државна самобитност. Врз основа на оваа "историска психоза" на Скопје, не би било неосновано гледиштето дека дури и во случај на изнаоѓање политичко регулирање на спорот меѓу Атина и Скопје, за кое во последните години се прават обиди во рамките на Европската Унија и на ООН, тешко е да се постигне согласност меѓу историчарите од балканските земји за историските аспекти на македонското прашање.

МЕМОРАНДУМОТ НА С А Н У

(Група академици на Српската академија на науките и уметностите за актуелните општествени прашања во нашата земја)

Белешка

Меморандумот на Српската академија на науките и уметностите (САНУ) е изработен некаде во 1985/1986 година, а објавуван е во различни, главно полуофицијални изданија.

Овде го пренесуваме во формата објавена во "Наше теме", Загреб, 1989, 33 (1-2), стр. 128-163; Текстот содржи краток вовед и два дела: Кризата на југословенското стопанство и општество; и - Положбата на Србија и српскиот народ.

Заради просторот, се пренесува само краткиот вовед и вториот дел од Меморандумот, за кој се смета дека е идеолошки вовед во распадот на Југославија. Првиот дел содржи критика на југословенскиот еднопартиски, недемократски, самоуправен и квази-пазарен систем. Посебно од аспект на развојното заостанување на Србија, на недоследно изведените права на автономија на малцинствата и на непосредна и мнозинска демократија. Во продолжување, поместени се уште два текста (Шешељ и Суботиќ), снабдени со објаснувања. Се работи за труд од над 1000 страници, со мошне сложена структура (15 глави со над 50 поглавја, подделови итн., со многуброен референтен апарат, литература и сл.), кој ја опфаќа сета историја на Србите, територијата, верата, јазикот и културата, односите со другите и соседните народи и други теми. Особено внимание им е посветено на односите со Хрватите, со Албанците, со Бошњаците итн., меѓу нив и со Македонците.

ВОВЕД

Застојот во развојот на општеството, економските тешкотии, нараснатите општествени напнатости и отворените меѓународни судири, предизвикуваат длабока загриженост во нашата земја.

Тешка криза го зафати не само политичкиот и стопанскиот систем, туку и целокупниот јавен поредок на земјата. Секојдневни појави се: неработењето и неодговорноста во работата, корупцијата и непотизмот, отсуството на правна сигурност, бирократското самоволие, непочитувањето на законите, растечката недоверба меѓу луѓето и се побезобзирниот индивидуален и групен егоизам.

Распаѓањето на моралните вредности и на угледот на водечките установи на општеството, недовербата во способноста на оние кои ги донесуваат одлуките се следени со апатија и огорчување кај народот, со отуѓување на човекот од сите носители и симболи на јавниот поредок. Објективното испитување на југословенската стварност допушта можност сегашната криза да заврши со социјални потреси со несогледливи последици, не исклучувајќи го ниту толку катастрофалниот исход како што е распадот на југословенската државна заедница. Пред она што се случува и што може да се случи никој нема право да ги затвора очите. Особено нема право најстарата установа на научното и културно творештво на овој народ.

Српската академија на науките и уметностите се смета за обврзана во овој судбоносен момент да ги соопшти своите видувања на општествената состојба со убедување дека со тоа придонесува во барањето излез од сегашните неволји. Природата на овој документ, меѓутоа, не дозволува оддалечување од клучните прашања на југословенската стварност. Во тие прашања, за жал, мора да се вклучи и неопределената, а со новите настани, мошне актуелизирана тешка положба на српскиот народ.

МЕМОРАНДУМ НА САНУ (2)

(За промени на Уставот на Југославија, имајќи ги во вид следните големи цивилизациски принципи кои се неопходен услов за подемот на модерното општество)

а) Сувереност на народот. Во самиот темел на модерната цивилизација се наоѓа идејата дека највисокиот извор на политичката моќ е самиот народ, дека единствениот легитимен политички авторитет е оној кој потекнува од слободно-изразената волја на народот, па според тоа не постојат морални и правни основи каква и да е елита (според милоста божја, според крвта, религијата, расата, класата, идеолошката припадност, историските заслуги или по какво и да е друго оправдување) да си го присвои правото да говори, да одлучува и да се служи со сила во името на народот.

Народот може само да ја препушти политичката власт на определено време на своите претставници, со право да ги избира, да ги контролира и да ги сменува, а по потреба и со сила да ги заменува, доколку го прекршат "општествениот договор" и наместо општите народни интереси да започнат да ги следат своите посебни интереси. Принципот на сувереност на народот го афирмира демократската политичка филозофија и практиката на демократските револуции од осумнаесеттиот век. Меѓутоа, крајните радикални консеквенци на овој принцип ги изведе социјалистичката теорија. Ако монополот на економската моќ исто така е една од основите за образување на елитите кои можат да му се наметнат на општеството и да постигнат полна контрола над неговиот политички живот, тогаш со принципот на сувереност на народот се неспоиви и сите институции кои го овозможуваат тој монопол, нека е тоа капиталот или бирократската држава. Во таа смисла полната сувереност на народот би била остварена дури во едно бескласно општество во кое и политичкиот и економскиот и културниот живот би биле организирани на демократски начин.

Претпоставката на таквата демократија ("демократија на советите" или "интегралното самоуправување") е слободниот избор и сменливоста на сите функционери, јавната контрола

над нивната работа, поделбата на власта, отсуството на бирократски привилегии. Тие предуслови се одамна остварени во модерното општество. Југославија тоа ниво се уште не го постигнала, макар што уште одамна ја прокламирала идејата на самоуправноста, дебирократизацијата и депрофесионализацијата на политиката.

б) Самоопределувањето на нацијата. Во модерното општество секое политичко угнетување и дискриминација на национална основа е цивилизациски неприфатливо. Југословен-ското решение на националното прашање во почетокот можело да биде сфатено како примерен модел на многунационална федерација во која принципот на единствена држава и државна политика бил успешно споен со принципот на политичка и културна автономија на нациите и националните малцинства. Во текот на последните две децении се повеќе слабее принципот на единство, а пренагласуван е принципот на национална автономија, кој во практиката се претвори во суверености на деловите (на републиките кои по правило не се национално хомогени). Слабостите кои од почетокот беа присутни во моделот, стануваа се повидливи. Сите нации не се рамноправни: српската нација, на пример, не доби право на сопствена држава. Делови на српскиот народ , кои во значителен број живеат во другите републики, немаат право, за разлика од националните малцинства, да се служат со својот јазик и писмо, политички и културно да се организираат, заеднички да ја развиваат единствената култура на својот народ. Незапирливиот прогон на Србите од Косово на драстичен начин покажува дека оние начела кои ја штитат автономијата на едно малцинство (Албанците) не се применети кога се во прашање малцинствата во рамките на малцинството (Србите, Црногорците, Турците и Ромите на Косово). Со оглед на постојните облици на национална дискриминација денешна Југославија не може да се смета за модерна и демократска држава.

в) Човековите права. Модерната епоха започнува со афирмацијата на човековите права. Првобитно тоа беа граѓанските права: слободата на мислата, на совеста, на говорот, на движењето, на договорот, организирањето, на

јавното манифестирање, демонстрациите, изборот на своите претставници. Во нашиот век на граѓанските права им се додадени социјално-економските права: правото на труд, на слободен избор на професијата, на школување, на еднаква награда за еднаква работа, на социјална сигурност. Генералното собрание на ОН ги формулира сите овие права во својата Универзална декларација за правата на човекот, прифатена на 10 декември 1948 година. Нашата земја е една од државите што ја донесоа оваа декларација; Југославија е исто така потписник на Хелсиншките договори и на сите слични меѓународни документи.

Несомнено е дека има доста современи држави кои во поглед на степенот на остварување на човековите права се наоѓаат под нашата земја. Но и кај нас се уште се прогонуваат "вербалните деликти", се забрануваат и се уништуваат книги и се симнуваат од репертоарот театарски претстави кои се "идејно неприфатливи", се попречува јавното изнесување мислења, се забрануваат организирањето, манифестирањето и демонстрирањето, користењето на уставното право на испраќање протестни петиции на државните органи се квалификува како непријателски акт, се прогонуваат иницијаторите на протестните прекини на работа, изборите на функционери се претвораат во фарса на самоименување. Додека сето тоа се случува не можеме да се сметаме за цивилизирано и просветено општество.

г) Рационалност. Модерното доба е доба на рационалност. Општествените установи и начинот на организирање на целокупниот општествен живот мораат да го положат испитот пред судот на разумот. Тоа не е секојпат рационалноста на целите: голема слабост на нашата епоха е разделувањето на политиката, етиката и науката. Но, инструменталната рационалност и способност за изнаоѓање адекватни средства за целите, еднаш усвоени, и за ефикасно спроведување на определените политики е conditio sine qua non на секоја модерна држава. Тоа, понатаму, значи дека секоја модерна држава е еден голем систем чии поединечни делови се регулираат на единствен начин и така се ускладуваат и се насочуваат, дека правилата на играта се јасни, стабилни и променливи само по

сериозно проучување и подготвување, дека државните чиновници се избираат, пред се, според критериумите на компетентност и личен интегритет, дека донесувањето одлуки во најголема мера се потпира на сигурни информации и анализа на трошоците и веројатната добивка. Ниту еден од тие услови на рационалната политика кај нас не е задоволен: нашата држава ја чинат осум одделени и слабо поврзани системи, единствена политика на развојот не постои, а и кога на хартија би постоела не би можела да се реализира во практиката; правилата на играта постојано ад хок се менуваат и во најдобар случај можат да се знаат само за една година нанапред; функционерите се избираат, пред се, врз основа на критериумите на лојалноста и во голема мерка се некомпетентни и поведливи; одлуките се донесуваат набрзина, произволно и пристрасно, без претходна јавна дискусија, врз основа на неверодостојни, едностранн информации и земајќи ги предвид можните алтернативи. Додека ваков нерационален стил на работа превладува во нашата политика, ние не можеме да се сметаме за модерно општество.

Од оваа анализа следува дека политичката демократизација и коренитата кадровска обнова, вистинското самоопределување и рамноправноста на припадниците на сите југословенски народи, вклучувајќи го и српскиот, целосното остварување на човековите граѓански и социјално-економски права, и доследната рационализација на југословенскиот политички систем и политиката на развој, се оние неопходни предуслови без кои не може ниту да се замисли излезот од сегашната криза на југословенското општество.

ПОЛОЖБАТА НА СРБИЈА И НА СРПСКИОТ НАРОД

6. Многу неволји што го мачат српскиот народ изникнаа во околностите кои им се заеднички на сите југословенски народи.

Меѓутоа, српскиот народ го притискаат и други маки. Долгорочното заостанување на развојот на стопанството на Србија, не-регулираните државно-правни односи со Југославија и со покраините, како и геноцидот на Косово, се појавија на

политичката сцена со здружена сила која ја чини ситуацијата напната, ако не и експлозивна. Овие три мачни прашања, кои произлегуваат од долгорочната политика кон Србија, со својата драматика му се заканuваат не само на српскиот народ, туку и на стабилноста на сета Југославија. Заради тоа тие мораат да се најдат во средиштето на вниманието.

Не се потребни многу знаења и податоци за да се утврди долгогодишното заостанување на стопанството на Србија. Сепак, тоа е официјално направено дури во Планот 1981-1985, во кој е запишано дека во тоа раздобје ќе се преземаат мерки за запирање на таквата тенденција. Таа обврска брзо падна во заборав. Петте години минаа во ново испитување дали Србија го губи чекорот во развојот. Меѓутоа, наодите аргументирано го потврдија она што и порано се знаеше, дека според релевантните показатели нејзиното стопанство постојано се движи под југословенскиот просек, со се поголемо заостанување. Забавениот развој немаше доволно сила да ја совлада економската неразвиеност на делот на нејзината територија на кој живее 1,5 милиони население со национален доход по жител над 30% понизок од соодветниот доход во трите недоволно развиени републики.

Испитувањата не оставија ниту трошка сомнеж дека релативното заостанување на Србија првенствено настана поради помалите инвестиции по жител, а не поради помалата ефикасност на инвестициите. Според официјалните статистички податоци, ефикасноста во Србија во сиот повоен период била пониска само од онаа во Словенија и во Војводина, а во изминатата деценија (период 1973-1983) била највисока во Југославија. Поголемата ефикасност можела само делумно да ја надополни загубата на општествениот производ заради помалите инвестиции, но не можела да го спречи формирањето на вредноста на основните средства по жител на ниво од вкупно 80,5% од југословенскиот просек, што е дури помалку од Црна Гора и од Босна и Херцеговина, две републики што имаат статус на неразвиени.

Во текот на сиот повоен период, стопанството на Србија беше изложено на нееквивалентна размена. Актуелен пример на

таквата размена е ниската цена на електричната енергија која во големи количини им се испорачува на другите републики. Инструментите и мерките на тековната економска и кредитно-монетарна политика, а особено придонесот на фондот на федерацијата за развој на стопански недоволно развиените подрачја, во поново време се најважни чинители на нејзиното релативно заостанување. Ако кон тоа се додаде дека најразвиените републики, заради сиромаштво на средствата за акумулација на Србија, со својот капитал влегоа во нејзиното стопанство (земјоделството, прехранбената индустрија, трговијата и банкарството), се добива слика на едно подредено и запоставено стопанство во рамките на југословенскиот простор.

Доследната дискриминација на стопанството на Србија во повоениот период не може потполно да се разјасни без уважување на меѓунационалните односи меѓу двете војни, како што ги согледала и оценувала Комунистичката партија на Југославија. На тие погледи решавачки влијаела авторитативната Коминтерна, која во напорите да ги оствари своите стратешки и тактички замисли на меѓународен план, тежнеела кон разбивањето на Југославија. Наоѓајќи го своето идеолошко оправдување во соочувањето на српската "угнетувачка" нација со останатите "угнетени" народи, таквата политика е драстичен пример на повлекувањето на марксистичкото учење за класната поделеност на секоја нација пред политичкиот прагматизам, кој во настојувањето да ги користи меѓунационалните триења, го потиснал во заднина класниот интернационализам. Тоа донекаде објаснува зошто КПЈ не се потрудила со сопствени истражувања да дојде до вистината за економската природа на меѓунационалните односи. Оцената на тие односи, која се сведува на тоа дека политичката хегемонија на српската буржоазија следена и со соодветна економска доминација на Србија, всушност, е преземена од сепаратистички ориентираните граѓански партии. Ни пред ни по војната КПЈ не беше расположена со непосредни сознанија да ја утврди вистинскатра состојба...

Упорното повторување на предвоената оцена во текот на четири децении укажува на исклучително големата политичка и

економска заинтересираност да се оддржи таквата погрешна оцена. Нејзината смисла лежи во тоа на српскиот народ да му се всади чувство на историска вина со цел да се осуети неговиот отпор кон политичката и економската подреденост на која постојано беше изложуван.

На предвоената оцена заснована е и повоената политика кон стопанството на Србија, која што е доволно јасно декларирана во експозето за првиот петгодишен план. На Србија во тој план неосновано ѝ е определено, после Словенија, најбавно темпо на индустријализација. Во практиката таа политика започна со преселба на индустриските погони за производство на авиони, камиони и оружје во другите републики, за да продолжи со задолжителниот откуп, со сечењето на цените на товар на суровините и на земјоделските производи, со пониските инвестиции по жител во однос на југословенскиот просек и со придонесот за развој на неразвиените подрачја... Словенија и Хрватска стартуваа од највисоко ниво на развиеност, а остварија и најбрз развој. Со подобрувањето на нивната релативна положба јазот меѓу нив и останатиот дел на Југославија многу се продлабочи. Таквиот тек на настаните, кој отстапува од прокламираната политика за рамномерен развој, не би бил можен ако стопанскиот систем не беше пристрасен, ако тие две републики не беа во можност да наметнат решенија кои им одговараат на нивните економски интереси...

Економската подреденост на Србија не може целосно да се сфати без нејзината инфериорна положба која ги определи сите односи. За КПЈ економската хегемонија на српскиот народ меѓу двете војни не беше спорна, независно од тоа што индустријализацијата на Србија беше побавна од југословенскиот просек. На таа идеолошка платформа се формираа мислења и однесувања кои има пресудно влијание врз подоцнежните политички случувања и врз меѓунационалните односи. Словенците и Хрватите пред војната создадоа свои национални комунистички партии, а се стекнаа и со решавачко влијание на ЦК КПЈ. Нивните политички лидери станаа арбитри во сите политички прашања во текот и по војната. Овие две соседни републики делеа слична историска судбина, имаа иста религија и стремеж за што поголема

самостојност, а како најразвиени, и заеднички економски интереси, што беа доволни причини за трајна коалиција во настојувањето да остварат политичка доминација. Таа коалиција ја зацврсти долгогодишната соработка на Тито и Кардељ, двете најистакнати политички личности на повоена Југославија, кои уживаа неприкосновен авторитет во центрите на моќ. Кадровскиот монопол им дозволуваше битно да влијаат на составот на политичкиот врв на Југославија и на сите републики и покраини. На сите им е познат исклучително големиот придонес на Едвард Кардељ во подготовките и донесувањето на одлуките на АВНОЈ и на сите повоени устави. Тој беше во можност во темелот на општественото уредување да вградува и лични ставови, кои реално не можеа да бидат предмет на оспорување. Решителноста со која Словенија и Хрватска денес се спротивставуваат на секоја уставна промена покажува колку им одговара Уставот од 1974 година. Погледите на општествено уредување немаа никакви изгледи да бидат прифатени доколку беа поинакви од сфаќањата на двата политички авторитета, а не можеше ништо да се стори ни по нивната смрт, бидејќи со можноста за вето Уставот беше осигуран од какви било промени.

Имајќи го сето тоа предвид, не може да биде спорно дека Словенија и Хрватска ја втемелија политичката и економската доминација, со која ги остваруваат своите национални програми и економски аспирации.

Во такви услови, а под постојани обвинувања дека е "угнетувачки", "унитаристички", "централистички", "пандурски", српскиот народ не можеше да постигне рамноправност во Југославија, за чиешто создавање поднесе најголеми жртви. Реваншистичката политика кон Србите почна пред војната со тоа што се сметаше дека Комунистичката партија и не ѝ е потребна на "угнетувачката" нација. Во ЦК КПЈ Србите беа релативно малку застапени, а некои од нив, веројатно за да се одржат, се декларираа како припадници на други нации. Србија во текот на војната не беше во положба целосно рамноправно да учествува во донесувањето на одлуките кои ги прејудицираа идните меѓунационални односи и општественото уредување на Југославија. Антифашистичкото

собрание на Србија е основано во втората половина на 1944 година, подоцна отколку во другите републики, а Комунистичката партија на Србија дури по завршувањето на војната. За второто заседание на АВНОЈ делегатите се бирани од српските воени единици и од членовите на Врховниот штаб кои се затекнале на територијата на Босна и Херцеговина, за разлика од делегатите на некои други републики, кои на заседанието дојдоа од своите територии и кои зад себе имаа национални политички организации со изградени ставови и програми.

Овие историски факти укажуваат дека во текот на војната Србија не беше формално, а особено не суштински во рамноправна положба кога се донесени одлуките од далекусежно значење за идното државно уредување. Тоа не значи дека Србите доброволно не би се одлучиле за федерализам како најпогодно уредување на повеќенационална заедница, туку се има предвид дека тие без претходни подготовки и без поддршка од своите политички организации се најдоа во ситуација во воени услови да прифатат решенија кои отвораа широки можности за нивно разбивање. Положбата на Србите мораше да биде благовремено разгледана и регулирана од аспект на нивниот национален интегритет и непречен културен развој, а не тоа исклучително прашање да остане отворено за решенија кои што ги погодуваат виталните интереси на српскиот народ...

(Овде се изоставени две страници, кои го екстензивираат оригиналниот текст- ДМ).

Србија со мирна совест и со чувство дека значајно го исполнила својот долг на солидарност можела да постави барање да се ослободи од придонесот кон фондот. Вистинските жртви за развојот на трите неразвиени републики и САП Косово ги поднесе само таа, плаќајќи помош на другите со сопствено заостанување. Со трите развиени подрачја тоа не беше случај. Примената на стапката на придонесот пропорционално на општествениот производ не се држеше до основното правило обврските да се одмеруваат според економската сила на обврзаните. Пропорционалната стапка ги поштеди Словенија,

Хрватска и Војводина од прогресивниот придонес, што им овозможи не само нормално да се развиваат, туку и да ја подобрат својата релативна положба наспроти југословенскиот просек. За Србија, меѓутоа, таквите стапки претставуваа огромно оптоварување. Нејзиното стопанство издвојуваше околу половина од нето акумулацијата за неразвиените подрачја, поради што сосема се доближи до стопански неразвиените републики.

И покрај тоа што со својот придонес го помогна развојот на неразвиените подрачја и го олесни товарот на развиените, Србија за своето заостанување не најде разбирање ниту од едните ниту од другите. Заедничкиот интерес нив ги упати на коалиција заради одржување на постојната состојба во која ги задоволуваат своите интереси на сметка на Србија. Антисрпската коалиција во случајот со стапката на придонесот настапи поотворено и со помалку политички такт откога било порано. Со неприкриен притисок на Србија ѝ е наметнато да ја прифати стапката на придонес во целина. Овој притисок е важен и како знак дека веќе традиционалната дискриминација кон Србија не ослабнала, ако и не се зголемила.

Имајќи предвид што се се случуваше во повоениот период, таквиот притисок не претставува ништо ново. Нов би можел да биде решителниот отпор на Србија кон тој притисок. За жал, тоа не се случи. Отпор имаше малку повеќе од порано, но сепак сосема недоволно. Српските раководители не ги искористија ни сите правни средства, како што е можноста за употреба на ветото, кое единствено им преостанува во ситуација кога ќе се најдат осамени со своите оправдани барања, а се чини не ни помислуваа на соодветен одговор кој подразбира и отворање политичка криза ако не се може поинаку. Политичарите на Србија се покажаа неподготвени за историската задача што им ја наметна исклучително тешката констелација на односи во југословенската заедница. Историскиот момент од нив бараше решително да стават до знаење дека дошол крајот на повоената практика на смена на политичарите кои го поставуваа прашањето за рамноправноста на Србија, на практиката на дискриминација на економистите, социолозите, филозофите и писателите од Србија кои благовремено укажуваа на

општествено малигните појави и предупредуваа на последиците од погрешните решенија, како и на практиката на отстранување на способните стопанственици со што се разоружуваше стопанството на Србија во зајакнатата конкуренција на пазарот.

7. Односот кон економското заостанување на Србија покажува дека реваншистичката политика кон неа не слабееше со текот на времето. Напротив, хранета со сопствениот успех се повеќе јакнеше за конечно да се искаже и во геноцид. Политички е неодржлива дискриминацијата кон граѓаните на Србија на кои поради паритетната застапеност на републиките помалку отколку на другите им беа достапни местата на сојузни функционери и делегати во Сојузното собрание, а гласот на гласачите од Србија вредеше помалку од оној од која било друга република или покраина.

(Скратена- половина страница-ДМ)

8. Прогонот на српскиот народ од Косово е спектакуларно сведоштво на неговиот историски пораз. На српскиот народ во пролетта 1981 година му е објавена една навистина специјална, но отворена и тотална војна подготвувана во разни раздобја на административни, политички и државноправни промени. Водена со вешта примена на разни методи и тактики, со поделена улога, со активна, а не само пасивна и не многу прикриена поддршка на одделни политички центри во земјата – попогубна и од онаа која доаѓаше од соседството – таа војна, на која се уште не ѝ се гледа право во очи и која не се нарекува со своето вистинско име, се одвива речиси пет години. Таа, значи, трае многу подолго од целата ослободителна војна во оваа земја, од 6 април 1941 до 9 мај 1945 година. Балистичкиот бунт на Косово и Метохија, пред самиот крај на војната, дигнат со содејство на нацистичките единици, во 1944-1945 година беше војнички разбиен, но се покажува дека не е политички победен. Неговиот сегашен вид, преправен во нова содржина, поуспешно се развива и се приближува кон победнички исход. Вистинска пресметка со неофашистичката агресија изостана; сите досега преземени мерки само го тргнаа од улиците искажувањето на таа агресија, а всушност јакнеа нејзините расистички побудени, неотповикливи цели, кои треба да се постигнат по секоја цена и

со сите средства. Дури и смислено драстичните казни за младите престапници беа изрекувани за да ја предизвикаат и да ја продлабочат меѓунационалната омраза.

Пет години долгата албанска војна на Косово ги увери нејзините предводници и следбеници дека се посилни одошто мислеле, дека уживаат поддршка по разни центри на моќ во самата земја, неспоредливо поголема отколку што ја имаат косовските Срби од Република Србија, или што ја има оваа република кај останатите републики во Југославија. Агресијата е толку охрабрена што и најофицијалните претставници на Покраината, како и нејзините научници се однесуваат не само арогантно, туку и цинично, прогласувајќи ги вистините за клевети, а уцените за свои законски права. Организираните политички сили на нашата земја, кои ја извршија револуцијата во речиси невозможни услови, под најмоќниот непријател во целиот овој век – наеднаш се покажуваат не само неефикасни, неслободни, туку речиси и незаинтересирани на отворената војна да ѝ се одговори единствено како што се мора: со решителна одбрана на својот народ и на својата територија. А кога ќе се порази агресијата, политичките пресметки веќе да не се вршат со апсења, со "диференцијации", со лажни лојалности, туку со вистинска револуционерна борба, со отворени соочувања, со право за слободно изразување, па и со демонстрирање на спротивни мислења.

Физичкиот, политичкиот, правниот, културниот геноцид над српското население на Косово и Метохија е најтешкиот пораз во ослободителните војни што ги водела Србија од Орашец 1804, до востанието 1941 година. Одговорноста за тој пораз паѓа, пред се, врз се уште живото коминтерновско наследство во националната политика на Комунистичката партија на Југославија и следбеништвото на српските комунисти на таа политика, на прескапите идеолошки и политички заблуди, на незнаењето, недоследноста, или на веќе закоравените опортунизми на генерациите српски политичари по оваа војна, секогаш дефанзивни и секогаш со поголема грижа за тоа што мислат другите за нив и за нивните плашливи "поставувања" за положбата на Србија, отколку за објективните факти кои ја условуваат иднината на народот со кој раководат.

Рамноправните национални односи, за кои на Косово и Метохија најмногу војуваа токму српските борци – со една многу одредена политика, "развојно" спроведена, со испланирани постапки и со јасна цел – албанските националисти во политичкото раководство на Косово почнаа да ги преобразуваат во нивна спротивност.

Автономната област во погоден момент добива ранг на автономна покраина, потоа и статус на "конститутивен дел од федерацијата" со поголеми прерогативи од остатокот од Републиката на која само формално припаѓа. Натамошниот чекор за "ескалацијата" што се појави, како и албанизацијата на Косово и Метохија, подготвуван е, значи, најлегално. Исто така, и унификацијата на книжевниот јазик, на националното име, на знамето, на учебниците – според инструкциите од Тирана – беше сосема отворена, како, впрочем, и самата граница меѓу двете државни територии. Заговорите, кои обично тајно се коваат, на Косово се создаваа не само очигледно, туку и демонстративно. Затоа за многумина масовните безредија во 1981 година повеќе им изгледаа како истрчување, отколку како некаква нова појава, опасна и по целата земја, како што подоцна секоја вистина за прогонството на Србите од Косово се сметаше за "копање по цревата на Албанците", а пишувањето на "белградскиот печат" за случувањата на самото место, се земаше речиси за поголем грев од сторените палежи, убиства, силувања, сквернавења – многу од нив до денес политички и кривично неидентификувани...

(Следуваат неколку страници со примери на насилства против Србите на Косово и за деструирање на српските споменици и традиции на Косово- ДМ).

Остатокот од српскиот народ не само што постојано и со несмалено темпо ја напушта својата земја, туку, според сите сознанија, прогонет со зулум и со физички, морален и психолошки терор, се подготвува за својот конечен егзодус. За помалку од следните десетина години, ако работите битно не се сменат, Срби на Косово веќе нема да има, а "етнички чисто" Косово, таа недвосмислено искажана цел на големоалбанските

расисти, втемелена уште во програмите и акциите на Призренската лига од 1878-1881 година, ќе биде остварена во целост.

Петицијата на 2016 Срби од Косово Поле, поднесена до Сојузното собрание и до други органи во земјата, е законска последица на оваа состојба. Со никаква форумска оцена не може на српскиот народ да му се оспори правото со законски средства да се штити од насилството и од уништувањето. Ако таа заштита не може да ја оствари во Покраината, народот може и мора да ја бара во Републиката и во Федерацијата. Израз на граѓанска совест за тоа право е и посетата на граѓаните од Покраината на Сојузното собрание. Само од еден автономашко-сепаратистички и шовинистички аспект овие чекори на граѓаните можат да се осудуваат како неприфатливи и да се сметаат за непријателски...

Во согласност со етничкиот профил на Балканскиот Полуостров, етничката измешаност на многу балкански терени, и барањето за етнички чисто Косово, кое се спроведува во дело, не само што е директна и тешка закана на народите кои таму се затекнале во малцинство, туку, ако се оствари, започнатиот бран на експанзија ќе претставува реална и секојдневна закана на сите народи во Југославија.

Косово не е единственото подрачје во кое српскиот народ е под притисок на дискриминацијата. Апсолутно, а не само релативно, опаѓањето на бројот на Србите во Хрватска е доволен доказ за ова тврдење. Според пописот од 1948 година, во Хрватска имало 543.795 Срби, или 14,48 отсто. Според пописот од 1981 година, нивниот број се намалил на 531.502, што од вкупниот број на жители во Хрватска изнесува 11,5 отсто. За 33 мирнодопски години бројот на Србите во Хрватска опаднал дури и во однос на она повоено време, кога е извршен првиот попис и кога последиците од војната по бројот на српските жители беа добро познати.

Лика, Кордун и Банија останаа најнеразвиените подрачја во Хрватска, што силно ја поттикна емиграцијата на Србите во Србија, како и селидбите во другите краеви на Хрватска, каде

што Србите, како доселеничка, малцинска и инфериорна група, се мошне подложни на асимилација. Впрочем, и инаку српскиот народ во Хрватска е изложен на рафинирана и делотворна асимилациска политика. Составен дел на таа политика е забраната на сите српски задруженија и културни установи во Хрватска, кои имаа богата традиција од времето Австро-Унгарија и во меѓувоена Југославија, потоа наметнување на службениот јазик кој носи име на друг народ (хрватскиот), олицетворувајќи со тоа национална нерамноправност. Тој јазик, со уставна одредба, всушност, е задолжителен и за Србите во Хрватска, а националистички настроените хрватски јазичари со систематска и одлично организирана акција се повеќе го оддалечуваат од јазиците во другите републики кое се српскохрватско јазично подрачје, што придонесува за слабеењето на врските на Србите во Хрватска со останатите Срби. Ваквиот ефект подготвено се плаќа со кинење на јазичниот континуитет кај самите Хрвати и со отстранување на меѓународни термини скапоцени за комуникација со другите култури; особено во науката и техниката. Но, српскиот народ во Хрватска не е само културно отсечен од матицата, туку матицата нема можност ни приближно да се информира за неговата судбина, за економската и културната положба, онолку колку што некои нации во Југославија имаат врска со своите сонародници во другите земји. Интегритетот на српскиот народ и на неговата култура во цела Југославија се поставува како судбинско прашање на неговиот опстанок и развој.

Во општата слика се вклопува и судбината на српските установи создадени во војната и непосредно по војната. Во народноослободителната борба и непосредно по нејзиното завршување, националниот живот на Србите во Хрватска интензивно се развиваше во нивни посебни политички, културни и образовни институции. Така со начелна одлука на Извршниот одбор на ЗАВНОХ од 10 ноември 1943 година најнапред е основан, а на 12 јануари 1944 година во слободниот Оточец и конституиран, Српскиот клуб на советници на ЗАВНОХ како национално и политичко водство на српскиот народ во Хрватска. По завршувањето на војната, а на иницијатива на Српскиот клуб, на 30 септември 1945 година во

Загреб е одржан Првиот конгрес на Србите во Хрватска, на кој над 30.000 учесници го формираа Главниот одбор на Србите во Хрватска како "широка политичка организација на единствениот српски народ во хрватска" во составот на Народниот фронт. Со непосредно ангажирање на овие политички тела Србите потоа ги основаа своите културни установи и почнаа да работат на обезбедување на националната просвета. Така, на 22 октомври 1944 година врз урнатините на глинската црква, во која се извршени страотни усташки колежи, е основано српското пејачко друштво "Обилиќ", а неполн месец подоцна, на 18 ноември, повторно во Глина, формирано е српското културно-просветно друштво "Просвета". Покрај "Просвета", во чии рамки се развиваше и издавачка дејност со сопствена печатница, на 4 јануари 1948 година во Загреб се основани Централна српска библиотека и Музеј на Србите во Хрватска. Покрај сето тоа, од 10 септември 1943 година па натаму, НОП на српскиот народ во Хрватска му се обраќаше со посебно гласило, печатено на кирилица, кое се викаше "Српска реч". Во повоените години "Српска реч" го смени името и така настана "Просвета". Веќе во текот на школската 1944/45 година НОП на српските деца во Хрватска им обезбеди кириличен буквар, а Претседателството на ЗАВНОХ, со своја одлука од 18 јули 1944 година, на кирилицата ѝ гарантираше целосна рамноправност со латиницата и истовремено првенство во училиштата со српско мнозинство на подрачјето на Хрватска.

Сето ова за српскиот народ во Хрватска имаше поголемо и подлабоко значење од обично признание за неговата улога во НОБ. Со посебниот проглас "На српскиот народ во Хрватска" од 12 јануари 1944 година, Српскиот клуб на советниците на ЗАВНОХ им го обраложи сопственото појавување како "знак на рамноправност на Србите и Хрватите" и како "гаранција дека интересите на српскиот народ ќе бидат правилно застапувани во слободна Хрватска". За време на основањето Главниот одбор на Србите во Хрватска е означен како "политичка организација на единствениот српски народ во Хрватска", чија задача е да овозможи "развивање на слободната мисла", и дека е "доволна гаранција дека Србите во Хрватска и натаму ќе ги уживаат благодетите на рамноправен народ". Самите Срби овие свои, со крв стекнати придобивки, ги чувствуваа како "значајни белези

на рамноправноста меѓу спскиот и хрватскиот народ во Хрватска".

Таквата состојба траеше во војната и непосредно по војната, а потоа се се смени. Не е познато дека Србите кога било оцениле дека некоја од овие установи им е непотребна, дека треба да биде укината, или да се замени со некоја поинаква која повеќе би одговарала на духот на времето. Сепак, сите тие установи по ред се укинувани во текот на педесеттите години со одлуки на надлежните републички органи на Хрватска. Последно во низата е укинато Српското културно друштво "Просвета" со одлука на РСУП на Хрватска од 23 мај 1980 година. За оправдување на тој завршен чин се ангажираше Републичката конференција на ССРНХ. Заклучоците од нејзиното советување, одржано на 2 октомври 1980 година, зборуваат за радикалното свртување во однос на военото и повоеното време.

Тие заклучоци во суштина не оставаат место за какви било барања за основање посебни установи на српскиот народ во Хрватска: "грижата за комплексот прашања од културата, историјата, од животот и од творештвото на хрватската или на српската нација во СРХ не може да биде препуштена на никакви посебни национални друштва или организации". Таквиот став е образложен со следното толкување: "Додека е оправдано нашите народности самостојно да развиваат културни установи и клубови, не е оправдано таквите институции да ги отвораат припадниците на народите и тоа каде било во Југославија, а посебно не Србите во Хрватска или Хрватите во Хрватска". На крајот е речено ова:

"Треба да се бориме Србите во Хрватска не бидат премолчени како народ, да не се нарекуваат, како во некои учебници, дека се небаре доселеници. Заедничка ни е историјата, културата и јазикот, но специфичностите треба да се уважуваат". На советувањето се слушна и тоа дека треба да се работи на тоа во Хрватска повеќе да се учи кирилицата.

Со ваквиот став на Репуличката конференција на ССРНХ, против кој не застана ниту едно политичко тело во Хрватска, а ни надвор од неа, дефинитивно и јавно престанаа да постојат

сите видови на националниот живот на српскиот народ во Хрватска, кои беа стекната во текот на долгата историја и во НОБ. Радикално беа ревидирани погледите за меѓунационалните односи кои ги формулираше НОД, а беа доведени во прашање и уставните гаранции на националните права и слободи, како и правата на граѓаните. Практичното значење на изјавите: "мораме да се грижиме", "треба да се бориме", "треба повеќе да се учи кирилица" и така натаму, може да се оценува само во нивното соочување со вистинската јазична политика која се води во СРХ. Високата ревност која има за цел конституирање посебен хрватски јазик што се изградува во противставот кон секоја идеја за заеднички јазик на Хрватите и на Србите, долгорочно не му остава многу изгледи на српскиот народ во Хрватска да го сочува својот национален идентитет.

Исклучувајќи го периодот на постоењето на НДХ, Србите во Хрватска никогаш во минатото не биле толку загрозени колку што се денес. Решавањето на нивната национална положба се наметнува како првостепено политичко прашање. Доколку не се пронајде решение, последиците можат да бидат повеќепати штетни, не само по односите во Хрватска туку и за цела Југославија.

Битна тежина за прашањето за положбата на српскиот народ дава околноста дека надвор од Србија, а особено надвор од потесна Србија, живеат голем број Срби, поголем од вкупниот број припадници на одделни други народи. Според пописот од 1981 година, надвор од територијата на СР Србија живеат 24 проценти, односно 1.958.000 Срби, што е значително повеќе отколку што во Југославија има Словенци, Албанци, Македонци, земени одделно, а речиси исто колку и Муслимани. Надвор од потесното подрачје на Србија живеат 3.285.000 Срби или 40,3 проценти од нивниот вкупен број. Во општиот дезинтегративен процес што ја зафати Југославија, со најтешка дезинтеграција се погодени Србите. Сегашниот тек по кој се движи нашето општество во Југославија целосно е обратен од оној според кој тоа се движеше со децении и со векови, додека не се создаде заедничка татковина. Тој процес е насочен кон целосно разбивање на националното единство на српскиот

народ. Како најдобра илустрација колку се е подредено на таквите цели може да послужи денешна Војводина со својата автономија.

На Војводина ѝ е дадена автономија, меѓу другите причини, и затоа што српскиот народ во Хабзбуршката монархија кон неа тежнееше веќе од крајот на XVII век. Србите во Австрија, и во подоцнежната Австро-Унгарија, тежнееја за создавање автономна област (кон деспотство или војводство кое, меѓутоа, го нарекуваа Србија) за да, обиколени со поброjните и надмоќните Унгарци и Германци, ја сочуваат својата национална индивидуалност и својата верско-православна припадност. Со создавањето посебна автономна област на туѓа државна територија, Србите работеа на слабеењето на таа држава, а се со цел во вистински момент што полесно да се одвојат од неа и да се соединат со своите собраќа од Сава и Дунав.

Така беше во минатото со Српска војводина, чие што создавање во револуцијата 1848/49 со својата крв ја помагаа и Србите од Србија. Денес е обратно. Политичките раководители на АП Војводина не работат на зближување и спојување, туку на што поголемо осамостојување и одвојување од СР Србија. Независно колку е тој процес неприроден, спротивен на историската логика, тој дава очигледни резултати, моќно придонесувајќи на дезинтеграцијата на српскиот народ.

9. Носејќи го повеќе од половина век врз себе печатот и оптоварувањето дека бил затворски чувар на другите југословенски народи, српскиот народ не беше во можност потпората да ја побара во сопствената историја. Во многу свои видови и самата таа историја беше доведена во прашање. Демократската граѓанска традиција, за која Србија се бореше и се избори во деветнаесеттиот век, поради тесноградоста и необјективноста на официјалната историографија се до неодамна остана целосно во сенката на српското социјалистичко и работничко движење. Со тоа историската слика на вистинските правни, културни и државнички придонеси на Србија како граѓанското општество е толку осиромашена и стеснета што така извртена никому не можеше

да му послужи како духовна и морална поткрепа или како потпора за зачувување и обнова на историската самосвест. Достоинствените и храбри ослободителни напори на босанскохерцеговските Срби и на целата југословенска младина, на која ѝ припаѓаше и Млада Босна, доживеаја слична судбина и пред историјата беа потиснати во втор план со придонесите на класната идеологија чии носители и автори беа австромарксистите како осведочени противници на националните ослободителни движења.

Под дејство на владејачката идеологија, културните придобивки на српскиот народ се отуѓуваат, се присвојуваат или се обезвреднуваат, се занемаруваат или пропаѓаат, јазикот се потиснува, а кирилското писмо постепено се губи. Областа на книжевноста во таа смисла служи како главен полигон на самоволие и беззаконие. На ниту еден друг југословенски народ толку грубо не му е оспорен културниот и духовниот интегритет како на српскиот. Ниедно книжевно и уметничко наследство не е толку раскопано, растурено и ограбено како српското наследство. Политичките мерила на владејачката идеологија ѝ се наметнуваат на српската култура како повредни и посилни од научните и историските. Додека денес се интегрираат словенечката, хрватската, македонската и црногорската култура и книжевност, српската е единствена што се дезинтегрира. Идеолошки е легитимно и самоуправно слободно да се врши подвојување и растурање на српската книжевност на војводински, црногорски и босанско-херцеговски писатели. Од српската книжевност се откинуваат нејзините најдобри писатели и најзначајни дела за вештачки да се востановат нови регионални книжевности. Присвојувањето и распарчувањето на српското културно наследство оди толку далеку што во училиштата се учи дека Његош не е српски писател, дека Лаза Костиќ и Вељко Петровиќ се војводински, а Петар Кочиќ и Јован Дучиќ босанскохерцеговски писатели. На Меша Селимовиќ не му беше дозволено да се изјасни за српски писател, а ни сега не се почитува неговата волја да се води во српската книжевност. Српската култура има повеќе неподобни, забранети, премолчени и непожелни писатели и интелектуални творци, отколку која било друга југословенска книжевност, а

многумина се дури и сосема избришани од книжевното сеќавање.

Угледни српски писатели се единствените на црните листи на сите југословенски масовни медиуми. Во задолжителната школска лектира српската литература е тешко оштетена бидејќи е механички подредена на административното мерило на републичкопокраинскиот реципротитет, а не на мерилото на количество или вредност. Во школските програми на некои републики и покраини историското минато на српскиот народ не само што е грубо редуцирано, туку е изложено и на шовинистички толкувања. На тој начин српското културно и духовно наследство се чини помало од што е, а на српскиот народ му се истргнува важната потпора на моралната и историската самосвест.

Импозантниот и, навистина, со револуционерни размери културен елан од првите повоени децении, изразен и во формирањето широка мрежа на просветни установи, од основното образование до високото школство, спласна кон крајот на шеесетите години.

Настапи фаза на стагнација и на се поизразена регресија, па денес нашето образование и воспитување со постојниот школски и просветен систем, е многу екстензивно и примитивно и со тешко надоместливо заостанување зад потребите и целите на современото општество и цивилизацијата во која живееме. Школскиот систем заснован на таканаречената насочено образование, со низок квалитет на настава, доживеа целосен крах. Неколку генерации се духовно осакатени и осиромашени; добивме хиперпродукција на примитивни полустручњаци, неспособни квалификувано да се вклучат во стопанството и општествените дејности, неподготвени за творечки и интелектуален развој. Нема земја на светот која своето образование го средила со поразгранета правна регулатива.

Во Југославија вкупно има сто и десет сојузни, републички и покраински закони, кои се занимаваат со разните видови школство и од кои многу се повеќепати изменети, така што

понекогаш е потребна истражувачка работа за да се дојде до пречистениот текст на некој закон.

И покрај тоа, во Југославија школството никогаш не било толку екстензивно, раздробено, со низок квалитет како денес.

Законодавната практика законски создава осум просветни системи кои се повеќе се оддалечуваат еден од друг и никакво договарање за заедничките јадра не може да ја запре таквата насока на развојот кој е законски втемелен. Заседавањето и договарањето за заедништво зачестено во последно време, по петнаесет години систематско разединување на југословенската заедница личи на бесплодна утопија. Потребно е најнапред да се тргнат законите кои доведуваат до разединување за да може да се продолжи онаа линија на заедништво и единство која на овој простор е влечена повеќе од сто и педесет години. Во спротивно, ние ќе создаваме, и создаваме, генерации кои се помалку ќе бидат Југословени, а во се поголема мера ќе бидат незадоволни национални романтичари и саможиви националисти. Земја која нема единствен просветен систем не може да смета дека ќе биде единствена во иднината.

Од времето на хуманизмот од XV до XVI век, трае мислата дека училиштето треба да служи за остварувањето на целата животна мера на секој поединец, за остварување на сите антрополошки и умни можности што човекот ги носи со своето влегување во животот. Погубна е идејата за тоа дека училиштето треба да служи им само на работата и на струката и да биде условено со нив. Таа е последица на ненадминати пролеткултурни седименти, кои, во крајна линија, водат кон создавање ропска примитивна свест. Насочувањето на момчето и девојчето од нивната 14 година кон еден интерес за создавање е фундаментална неслобода.

Идеолошката битка против "елитизмот" вроди со несреќен плод: ние најмалку две децении, на сите општествени подрачја и во просветата, ѝ угодувавме на просечноста. Ниедно општество не се бори против елитата на знаењето и умеењето, на науката и иноваторството. Со борбата против таквата елита, ние создадовме елита на добростоечки поединци кои се

способни на своите просечни деца да им создадат можности за стекнување поголеми знаења, кои основното и средното училиште повеќе не ги даваат.

Материјалната положба на школството ја обезвредни неговата општествена положба, а одредницата "морално-политичка подобност", особено на универзитетите, страотно го поттикна моралниот и политичкиот конформизам и кариеризам, па универзитетите, а особено некои хуманистички факултети, се лишени од најдобрите интелектуални кадри на нашата генерација. Ниту во една европска земја просветата не е доведена во ваква стагнантна материјална и општествена положба.

Токму во времето кога безмилосно се трошеа средствата на додатната акумулација, беше водена рестриктивна политика спрема универзитетите, кои добиваа се помалку средства. Деценија и половина факултетите немаа можност за бирање нови асистенти, така што најстарите југословенски универзитети, главно белградските, никогаш немаа толку висок старосен просек на наставнонаучниот кадар. Тоа што во сите земји е основниот двигател на развојот во време на технолошко-компјутерска револуција, универзитетот и науката, кај нас е целосно запоставено. "Реформите" на универзитетите, најчесто наметнувани со политичка сила, а не со научна причина (тристепена настава, "озетеизација" на факултетите и слично) беа промашени. Особено голема штета нанесе одвојувањето на науката од универзитетот, создавањето прегради, систематски и административни, меѓу "институтската" и "универзитетската" наука: универзитетот ја загуби лабораториската база, се создаваа паралелни програми, науката кадровски се разедини, оневозможен е нормалниот проток на научните работници од универзитетите во институтите и од институтите на факултетите.

Според тоа: треба да се менуваат школскиот систем, просветните закони, да се модернизираат и да се хуманизираат школските програми, да се отвораат специјализирани школи, посебно да се помагаат талентираните ученици, во целост да се измени неповолната материјална положба на школството, да се

обрне посебно внимание на духовниот, а не само на идеолошкиот профил на наставникот, на универзитетите да се привлечат најсилните научни и интелектуални сили и со закон да се оствари единство на просветниот систем во СР Србија.

Во овој тежок кризен момент мораме уште денес да почнеме да размислуваме и за утрешнината, за XXI век, иако општественоекономските околности не ни се наклонети, да се создава визија за утрешниот свет во кој цивилизацијата ќе биде заснована на микро-електрониката, на артифициелната интелигенција, на роботиката, на информатиката, на вештачкото оплодување, на манипулацијата со гените. Поради сето тоа Српската академија на науките и уметностите предлага веднаш и без какви било догматси идеолошки оптоварувања и "самоуправна" инерција, да се пристапи кон студиозна и темелна реорганизација на општествената, институционална основа на нашата наука во насока на модернизација и ефикасност, со поголеми материјални вложувања, со поголема грижа за научниот подмладок, со поширок слободи и самостојност на творечките личности во креирањето на научните и истражувачките програми. Со еден збор, потребно е што побрзо и со сиот научен потенцијал да се вклучиме во современите движења на светската наука.

10. По драматичните меѓународни судири во текот на Втората светска војна изгледаше дека национализмот нагло спласнал, дека беше на пат целосно да исчезне. Таквиот впечаток се покажа лажлив. Не потраја долго, а национализмот го започна својот подем, за да се надополнуваат институционалните претпоставки за негово буење со секоја уставна промена. Национализмот е создаван од горе, неговите главни иницијатори беа политичките луѓе. Основната причина за повеќедимензионалната криза лежи во идејниот пораз кој национализмот му го нанесе на социјализмот. Дезинтеграциските процеси од сите видови, кои југословенската заедница ја доведоа на работ на пропаста, заедно со распаѓањето на системот на вредности, се последица на тој пораз.

Неговите корени се наоѓаат во идеологијата на Коминтерната и на националната политика на КПЈ пред војната. Во таа политика е вграден реваншизмот кон српскиот народ како кон "угнетувачка" нација што имаше далекусежни последици во меѓунационалните односи, во општественото уредување, во стопанскиот систем, во судбината на моралните и на културните вредности по Втората светска војна. На српскиот народ му е наметнато чувството на историска вина, а единствено тој не го реши националното прашање, ниту доби држава како другите нации. Поради тоа, како прво и основно, потребно е да се симне хипотеката на историска вина од српскиот народ, официјално да се симне тврдењето дека тој имал економски привилегирана положба меѓу двете војни, да не се порекнува неговата ослободителна историја и придонесот во создавањето на Југославија.

Воспоставувањето на целосниот национален и културен интегритет на српскиот народ, независно од тоа во која република или покраина се наоѓа, е негово историско и демократско право. Стекнувањето рамноправност и самостоен развој за српскиот народ имаат подлабока историска смисла. За помалку од педесет години, во две една по друга генерации, двапати изложуван на физичко уништување, на принудна асимилација, на покрстување, на културен геноцид, на идеолошка индоктринација, на обезвреднување и одрекување од сопствената традиција под наметнат комплекс на вина, интелектуално и политички разоружан, српскиот народ беше изложен на претешки искушенија што остава длабоки траги во духовната состојба која на крајот на ова столетие на големи технолошки подеми на човечкиот ум не би смеело да се занемари. Доколку смета на своја иднина во семејството на културни и цивилизирани народи на светот, српскиот народ мора да добие можност повторно да се пронајде себеси и да стане историски субјект, повторно да стекне свест за своето историско и духовно битие, јасно да ги согледа своите економски и културни интереси, да дојде до современа општествена и национална програма со која ќе ги вдахнови сегашните и идните генерации.

Постојната депресивна состојба на српскиот народ, со се пожестоко искажување на шовинизмот и србофобијата во некои средини, му погодува на оживувањето, на се подрастичното искажување на националната чувствителност на српскиот народ и на реагирањата кои можат да бидат запаливи, па и опасни. Должност ни е ниеден момент и ни во еден случај да не ја превидиме и да не ја потцениме таа опасност. Но, притоа, во принципиелната борба против српскиот национализам, не може да се прифати владејачката идеолошка и политичка симетрија во историските вини.

Отфрлањето на таа симетрија, погубна по духот и моралот, со стари неправди и невистини, е условот за мобилноста и делотворноста на демократската, југословенската, хуманистичката свест во современата српска култура.

Тоа што граѓаните и работничката класа не се застапени во соодветните собори не може да му се препише само на фаворизирањето на националното, туку и тежнението Србија да се доведе во нерамноправна положба и на тој начин да ослабе нејзиното политичко влијание. Но, најголемата несреќа е тоа што српскиот народ нема држава како што имаат сите други народи. Навистина, во првиот член на Уставот на СР Србија е содржана одредбата дека Србија е држава, но неизбежно се поставува прашањето каква е таа држава која се прогласува за ненадлежна на сопствената територија и која нема на располагање средства за да заведе ред на еден дел од своето подрачје, да обезбеди лична и имотна сигурност на своите граѓани, да застане на патот на геноцидот на Косово и да го запре иселувањето на Србите од вековните огништа. Таквата положба покажува политичка дискриминација кон Србија, особено ако се има предвид дека Уставот на СФРЈ ѝ наметнал внатрешна федерализација како траен извор на конфликти меѓу потесна Србија и покраината. Агресивниот албански национализам на Косово не може да се сузбива ако Србија не престане да биде единстената република чии внатрешни односи ги уредуваат други.

Со Уставот на СФРЈ формално утврдената рамноправност на сите републики во реалноста е обезвреднета со наметнувањето

на Република Србија да се откаже од добар дел од своите права и овластувања во полза на автономните покраини, чиј статус во најголема мера е регулиран со Уставот на Федерацијата. Србија мора отворено да каже дека тоа уредување ѝ е наметнато. Тоа особено се однесува на положбата на покраините, реално промовирани во републики кои се чувствуваат неспоредливо повеќе како конститутивен елемент на Федерацијата, отколку како дел од Република Србија. Покрај тоа што не водеше сметка за државата на српскиот народ, Уставот на СФРЈ создаваше и ненадминливи тешкотии на нејзиното конституирање. Заради задоволување на легитимните интереси на Србија, неизбежно се наметнува ревизија на тој Устав. Автономните покраини би морале да станат вистински составни делови на Република Србија, така што би им се дал оној степен на автономија кој не го нарушува интегритетот на Републиката и обезбедува остварување на општите интереси на поширокатa заедница.

Нерешеното прашање на државноста на Србија не е единствениот недостаток кој би требало да се отстрани со уставните промени. Југославија со Уставот од 1974 година стана мошне лабава државна заедница во која се размислува и за други алтернативи, а не само југословенската, како што покажуваат неодамнешните изјави на словенечките јавни личности и поранешните ставови на македонските политичари. Ваквите размислувања и темелно извршената дезинтеграција наведуваат на помислата дека на Југославија ѝ се заканува опасност од натамошно раздробување. Српскиот народ не може спокојно да ја очекува иднината во такава неизвесност. Поради тоа мора да се отвори можност за сите нации во Југославија да се изјаснат за своите тежненија и намери. Србија во тој случај би можела и сама да се определи и да го дефинира својот национален интерес. Таквиот разговор и договор би морал да му претходи на преиспитување на Уставот. Се разбира, притоа Србија не би смеела да заземе пасивен став, очекувајќи само што ќе кажат другите, како што досега многупати го правеше.

Залагајќи се за авнојските определби, Србија мора да смета и на тоа дека тоа не зависи само од неа, дека другите можат да имаат и некои други алтернативи. Поради тоа пред неа се поставува задачата јасно да ги согледа своите економски и национални

интереси за да не биде изненадена од случувањата. Со инсистирање на федеративно уредување, Србија би придонела не само за рамноправноста на сите народи во Југославија, туку и за решавање на политичката и економската криза.

Рамноправната положба за која Србија мора да се залага ја подразбира и иницијативата во решавањето на клучните политички и економски прашања во мера колку што таквата иницијатива им припаѓа и на другите. Четирите децении пасивна положба на Србија се покажаа лоши за цела Југославија, која се лиши од идеите и критиките од една средина со подолга државничка традиција, со изострено чувство за национална независност и со богато искуство во борбата со домашните узурпатори на политички слободи. Без рамноправно учество на српскиот народ во целиот процес на донесувањето и реализацијата на сите витални одлуки Југославија не може да биде силна; и самиот нејзин опстанок како демократска и социјалистичка заедница би бил доведен во прашање.

Една равојна епоха на југословенската заедница и на Србија очигледно завршува со историски истрошена идеологија, со општа стагнација и со се поизразени регресии во економската, политичката, во моралната и во културно-цивилизацискатa сфера.

Таквата состојба императивно налага коренити, длабоко промислени, научно засновани и решително спроведени реформи на целокупната државна структура и на општествените организации на југословенската заедница на народите, а во сферата на демократскиот социјализам и побрзо и поделотворно вклучување во современата цивилизација. Општествените реформи во најголема мера треба да ги активираат и човечките сили од целата земја за да станеме продуктивно, просветено и демократско општество, способно да живее од својата работа и создавање, моќно да го дава својот придонес за светската заедница.

Првиот услов на нашата преобразба и преродба е демократска мобилизација на целокупните умни и морални сили на народот,

но не само за извршување на донесените одлуки на политичките форуми, туку и за создавање програма и за проектирање на иднината на демократски начин, со што првпат во поновата историја на општата општествена задача навистина би се соединувале знаењето и искуството, совеста и храброста, инвентивноста и одговорноста врз темелите на долгорочна програма.

Српската академија на науките и уметностите и во оваа пригода ја изразува својата подготвеност сесрдно и и со целокупните свои сили да се заложи за овие судбоносни задачи и историски налози на нашата генерација.

ИДЕОЛОГИЈАТА НА СРПСКИОТ НАЦИОНАЛИЗАМ

Научното и публицистичко дело на проф. д-р Лазо М. Костиќ
Од д-р Воислав Шешељ
ВЕЛИКА СРБИЈА а.д.
БЕЛГРАД 2002

Белешка

Од многуте трудови кои во последните 15-20 години се објавени во Србија и кои даваат прилог во доградбата или осветлувањето на српската национална доктрина, бездруго се оделува делото на Лазо М. Костиќ. Воислав Шешељ, лидерот на Српската радикална партија и сегашен обвиненик во Хаг, во 2002, објави мошне екстензивна монографија за делото на Костиќ. Се работи за труд од над 1000 страници, со мошне сложена структура (15 глави со над 50 поглавја, подделови итн., со многуброен референтен апарат, литература и сл.), кој ја опфаќа сета историја на Србите, територијата, верата, јазикот и културата, односите со другите и соседните народи и други теми. Особено внимание им е посветено на односите со Хрватите, Албанците, Бошњаците итн., меѓу нив и со Македонците. Во овој текст донесуваме само три извадоци кои се однесуваат на Македонија, и тоа со мали скратувања, што се одбележени во текстот): "Српска Македонија" , 10-та подглава на Прва глава (стр.157-169); "Вештачка конструкција на македонската нација", 14-та подглава на Шеста глава (стр.464-467) и "Македонското прашање", 2/ѓ подглава на 11-та глава (стр. 725-737).

10. Српска Македонија

Српска Македонија опфаќа само 37% од вкупната македонска територија, групирана, главно, по течението на реката Вардар. Бугарскиот и грчкиот дел, Пиринска и Егејска Македонија, денес постојат само како географски простор, со оглед дека таму веќе е завршен процесот на систематската асимилација и на претопувањето на македонското население во Бугари и Грци. Денес како политички ентитет, како самостојна држава и како татковина на македонската нација егзистира само делот кого од

турското ропство го ослободи српската војска. За Македонците, главно, не може да се каже дека се Срби во вистинска смисла на зборот, но секако се етничка група која најмногу е сродна со Србите. Србите и Македонците се како браќа близнаци - не се исти, но се многу, многу слични. Името "Македонци", Словените од оваа област го позајмиле од жителите на античката држава Македонија која била создадена уште во седмиот век пред нашата ера. Првобитните Македонци се народ на грчката етничка структура со големи примеси од Илирите и Трачаните, но и од други предисториски народи чии племиња меѓу себе се мешале и се асимилирале. Во половината на четвртиот век пред нашата ера, Македонија ја презела водечката улога меѓу античките грчки државички, а нејзиниот владетел Филип II, станал несомнен господар на Балканот. Неговиот син Александар Велики тргнал во освојување на светот, нижејќи неверојатни воени успеси, молскавично навлегувајќи во источната и во јужната страна на цивилизираниот свет, познат дотогаш. Неговиот величествен подем временски траел кусо: Александар умрел во 323 година, веројатно отруен.

Воените напори на Александар им носеле на војниците богат плен, ја ширеле елинистичката култура, но во исто време ја слабееле Македонија која се напрегнала многу повеќе од своите објективни можности. Македонското население масовно гинело во воените походи или се населувало на освоените територии како управувачки елемент, што демографски ја испразнило матицата. Смртта на владетелот довела до брзо распаѓање на царството.

Во третиот век почнуваат наездите на варварите. Тогаш Галите ја ограбиле Македонија, безмалку сето население го одвеле во ропство и ја опустошиле цела територија. Кон крајот на третиот век, Македонија закрепнала, но во почетокот на вториот век пред новата ера е покорена од Римјаните, кои во 168 година дефинитивно ја зазеле и темелно ја ограбиле. Во 148 година Македонија и формално станала римска провинција, а неколкуте востанија против римската власт во наредните години биле сурово задушени. Административната положба на Македонија во наредните векови одвреме-навреме се менувала,

а во времето на цар Диоклецијан влегла во состав на диецезата на Мезија, денешна Србија, додека Константин ја внесол во префектурата Илирик. Кон крајот на третиот век од нашата ера почнале новите масовни варварски налети. Прво ја опустошиле Костобоците, потоа Визиготите во четвртиот век, а во петтиот Хуните ја оставиле, речиси, без население. Во пустошењето на источните делови на Балканскиот Полуостров учествувале и Словените, кои во византиските извори се означени како Склавини и кои биле под хунска доминација. За разлика од Хуните, Склавините се почесто се населувале на покорените територии.

а) Словенското населување на Македонија

Станува збор за јужнокарпатските Словени кои најгусто се концентрирале од Ѓердап до утоката на Дунав. Склавините припаѓаат на истата словенската група на која припаѓаат и Русите, Украинците, Белорусите и Србите и која претходно видливо се диференцирала од лешката групација во која се вбројуваат Чесите, Полјаците, Словаците, Хрватите и Словенците. Кон крајот на петтиот век поголем дел од Склавините биле покорени од Бугарите, кои се претопиле во нив, но им го наметнале сопственото име и владетелскиот слој. Асимилацијата на Бугарите во Склавините не се случила на просторот на Македонија, и ова е првото етничко диференцирање на Македонците од другите Склавини. Вториот елемент на дирефенцирање е населувањето ограничен број Срби во почетокот на седмиот век во околината на Солун. Многу блиски со Склавините, тие брзо се претопиле во нив, а потоа заеднички ги асимилирале затекнатите остатоци од поранешното население. Судбината на Склавините северно од Дунав била поинаква.

Нив ги асимилирале малку побројните Романи, а со тоа етничко претопување настанале Романците. Целиот шести век е обележан со постојаните масовни навлегувања на Склавините во источната половина на Балканот, с¢ до Егејското Море и до Епир на запад, додека во западната половина ограбувале Хините, односно Аварите.

Византискиот отпор бил се послаб и понеуспешен, а словенскиот воен плен се поголем, што ја зголемувало реалната воена моќ и ги јакнело нивните освојувачки апетити. Масовното, систематско словенско населување на Македонија, траело од осумдесеттите години на шестиот до дваесеттите години на седмиот век.

“Најјужно, во правец на текот на реката Бистрица, западно од Солун до Бар, се населила Драговитите. Веднаш до нив биле сместени Велегезитите, северно од нив, на просторот меѓу Охрид, Битола и Велес, се наоѓале Берзитите (Брсјаците) чие име и денес е зачувано во народот. Блиску до Солун живееле Сагудатите, а источно од овој град, кон реката Струма и кон полуостровот Халкидики, Ринхините. По долините на реките Струма и Струмешница се населиле Струмјаните, а источно од реката Места – Смилјаните.

Еден дел од Драговитите подоцна се населил во Полог.” (“Историја на македонскиот народ”, Завод за објавување учебници, Белград, 1970, том I, стр. 73-74.)...

Во половината на деветтиот век бугарскиот каган ја нападнал македонската територија на племето Словани, а канот Борис ја зазел по 852 година речиси целата област на Струмица и на Брегалница, потоа се префрлил на десниот брег на Вардар, пробивајќи се до Охрид. Според мировниот договор меѓу Бугарија и Византија од 864 година, поголем дел од Македонија паднал под бугарска власт, која во цела Македонија целосно се зацврстила во времето на бугарскиот владетел Симеон меѓу 893 и 927 година. Тоа е период и на дефинитивно зацврстување на христијанството меѓу Словените, создавање на словенската азбука, просветителското дејствување на Кирил и Методиј, на Климент и Наум, на Константин Презвитер и на Црноризец Храбар, но и на поп Богомил од подножјето на планината Бабуна и на појавата на богомилското движење кое ќе ја зафати Бугарија, Македонија, Тракија, Рашка и Босна. Бугарите на македонската територија ги растуриле старите родовско-племенски општествени односи и ги вовеле феудалните.

б) Македонија во времето на цар Самуил

Еден од најмоќните велможи на бугарската држава во времето на царот Петар бил кнезот Никола, од ерменско потекло. По смртта на Петар, синовите на Никола - Давид, Мојсеј, Арон и Самуил - во 969 година дигнале востание за да го освојат престолот.

За да го спречи тоа, Византија му помогнала на Борис, синот на Петар, да стане бугарски цар, додека од Исток навлегувале Русите, а востанието пламтело јужно од Софија. Откако во 971 година, византиската војска го поразила рускиот кнез Свјатислав, византискиот цар Јован I Цимиски го соборил Борис од престолот и го одвел во Цариград како заробеник, а Бугарија ја приклучил кон Византија. Синовите на Никола мирувале до смртта на Цимиски, а потоа дигнале ново востание, овојпат против византиската власт. На големата ослободена територија четворицата браќа владееле заеднички, а потоа Давид и Мојсеј загинале на различни места. Арон и Самуил се судриле, пришто Самуил победил и ги ликвидирал братот и неговото семејство, оставајќи жив еден нивен син. Самуил бил способен војсководач и многу брзо освоил големи делови од Македонија, од Грција, од Бугарија и од Србија.

Се прогласил за бугарски владетел, а престолнината ја оформил во Преспа. Во 986 година, Самуил кај Трајановата порта, во близина на Софија, му нанел тежок пораз на византискиот цар Василиј II, и, користејќи ги внатрешните нереди и борбата за престолот на Византија, продолжил со успешните освојувања, освојувајќи ги цела Рашка и Дукља, фаќајќи го, на измама и српскиот крал Јован Владимир кого го однел во заточеништво во Преспа. Ги запалил Котор и Дубровник, ги опустошил Босна и Далмација, се до Задар...

Василиј II лично тргнал во прогонот на војската на Самуил, неочекувано го нападнал на десниот брег на Вардар, кај Скопје, и го принудил на бегство. За заповедник на Скопје, Самуил претходно го имал назначено скопениот Роман, помладиот син на царот Петар, кој градот му го предал на византискиот цар. Синот на Самуил ја избркал својата жена, унгарска принцеза, со

што предизвикал судир со унгарскиот крал Стефан I, кој го победил Самуил. Значително ослабен, Самуил доживеал пораз од Василиј II во 1014 година, на Беласица, но успеал да избега во Преспа. Василиј ослепел 10.000 негови заробени војници, оставајќи му на секој стоти по едно око за да ја однесат војската кај својот владетел.

Кога ги видел своите слепи војници, Самуил од тага по два дена умрел, по владеењето со големата држава во период од 38 години.

Државата опстанала и по смртта на Самуил; ги опфаќала сите српски земји до реката Цетина, скоро цела Македонија, поголем дел од Бугарија, од Албанија, од Епир и од Тесалија. Современиците државата ја нарекувале бугарска, иако Бугарите во неа претставувале убедливо малцинство. Иако во неговата држава живееле сите Срби и сите Македонци, со малку Бугари и Грци, Самуил сакал да ги следи бугарските државотворни традиции. Во негово време е формирана Охридската архиепископија, а во неговата држава постоеле и Дубровничката и Драчката надбискупија…

(Овде се скусени пет страници кои се однесуваат на феудалните и крстоносните завојувања на Македонија до 1282 година и потоа на Македонија под турско ропство.)

в) Децении на востанички вриеж

Во тоа време Македонија ја зафатила длабока диференцијација на населението. Додека муслиманите егзистенцијално се врзувале со опстанокот на турската управа и само во неа ја гледале иднината, Македонците перспективата ја гледале во поголемото врзување со Србија, а бројните Цинцари се определувале за грчката опција. Бугарите со големо подмитување на врвовите на турската власт во 1870 година издејствувале декрет за формирање бугарска православна егзархија, независна од Цариградската патријаршија, кон која биле присилно приклучени македонски епископии, Велешката, Скопската и Охридската, како и српските, Нишката и Пиротската. Наместо грчкиот јазик, дотогаш протежиран во

црковната организација, почнал да се форсира бугарскиот, што ги предизвикало македонските интелектуалци да реагираат со формирање народни училишта и читалници, со собирање и објавување на народното книжевно творештво, со пишување и објавување голем број училишни учебници на македонски јазик, од кои некои се печатени во Белград. Македонскиот народен јазик постепено отворал пат за прераснување во книжевен.

Се потешката економска положба, систематското угнетување од страна на самоволните турски власти и неродните години, во 1876 година го предизвикале големото Разловечко востание, чиј непосреден повод претставувал јакнење на репресивните мерки кон христијанското население во времето на почнувањето на војната на Русија, на Србија и на Црна Гора против Турција, како и разгорувањето на исламскиот верски фанатизам кој довел до убиство на конзулите на Франција и на Германија во Солун.

Тогаш и во Цариград се случил државен удар во кого султанот Абдул Азис е симнат од престолот и погубен со обвинение дека имал премногу благ став кон христијанските поданици. Водач на Разловечкото востание бил Дмитар Паторгиев Беровски (Грешка: Димитар Поп Георгиев-Беровски), кој долго живеел во Белград и се истакнал во борбите против Турците кои во 1862 година го бомбардирале српскиот главен град. Турците ова востание го задушиле, но Беровски, иако ранет во главата, со најблиските соработници се провлекол низ турските обрачи и продолжил да се бори со својата чета. Цивилното население повторно било изложено на турскиот одмазднички гнев и грабеж, со што уште повеќе се зголемила желбата за отпор. Следнатса година повторно пламнало ајдутството во вид на поддршка на српските и на руските воени напори. Главната улога ја имал Димитар Беровски. Многу македонски доброволци се приклучиле кон руската или српската војска, Русите, Србите и македонските востаници, навлегле длабоко во Македонија.

Русија и Турција со Санстефанскиот мировен договор се договориле Србија, Црна Гора и Романија територијално да се

прошират и да стекнат независност, а Бугарија да биде вазална и автономна држава во рамките на Турција, која ќе опфати голем српски и македонски национален простор. На бугарската вазална територија две години би се стационирала руската војска да овозможи формирање на автономните институции на власта. Македонците најмногу ги погодувал фактот што огромен број муслимански мухаџири се иселувале од српските и од бугарските простори и се населувале на македонските, менувајќи ја структурата на населението и отежнувајќи ги натамошните ослободувачки напори.

Пребеганите муслимани својот одмазднички гнев редовно го истурале врз македонските христијани. Тогаш биле ограбени и запалени многу села. Значително се зголемило и дејството на шиптарските пљачкашки банди, кои ги загрозувале и поголемите градови. На Македонците не им преостанувало ништо друго, освен помасовно да се вклучат во антитурските чети и така да ги заштитат голите животи. Кон крајот на 1878 година, во областа на Струма пламнува Кресненското востание, чиј водач бил рускиот козачки атаман Адам Колмиков, а началник на штабот Димитар Беровски.

Англиската влада им помогнала на Турците во задушувањето на востанието, обезбедувајќи брз транспорт на трупите...

По повеќе разни конспиративни иницијативи, во Солун во 1894 (Грешка, треба да стои 1893 година) е формирана Македонската револуционерна организација и Централниот македонски револуционерен комитет, чиј претседател станал Христо Татарчев, а секретар Диме (Грешка, Даме) Груев. Во идеолошки поглед нејзините предводници најмногу биле под влијание на руските народници, но и на анархистите, мациниевците и на гарибалдивците. Организацијата прогласила дека нејзини основни цели се автономијата на Македонија и будењето на самозаштитната свест на Македонците, а во организациски поглед инсистирала на македонскиот национален ексклузивитет, иако во неа имало прилично интелектуалци школувани во Бугарија. Уште на стартот е поведена огорчена борба против бугарската егзархиска организација и нејзината политика, која најефикасно ги лекувала сите првични

бугарофилски заблуди. Тоа ја мотивирало бугарската влада да ги интензивира сопствената пропаганда и комитските активности, барајќи во исто време од Турците да ја сузбијат српската пропаганда. За да ѝ се парира на Внатрешната македонска револуционерна организација, во 1895 година во Софија е одржан конгрес на сите македонски емигрантски здруженија на кого е формиран Македонскиот комитет со изразито пробугарски аспирации. Бугарските комитски одреди не постигнале некои позначајни резултати, но со својата дејност успеале да ја влошат положбата на македонскиот народ во турското ропство и да ја компромитираат неговата позиција во светското јавно мислење. Тоа уште повеќе ги мотивирало македонските револуционери, во чие раководство се посилна улога имал Гоце Делчев, да инсистираат на Солунскиот конгрес во 1896 година на автохтоност и независност на своето движење.

Финансиските проблеми ги принудиле револуционерите да прибегнат кон терористички методи за доаѓање до средства, првенствено со грабнување богати Турци за изнудување пари.

Најуспешно било грабнувањето на американската мисионерка Мис Стон во 1901 година кое го извел истакнатиот револуционер Јане Сандански, кое на Организацијатра ѝ обезбедило многу пари и меѓународен, иако негативен публицитет. Често се користело и присилното собирање "доброволни" прилози на побогатите Македонци. Организацијата се вооружувала се повеќе и набрзо пристапила кон формирање герилски чети. Револуционерното движење станувало сѐ помасовно, а водечката улога ја имале учителите.

Врховистите на теренот претставувале се помала конкуренција... Внатрешната македонска револуционерна организација систематски се подготвувала за вооруженото востание, но додека нејзините главни предводници морале да се повлечат во длабока илегала или да избегаат во странство, до претседателската функција се дограбил агентот на бугарската влада и тајниот врховистички експонент Иван Гарванов, кој закажал конгрес во Солун во 1903 година и го туркал движењето во предвремено востание, иако на таквото решение

се спротивставувале отсутните Гоце Делчев, Ѓорче Петров и Јане Сандански. Се случил внатрешен раскол, а по солунските атентати и диверзии, турските власти уапсиле поголем број национални борци. Набрзо во близина на Серес, во судир со турската војска, загинал Гоце Делчев, а во Солун Турците го фатиле Иван Гарванов. Востанието во битолскиот крај почнало на 2 август, на Свети Илија 1903 година, а најдобра била организацијата на востаниците во Крушевскиот реон, под водство на Никола Карев. Крушево паднало во востаничките раце и станало главен центар на Илинденското востание и на Крушевската Република. Републиката формирала привремена влада и почнала да го организира животот на ослободените територии. Сепак, востанието освен во битолскиот, немало масовен караткер во скопскиот, во солунскиот и во едренскиот округ. Се свело на интензивни комитски акции. Во Серскиот округ се случиле судири меѓу македонските национални и врховистичките чети. За да го задушат востанието, Турците ангажирале големи сили од 170 000 војници и скоро 500 топови. И покрај големата храброст на борците во тримесечните борби, востанието е совладано. Гневните Турци спровеле вистински масакр меѓу македонското население. Убиени се, речиси, 10 000 луѓе. Но, трагедијата на македонскиот народ имала силен одек во светот, зголемувајќи го анимозитетот кон турската управа.

За да ја ублажат тешката положба на Македонците, руските и австриските цареви во ноември 1903 година ѝ ги наметнале на Турцијата т.н. Мирцштетски реформи, кои се применувале од следната година и кои подразбирале контрола на европски сили над дејствувањето на турскиот административен апарат. Во 1904 година е постигнат договор меѓу Србија и Бугарија за поделба на интересните сфери во Македонија и интензивирано е уфрлањето герилски чети во македонскиот простор. Бугарските комити и врховисти биле под контрола на бугарскиот генерал Цончев, а нивната активност станува масовна во 1905 година. Во овој период врховистите се судираат со четите на Јане Сандански, претрпувајќи тежок пораз од македонските националисти во мелничкиот крај. Српската влада уште во 1904 година формирала четничка акција чии активности се интензивирале исто во 1905, посебно во кумановскиот, во скопскиот, во паланечкиот, во кратовскиот,

во бродскиот и во кичевскиот крај. Српските четници жестоко се бореле против бугарските врховисти и комити. Најистакнати српски четнички војводи биле Глигор Соколовиќ, Јован Бабунски, Јован Довезенски, Василие Трбиќ и др. Во солунскиот крај дејствувале грчките герилски чети. Македонската револуционерна организација во тоа време се соочувала со сопствена криза, со проблеми, со судири, со расправии, со прогон на врховистите, со свикување повеќе конгреси, безуспешно обидувајќи се да ја поврати некогашната политичка сила и влијание во македонскиот народ.

Нов битен момент во македонските политички околности ќе внесе Младотурското движење во 1908 година, во кое македонското христијанство се вклучило со големо воодушевување. Центар на Младотурците бил Солун. Револуцијата успеала да го собори Абдул Хамид II и за нов султан да го донесе Мехмед V, но положбата на Македонците со зацврстувањето на власта на Младотурците значително се влошила. Разочарани и систематски прогонувани, македонските национални револуционери формирале во 1909 година Народна федеративна партија, која наместо дотогашната примарна вооружена борба се преоринетирала на парламентарна. Главни предводници на таа партија биле Димитар Влахов и Јане Сандански. Веднаш по одржувањето на основачкиот конгрес, бугарските агенти по втор пат извршиле атентат врз Јане Сандански, кој бил тешко ранет. Влахов станал пратеник во турскиот парламент. Набрзо партијата ја зафатиле франкционерски борби, а во 1910 година Влахов го исклучил Сандански, сакајќи да се дистанцира од револуционерните елементи. Одржан е вонреден конгрес кој го отстранил Влахов, но набрзо младотурскиот режим ја забранил партијата...

г) Српско ослободување на Македонија

Србија и Бугарија во 1912 година склучиле сојуз и се договориле да ја поделат Македонија. Кон сојузот набрзо се приклучиле и Грција и Црна Гора. На 18 октомври сојузниците ѝ објавиле војна на Турција. Српската војска им нанесла тежок пораз на Турците кај Куманово, а набрзо го зазела и Скопје, чие воено разорување го спречиле странските конзули

поттикнувајќи ги Турците да го напуштат без борба. Србите на Турците им нанеле нов пораз кај Битола и ги принудиле на бегство. Бугарите излегле на Егејско Море, а Грците влегле во Солун. Кон српската војска се приклучиле многу Македонци, но и на бугарската во нејзиниот реон на оперативните дејства. Поради поделбата на Македонија, во 1913 година, се случила Втората балканска војна во која Бугарија е поразена и загуби огромни територии: со Букурешкиот мир поделбата на Македонија станала дефинитивна. Србија не успеала да ја укине воената управа во својот дел на Македонија, зашто морала да ги сузбива шиптарските немири, мнозинството муслимани се преселувале во Турција, а почнала и Првата светска војна. Во српската војска биле регрутирани 50.000 Македонци кои храбро се бореле на сите фронтови. Иако сојузниците барале Србија да ја жртвува Македонија за да се придобие Бугарија, српската влада воопшто не се согласила, зашто Македонија се сметала, се чувствувала и се прифаќала како интегрален дел на српството во вистинска смисла на зборот.

Во 1915 година Србија се нашла во многу тешка ситуација, а Бугарија влегла во војната и по тешки борби кај Криволак го зазела српскиот дел од Македонија. На српско-грчката граница е формирана линијата на фронтот која од север ја држеле Бугарите, а на југ англо-француските трупи. Бугарските чети го зазеле и источниот дел од Егејска Македонија, формирајќи фронт на реката Струма. Србите и Французите во 1916 година ја ослободиле Битола, формирале нова линија и го продолжиле позициското војување.

Бугарските и германските окупатори кон македонското население се однесувале брутално, изложувајќи го на тешки репресалии.

“Сето време додека траела окупацијата, бугарските окупатори и нивните германски сојузници во Македонија спроведувале реквизиции од сите видови човечка и сточна храна, масовно ја одземале и ја колеле стоката, ги изнесувале од Македонија материјалните и културните богатства, масовно го праќале населението на принудна логорска работа, извршувале регрутација и мобилизација на македонското население

способно за војска и со сила го вклучувале во војната, масовно го интернирале и го депортирале цивилното население, спроведувале огромни колежи во многу села и населби. Ова биле основните и секојдневни обележја на многустраната окупација на Македонија. Тогаш илјадници Македонци умреле од глад, од болести, од физичка исцрпеност и од воените пустошења." ("Историја на македонскиот народ", книга II, стр. 368.)...

Вардарска Македонија дури по Првата светска војна е целосно интегрирана меѓу другите српски земји во рамките на југословенската држава. Воените разорувања предизвикале длабока економска и социјална криза, а власта прилично невешто ја спроведувала аграрната реформа што заедно со несомненото влијание на Болшевичката револуција, доведувало до пробив на деструктивната комунистичка идеологија. Државната бирократија немала доволно слух за етничките, културните и за јазичните специфичности на Македонија, посебно за просечното образовно ниво на населението, а бугарската влада продолжила да уфрла комитски банди, ставајќи ги под своја директна контрола остатоците од некогашното ВМРО. Во западните краишта и натаму дејствувале шиптарските колечки банди. Меѓу политичките партии во македонските области најсилно влијание имале Радикалната, Демократската и турско-муслиманскиот Џемиет. Значителен успех на локалните и на парламентарните избори постигнувале комунистите, се до забранувањето на Комунистичката партија на Југославија со Обзнаната, како субверзивна организација, инструментализирана од странските сили. Централната власт ги укинала затекнатите феудални односи, а Турците, приличен број локални муслимани и малку Шиптари, се иселиле во Турција. Врз основа на аграрната реформа, од вкупниот аграрен фонд, 40% од земјата им е поделена на македонските селани кои немале земја, на другите 60% се населувани селани кои немале земја од погусто населените области, со оглед дека Македонија била малку населена, под југословенскиот просек. Во Кралството на Србите, Хрватите и на Словенците, во 1921 година на еден квадратен километер просечно живееле по 49 жители, а во Македонија само 31. Радикалната партија јавно ја изразувала

подготвеноста македонскиот дијалект службено да се користи во работата на државната администрација, иако немало посериозни обиди тој јазик книжевно да се вообличи и да се нормира. За некое посебно национално угнетување не може да стане збор од едноставна причина што режимот се раководел од концептот на интегрирано југословенство, па истакнувањето на српските знамиња било забранувано како прекршок...

Бугарија и Грција со Нејскиот мировен договор склучиле конвенција за размена на населението, врз основа на која Македонците и Бугарите од Егејска Македонија и Тракија се иселувале во Бугарија, а Грците од Бугарија во Турција. Македонските бегалци се раселувани низ цела Бугарија, со што е олеснета нивната денационализација. Врховистите ја формирале автономистичката ВМРО, која дејствувала заедно со обединетото ВМРО од југословенската територија, лажејќи го народот дека сака единствена автономна Македонија, но ја уживала поддршката на бугарските тајни служби и ги протежирала големобугарските интереси, служејќи се само со терористичките методи во практиката. Владата на земјоделскиот лидер Александар Стамболиски имала многу благонаклонет став кон Македонците и кон нивните стремежи и развивала пријателски односи со Белград, сакајќи општо-југословенско соединување. Во 1923 година, по три години владеење, дворските кругови направиле пуч, го убиле Стамболиски и многу негови приврзаници.... Новиот режим ги растурил вмровските терористички банди, но го продолжил изразито антимакедонскиот курс, систематски сузбивајќи ги сите форми на изразување на македонската национална свест.

Во Егејска Македонија пред Првата светска војна живееле само 30% Македонци. Толку имало и Турци, Грци имало малку помалку и околу 15 проценти биле од други националности. Со Лозанската конвенција од 1923 година, Грција и Турција се договориле за размена на население. Заминале скоро сите Турци, а дошле Грци од Мала Азија, па оваа област според националната структура дефинитивно станала грчка. Во Бугарија и во Југославија тогаш се преселиле околу 50.000 Македонци, од вкупно 330.000, па учество на Македонците во егејската структура се симнало под 25%. Со оглед дека набрзо

дошле двапати повеќе Грци од иселените Турци, вкупно 640 000, процентот на Македонците станал уште помал. Грчката власт постојано го избегнувала извршување на обврските од потпишаните меѓународни договори во поглед на заштитата на малцинските права и настојувала со посуптилни методи да ја спроведе денационализацијата и асимилацијата на Македонците. Кога во 1924 година грчката влада изразила подготвеност егејските Македонци да ги третира како бугарско национално малцинство, дошло до тешки нарушувања на југословенско-грчките односи. "По барање на Македонците од Егејска Македонија, југословенската влада посебно инсистирала тие да бидат признати како Срби, односно како српско национално малцинство во Грција." ("Историја на македонскиот народ", книга III, стр. 233.) Грчката влада се предомислила, па во 1926 година, егејските Македонци ги признала како припадници на српското национално малцинство во својата држава. Во времето на диктатурата на Метаксас во 1938 година, со специјален закон во Грција е забранета употребата на македонскиот јазик и во приватниот живот, а припадниците на македонското национално малцинство се дискриминирани во секој поглед.

По фашистичкото распарчување на Југославија поголем дел од Македонија, областите долж Морава, нишката и тимочката област ги окупирала бугарската војска. Западниот дел од Вардарска Македонија го окупирале Италијанците и го приклучиле кон Албанија. Во бугарската окупациска зона е инсталиран воено-полициски апарат, комплетно увезен од Бугарија. Бугарите во локалните Македонци воопшто немале доверба, па најголемиот број државни службеници го донесле од Бугарија и ги поставувале на важните места во окупацискиот управен апарат. Применуван е посебен окупациски правен систем, базиран на гола репресија и извршување на судската власт од страна на воените судови... Бугарските окупатори не биле во состојба да формираат квинслишка власт, а најмногу што успеале да постигнат е да формираат мрежа на доушници и денунцијанти. Систематски е водена пропагандна акција за денационализација и бугаризација на Македонците, посебно низ апсолутната инструментализација на образовниот систем. Комунистичкото востание во Вардарска Македонија имало

краток здив, се сведувало на спорадични диверзии и напади, се до капитулацијата на Италија, кога се создале услови за формирање слободна територија, вклучувајќи ги и Дебар и Кичево. И четниците на Дража Михајловиќ немале поголем успех во 1943 година, кога закрепнале, го формирале Вардарскиот четнички корпус, составен од четири бригади. Партизаните и четниците се судирале и на македонски терен, заемно слабеејќи се. Комунистите сметале дека многу поголема опасност им се заканува од четниците отколку од окупаторите. Меѓутоа, комунистите посебно внимание посветиле на изградбата на организациската инфраструктура, речиси, на целата територија, па подготвено го пречекале големото омасовување на партизанските одреди, откако западните сојузници го подржале Тито, Црвената армија стапнала на Балканскиот Полуостров, а германските сили почнале да се повлекуваат од Егејското Море. Борбите против германските и бугарските окупатори станувале се поинтензивни. Уште во текот на војната, комунистите ја прокламирале македонската федерална единица во составот на Југославија и својата волја ја реализирале веднаш по војната.

14. Вештачка конструкција на македонската нација

Комунистичкиот режим македонската нација ја прокламираше и ја санкционираше во практиката со декрет. Таа тогаш стана и категорија на официјални статистички извештаи, иако во славистичките научни кругови не можеше да се устоличи нејзиниот октроиран јазик. Како што вели Костиќ: “Не оди тоа толку лесно: не може со волшебно стапче да се создаде народност. Потребни се многу реквизити, во прв ред традиција.” (стр. 42.) Кога првпат, на почетокот на овој век, уште во времето на турската окупација, била лансирана идејата да се создаде македонски јазик, реагирал истакнатиот славист Ватрослав Јагиќ во книгата “Словенски јазици”, објавена 1909 година, со следните зборови: “Предлогот сочинет во ова доба, еден дијалект на Македонија да се направи писмен јазик на земјата, дури и кога би бил коректно замислен, мора решително да се отфрли како одвишно ситнење на духовните сили.” (стр. 42.) И Александар Белиќ сметал дека постојат само три јужнословенски јазици: српскохрватскиот, бугарскиот и

словенечкиот, старословенскиот исчезнал, а македонскиот никогаш не постоел.

Јеврем Груиќ, во својство на застапник на министерот за надворешни работи, во 1878 година му напишал на Јован Ристиќ, неофицијален српски претставник на Берлинскиот конгрес: “Жителите на Велес напишале и стотици од нив потпишале една петиција во која молат да се приклучат кон Србија, зашто ‘отсекогаш биле Срби (стр. 43.)..... За нив не може да се каже дека се преместени во сосема туѓа и на природата битно поинаква земја.” (стр. 43.) Сите тие под комунистичката диктаторска власт присилно се прекомпонирани во нова, вештачка нација... Не само Јован Цвиик, туку и многу други научници одамна докажале дека областите Скопје, Кратово и Тетово, не влегуваат во “географскиот поим на Македонија, туку на Србија.” И “Историско-географскиот лексикон”, печатен во Базел во 1727 година, тврди дека Скопје се наоѓа во Србија, а Македонија е јужно од него, додека “Универзалниот лексикон”, објавен во Лајпциг во 1740, го прецизира територијалниот опсег на Србија според сфаќањата на тогашната наука: “Србија, латински Сервија, или, според некои, Серблија, една голема плодна покраина во Европа, која Римјаните ја викале Горна Мезија, на исток граничи со Бугарија, на запад со Босна и со Далмација, кон југ со Албанија и со Македонија, кон север со Дунав и со Сава кои ја делат од Ердеља и од Влашка. Таа сигурно своето име го добила од Србите...” И тогаш кога Пеќката патријаршија имала најтесен територијален опфат, нејзе и припаѓале Скопската и Штипската епархија, додека на Охридската архиепископија и припаѓале само територииите јужно од Тетово, од Скопје, Велес и од Штип... Костиќ го додава и сопственото сознание: “И топономастиката во овие области оставила трага на српството. На пример, во северозападниот дел од денешна Македонија, се наоѓаат селата Србиново, Србица и Србјани, за кои е утврдено дека потекнуваат од средниот век. Србиново е недалеку од Гостивар, во долината на реката Лакавица, додека Србица и Србјани се наоѓаат во околината на Кичево. Србиново денес има 120, Србица 170, а Србјани 100 домаќинства. Во Србиново и Србица денес живее шиптарско население, а во Србјани и македонско и шиптарско.” (стр. 50.) Костиќ е свесен

дека процесот на националната идентификација во Македонија уште не е решен и дека тоа прашање е многу компликувано. Во српскиот дел од Македонија со децении се врши присилна десрбизација, но во бугарскиот, или во грчкиот дел, концептот за посебна македонска нација, едноставно, нема приврзаници. Научниците и стручњаците македонското население го означувале како српско или како бугарско, но никој сериозен не го сметал како посебен народ.

И официјалните бугарски и грчки власти не го признаваат постоењето на македонската нација. Бугарите тврдат дека станува збор само за нивни сонародници. “Македонската националност ја создаде Југославија, една клика антисрпски расположена. Однесувањето на Бугарија и на Грција покажува дека Србија, кога би постоела, дури и комунистичка, никогаш не би се случило да признае некоја посебна македонска нација. За тоа била способна само Југославија и некои антисрби на нејзиното чело.” (стр. 59.)..

Значителен дел од српското население во Војводина по потекло е од Македонија. Многу личности од Македонија повеќестрано ја задолжиле српската култура и значително придонесле за зачувување на српската национална свест. Костиќ го наведува Христифор Жефаровиќ, истакнат хералдичар од XVIII век, родум од Охрид, Атанас Јовановиќ, голем сликар родум од Враце, социјалниот лиричар Коста Абрашевиќ од Охрид, истакнатиот раскажувач Анѓелко Крстиќ од Струга, големиот книжевник Момчило Настасиевиќ, книжевниот критичар Петар Џаџиќ, од Битола итн.

Иако родниот крај му е околината на Преспанското Езеро, Бранислав Нушиќ зборуваше дека во себе има и српска и влашка и арнаутска крв, но дека, сепак, најмногу е Србин. Никаде не спомнува дека, можеби, е Македонец. И патриотскиот српски поет Владислав Петковиќ Дис по потекло е од Куманово. Јован Јовановиќ Змај се гордееше со фактот дека неговиот прадедо се преселил од Македонија. И Никола Пашиќ, Бранко Радиќевиќ и Јован Стерија Поповиќ потекнуваат од македонските краишта.

д) Македонското прашање

Прашањето на Македонија, како посебна федерална единица, Костиќ го смета за специфично доколку опстане југословенската федерација. “Македонија претставува територијална самостојност, демографска различност од другите краишта, јазична, дури и етничка посебност. Оваа етничка посебност е сосема скорешна:

таа не беше подготвена, таа настана сосема ненадејно за стручњаците (етнографите и славистите), таа не е извојувана, воопшто, туку е подарена. Таа не ниту директен плод на македонски дејци (тие биле поделени меѓу наклонетоста кон Бугарија и наклонетоста кон Србија), туку е плод на активноста на Светозар Вукмановиќ Темпо и на неговата дружина. Сепак, оваа етничка посебност сега е разгласена на сите страни, влезе во енциклопедиите и во лексиконите (науката ја прифаќа со резерва или воопшто не ја прифаќа), а жителите на Македонија ѝ стануваат се поверни. Таа нема да може никогаш повеќе да се дефетира, да се избрише, да се смета за непостоечка. Без сомнение дека со текот на времето таа ќе се ублажи и дека ќе добие поприродни пропорции, но никогаш повеќе нема да исчезне. Сегашните властодржачи на Македонија и на Југославија, еднакво антисрпски расположени, вредно се трудат така да биде.” (стр. 121.)

За Србите и четворната федерација ќе биде неповолна зашто во државата ќе ги има повеќе од Хрватите, од Словенците и од Македонците заедно, а во власта ќе партиципираат со една четвртина влијание. Освен тоа, ќе бидат изложени на коалициски блокади во државните институции. “Таквата колаборација на сите единици против Србија е повеќе од сигурна. Јас веќе ја гледам со своите духовни очи. Против џинот секогаш се здружуваат џуџињата ако сакаат нешто да постигнат.” (стр. 122.) Костиќ го согледува и фактот дека во Северна Македонија живеат Срби кои со задоволство територијално би се приклучиле кон Србија, додека Арбанасите (Албанците) од западните делови ќе се стремат да се групираат со другите сонародници. “Не е неможно и во внатрешноста на остатокот од Македонија да се појават етнички струи кои не

одговараат на дадените калапи. Зашто, денешната Македонија со својата народност, не е создадена природно, како што беше речено погоре. Таа му е наметната на населението. Можеби еден значителен дел од населението со големо задоволство ја прифатил, но има многу кои се покориле на силата, останувајќи, во суштина, тоа што се. Несомнено дека има Срби и во внатрешноста на Македонија, и на југ и на запад, кои и самите не можат да дојдат до израз. Во слобода тие повторно би се појавиле, а Македонија со својата посебност би можела да биде потрошена." (стр. 122.)

За македонскиот јазик Костиќ вели дека е "еден преоден облик меѓу српскиот и бугарскиот јазик. Мене дури ми личи на бугарски (зашто јас бугарски не знам), а на Бугарите им личи на српски. Но, нема сомнеж дека е близок и до едниот и до другиот." (стр. 123.) Македонците книжевен јазик никогаш немале, ниту книжевност и писменост воопшто, се до Втората светска војна.

"Исто така им е познато на сите истории и на сите лингвисти дека не постојат стари, писмени македонски споменици, туку само српски и, во многу помал обем, бугарски... Во српскиот дел на Македонија постојат повеќе дијалекти, но два меѓу нив се однесуваат, речиси, како посебни јазици; разликите меѓу нив се, можеби, како меѓу еден од нив и српскиот, или незначително помали.")
стр. 124.)...

По проучувањето на научните резултати од компетентни лингвистички истражувања, македонското јазично прашање Костиќ го резимира со следните зборови: "Официјалниот 'македонски јазик', создаден во летото Господово 1945, всушност, е комбинација од разни говорни дијалекти во Македонија. Ниеден дијалект не е прогласен за книжевен јазик, туку од секој е земено по нешто. Но, за основа на книжевниот јазик на Македонците се земени говорите од западниот дел на централна Македонија, пред се од триаголникот Прилеп-Битола-Кичево-Велес, а посебно градскиот говор на Прилеп. Како што се гледа, за основа е земен дијалектот кој најмногу се разликува од српскиот. Според сето ова, денешниот македонски

јазик е една вештачка творба, нешто креирано и наметнато, а не органски произлезено (каков што е српскиот јазик), јазик без жива основа и корен. Штом создадоа нов книжевен јазик, мораа да создадат и ново писмо, да востановат азбука за тој јазик. И тоа одеше со авионска брзина. Се состанаа комисии, донесоа одлука и се се реши со указ.” 9 (стр. 125.)...

Јован Цвиић Македонците ги нарече флотантна маса, подготвена да се претопи во Срби или во Бугари, во зависност од тоа во чија држава ќе се најдат. Сличен став застапува и Вендел. Јозеф Берге, Македонија ја сметал за длабоко тенџере во кого се претопуваат народите и културите. Покрај архаичното, праисториско, балканско население и Словените, овде со векови се населувале Печенези, Кумани, Черкези, Татари, Турци, Арбанаси, но и многу муслимански мухаџири кои овде се концентрирале паралелно се ослободувањето на српските земји од турското ропство. Овде по Првата светска војна е населен и поголем број српски колонии.

Како што пишуваше Јован Цвиић, македонските краишта, “според лингвистичките и етнографските особини и според историските традиции, кои се закопани во народната душа, задремани, но кои лесно можат да се разбудат, можат да се означат како повеќе српски или повеќе бугарски. Такви повеќе српски се пределите околу Скопје, Кратово, Тетово и натаму на северозапад кон Стара Србија, чиј назив е погрешно раширен врз Македонија. Овој предел, заедно со Косово и Метохија, ја прави срцевината на старата српска држава, на која се надоврзуваат најславните традиции на српството, сите архитектонски и уметнички словенски споменици се српски.” (стр. 133.)...

За Костиќ е посебно значајно дека Македонците објективно постојат само во оние делови од Македонија кои ги ослободила српската војска. Пиринска Македонија е целосно бугаризирана, а Егејска грцизирана, дополнително колонизирана со населувањето Грци, прогонети од Мала Азија, но етничката структура битно и се измени и со масовното бегање на Македонците по загубената граѓанска војна на која ги подбуцнуваше Тито со комунистичките знамења...

Протагонистите на титоистичката политика “дотолку посилно и побезобзирно им го наметнуваат македонството и на оние кои го сакаат и на оние кои не го сакаат. Тие настојуваат загубите од надвор да ги надоместат во самата Југославија... Па така бројот на “Македонците” според народноста сé повеќе се шири... Бидејќи изразот “Македонија” досега беше само географско име, него без посебно спротивставување ќе го прифатат сите нејзини жители, дури и оние со несловенско потекло. Зашто, кога ќе кажат дека се Македонци, тие не лажат. Тие со тоа не сакаат да ја определат својата народност, но властите македонски тоа го прифаќаат и го толкуваат на начин кој им е ним соодветен. Така успеаја во бројот на Македонците да внесат и десетици илјади несловенско население. Таму како “Македонци” се вбројуваат и Србите и Бугарите, и вистинските Македонци кои ја сакаат таа националност. Потоа и многуте малцинства. Посебно куцовлашкото, но и муслиманското.” (стр. 142.)

Многу Срби беа присилени презимињата на “иќ” да ги сменат на “ски”, а учеството на граѓаните од српска националност во вкупното население во официјалните статистики вештачки се намалува. Сепак, како што споменува Костиќ, “ако оваа состојба потрае подолго, македонската народност има шанси да се консолидира, зашто се употребуваат страшни средства таа да се одржи и да се зацврсти.” (стр. 143.) Секогаш и секаде најмногу се малтретираат Србите. “Тие едноставно се принудени да се откажат од српството и да се претопат во Македонци. Не смеат за ништо на светот да се означуваат уште како Срби. Би можеле да бидат и Власи и Цигани и што било друго, само не Срби. Иако тој секогаш бил Србин, иако старите со векови му србувале, иако е потомок на српските свештеници и на српските комити, тој не смее да каже дека е Србин.” (стр. 145.) Костиќ е свесен дека поранешната официјална политика била да се посрбат национално несвесните македонски христијани, дури и дека имало притисоци врз “национално неопределените Македонци да се определат како Срби”, што значи дека на “лицата без народност им ја нуделе својата, а не некоја друга, помала народност. А сега ‘Македонците’, непознати во етнографијата ги принудуваат сосема свесните и национално определени Срби да се откажат од српството и да

станат нешто ново, дотогаш непознато. Од припадници на еден голем народ, да станат припадници на еден народ со никакво, токму со никакво минато, ниту големо ниту мало. Од припадници на еден културно-изграден народ, кој ги има Његош, Тесла итн. принудени се да станат припадници на еден народ кој штотуку почнал да ја учи новосоздадената азбука." (стр. 146.)

Костиќ го проблематизира и името Јужна Србија и не одрекува некои случаи на административно самоволие и бирократска затапеност. Меѓутоа, со оправдан гнев ја отфрла комунистичката флоскула за големосрпската хегемонија. "Прецизно гледано, навистина, целокупното национално 'угнетување' на Македонците од страна на Србите се сведува на тоа што овие им го наметнале својот книжевен јазик. Но, мора уште еднаш да се нагласи дека Македонците друг, поблизок, книжевен јазик немале, кој би им бил забранет, дека српскиот книжевен јазик скоро бил еднакво близок со македонскиот говорен јазик како со нишкиот или врањанскиот. Од друга страна, Македонците можеле секаде, без ограничување да го употребуваат својот говорен јазик, и приватно и кај властите, посебно во судовите. Дури и ако биле чиновниците Срби од север, тие ги разбирале исто како самите Срби." (стр. 151.)

Костиќ не застанува тука во логичкото оспорување на тезите на антисрпската пропагандна хистерија на комунистичкиот режим. Се тврди дека во Македонија и воопшто во Југославија, владеел великоспрски шовинистички дух. Добро, да речеме дека е така (иако не било баш така). Што барал од Македонците тој великосрпски дух? И тие да се прогласат и да се сметаат за составен дел на српската "владејачка клика", да бидат целосно рамноправни со другите Срби. Има тука и национално наметнување, но нема национално поробување. Ако во една држава, или во едно општество, една нација е супериорна и водечка, тогаш одвај може да се смета како национално 'искористување', кога цели други јазични групи со неодредена национална свест се примаат во тој владејачки слој за рамноправни членови. Сите експлоататорско-владејачки слоеви во историјата биле затворени и непристапни. Србите им ги пружија нас Македонците сите услови со нив целосно да се

израмнат, да се стопат во нив, и тие да бидат соучесници и соуживатели на “големосрпската хегемонија.” (стр. 151.)

За какво национално угнетување може да се зборува ако “Србите ги израмнувале штотуку ослободените Македонци со себе, ги правеле припадници на еден голем народ (релативно голем), им дале учество во својата култура, ги подигнале од понизок степен на повисок. Србија во Македонија нашла една национално аморфна маса, на која ѝ понудила, не секогаш на чинија, да се израмни со победниците и да влезе во нивниот состав. Се потрудила да им даде соодветна култура. Принудувањето на Македонците да станат Срби, делумно претставуваше и фалсификат, но во исто време и шанса од повисок ред, едно национално издигнување.” (стр. 151-152.)...

Во сето ова, воопшто не смеат да се изгубат од вид меѓународно-правните и надворешно-политичките аспекти. “Како што се бореше Србија за Македонија верувајќи дека се бори за свои, дека ‘дома ќе дојдат’, како што рекол крал Никола, исто така таа претпоставка ја признале и сите меѓународни фактори како факт и врз нејзина основа ја доделија Македонија на Србија. Да ја немаше верата во националната идентичност на Србите и Македонците, големите сили никогаш немаше да дозволат соединување на Македонија и на Србија. Посебно немало тоа да го стори ниеден меѓународен форум, кога би му се кажало дека во Македонија нема ниеден Србин. А да не зборувам како би реагирало јавното мислење на тогашна Европа кое би ја блокирало секоја одлука во корист на Србија. Зашто никогаш не треба да се заборави дека Македонија е призната во Србија, а не во Југославија и дека како интегрален и неделив дел од Србија влегла во составот на Југославија.” (стр. 153.)

Југословенскиот комунистички режим целосно го пренебрегнува фактот дека Југославија е правен следбеник на Кралството Србија. Доколку Кралството Србија стекнало нешто противправно, не можело него да го внесе во југословенската држава, па секоја таква евнтуалност може да се оспорува со целосна извесност на исходот според елементарните принципи на меѓународното јавно право. “Да знаеле дека некогаш

воопшто во прашање ќе биде Југославија и приклучувањето на Македонија кон неа, тогашните големи сили, најверојатно, најрешително ќе се спротивставеле, па и на Србија ќе и ја одречеле Македонија. Прво Русија, потоа Италија, а најмногу Австрија. Русија никогаш не би ја дала Македонија на една верски измешана држава, туку на Бугарија.

Италија не би сакала да се зголемува Југославија која и е соперник. А Австрија со право би ја видела во Југославија својата пропаст. Таа дури сакала со Македонија да го сврти правецот на српството кон Егејот и да го одврати од Јадранот. И Франција знаеше само за Србија. И така натаму. Никогаш ќе ја немаше и НР Македонија, или, барем, ќе ја немаше волку, освен преку Србија. Ова мора секому да му биде јасно. Македонија ѝ е призната на Србија врз основа на етничкиот принцип... Во најмала рака ѝ е призната bona fides да се бори за своите сонародници и под својот покрив да ги прифаќа своите сонародници. Одеднаш денешниот режим во Југославија тврди дека тие не се Срби, дека Србија го лажела и го мамела светот, дека сакала да освои и да завладее туѓо." (стр. 153-154.)

Во дваесетте години српска (точно, југословенска, но не комунистичка) управа, Македонија, заостаната и зафрлена провинција во турското владеење, доживеа голем стопански развој, доби железница, патишта и индустрија. Градовите се европеизираа, општествените односи се цивилизираа, сузбиено е одметништвото и разбојништвото. "Населението на Македонија напредуваше и покрај војните, најмалку, за еден процент годишно, и тоа без прекин. Словенското население, дури, напредуваше многу повеќе.

Тие заседоа многу имоти на Турција и на другите мухаџири кои ја напуштија земјата затоа што во неа дошла каурска управа. Србите принесуваа данок во крв за Македонија, а полза од тоа имаа други, затоа што Србите ги сметаа за свои, за родени Срби." (стр. 155-156)...

Врз основа на се што се случи во меѓувреме, Костиќ смета дека ние, Србите, не можеме повеќе да ја негираме етничката посебност на Македонија и нивниот јазик доколку тие на тоа

инсистираат. “Ние не смееме да ги повторуваме грешките од минатото, да не ни се одмаздат повторно.” (стр. 157.) Македонците имаат право колективно да се идентификуваат како сакаат. “Ние, Србите, мораме да ја признаеме етничката посебност на Македонците во формата кој ним им годи, но во исто време мораме и сакаме да дозволиме секој во Македонија национално да се определи како што мисли самиот и како што чувствува најинтимно. Во тоа ќе биде разликата меѓу сегашната и идната состојба, разликата која и морално и политички треба да ни претставува чест. Зашто, денешното македонство, ова треба да се запамети, не е само слобода туку и тиранија. Ние ќе ја задржиме слободата, а ќе ја истребиме тиранијата, т.е. секој ќе може да каже и дека е дека не е ‘Македонец’ по народност. Тоа е вистинска слобода.” (стр. 157.)

Во оваа смисла Костиќ претпоставува дека словенското население во Македонија ќе се изјаснува како Македонци, Срби и Бугари, но не се впушта однапред во процена на процентите. “Големата грешка е што и порано не беа признати Бугарите во Македонија (за македонска народност тогаш не станувало збор, ниту можело да се претпостави дека националните Срби ќе ја создаваат; во тој поглед не е направена никаква грешка). Но, да беа признаени Бугарите, јас верувам дека таа народност немало да ја прифатат повеќе од една третина од жителите на Македонија и со време неа сосема ќе ја снемало. А оние кои слободно се декларирале како Срби, тоа ќе останеле и натаму.” (стр. 158.)

Освновните приниципи за кои се заложува Лазо Костиќ, овде се изразени во најјасна форма. “Ние не смееме повеќе никому да му забрануваме национално да се определува како што знае и умее, како што го учат срцето и умот. Но, мораме со сите сили да ги штитиме правата на оние лица кои се чувствуваат Срби така да се декларираат. Во тој поглед Македонците ќе наидат на бескомпромисниот став на Србите. Доколку Србите се само малцинство во Македонија, ние ќе мора да се задоволиме со нивната положба на малцинство. Македонците ќе мора да им го признаат правото на училишта, употребата на јазикот, слободното национално исповедување итн. Но, секое негирање или заташкување на Србите, а особено сузбивањето на нивната

националност, може да доведе до несакани последици. Македонците се трезвен народ кој тоа навреме ќе го согледа.” (стр. 158.)

Тие права на Србите под комунистичкиот режим им се брутално скратувани. “Токму поради поднесените жртви и неправдите кои му се наметнати, поради тоа што му се импортираат злостосртва кои тој не ги направил и, најпосле, поради својата природна мисија да го брани српството секаде каде што е загрозено и во опасност, српскиот народ нема никогаш да се согласи со решението кое важи денес. Тоа може да ја признае македонската националност и сите консеквенци од таа посебност (посебни училишта, посебен јазик итн.), но никогаш нема да се согласи да им се забрани на Србите во Македонија да се викаат Срби и да се чувствуваат српски. Тоа не може да го дозволи ниеден народ, нема да го дозволи и српскиот... Србите никогаш и во ниеден случај нема да се откажат од својот удел во Македонија и од своите права на неа. Тоа треба да му биде јасно на секого. Ако се случат три словенски националности во Македонија, не е невозможно да се изврши амалгамирање во тек на долг историски развој и една националност да надвладее. Но, до тоа време, секоја страна ќе ги фаворизира своите сонародници.” (стр. 158-159.)

Таквиот став подразбира дека Македонија има посебна државно-правна положба. Во случај на опстанок на Југославија мора да постои македонска федерална единица. Доколку пропадне Југославија, Македонија би требало да има посебен, автономен, статус во рамките на Србија, со широки надлежности и битна самостојност во однос на централната власт, со која би се гарантирале сите културни посебности и националниот идентитет, слободно формиран и негуван...

СРПСКАТА ДРЖАВА ВО ПРОГРАМИТЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ ВО СРБИЈА ДО ДЕЈТОНСКАТА СПОГОДБА

Белешка

Извадоци од истонасловениот научен труд на Момчило Суботиќ, објавен во Политичка ревија, Белград, Година (XVIII), V, Vol.12, Бр. 4/2006, стр. 809-828; овде се преземени само деловите што се однесуваат на неколку позначајни партии, односно на Социјалистичката партија на Србија и на Српската радикална странка.

Социјалистичката партија на Србија (СПС) беше доминантна политичка сила во Србија во нејзиното десетгодишно плуралистичко раздобје . Нејзината моќ и влијание, особено она на нејзиниот претседател Слободан Милошевиќ, силно се рефлектираше и на другите српски подрачја – во Република Српска Краина и во Република Српска. Настаната на "конгресот на обединување" на СКС со ССРНС (16 јули 1990 година), СПС извојува победа на сите повеќепартиски избори во споменатиот период: четири пати на изборите за републичкиот парламент (1990, 1992, 1993, 1997) и три пати на изборите за сојузниот парламент (мај 1992, декември 1992 и 1997).

Во Програмските основи, од октомври 1990 година, СПС во Основните определби се залага за чување и продолжување на "идејата за народна самоуправа на српскиот народ" на која кон крајот на 19 век нова содржина ѝ дале српските социјалисти, проткајувајќи ја со идејата на социјализмот. Исто така: "Таа ги чува и ги развива антифашистичките и слободарските вредности на НОБ и на социјалистичката револуција, затоа што се вклопуваат во најдлабоките и најсветлите текови на историската традиција на српскиот и на другите југословенски народи во борбата за слобода и независност и претставуваат продолжување на долгогодишната борба на работничкото движење, на социјалистите и комунистите, кои на сцена доведоа нови општествени сили, ја ослободија и ја создадоа Југославија како федеративна држава и социјалистичка

заедница”. (Програмски основи на Социјалистичката партија на Србија – Основни определби, Белград, октомври 1990, стр. 4).

Доведувајќи ги во врска слободарската традиција и универзалните хумани вредности на човековото општество, СПС, во својот прв документ, “се залага за општество во кое луѓето ќе бидат слободни и меѓусебно рамноправни во сите сфери на општествениот живот. Во таа смисла, социјализмот претставува само друг израз за најголемиот досег на демократијата”. (Исто, стр 6).

Во доменот на националната и државната политика СПС ги актуелизира своите политички определби. Тоа се: 1) единствена Србија; 2) однос кон деловите на српскиот народ надвор од Србија; 3) национална рамноправност, федерализам; 4) решавање на кризата на Косово и Метохија.

Поаѓајќи од единствената Србија, во документот се истакнува дека во Србија “надлежностите својствени на државата треба да ги вршат органите на Републиката на целата територија, со што се обезбедува рамноправност на сите граѓани на Републиката, ефикасност и рационалност на државната власт”. Тоа значи “дека автономните покраини во Србија не можат да бидат држави, туку само облик на територијална автономија, за која со Уставот на Србија се утврдуваат и гарантираат оние автономни права што се израз на специфичните национални, историски и културни особености на подрачјата на кои се формирани”. (Единствена Србија. Исто, стр. 34).

Кога станува збор за односот кон деловите на српскиот народ надвор од Србија, СПС истакнува дека постојано ќе ги следи условите на живот и развојот на деловите на српскиот народ во другите републики и во странство и ќе одржува врски со нивните политички, културни и други организации.

СПС доследно се залага за национална рамноправност и за федерализам и смета, во согласност со меѓународното и внатрешното право, дека народите кои се здружени во заедничка држава мораат да имаат право за самоопределување и отцепување, како и тоа дека со новиот Устав треба да се

утврди можност за формирање автономни покраини на територииите кои имаат свој посебен културно-историски континуитет. Тука се мисли на автономија на Србите во Хрватска и во Босна и Херцеговина. СПС се определува за југословенска држава како современа федерација на рамноправни граѓани и федерални единици. Во Соборот на граѓаните на Сојузното собрание треба да бидат претставени сите граѓани на Југославија и да одлучуваат во согласност со демократското начело "еден граѓанин – еден глас", а Соборот на федеративни единици се формира и одлучува врз паритетен принцип.

Прашањето за решавање на кризата на Косово и Метохија, СПС го гледа како "приоритетно национално, етичко, историско и државно прашање на српскиот народ и неразделив дел од Србија".

Определувајќи се за национална рамноправност и за побрз економски развој на Косово и Метохија, СПС во својата програма се обврзува дека ќе работи на запирање на иселувањето и ќе обезбеди услови за враќање на иселените Срби и Црногорци и за доселување на граѓаните кои сакаат да живеат и работат на Косово и Метохија. Се истакнува дека СПС ќе "направи се светот да ја дознае целосната вистина за Косово и Метохија, за причините и тешките последици од дејствувањето на албанските шовинисти и сепаратисти".(Решавање на кризата на Косово и Метохија, стр. 39).

Своите програмски определби СПС ги преточи во Уставот на Република Србија, донесен на 28 септември 1990 година. Во него Република Србија се дефинира како "демократска држава на сите граѓани кои живеат во неа, заснована врз слободите и правата на човекот и граѓанинот, на владеењето на правото и на социјалната правда" (Устав на Република Србија,член 1), а автономните покраини Војводина и Косово и Метохија "како облици на територијална автономија" (Исто, член 6). Со Уставот е утврдено дека "Република Србија ги одржува врските са Србите кои живеат надвор од Република Србија заради

зачувување на нивната национална и културно-историска самосвест". (Исто, член 72).

Во текот на 1990 година и во првата половина од 1991 година – се до сепаратистичките војни на Словенија и на Хрватска, СПС доследно се залагаше за опстанокот на Југославија како "цврста федерација" и за зачувување на самоуправниот социјализам. Кога почна насилната и противуставната сецесија на Словенците и на Хрватите, со која започна процесот на распаѓање на Југославија, раководството на СПС и на Србија и Претседателството на СФРЈ застана на становиште дека станува збор за насилна сецесија и едностранo отцепување. Оваа теза Слободан Милошевиќ ќе ја застапува на Хашката конференција за Југославија во септември 1991 година и ќе инсистира на тоа дека сецесијата нема поддршка ниту во меѓународното ниту во внатрешното југословенско право – Уставот од 1974 година ја забрануваше сецесијата.

Европските медијатори притоа го "превидоа" фактот дека административните, републички линии немаат ни етничко ни историско втемелување, туку се производ на партиско-политичка комбинаторика, која речиси една третина од српскиот народ остави надвор од границите на неговата матична република. Исто така, постојните републички граници не се утврдени со никаков правен акт. (Види Миодраг Јовичиќ, Право на народите на самоопределување (идеја и нејзино остварување), во: Српското прашање денес, Втор конгрес на српските интелектуалци, уредник Василие Крестиќ, 1995, стр. 81).

Српската делегација, на чело со Слободан Милошевиќ, на Конференцијата во Хаг се залагаше за "принципиелното становиште дека сите нејзини народи и граѓани мораат да бидат рамноправни и според истото право на самоопределување на народите по кое Словенците, Хрватите, босанските муслимани, Македонците одлучиле да се отцепат од Југославија, така и српскиот народ на територииите на кои живее во мнозинство, може да одлучи да остане во заедничка југословенска држава". (Види Миодраг Јовичиќ, Право на народите на самоопределување (идеја и нејзино остварување), во: Српското

прашање денес, Втор конгрес на српските интелектуалци, уредник Василие Крестиќ, 1995, стр. 81). Овој политички став го потврди водството на СПС и за време на создавањето на третата Југославија – кога Србија и Црна Гора основаа заедничка држава – Сојузна Република Југославија, со намера да го задржат меѓународниот континуитет и субјективитетот на претходната Југославија. Свое место најде и во наредниот документ на СПС.

Во Основите на програмата на СПС, донесени на Вториот конгрес на СПС, 23-24 октомври 1992 година, во променети политички и геополитички констелации по признавањето на независноста на новонастанатите држави од просторот на СФРЈ, за националната и за државната политика се зборува во два блика прашања. Тоа се: Светот во кој живееме и Југославија (глава 9) и Единствена Србија (глава 10)...

Тоа овозможува заедница со црногорскиот народ. Со зачувувањето на Југославија, е сочувана матицата на српскиот народ, што е битна гаранција за заштита на сите останати делови на српскиот народ. Овозможена е легитимна грижа за Србите надвор од Србија и создадена е институционална можност во идната Сојузна Република Југославија да се приклучат и Краина и Српска Република Босна и Херцеговина... СРЈ е слободна федеративна република... Нејзиниот федеративен карактер значи дека сојзната држава ги задржува сите оние функции неопходни да биде држава, а не само асоцијација на суверени држави". (Основи на програмата на Социјалистичката партија на Србија. Југославија, слободна, федеративна република, Белград, октомври 1992, стр. 35-36) Кога станува збор за судирот во Хрватска и во Босна и Херцеговина, СПС се залага за политичко решавање со "директни преговори на претставниците на народите во судирот и, првенствено, со директно изјаснување на граѓаните кои живеат на спорните територии". (Меѓународна политика. Исто, стр. 36)

Во вториот дел се повторува определбата за единствена Србија, во чиј состав се покраините како облик на територијална автономија. И тука се разгледува односот кон деловите на

српскиот народ надвор од Србија и по тој повод се истакнува: “Социјалистичката партија на Србија е уверена во тоа дека се прекршени принципите на меѓународното право кога Србите од Хрватска и од Босна и Херцеговина, кои седум децении поминаа обединети со своите браќа, се спречени да останат во заедничка југословенска држава според правото на самоопределување на народите. Социјалистите на Србија и натаму ќе го поддржуваат тоа нивно право и ќе им даваат морална и материјална помош.

Што се однесува до Србите кои останаа со статус на малцинство низ големите градови и на изолираните подрачја на отцепените југословенски републики, како и оние кои како малцинства живееле во соседните држави... нив посебно ќе им се помага да ја негуваат сопствената културна традиција, да го сочуваат својот национален идентитет, да станат граѓани на Србија и Југославија и да се вклучат во општествениот живот на матичната држава”. (Односот кон деловите на српскиот народ надвор од Србија. Исто, стр. 39-40).

Напоредно со формирањето на СРЈ, конституирани се и Република Српска Краина и Република Српска, како вид на борба на Србите западно од Дрина за остварување на правото на самоопределување и државност на својот етнички и историски простор.

Поради нивното постоење Србија е изложена на немилосрдни санкции, а познато е дека сама се залагаше за демократско и политичко решавање на српско-хрватско-муслиманскиот судир. Сепак, Слободан Милошевиќ со блокадата на Дрина (август 1994 година) значајно ја ослабна преговарачката и геополитичката позиција, што го оневозможи остварувањето сите Срби навистина да останат да живеат во една држава. Настапија поразите: Република Српска Краина ѝ е препуштена на Хрватска, зашто се веруваше дека тоа е залог за задржување на Косово и Метохија, а воспоставувањето на Република Српска, како рамноправен ентитет во БиХ, претставено е како остварување на националниот геополитички оптимум во постојните констелации на меѓународните сили….

Српската радикална странка (СРС) е формирана на 23 февруари 1991 година, со обединување на Српското четничко движење и со поголемиот дел на локалните одбори на Народната радикална странка. За претседател е избран Воислав Шешељ, кој доби 489 од вкупно 509 гласови. СРС, се истакнува во нејзиниот Статут, е "правен следбеник на Српската народна радикална странка основана во 1881 година и во својата дејност се раководи со нејзината програма и статут, прилагодени на изменетите општествени околности". (Статут на СРС, член 1, "Голема Србија," Белград, мај 1991, стр 8.)

На изборен план, партијата на д-р Воислав Шешељ од маргинална брзо прерасна во политичка сила со која треба да се смета на просторот на сите српски земји. Со оглед на тоа дека Српското четничко движење не ја "помина" регистрацијата за првите повеќепартиски избори, д-р Воислав Шешељ како независен кандидат на претседателските избори во декември 1990 година доби речиси 100.000 гласови. За само година дена СРС стана втора најзначајна политичка партија во Србија. На првите парламентарни избори во СРЈ, одржани на 31 мај 1992 година, СРС освои 30 отсто од гласовите...

Во Програмската декларација од 1991 година, како главна цел на дејствувањето на СРС се наведува "обновување на слободна, независна и демократска српска држава на Балканот која ќе го опфати целокупното српство, сите српски земји, што значи дека во своите граници ќе ги има, покрај сегашните октроирани србијански федерални единици, и српска Македонија, српска Црна Гора, српска Босна, српска Херцеговина, српски Дубровник, српска Далмација, српска Лика, српски Кордун, српска Банија, српска Славонија и српска Барања".(Програмска декларација на СРС, "Голема Србија", бр. 9, Белград, мај 1991, стр. 7-8.) 32) Декларацијата беше своевидно надополнување на првата радикална Програма која не се занимава со пошироко образложение на српското политичко и национално прашање и се истакнува дека таа ја претставува делумно изменетата Програма на Српската народна радикална странка на Никола Пашиќ од 1881 година, како и тоа дека ќе се дополнува секоја година со програмска декларација.

Своите програмски цели СРС ги потврди во наредните програми донесени во 1994 и 1996 година, и таа е единствената политичка партија во Србија која, од основањето до денес, задржа истоветни политички ставови во поглед на решавањето на српското национално прашање на просторот на бившата југословенска држава. Кога станува збор за обликот на државата, СРС се залага тоа прашање да се реши со народен референдум. Бара на припадниците на кралските семејства Караѓорѓевиќ, Обреновиќ и Петровиќ да им се овозможи враќање во татковината, итн...

Посебно внимание во Декларацијата е посветено на Косово и Метохија, со цел овој дел на српската држава да се задржи во Србија и да се спаси од албанските сепаратистички и сецесионистички претензии. Во согласност со своите програмски определби СРС пожртвувано ги помагаше Србите во Краина и во Република Српска, во нивната борба за автономност и државност.

Д-р Воислав Шешељ во повеќе наврати укажуваше дека во Босна и Херцеговина се можни две сценарија: или таа ќе се сочува и ќе влезе во составот на скратената Југославија, или ќе се подели. Секое друго решение, како што истакнуваше, би значело војна. И Република Српска Краина би требало да влезе во составот на скратена Југославија, а никако повторно да биде во состав на Хрватска, бидејќи со тоа флагрантно би се кршело правото на српскиот народ за самоопределување и повторно би бил изложен на масакр и прогонство, што би претставувало продолжување на геноцидот од 1941 година. Водачот на радикалите беше против признавањето на независноста на Македонија, која пред создавањето на првата Југославија беше составен дел на српската држава, и тој сметаше, имајќи ги предвид претензиите на соседите кон македонските територии, дека е оптимално решение Македонија да биде една од единиците на југословенската федерација. Шешељ подоцна ќе ја прифати македонската етничка посебност и во повеќе наврати ќе се залага за заедничка федеративна држава на Србите и Македонците. Кога Србите во РСК и РС во текот на 1993 година го достигнаа својот државно-територијален

максимум, Шешељ предлагаше нивно обединување во држава која би се викала Западна Србија...

СРС исто така не го менува својот став и кога е во прашање организацијата на државната власт; доследно се залага за унитарна српска држава; за укинување на автономните покраини на територијата на Србија; бара на Косово и Метохија да се прогласи воена состојба, да се суспендира секоја политичка активност и да се воведе воена управа која би траела најмалку десет години; до албанската граница да се воспостави појас со широчина од 20-50 километри и да се исели населението од тој простор со правичен паричен надоместок, и тоа подрачје да се прогласи за подрачје од стратешко државно значење...

Политичко-програмското определување на СРС подразбира и организација на партијата на територијален принцип; застапена е во сите српски земји, во Република Српска Краина власта ја вршеше во коалиција со Српската демократска странка, во текот на 1994 година. Во спогодбата за формирањето на коалицијата, од 2 февруари 1994 година, повторно се споменува стратешката цел – создавање на единствена српска држава.

Српската радикална странка се спротивставуваше на мировните планови во БиХ, затоа што сметаше оти се неправедни кон српските интереси. Во пролетта 1993 година, кога Слободан Милошевиќ го поддржување Венс-Овеновиот план за БиХ, СРС се дистанцираше од актуелниот режим и предизвика паѓање на владата на Република Србија на чие чело се наоѓаше Никола Шаиновиќ.

СРС е единствената политичка партија од Србија која не ја прифати Ердутската спогодба... СРС никогаш не ја прифати Хрватска, која настана врз геноцидот и етничкото чистење на Србите и на нивната држава, а окупацијата на РКС ја смета за привремена, оживотворувањето на Српска Краина ја врзува за промената на геополитичките констелации, пред се за јакнење на Русија и другите православни земји. Во тој контекст треба да се набљудува и одбивањето на радикалите да ја прифатат Дејтонската спогодба за разрешување на кризата во БиХ.

Имено, радикалите инсистираат, во услови на споменатите промени, со почитување на меѓународноро право – пред се одредбата за правото на народите на самоопределување – српското прашање, како што е решено прашањето на другите народи, да се реши во целост, односно српскиот народ на својот етнички простор да формира единствена српска држава.

THE BALKAN MEGA-ETHNOS -National doctrines of Macedonian neighbors

A Summary

This book consists of a collection of ten texts presenting modern national doctrines of Macedonian neighbors, selected, edited and mainly translated into Macedonian by the author. A few of them are presented in their original form, while several, due to their length, are presented in brief version or given in fragments relevant to Macedonia, but with clear indication about of the original version of the text. Texts are listed in alphabetic order of countries and include: "The Platform for Resolution of 7 National Question", published by the Albanian Academy of Sciences, Skenza, Tirana, 1998, and then, a short text by Arben Dzaferi, presented by the Albanian-American Civil League (http://aacl.com, October 1998) in New York. Three Bulgarian texts follow: Prof. G. Velev (Resp. editor et all.)- 1997. Bulgarian National Doctrine. First part. Fundament of the Bulgarian National Doctrine. Sofia: Znanie Publishers EOOD and Bulgarian National Doctrine. Second part. National Strategic Programs. Program No.1. Protection and Spiritual Union of Bulgarians All Over the World. (the same editor, authors, publisher, published in 1998). The third text is: Ivanov, Lj. et all. 2008. Bulgarian Policy Towards the Republic of Macedonia. Recommendations for Development of Good Neibourghly Relations After the Accession of Bulgaria into EU… Sofia: Foundation Manfred Werner.

The Greek national doctrine is presented by two texts: The Macedonian Question. Review of the Attempts to Create an Artificial Nation. 09 February 1993. New York: Publifax, UN. Published in Athens, Greece, by the Institute of International Political and Strategic Studies (Iketa and Tolemey, 11 104 42 Athene); Sfetas, S. and Kointros, K.. 1994. Skopje in Search for Identity and International Recognition. Salonique: Institute for Balkan Studies. No.257. Three sources exemplified the Serbian national doctrines: The Memorandum of the Serbian Academy of Sciences and Arts in Belgrade (SANU), 1986, published 1989-Zagreb, Nashe Teme, No-33, Vol.1-2, pp.128-163; Sheshelj, V. 2002. The Ideology of Serbian Nationalism. Scientific and Publicistic Work of Prof. Lazo M. Kostic. Belgrade: Velika Srbia,

AD. Subotic, M. The Serbian State int the Programs of Political Parties in Serbia till the Dayton Agreement. Belgrade. Politicka Revija. Year XVIII/V, Vol.12, No-4 (2006), pp.809-828. A few of these sources have been published in and translated from English, the rest translated from national languages.

The author exposes these sources to conceptual and critical analysis, taking as a starting point the fact that all the doctrines, regardless of their academic ground and association mainly with academies and institutes of sciences, have played and are still playing a considerable role in politics, foreign policies and current events in the Balkan region. Some of them have had a direct impact on the political forces and governmental policies that led to the dynamics, disputes and conflicts in the region over the last few decades, including the disintegration of former Yugoslavia, the wars and violence on the soil of the former federation, the Kosovo conflict, the dispute over the name of Macedonia, the actual state of affairs in Bosnia and Herzegovina etc. This analysis is presented in the rather extensive introductory part of the book titled "The Balkan Mega-Ethnos. From Ethno-Romanticism to Ethno-Violence".

Doctrines presented in this volume are a second generation of ethnic or national programs of Macedonian neighbors. The first generation of doctrines had been formulated during the national "Risorgimento" process in the mid 19th century, with strong national liberation and national emancipation focus. Nevertheless, when these countries achieved their independence and established or envisaged their statehood, the doctrines were reshaped and provided by expansionist, claiming towards others elements in territorial, population, historical, ethno-cultural sense. The author mentions here- the Serbian Draft ("Nachertanija") of I. Garashanin and the Greek "Megali-Idea" of Colitis, both published in 1844, then the Bulgarian Program and Order of 1869 published in Bucharest, The Program of the Albanian Prizren League from 1878 etc. There is no doubt that these doctrinaire programs, including the ethno-political programs of other Balkan countries, had played a crucial role in decisive historical periods and conflicts, like the Great Eastern crisis (1877-78), the Macedonian Ilinden Uprising (1903), the two Balkan wars (1912-13), the two World wars etc. Meanwhile the national doctrines have been framed and dependant on the bi-polar

international relations after the WW II, but the interests for their revival and reactualization appeared again at the threshold and at the birth given to nationalism in the Balkans, during the great transformation in the early 1990-s.

This set of programmatic texts is a result of that interest, ambitions, aspirations for expansion, hegemony, avoiding human rights, rules of democracy, reconciliation and good-will or beneficial neighborly relations. Regardless of their "academic" character, at least some of them have obviously influenced the course of the political events in the neighborhood over the last two decades, often featured by disputes, pretensions, conflicts and open policies of "great states".

Macedonians have not produced such documents. Historically, their independent state was established during the WW II and has immediately joined the Yugoslav federation; this means there has not been a state as an instrument of national or nationalistic policies. A few attempts at formulation of doctrinaire documents were present after the year 1990, but without substantial results.. This was due to the predominance of the civic factor in the newly established political order of the country and its multicultural composition as well as due to its specific international position.

The author nevertheless, examines the nature of the conflicts in the Balkans, most of which are on inter-ethnic, inter-religious, intercultural basis and absence of dialogue, tolerance or democratic political culture and traditions. A corpus of research studies, publications, comments, particularly by western authors, describes the region in dark colors, attributing to its populations, ethnicities, leading circles, unfavorable value systems, historical traditions, even anthropological distinctions: inclinations to fragmentation, conflictualisation, intolerance, rigid conduct, ethno-centric and ego-centric patterns etc.; even the notion of Balkanism and balkanization is often defined as fragmentation into small quarrelsome states, entities, groups. However, scholars like Marija Todorova, Roberta Guerrina and others wrote on the unfair and inadequate image produced for the Balkans as a necessary counter-point and "Other" relating to "Us" attributed by modern and highly civilized values etc. V. Friedman even defines Balkanization as association and cohabitation of different cultures and languages.

Sociological research gives deeper insight into the ground and possible reasons for inter-ethnic, inter-religious and inter-group tensions and conflicts in the region or among or within individual countries.

The basic conclusion is that the Balkan region, regardless of the recent changes, systems' transformation, progress and development, regardless of processes of integration into EU, altogether is in a development delay in terms of socio-economic dynamics, noticeably behind the levels of the Union or of the continent. Uneven and slow development, development and living standard gaps in the region as well as in most individual countries, this is a visible phenomenon connected with the socio-economic position of ethnic and other minorities, groups or communities. As a rule,, the typical patterns identified by the author, are as follows: minorities live in backward or less developed areas and this fact makes a ground for social groups differences and patterns of differentiation or dissatisfaction. This is the objective basis on which ethnic or other factional interests are politisized and sometimes even conflictualized. Not less, in addition, such a social basis is a ground for massive involvement of populations in ethnic, religious and other disputes, tensions and even conflicts. Authors of doctrines rely significantly on this social basis. The essential solution is then- to accelerate the socio-economic development of the region as well as of each individual country, in addition to effective policies of balanced, sustainable, non-discriminative development.

Along these lines, theoretically and conceptually, in the following part of his analysis, the author examines particularly the correlation of the social context, the ideas and actions in the rise and expression of nationalism today. He takes as a starting point the conclusion of the American political scientist S. Bronner (1999) that "Nationalism is still ideology of our time. The petrified bureaucrats of nation-state still have an interest to reproduce that type of nationalism. The old fashioned notions of national sovereignty and self-determination, the atavistic traditions and habits still have the power of self-adduction". It was sixty and more years earlier when the German sociologist, H. Kohn wrote in the same sense that on the periphery (in Europe) the intelligentsia, in the circumstances of lacking of self-confidence of

the middle class to secure its own way to sustainable rise, had to create a mythical feeling of "different" destiny of the entire community, by paving the way for national culture, based upon folklore elements and mobilization of masses. This is where the power of idealistic and subjectivist components of peripherical nationalism come from…" In this context, theories and concepts of nation, nationhood, ethnos and ethnicity, relevant in modern academic and political discourse are presented and discussed. This is due to the attempts of authors of most texts on national doctrines included here, to appeal to and associate with some of the important theoretical sources of modernity.

The author takes as a point that no single theory in this area is predominant, that many of them are still functioning but that several are, nevertheless considered as- out of date in contemporary social sciences. For instance, there is still a significant legacy of ethnoromanticism, influential in the 19th century, in the period of building and accomplishing the great etatist and imperial entities in Europe.

This stream of thought had emphasized and affirmed ethnic and ethnolinguistic determination as well as the "organic" and ethno-genetic nature of nations as a ground for "voluntaristic" and "organicistic" definitions of nation and nationalism, projected even in modernity. The cult of the past and historical past of "predecessors and heroes" as well as that of collective "political will" of the nation is the focus of that notion, having often dramatic effects even nowadays.

Marxism was and still is another source of understanding and defining the pattern of nation and ethnicity, despite of its "cosmopolitan and universalist" ideology and criticism of nationalism as an expression of "capitalist slavery" and prevention of "liberation of labour".

Nevertheless, communism had to conceptually and practically as wellsolve the issues of "world revolution" which was taking place within "nation states", just like communist policies to be implemented in nation-states' framework. In this connection, at the beginning of the 20th century, one of the Marxist schools, the

Austro-Marxism of O. Bauer, defined the nation as “entity of people, associated by a common destiny and common communication, which mediator is the language, creating so- a cultural community”. This definition is not far from contemporary understandings of the nature of ethnic/national communities.

However, later on, Marxism, in the course of the rise of the Soviet political and imperial power, had reinterpreted the nation in the words of Stalin- as “a historically established stable community of people, based upon a communion of language, territory, economic life and political constitution, manifested in a community of culture”. These features had been founded and strengthened by capitalism, implanting in such communities class inequalities, contrasts, exploitation, hegemony.

This definition has not been forgotten even today, sometimes is fully utilized and instrumentalized as in the case of the Balkans. It particularly involves the component of the “class and labor liberation”, which now, like in the recent history comprises a variety of forms of political intervention in “national and ethnic issues”. The additional product of this concept is the “historical” gradation of national “growth”, from ethno-tribes and states through ethnic grouped population and ethnicities to- nations establishing their own states on their own, ethnically determined territories.

Under Yugoslav circumstances, E. Kardelj, in the late 1950-s would determine the nation as “specific people’s community, formed on the basis of the division of labor in the epochs of capitalism, on a compact territory, in the framework of common language, having altogether close ethnic and cultural communications”. Capitalism was a creator of differences among nations, while the labor liberation would give a rise to full equity and cultural equality of all nations…

By Marxist/Stalinist interpretation, nationhood is a real community, historical, linguistic, economic, territorial, cultural etc., while inequalities among nations are a product of capitalist reproduction, which would be resolved by the revolution, even “world’s revolution”, overcoming all social groups’ inequalities. However, at the same time, Stalinism had introduced severe instruments of

intervention and "political engineering" in resolving national/ethnic issues. Nevertheless, the Macedonian national issue was not affected by such methods of resolution.

Modern thought and notions of nations and nationalism are primarily considering the dilemma weather nations are primogenial, eternal, historically determined creations, or creations of modern era, society, political development. The primordialist stream in theory defines nations as almost bio-social groups, having ethno-genetic, race, organic and even blood-relation character. That is the basis of formation and existence of cultural, language, religious and other "natural" group features and self-perception of a nation or ethnicity. As Shils, Gertz and others, explained, such groups are a root of social organization as they have organic and organic-evolutionary nature. Political and state institutions are mainly civil and secular coverage and protectors of nations… Ethnic territory is a natural space of free expression of nations and ethnicities and is protected by state apparatus.

The Modernist stream in theory of nation, although one cannot speak of homogeneous theory, generally considers that nations are not creations rooted in ancient or antique times but are a fruit of modern history and not so distant past. Most of nations in the world have been encompassed only recently and there is no sociological or historical evidence that they have been "pre-modern" collectivities. Most of the evidence indicates that their history was mainly based upon mythology and myths, not on bio-genetic, ethno-genetic or natural linkages. They are even "invented or imagined" communities and a result of modern socio-political developments which created prerequisites for rational sometimes "scheduled" activities of nation-building. These processes have been particularly visible during and after the French revolution and other civil revolutions. Authors like R. Bendix, L. Pie, E. Hobsbaum, D. Lerner, G. Allmond, E. Gellner, E. Kedourie, B. Anderson and many others have offered a deep insight in the essence of these developments, explaining in the first instance the knot correlation of the nation-building, the role of the state and politics and the requirements of industrialism and capitalism: large and single markets, mass production, massive education and application of common standards, cultural and linguistic patterns.

Exchange and mobility of capital, labour force and goods require these common standards and destroy the traditional forms of association of populations on feudal, local, religious, ethnic, even family and primary groups' levels. States and political institutions greatly facilitate this dynamics. However, it is pointed out that building of modern nations and nation-states is also connected to and implemented by the advancements of human rights, civil liberties and democratic order, something which is not considered as relevant in many newly established states introducing allegedly modern nation-building models.

Balkan countries, at least many of them, belong to this group of "democratic" systems. In some national doctrines of Macedonian neighbors, nationalism is defined as good (nationalism of "Western" type) and bad (of primitive type, repudiating the rights of others).

In fact, this is a distinction of nationalism perceived as patriotism and nationalism as a form of depriving "others", ethnic minorities first of all of their natural and legal rights of self-expression. The distinction of civic patriotism and ethnic nationalism is a relevant problem in policies of many Balkan states. Even when Balkan nationalisms declare themselves as nationalism of Western type, when they refer to "citizenship of a nation-state", they are in fact ethnic nationalisms.

It is interesting how this type of nationalism penetrates into politics and mass consciousness. The author quotes here the well known German sociologist H. Kohn, who, writing 60 years ago, said that intellectuals play a pillar role in the periphery, in East-European countries, where the petty bourgeoisie lacks the necessary confidence to pave its road to self-sustained growth. Instead, intellectuals should provide the mythical feeling of different destiny of the entire community, by nourishing a national culture based upon folklore elements and mobilization of masses. This is where the source of power of idealistic and subjectivist components of peripheral nationalisms, derives from.

Much later, in the mid 80s of the last century, the Czeck sociologist M. Hroch would conclude his research on nationalism in Eastern

Europe, detecting the common matrix of nationalistic movements in the region; they usually begin with small caucuses of intellectuals, writers, artists who elaborate the idea of a threatened nation, then that idea is spreading into larger circles of patriots-agitators, teachers and journalists, to comes to an end in a largest body of lower and middle strata as well as to- massive movement.

Ethno-symbolist school of thought, represented in the book through analysis of the works of A. Smith, Hutchinson, Burt, Gounot, Held and McGrew and others, is close to the modernists; nevertheless it is not burdened by rigid definitions, requirements and categorical determinations of what an ethnos or nation is or is not. To say in simplified words, it assumes that if a part or a group of a population feels differently from the others, particularly from the majority, if it declares itself as an ethnically or in terms of nationhood –distinctive, it has the right to do it so.

What remains as essence of this doctrine, as Kedourie would formulate, is the fact that people have the right to endure on differences that distinct then from others, no matter whether differences are real or imagined, important or not; they have the right to make these differences their first political principle…

Moreover, such a group or entity of the population does not have any obligation or duty to prove why it so feels or self-identify as a distinctive group. Identity, self-identity and self-identification are basic concepts of theorizing in this context. The well known Croatian cultural theoretician Z. Kramaric, develops further this way of thinking, elaborating in more details the issues of group identification, particularly in situations of unfavourable conditions for nation-building, absence of own state or political forces as well as in presence of what is usually called “dual identity”, a phenomenon often seen in Balkan cultures. Kramaric applies this analysis to the phenomenon visible in Macedonian literature and nation-genesis.

At this point, the author tries to relate this theory to the international legal order and already adopted and functioning acts and treaties, providing human rights and civil liberties relating to ethnic and minorities’ rights as a substantial part of this order. Both at

individual level and subsequently at collective level, ethnic self-identification and self-determination have been incorporated in the corpus of international law and legal order. As a matter of fact, the right of selfidentification is an inclusive part of the new generation of human rights and liberties. Not everywhere this has been understood and respected.

Conceptual analysis gives a ground for a presentation and critical examination of the texts of modern national doctrines of Macedonian neighbors. The author comes to a set of analytical observations relating to most of these doctrinal documents. First of all, they present a continuation of the lines of reasoning, demands, ambitions and aspirations of their founders and ideological fathers in the mid-19th century. That was a period of national "Risorgimento" of many Balkan ethnicities, a period of ethno-romanticism, of creation of new statehoods, nationhoods, a period of formation of policies of expansion, conquests, enlargements of influence, claims to neighboring territories and populations.

In most texts, ethno-romanticism and ethno-centric interpretations of history are present nowadays, together with complains that "their" nation was a historical victim or object of victimization, of suffering and being deprived of some historical rights, first of all of living to the gether in one single state. This was, allegedly due to the interferences and interventions of great powers and their interests in Balkan affairs, due to specific balance of forces in the Balkan politics and inter-state affairs, not less because of domestic and internal weaknesses of the "national forces".

The analysis of the author indicates that theoretically, the doctrines are a product of ecclesiastic methods of thinking and concluding, of a combination and discriminative selection of arguments and theses of Ethno-romanticism, Primordialism, Marxism and to certain measure Modernism. As a matter of fact, many of them draw out from these concepts- the most rigid and for them- rather instrumental definitions and conceptions of nation and ethnicity. Consequently, they try to shape the imagined paradigm of a "great nation", historically and ethno-genetically rooted in ancient times, a nation historically deprived of its natural rights, reduced in its ethnic territory and population by its neighbors, a nation suffering of space

and resources' limitations, a nation rich of its geno-funds and intellect but denied in rights by the present political arrangements. The claims for expanding to the entire mentally determined ethnic territory is present in most doctrinal texts, sometimes even clearly and programmatically.

Most of the doctrines deny the existence of any ethnic diversity in their own states, deny the existence of ethnic minorities and declare one-nation states; if, because of international acts and obligations they should recognize some undisputable ethnicities, they recognize their ethnic rights on individual basis only; even this is followed by active stimulation of members of these ethnicities to join the citizenship of the nation-state and become nationals of that state, preserving their language or group identity "for home and family".

Most of the documents also emphasize the right of expansion to and appropriation of Macedonian territory and other territories in the neighborhood. This is on "ethno-historical", ethno-genetic, economic, linguistic and cultural basis. An enormous and carefully selected evidence of statistical, historiographic, economic, demographic etc., basis, has been utilized to prove these claims and hypotheses. Several documents openly deny the existence of the Macedonian nation, of Macedonian minorities in their countries, of Macedonian national identity, language, history and culture. Selected lists of geographical maps, statistical censuses evidence from the past are attached to demonstrate that Macedonians are just an invented nation, an amorphous mass of population ethnically belonging to other nations. Consequently, Macedonian ethnic communities in neighboring countries do not exist, with exception of small groups of individuals conducting "destructively".

Another approach in the documents is the criticism of the present day authorities of Macedonia for repression of ethnic rights of minorities, despite the fact that the country is well known by its full respect and practical implementation of inter-ethnic democracy and human rights. At this point, some documents not only appeal to European standards but also formulate policies offered to their governments for how to press upon the country to abandon its own national identity and sovereignty. Dreams are converted into

ideology, ideology into policies, policies into conflicts, concludes the author.

ВиГ ЗЕНИЦА
Видое Смилевски - Бато 85/1-14 Скопје
e-mail: stojkovski2010@yahoo.com
Facebook: ViG Zenica__